**НАСТАВА ПО МОДЕРНАТА ИСТОРИЈА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА**

А Л Т Е Р Н А Т И В Н И   Н А С Т А В Н И   М А Т Е Р И Ј А Л И

# Втора светска војна

Издавачи: Фондација институт отворено општество Македонија, Скопје и Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа, Солун
За издавачите: Владимир Милчин и Ненад Шебек
Уредничка на македонското издание: Ирена Стефоска
Наслов на оригиналот: Teaching Modern Southeast European History, Alternative Educational Materials Workbook 4, The Second World War, Thessaloniki 2005.

Превод од англиски: Љубица Арсовска и Анета Маркоска-Чубриновска
Лектура: Елка Јачева-Улчар
Коректура: Маја Бојаџиевска
Подготовка и печат: "Bato&Divajn"
Тираж: 1500

CDRSEE Rapporteur to the Board for the Joint History Project: Costa Carras
Executive Director: Nenad Šebek
Director of Programmes: Corinna Noack-Aetopulos
Project Co-ordinators: George Georgoudis and Biljana Meškovska

Центарот за демократија и помирување во Југоисточна Европа и Фондацијата институт отворено општество Македонија би сакале да ја искажат својата благодарност до Европската унија затоа што преку Европската агенција за реконструкција финасиски го помогна преводот и печатењето на оваа книга.

**Изданието е финансиски поддржано и од:**

Фондација институт отворено општество Македонија

**Copyright:** Center for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe (CDRSEE)
Krispou 9, Ano Poli, 54634 Thessaloniki, Greece
Tel.: +30 2310 960820-1, fax: +30 2310 960822
Email: info@cdsee.org, web: www.cdsee.org

**ISBN: 978-9989-185-44-1**

НАСТАВА ПО МОДЕРНАТА ИСТОРИЈА НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
**Алтернативни наставни материјали**

ИСТОРИСКА ЧИТАНКА 4

# Втора светска војна


**Приредил:** КРЕШИМИР ЕРДЕЉА

**Уредничка на серијата:** ХРИСТИНА КУЛУРИ

**Уредничка на македонското издание на серијата:** ИРЕНА СТЕФОСКА



CDRSEE
Center for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe
www.cdsee.org

15 години
FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Скопје 2007

# Содржина

**Увод** ... 14

**Хронологија** ... 20

Карта 1: Втора светска војна, 1939-1942 ... 33

**ПРВО ПОГЛАВЈЕ: Политички контекст** ... 35

**Ia. Водачи и идеологии** ... 35

I-1. Фицрој Меклин, претставник на Черчил кај партизаните, за Тито во 1943 година ... 35
сл. 1 Водачот на партизанското Народноослободително движење, Јосип Броз – Тито, и командантот на Југословенската војска во татковината (четници), генералот Дража Михајловиќ ... 36
I-2. Фотографот на Павелиќ во 1961 година сведочи за неговата личност ... 37
сл. 2 Анте Павелиќ ... 37
I-3. Описи на Мехмет Шеху и Енвер Хоџа ... 37
I-4. Англиски шпион за водачот на политичката опозиција во Романија – Јулиу Маниу (Iuliu Maniu) ... 39
I-5. Порака од Метаксас до уредниците и издавачите на сите грчки весници (30 октомври 1940) ... 39
сл. 3 Лотариски лоз за собирање пари за семејствата на војниците што се бореле на албанскиот фронт против Италијанците во 1940-41 год. ... 40
I-6. Наредба на Хитлер бр. 26 (3 април 1941) ... 40
I-7. Јон Антонеску за „Еврејското прашање“ ... 41
I-8. Проглас на кралот Михаил до неговата земја (23 август 1944) ... 41
I-9. Комунистичката идеологија на Движењето за национално ослободување (ЛНЧ), во толкување на Сејфула Малешова ... 42
I-10. Леток на Обласниот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија, упатен до македонскиот народ ... 43

**Iб. Војски и војници** ... 44

I-11. Американски извештај за активностите на албанското движење на отпорот ... 44
I-12. Претставниците на сојузниците во балканските држави, за герилските стратегии во Албанија ... 44
I-13. Хрватскиот воен пратеник во Софија за ситуацијата во Македонија ... 44
сл. 4 Заменување на германската војска со бугарската војска по фашистичката окупација на југословенска Македонија (1 април 1941) ... 45
I-14. Проглас на Националниот ослободителен фронт (ЕАМ) (Komitet Sterea Ellada) ... 45
I-15. Проглас на Националната демократска грчка унија (ЕДЕС) 1943 ... 45
сл. 5 Фотографија на партизани (мажи и жени) на левото крило на отпорот во Грција ... 47
I-16. Основните точки на програмата на Ослободителниот фронт на словенечкиот народ (Osvobodilna fronta – OF) ... 47

I-17. Од дневникот на еден партизански командант ..... 48
I-18. Од записникот од состанокот меѓу Д. Михајловиќ и претставниците на германската команда во Србија во селото Дивци ..... 48
I-19. Од инструкциите на Дража Михајловиќ за мајорот Ѓорѓе Лашиќ и капетанот Павле Ѓуришиќ ..... 48
сл. 6 Српски плакат ..... 49
I-20. Соработката меѓу усташите и четниците ..... 50
I-21. Почетокот на востанието во Босна ..... 50
I-22. Формирањето на СС – дивизијата „Ханџар“ ..... 51
I-23. Дарко Ступариќ пишува за формирањето на првата партизанска единица во близината на Сисак (Хрватска) во јуни 1941 година ..... 52
I-24. Сведоштва за тоа како Охрид го доживеал доаѓањето на Германците, Италијанците, Бугарите и партизаните во текот на Втората светска војна ..... 52
сл. 7 Босанските муслимани во усташките сили ..... 53
I-25. Исказ на едно дете за соперништвото меѓу политичките групи во Албанија ..... 53
I-26. Циркуларно писмо на Централниот совет на ЛНЧ до сите регионални комитети во Албанија (од 9 септември 1943) ..... 53

**Iв. Односите со двете коалиции и со соседните земји** ..... 54

I-27. Новински извештај за воениот пуч и соборувањето на владата на Кралството Југославија. Пучот бил изведен на 27 март 1941, по влегувањето на Југославија во Тројниот пакт ..... 54
I-28. Извештај на врховниот рабин на Југославија д-р Исак Алкалај до Југословенската влада во прогонство за настаните во Југославија од крајот на март до крајот на јуни 1941 година ..... 54
сл. 8 27 март 1941, масовни демонстрации против силите на Оската во Белград ..... 55
I-29. Од мемоарите на Константин Кацаров, прочуен бугарски адвокат, за првата година на Втората светска војна ..... 56
I-30. Познатиот бугарски новинар Данаил Крапчев за обвинението дека Бугарија не ѝ дава отпор на германската војска ..... 56
I-31. Истиот бугарски новинар, Данаил Крапчев, ја коментира брзата победа на Германија над Југославија во април 1941 ..... 57
сл. 9 Романски весник: Кралот Михаил, генералот Антонеску, Мусолини, Хитлер (1941) ..... 57
сл. 10 Романски весник: Кралот Михаил и генералисимусот Сталин (1945) ..... 57
I-32. Извадок од Меморандумот (18/10/1941) на тогашниот премиер Емануил Цудерос – некогашен банкар познат по своите либерални погледи и противењето на режимот на Метаксас – во официјалната грчка влада во Каиро, упатен до Британците ..... 58
I-33. Порака од Британското министерство за надворешни работи до британскиот министер во Каиро, 14 август 1944 година ..... 58
I-34. Бригадниот генерал Мајерс (Myers), командант на британската воена мисија во Грција, го оценува влијанието на отпорот против нацистите во целокупниот тек на војната ..... 59
сл. 11 Фотографија во романски весник: другарство меѓу романската војска и Црвената армија: офицери на фронт ..... 59
I-35. Третманот на англиските затвореници, Романија (1944) ..... 59
I-36. Од записникот од разговорот меѓу Ј. Б. Тито и В. Черчил во Неапол, 12 август 1944 ..... 60
I-37. Наредба на италијанскиот крал Виктор Емануел III, од 3 мај 1941, за приспојувањето на Љубљанската провинција кон Италија ..... 60
I-38. Анегдота раскажана од Иван Венедиков, познат бугарски археолог, за неговите односи со Германците во Македонија ..... 61

**Iг. Верски организации** ..... 62

I-39. Послание на Архиепископот на Јанина (Грција) до сите христијани под негова надлежност (10. 9. 1943) ..... 62
I-40. Писмо од Архиепископот Дамаскин и од други угледни Грци до Гинтер фон Алтенбург (Gunther von Altenburg), германски амбасадор во Грција ..... 62
I-41. Католичката црква во Албанија за инвазијата на Италија врз Албанија ..... 63
I-42. Сараевските Бошњаци за ситуацијата во Босна и Херцеговина (во тоа време дел од Независната Држава Хрватска) ..... 64
I-43. Исламското свештенство и формирањето на бошњачката СС-дивизија во 1943 година ..... 64
I-44. Говор на романскиот патријарх Никодим, на Правниот факултет во Букурешт во 1942 година ..... 64
I-45. Напис од весник: *Сестрински цркви. Големите перспективи на православието*, од Михаил Бурлаку ..... 64
I-46. Апсењето на патријархот Гаврило од страна на Гестапо во манастирот Острог, 23 април 1941 ..... 65
I-47. Писмо на Степинац до католичкото свештенство да ја поддржи НДХ, од 28 април 1941 ..... 66
I-48. Писмо на Степинац до Павелиќ, од 14 мај 1941 година ..... 67
I-49. Отец Златко Свириќ за преминувањето на православните Срби во католичка вера ..... 67

**ВТОРО ПОГЛАВЈЕ: Животот во време на војна** ..... 69

**IIа. Бедата, несигурноста** ..... 69

II-1. Рестрикција на лебот во Романија за време на војната (1942) ..... 69
II-2. Рестрикција на лебот во Романија за време на војната (1944) ..... 69
сл. 12 Рестрикција на лебот во Истанбул ..... 70
II-3. Еден грчки селанец ја опишува италијанската окупација ..... 70
II-4. Бугарскиот дипломат Иван Д. Станчов, за животот на неговото семејство за време на војната ..... 70
II-5. Американскиот генерален конзул во Истанбул, Самјуел Хонакер, до државниот секретар на САД, Кордел Хал, за расположението на јавноста во Бугарија во септември 1942 ..... 70
сл. 13 Редици зад една продавница во Љубљана за време на Војната ..... 71
сл. 14 Редици за месо во Загреб ..... 71
II-6. Во еден српски весник се бара воведување срамни ленти за црноберзијанците ..... 71
сл. 15 Турска карикатура ..... 72
II-7. Градското население продава практично сè за што може да најде купувач ..... 72
II-8. Несигурноста на цивилниот живот за време на војната во Албанија ..... 72
II-9. Белграѓани одгледуваат зеленчук (текст објавен во еден белградски весник во септември 1942) ..... 73
сл. 16 Жртвите од глад во Грција за време на трагичната зима 1941/1942 ..... 74
II-10. Фаик Окте за турскиот данок на приход ..... 74
II-11. Приказната што се рашири меѓу народот за време на собирањето на данокот на имот во Турција ..... 74

**IIб. Цивилите** ..... 75

II-12. Закана на германската власт на белграѓани ..... 75
сл. 17 Германски пропаганден плакат ..... 75

II-13. Работата во време на војна во Романија ....... 76
II-14. Тајната служба поднесува извештај до водачот на Романија за состојбата на духот кај населението и за незадоволството од животните услови за време на војната ....... 76
сл. 18 Цивилната одбрана вежба на плоштадот Бајазит во Истанбул ....... 77
II-15. Воениот пратеник на Независна Држава Хрватска во Софија известува за состојбата во Вардарска Македонија под бугарска власт ....... 77
II-16. Ситуацијата во 1941 година според Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија ....... 78
II-17. Емил Сатоло за неговата љубов спрема една девојка од соседството ....... 78

**IIв. Животот на војниците** ....... 79

II-18. Одисеј Елитис, добитник на Нобеловата награда за литература (1979), говори за доживувањата на еден редовен грчки војник на албанскиот фронт ....... 79
сл. 19 Литографија на која е прикажан антички грчки борец од Маратонската битка, борец од Грчката војна за независност во 1821 година и „евзон“ (современ грчки војник) ....... 79
II-19. Иван Шибл ги опишува своите први денови во партизани во Хрватска ....... 80
II-20. Иван Шибл пишува за жените партизанки ....... 80
II-21. Жените во селата на Гребен (Грција), по учеството во Движењето на отпорот, бараат поголема почит и поголемо учество во јавните работи ....... 80
II-22. *Млада партизанка* - песна од непознат македонски автор ....... 81
сл. 20 *Херојките* од 1940 ....... 81
сл. 21 Партизански весник: *Џебен весник на четата за врска*, Задар (Хрватска), 1944 ....... 82
II-23. Партизанската неуморност ....... 82
II-24. Денчо Знеполски, познат бугарски герилски командант, за односите меѓу мажите и жените во групата ....... 82
II-25. Битките крај свиокот на Дон - Сталинград ....... 83
II-26. Неагу Ѓувара, историчар и дипломат со престиж, се сеќава на периодот кога учествувал во борбите на Источниот фронт ....... 83
сл. 22 *Оние што ѝ пеат на војната* ....... 84
II-27. Тешкотиите со кои се соочуваа борците при адаптирањето кон цивилен живот ....... 84
сл. 23 Колаж од весници од 1944 година на југословенските македонски единици ....... 85
II-28. Ужасна грешка ....... 85

**IIг. Културата и образованието** ....... 85

II-29. Препораки на Битолската обласна училишна инспекција до учителите ....... 85
сл. 24 *Партизанско училиште* ....... 86
II-30. Статутот на централниот културен клуб во Македонија - „Св. Климент Охридски“ ....... 86
II-31. Владата на Антонеску го промовира култот на херојот ....... 87
II-32. Извадок од еден учебник за основно образование објавен од Народноослободителниот фронт (предводен од комунистите) во ослободените делови на Грција ....... 88
сл. 25 Илија Бешков: *Без животен простор,* 1942 ....... 89
II-33. Американскиот генерален конзул во Истанбул за пропагандата во бугарските училишта ....... 89
сл. 26 Фотографија во романски весник: статија за женската мода (1942) ....... 90
сл. 27 Сцена од филмот *Невиност без заштита* на Драгољуб Алексиќ ....... 90
II-34. Романски законски декрет за регулирање на образованието на Евреите ....... 90
II-35. Промените во училишните програми во Албанија за време на италијанската окупација ....... 91

сл. 28 Објави за кинопретстави во белградските киносали во средината на септември 1942 година ....91
сл. 29 Деца влегуваат во основното училиште „Хасан Приштина“ ....92
II-36. Животот во младинскиот логорски центар *Итало Балбо*, организиран од фашистите во Албанија ....92
сл. 30 Националниот фудбалски тим на НДХ (Независната Држава Хрватска) ....92
сл. 31 Еден романски весник известува за фудбалски натпревар меѓу Романија и Хрватска во 1942 година ....93
II-37. Министерството за национално образование на Романија забранува карти кои можат да ги потсетат луѓето на советската инвазија во 1940 година ....93
II-38. Јазичната чистота на Павелиќ....94

## ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ: Ужасите на војната....95

### IIIа. Линијата на фронтот....95

III-1. Воениот закон спроведен од албанските партизани ....95
III-2. Третманот на заробениците од страна на албанските националисти....96
сл. 32 Партизанската 4-та дивизија во планините на Црна Гора....96
сл. 33 Романски војници на камили во Кавкаските битки....96

### IIIб. Бруталности....97

III-3. Објави адресирани до Грците од германските воени команданти во Грција (1943)....97
III-4. Германски памфлет (октомври '43) по првиот бран на масовни одмазди во Грција ....97
III-5. Хитлеровата наредба (од септември 1944) во врска со однесувањето на војската на окупираните територии во Југоисточна Европа....98
III-6. Германските злосторства за време на окупацијата на Албанија ....98
сл. 34 Одмаздата на германската војска во Грција: фотографија на масовни егзекуции во Агринио 1943 ....98
III-7. Италијанските злосторства во Словенија....99
сл. 35 Фотографии на изгорени или уништени села (одмазди)....99
III-8. Фрагмент од интервјуто со Цвето Кобал....99
сл. 36 Насловната страна на памфлетот за Маутхаузен ....100
III-9. Писмо до Хитлер....100
III-10. Германските мерки за возврат на кревањето востание во Србија....101
III-11. Масакр на цивилите заложници во Крагујевац....101
III-12. Партизански извештај за италијанско-четничките акции во реонот на Лика, летото и есента 1942 година....102
III-13. Ужасите во усташките затвори во Сараево....103
сл. 37 Фотографија од главниот плоштад во Белград, 17 август 1941 година....103
III-14. Извештај за состојбата со Ромите депортирани во Транснистрија....103
сл. 38 Плакат со имињата на умрените заложници во германската окупирана зона во Словенија....104
III-15. Животот во концентрациониот логор Стара Градишка (дел од системот на концентрациониот логор Јасеновац).. ....104
III-16. Писмо до семејството од концентрациониот логор „Стара Градишка“ ....104
III-17. Еден усташки војник ги опишува своите брутални дела ....105
III-18. Партизанските злосторства во Блајбург....106
III-19. Тито за партизанските злосторства....107
сл. 39 *Жртви*, Владимир Филаковиќ, масло на платно, Загреб 1943....107

**IIIв. Холокаустот** ..... 107

III-20. Од бугарскиот Закон за заштита на нацијата ..... 107
III-21. Бугарските пратеници протестираат против депортирањето на Евреите ..... 108
III-22. Наредба издадена од Воената команда, Белград ..... 108
III-23. Јон Антонеску го осудува погромот во Јаши ..... 109
сл. 40 Турска карикатура ..... 110
сл. 41 Турска карикатура ..... 110
III-24. Концентрациониот логор Сајмиште, Белград ..... 110
сл. 42 Непознато девојче чека за депортација во близината на Целје во Словенија ..... 111
III-25. Страдањата на една млада Еврејка од Сараево ..... 111
III-26. Антиеврејските мерки во Грција ..... 112
III-27. Извадок од мемоарите на еден грчки Евреин од Солун (1941-43) ..... 113
сл. 43 Белградскиот концентрационен логор на Бањица ..... 114
сл. 44 Концентрациониот логор Ужтица, 1942 ..... 114
III-28. Писмото на Розалија Кремер до канцеларијата на Павелиќ ..... 114
сл. 45 Насловната страница на еден каталог од антиеврејска изложба во Загреб, 1942 ..... 115

**ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ: Човечката солидарност** ..... 116

IV-1. Разговор меѓу партизан и усташ ..... 116
сл. 46 Плакат во еден романски весник: *Помогнете им на сирачињата* ..... 117
IV-2. Имендденска прослава во концентрациониот логор ..... 117
IV-3. *Допис на интелектуалците* упатен до Ј. Антонеску (април 1944) ..... 118
IV-4. Извадок од писмото на Претседателот на грчката влада (7/10/43) до германските власти ..... 119
IV-5. Г. Енеску се обидува да ги заштити Ромите ..... 120
IV-6. Меморандум на група бугарски бербери и фризери до министрите, во врска со Декретот за заштита на нацијата ..... 120
IV-7. Турска помош и поддршка за Грција ..... 120
IV-8. Турскиот амбасадор ги спасува турските Евреи во Марсеј, Франција ..... 121
IV-9. Од дневникот на еден бугарски војник во Западна Тракија ..... 122
IV-10. Односите меѓу романските војници, руските воени заробеници и бугарската заедница во Романија за време на Втората светска војна ..... 122
IV-11. Еден грчки Евреин опишува како за време на германската окупација нему и на неговото семејство им помогнало едно семејство православни Грци ..... 123
сл. 47 Турски Евреи стојат пред турскиот генерален конзулат во Париз во 1943 година за да добијат пасоши и визи со кои ќе можат да се вратат во Турција ..... 123
IV-12. Хуманиот однос спрема Евреите на едно романско службено лице ..... 124
IV-13. Еден германски офицер спасува бугарски дипломат од Гестапото во Бугарија ..... 125
сл. 48 Тајната партизанска болница Фрања, близу Церкно во Словенија ..... 125
IV-14. Алфонз Барон, ополномоштеник на Фабриката за слатки и чоколади „Унион“, до Полицискиот штаб на усташите, 9 јули 1941 година ..... 125
сл. 49 Писмо од анонимен белграѓанец до германскиот воен командант во Србија ..... 126

**ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ: Последиците** ..... 127

**Va. Воените загуби, воените жртви** ..... 127

V-1. Енвер Хоџа на Мировната конференција во Париз за жртвите и материјалната штета во Албанија ..... 127

сл. 50 *17 ноември 1944* ..... 127
Табели: ..... 128
1. Бројот на луѓето убиени во Југославија, наредени според националноста ..... 128
2. Грчките загуби за време на Втората светска војна ..... 128
3. Загубите на грчката трговска флота за време на Втората светска војна ..... 129

**Vб. Миграцијата за време на војната и по неа** ..... 129

V-2. Германски извештај за масовното преселување на Словенците ..... 129
V-3. Извештај на високиот комесар за Љубљанскиот округ, од 24 август 1942 година, за програмата на активностите во регионот ..... 130
сл. 51 Бегалци од Босна во Србија, 1941 ..... 131
V-4. Прогонувањето на германското малцинство во Романија по Војната ..... 131
V-5. Винстон Черчил за депортирањето на романски граѓани од германско етничко потекло во Русија ..... 131
сл. 52 Враќањето на словенечките домобранци во јуни 1945 година ..... 132

**Vв. Промени во политичките системи** ..... 133

V-6. Черчиловата понуда за „процентуален“ договор ..... 133
сл. 53 Луѓето во Атина го поздравуваат доаѓањето на британската војска по ослободувањето ..... 133
V-7. Јакнење на авторитетот на Народно ослободителното движење во Босна и Херцеговина ..... 133
V-8. Заминувањето на усташите и пристигнувањето на партизаните во Загреб ..... 134
сл. 54 Партизаните влегуваат во Загреб на 8 мај 1945 година ..... 134
сл. 55 Собирот одржан на плоштадот Бан Јелачиќ во Загреб во мај 1945 година, откако партизаните ја зедоа власта ..... 134
V-9. Извештај од еден собир на Бугарската работничка партија (комунисти), на кој се оспоруваат осудите на членовите на поранешниот режим ..... 135
V-10. Извештај на Министерот за правда за бројот на луѓето казнети од Народниот суд во Бугарија ..... 135
V-11. Британски меморандум во врска со процесите и казнувањето на таканаречените воени злосторници во ослободените земји и земјите сателити ..... 135
сл. 56 Топол пречек за македонската војска, политичките и државните водачи во ослободено Скопје (13 ноември 1944) ..... 136
V-12. Црвената армија влегува во Бугарија и Татковинскиот фронт ја презема власта ..... 136
сл. 57 Белграѓани ѝ пожелуваат добредојде на бугарската војска ..... 136

**ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ: Сеќавањето на војната** ..... 137

VI-1. Интервју со Јоже Пожар (роден во 1932 година во Словенија), сирак од Втората светска војна ..... 137
VI-2. Извадок од полубиографскиот роман на Фикрет Демираг ..... 138
VI-3. Бугарскиот партизански командант Денчо Знеполски, за тоа како во годините по Втората светска војна одново била напишана историјата на отпорот ..... 138
VI-4. Генерал Ктин Санатеску за разликите меѓу „јавните“ информации и реалноста на фронтот ..... 138
сл. 58 Фрескокомпозиција на Борко Лазески ..... 139
сл. 59 Сцена од филмот *Ужичка република* ..... 139

VI-5. Анѓелка Мартиќ, во нејзиниот краток расказ *Средба*, опишува како едно момче го бара својот татко партизан ..... 140
сл. 60 Ѓорѓе Андреевиќ-Кун (1904-1964), *Стрелање*, 1943 ..... 140
VI-6. *Бегалецот* - песна напишана од Јаков Камбанелис ..... 140
VI-7. Евелин Во (Evelyn Waugh) опишува еден партизански напад (од последниот дел на неговата воена триологија *Меч на честа*) ..... 141
VI-8. Извадок од првиот роман на Добрица Ќосиќ, *Далеку е сонцето* ..... 142
сл. 61 Плакат од грчкиот филм *Предавство*, 1964 ..... 142
сл. 62 Плакат од грчкиот филм *Што правеше за време на војната Танасис*? 1971 ..... 142
сл. 63 Слика од Гури Мади на која е прикажан партизански напад на германска воена единица ..... 144
сл. 64 Слика од Фатос Хаџиу на која е прикажана епизода од борбите за време на Втората светска војна ..... 144
VI-9. Опис на еден настан од перспективата на војникот, од Марин Преда ..... 144
VI-10. Извадоци од романот *Тутун* на Димитар Димов ..... 145
сл. 65 Страна од стрипот *Балкан експрес*, на Бранислав Керац и Бранко Плавшиќ, по текст на Гордан Михиќ. ..... 145
VI-11. Турскиот Кипранец Кемал Реџеп Сусузлу за деновите што ги минал како воен заробеник заедно со водачот на грчките Кипрани Глафкос Клеридес ..... 146
сл. 66 Сцена од албанскиот филм *Кога осамна ден* ..... 147

Табела: *Национални празници поврзани со Втората светска војна* ..... 148

Карта 2: Југоисточна Европа по Втората светска војна ..... 149

**Библиографија** ..... 150
**Библиографија на сликите** ..... 154
**Библиографија на картите** ..... 155

# Увод

Според историчарот Марк Мазовер, „ниедно искуство не беше поклучно (од Втората светска војна) за развојот на Европа во дваесеттиот век... тоа беше битка за општествената и политичката иднина на континентот... Не можеме ни да се надеваме дека ќе го разбереме последовниот тек на европската историја доколку не му посветиме внимание на ова огромно превривање и не се обидеме да ги утврдиме неговите општествени и политички последици. Годините на нацистичка окупација, по кои следуваше хаосот на непосредниот повоен период, ги раскинаа врските меѓу луѓето, уништија домови и заедници, а во многу случаи ги искоренија дури и темелите на општеството."

Иако при истражувањето на сето она што доведе до Втората светска војна историчарите земаат предвид повеќе фактори, имено дека по Првата светска војна народите на земјите што загубиле сметале дека победниците се однесуваат неправедно кон нив, дека демократијата во многу европски земји била кревка и дека меѓународната економска криза од 30-тите години на XX век му нанела тежок удар на Континентот, сепак, она што речиси сите историчари го сметаат за главната причина за Втората светска војна е агресивната империјалистичка политика на нацистичка Германија, фашистичка Италија и на Јапонија.

Фокусот на оваа збирка историски извори беше одбран врз основа на географски дефинирани параметри и е ограничен на регионот на Југоисточна Европа. За разлика од Мусолини, во чии планови за ширење на италијанската империја територијата на Балканот претставувала суштински, ако не и главен дел (италијанската војска ја нападнала Албанија во 1939 година, а Грција кон крајот на 1940-та), овој регион не заземал високо место на списокот на приоритети на Хитлер, барем не кога станува збор за евентуално ангажирање на германската војска. Ако се имаат предвид големите планови на нацистите за ширење на исток и за окупација на големи делови на таа територија, секаква воена операција во Југоисточна Европа ќе значела непотребно арчење на војници и средства. Дипломатскиот притисок врз земјите што биле исплашени (или импресионирани) од силата на германскиот Блицкриг (Blitzkrieg) требало да биде доволен за да се осигури германската надмоќ и нивната соработка. Во почетокот се чинело дека работите се развиваат во таа насока: со дипломатски притисок била воспоставена германска контрола врз унгарските и романските ресурси, а во почетокот на 1941 година Бугарија и Југославија пристапиле кон Тројниот пакт. Политичките ориентации, повторното отворање на сметките од страна на екстремните националисти и стравот од војна или од комунизам, ги навеле овие балкански земји својата неутралност да ја заменат со пронацистички став.

Албанија ѝ била препуштена на Италија, а Грција на крајот била ставена под нацистичка контрола. По неуспехот на Мусолини да ја потчини Грција и по британската одлука да испрати свои сили во таа земја, Хитлеровата воена операција станала неизбежна. Кога армијата во Белград извршила успешен државен удар со кој била соборена владата што неколку дена пред тоа го имала потпишано пристапувањето на Југославија кон Тројниот пакт, Хитлер им наредил на вооружените сили на Германија (Вермахт) да извршат инвазија врз Југославија, како и врз Грција. Истовремено со државниот удар и донекаде малку пред него, дел од народот на јавни демонстрации ја изразил својата разочараност од подготовките што ги правела Југославија за влез во Тројниот пакт, а, подоцна, и од самиот чин на пристапувањето. Овие настани имаат и симболичко и морално значење, затоа што се првиот пример на противење на јавноста на одлуката на нивната сопствена влада за приклучување кон Тројниот пакт. Покрај моралната и симболичката важност на овие

јавни искажувања на мислењето, овие настани без преседан имале и воени последици: според некои историчари, одлуката на Хитлер да ја нападне југоисточна Европа, всушност, била нервозна реакција на овие настани. До извесна мера, таквата реакција ја променила насоката на Втората светска војна, затоа што бил одложен нацистичкиот напад врз Советскиот Сојуз. Оттаму, може да се постави едно хипотетично прашање: каков ќе бил текот на Војната, ако германските трупи пристигнеле во Москва во септември, наместо во ноември 1941 година?

До средината на 1941 година сите балкански држави, со исклучок на Турција, биле или под нацистичка окупација или во сојузништво со нацистите. Југославија била распарчена: Хрватска (со Босна и Херцеговина како еден од нејзините региони), станала марионетска држава на силите на Оската, додека преостанатиот дел на државата бил поделен на окупациски зони под италијанска, германска, унгарска и бугарска власт. И Грција била поделена на три окупациски зони, под италијанска, германска и бугарска власт. Турција се обидела да ја задржи својата неутралност, иако Турско-германската спогодба за пријателство потпишана во јуни 1941 година може да укажува дека усвоила позиција на приклонување кон силите на Оската.

Хитлеровата расистичка филозофија и идејата за индустријализирање на масовните убиства доведоа до убивање на 5 до 6 милиони европски Евреи до крајот на војната. Хитлеровата расна политика опфаќала и други етнички групи, какви што се Ромите и Словените, но систематската природа на она што тој го нарекувал „конечно решение“ го одделува нацистичкиот приод кон „еврејското прашање“ од нивниот општ однос кон малцинствата, и со тоа од него прави посебен случај, којшто сам по себе заслужува засебно истражување. Во балканските земји, како и во други европски земји, нацистичката окупација ги извлекла на површината и смислено ги искористувала тензиите што притаено крчкале меѓу различните етнички групи и на некои малцинства им дала можност да се одмаздат за својата угнетеност или да ги наплатат неправдите. Така, на пример, Независната Држава Хрватска, која стекнала независност како марионетска држава на силите на Оската и во која владееле усташите, една екстремна националистичка партија, ги прогонувала Србите и Евреите. Оваа појава не била ограничена на едно подрачје: и на други места, екстремните националистички групи започнале програми за демографски инженеринг. Нацистите и поддршката за нив во балканските земји довеле до промена на етничкиот состав во ова подрачје. Еврејското население се намалило од 856 000 во 1930 година до помалку од 50 000 во 1950 година. По војната, илјадници етнички Германци биле протерани од Југославија и депортирани во Романија, додека Словените и Албанците бегале од северна Грција.

До крајот на 30-тите години на XX век, десничарските диктатури ги замениле демократските влади во сите балкански држави и комунистичките партии биле забранети. Но балканските диктатури се разликуваат од фашистичките режими по тоа што во овој регион не успеале да опстанат некакви масовни фашистички ориентирани партии, можеби само со исклучок на единственото вистински народно движење во регионот наклонето кон фашистите – движењето на Кодреану (Codreanu) во Романија. Страшниот шок од тоталната војна и бегството на некои шефови на држави во егзил ги збришале предвоените политички елити. Нацистичката окупација ја покажала неспособноста на државата да ги штити своите граѓани од насилство, глад и немаштија. Шокот предизвикан од животот под режим на дотогаш невидено и систематско насилство, во спој со силината на страдањето и уништувањето на коишто биле изложени граѓаните во шестгодишниот период, длабоко ги трансформирале сите европски општества, но особено оние во Југоисточна Европа, каде што нацистичките мерки на експропријација и одмазда создале ужасна состојба. Оттаму, она што во почетокот поттикнало мнозина да се борат против нацистите биле, главно, гладот и теророт, но тие поттици на дејствување подоцна биле дополнети и со идеолошки и политички причини. Покрај нивната воена важност (иако таа се разликувала од земја до земја), движењата на отпор имале и огромно политичко и морално влијание. На повеќето движења на отпорот им била заедничка ега-

литарната и морално возвишената визија за повоениот свет и целта за поправедна распределба на богатството. Меѓутоа, движењата на отпор биле расцепкани и, во услови на неизвесност и идеолошка збрканост предзвикани со војната, во речиси секоја група се јавиле внатрешни борби кои, често, прераснувале во граѓанска војна. По 1943 година се намножиле движењата на отпор, предизвикувајќи репресалии од колаборационистичките милиции и со тоа поттикнувајќи во многу земји еден поинаков вид граѓанска војна. Сепак, до 1944 година масовните движења на отпор, во кои доминирале комунистите, биле подготвени да ја преземат власта во многу земји, веднаш штом ќе се повлечат нацистите.

Меѓутоа, силите надвор од регионот на Југоисточна Европа дејствувале во полза на сопствените цели, па и покрај растечката сила на отпорот имале поинакви планови за балканските земји што не покажувале многу грижа за самоопределбата на државите или на народите. Во октомври 1944 година, во исто време кога овие масовни движења биле подготвени да ја преземат власта, Черчил и Сталин ги договориле повоените сфери на влијание во Југоисточна Европа: Грција требало да потпадне под британска контрола; преостанатиот дел, со исклучок на Југославија за којашто договорот бил 50:50, ќе му се препушти на Советскиот Сојуз. По една долга граѓанска војна (1946-1949), грчките комунисти биле конечно поразени. Во Југославија и во Албанија партизаните комунисти брзо ја презеле власта. Бугарија и Романија доживеале сопствена окупација од советските трупи, коишто наметнале комунистички режими. До крајот на 40-тите години на XX век, поделбата на Европа на две зони била завршена и под притисокот на Студената војна се променила природата на непријателствата од времето на војната.

Од денешна перспектива очигледно е дека Втората светска војна била нешто многу повеќе од редица битки и дипломатски преговори (иако, за жал, тоа е многу често главниот, или понекогаш дури и единствениот впечаток што учениците го стекнуваат од учебниците): покрај воената компонента, Втората светска војна содржела и некои особености на верски, етнички и расен судир. Како што беше спомнато понапред, во некои земји тој се претворил во граѓанска војна – во судир меѓу движењата на отпорот, како и меѓу движењата на отпорот и колаборационистичките сили, чие дејствување по суровоста честопати ги надминувало нацистите. Такви примери може да се најдат и во Југоисточна Европа, па оттаму и во оваа збирка историски извори. Меѓутоа, тоа не значи дека смееме, дури и за секунда, да заборавиме кои биле главните злосторници, ниту, пак, можеме да им дозволиме да ја одречат одговорноста за злото нанесено на балканските држави и народи. Одговорноста на нацистите за почнувањето на војната, а со тоа и за нејзините последици, не може да се намали, а камоли да се оспорува. Меѓутоа, иако не го заборавиме злосторничкиот карактер на нацистичкиот режим што ја започна Војната, останува фактот дека во многу земји политичката елита им била наклонета на нацистите. Очигледно е дека мнозина во тие елити ја искористиле можноста (под изговор на хитлеризмот) да израмнат некои стари сметки со соседите, да го ревидираат Версајскиот договор, да се ослободат од некои „непријатни“ малцинства, или да ги зголемат своите лични имоти и да натрупаат капитал. Очигледно е дека овие елити не паднале од небо, ниту, пак, можеле да изнуркаат од некаков вакуум – во повеќето земји во регионот имало отворени, како и прикриени симпатизери на нацистите, а заедно со нив и различни нивоа на премолчно согласување со нацистичката идеологија и латентна наклонетост кон филозофиите на расна поделба. Кога некоја земја ќе се приклучела кон Тројниот пакт, или веднаш откако ќе била окупирана од нацистичките фашисти, симпатизерите ја зграпчувале можноста да ја покажат својата лојалност кон нацистичкиот режим и своето прифаќање на основите на нацистичката идеологија. Ваквата бескомпромисна согласност им го поплочила патот на нацистите и придонесла за бруталностите што следувале.

Нашата намера е да им понудиме на учениците една повеќеслојна претстава за Втората светска војна. Оттаму, со воените операции се занимаваат само еден релативно мал број извори во овој

учебник. Одлучувајќи се за ваквиот приод, немавме намера да ја намалиме воената важност на движењата на отпорот во Југоисточна Европа (ниту големиот придонес што го дал овој регион во соборувањето на фашизмот и нацизмот) – целта поскоро беше да се осветлат, барем делумно, оние аспекти на животот во текот на војната што поретко се претставени во учебниците, според желбите и сугестиите на наставниците коишто ги користат тие учебници во наставата. Така, познато е дека во мнозинството учебници во Југоисточна Европа водечко место ѝ се дава на политичката историја, поради што истото се случува и поопшто со претставувањето на Втората светска војна. Другите содржини, коишто се барем исто толку важни, а за учениците несомнено и поинтересни, на пример, секојдневниот живот, статусот на жените и децата, културниот живот, одгласите на војната во литературата и во другите уметности, љубовта во воените времиња, и така натаму, главно се занемарувани и ги среќаваме само попатно.

Оваа збирка содржи извори од 11 земји на Југоисточна Европа, што има свои предности, но и свои недостатоци. Главната предност на оваа вака замислена збирка историски извори е што таа им овозможува на учениците да стекнат увид во овој историски период од повеќе стојалишта. Погледот од две или повеќе различни точки на гледање на одреден историски период, во овој случај на Втората светска војна, би требало да биде не само интересен, туку и конкретно корисен: на учениците им се нуди можност да прочитаат и да анализираат како на еден ист проблем, настан или процес се гледа/ гледало во нивното „соседство“ во регионот.

Низ анализата на изворите учениците во многу случаи ќе откријат зачудувачки сличности – сиромаштијата, гладот, неизвесноста и големото страдање што го обележале тој период во целата Југоисточна Европа. Од друга страна, ќе наидат и на некои спротивни, противречни извори кои истиот проблем го обработуваат од наполно поинакви точки на гледање или на сосема поинаков начин од оној што го наоѓаат во своите учебници. Во такви случаи, ние не сугерираме од учениците нужно да се бара да донесат суд за тоа кој извор е оној точниот, вистинитиот, или барем најблиску до вистината – доволно е учениците да станат свесни за нивното постоење, односно, да станат свесни за фактот дека некои историски настани и процеси не се толку недвосмислени колку што се, можеби, претставени во нивните учебници. Имено, во поголем број земји на Југоисточна Европа, наставата по историја (па оттаму истата концепција ја имаат и учебниците по историја) е последовно втемелена врз „една и единствена вистина“, така што учениците само во ретки случаи може да се запознаат со противречни извори. Имајќи го ова предвид, свесни сме дека меѓу оние наставници  и ученици коишто може да не се навикнати во своите учебници и/или, воопшто, во наставата по историја да наидуваат на противречни, спротивни извори, оваа збирка извори заснована врз приод од повеќе точки на гледање може да предизвика извесна дезориентација, па дури и одбивање. Меѓутоа, сметаме дека без приод од повеќе точки на гледање не може да постои вистинско, висококвалитетно проучување, разбирање и учење на историјата – без таков приод, таа се претвора во обично паметење на податоци.

Од друга страна, вака конципираната збирка извори има еден значаен недостаток. Накусо, со оглед на фактот што во ограничениот простор на оваа збирка се собрани текстуални и визуелни материјали од 11 земји на Југоисточна Европа, очигледно е дека оваа збирка не дава целосна слика за Втората светска војна во ова подрачје – би било во најмала рака претенциозно да се очекува такво нешто. Тоа е факт за којшто сме свесни уште од самиот почеток на овој проект, па затоа беше неопходно да се направи избор на темите, на пример, да се одберат само некои од многубројните аспекти на Втората светска војна, а другите, иако не се ништо помалку важни, може да не бидат ни спомнати. Другиот значаен критериум при изборот на изворите, покрај изборот на теми коишто поретко се застапувани во учебниците, беше методолошки: се обидовме да вклучиме колку што е можно повеќе извори што може да предизвикаат некаква емоционална реакција кај нашите ученици (гнев, шок, сочувство, восхит, смеа...) Судбините на обичните луѓе – трагични, херојски, смешни –

често ни даваат подобра, пожива слика за суровите времиња отколку прогласите, политичките изјави или дипломатските извештаи (се разбира, немаме намера да им ја одземеме нивната вредност, па така и тие имаат место во оваа збирка).

Накусо, нашата намера е на нашите ученици и на колегите наставници да им понудиме еден малку поинаков поглед, од повеќе точки на гледање, врз еден мрачен период на нашата историја, со надеж дека ова збирка извори ќе води и кон негово подобро разбирање затоа што, и покрај транспарентноста и едноставноста на настаните во Втората светска војна (барем кога станува збор за неговата морална компонента, на пример за очигледното разграничување меѓу доброто и злото), во некои земји на Југоисточна Европа, сè уште, вештачки се создаваат извесни сомнежи околу оваа тема, поради фактот што водечката улога во поголемиот број движења на отпорот ја имале комунистите. Покрај тоа, во светската и во европската историја, западната точка на гледање ја маргинализира улогата што ја одигра Југоисточна Европа во Втората светска војна, и понекогаш ја подредува на дамнешните стереотипи за овој регион. Сметаме дека оваа збирка документи ќе придонесе за посеопфатно разбирање на нашата историја како дел од историјата на човештвото.

# ХРОНОЛОГИЈА

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1939 | април | | 7 – Италијанците вршат инвазија врз Албанија<br>12 – Албанското уставно собрание прогласува унија со Италија и го прогласува Виктор Емануел III за крал на Албанија. Италијанците поставуваат марионетска влада предводена од Шефкет Верлачи (Shefqet Verlaci) и наскоро потоа ги приспојуваат албанските воени и дипломатски служби кон италијанските |
| | август | 23 – Советско-германскиот пакт „Рибентроп-Молотов“ вклучува таен договор за идна советска окупација на романска Бесарабија | |
| | септември | 1 – Германија врши инвазија врз Полска<br>3 – Британија и Франција ѝ објавуваат војна на Германија<br>17 – Советскиот Сојуз врши инвазија врз Полска | 7 – Романија прогласува неутралност<br>15 – Бугарија прогласува неутралност |
| | октомври | | 19 – Турција, Франција и Британија го потпишуваат Анкарскиот договор за заемна помош во случај да бидат нападнати од некоја европска сила во Медитеранот |
| 1940 | февруари | | 15 – Нова ројалистичка влада на Бугарија предводена од професорот Богдан Филов |
| | април | 9 – Германија врши инвазија врз Данска и Норвешка | |
| | мај | 10 – Германија врши инвазија врз Холандија, Белгија и Луксембург; Винстон Черчил станува премиер на Велика Британија<br>12 – Германија врши инвазија врз Франција | |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1940 | јуни | 10 – Италија им објавува војна на Британија и на Франција<br>22 – Франција потпишува примирје со силите на Оската | 26-27 – По советскиот ултиматум, Романија ги отстапува Бесарабија и Северна Буковина |
| | август | | 10 – Антисемитски закон во Романија<br>30 – Под германски и италијански притисок, Романија ѝ ја предава северна Трансилванија на Унгарија |
| | септември | 13 – Италија врши инвазија врз Египет<br><br>27 – Јапонија пристапува кон сојузот на Оската | 4 – Јон Антонеску е назначен за претседател на Советот на министри на Романија<br>6 – Карол II абдицира во полза на својот син Михаил I; фактички владетел на Романија е „Conducator“ Јон Антонеску<br>7 – Спогодбата во Крајова. Романија ѝ ја враќа Јужна Добруџа на Бугарија |
| | октомври | | 12 – Германската војска влегува во Романија, како „воени советници“<br>28 – Италија врши инвазија врз Грција, користејќи ја Албанија како база |
| | ноември | 5 – Рузвелт е повторно избран за претседател на САД<br><br>11 – Британија ја поразува италијанската флота кај Таранто<br><br>20 – Унгарија пристапува кон сојузот на Оската | Бугарија одбива да им се придружи на силите на Оската, да ја нападне Грција или да потпише пакт за гаранции со СССР<br>14 – Грчките трупи вршат контранапад врз албанскиот фронт и за еден месец ги преземаат од Италијанците сите поголеми градови во јужна Албанија<br>23 – Романија влегува во сојузот на Оската<br>25 – Турција прогласува воена состојба во зоната што ги опфаќа Истанбул, Едрене, Кирклaрели, Текирдаг, Чанак Кале и Коцели<br>30 – Во Истанбул е воведено замрачување |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
| --- | --- | --- | --- |
| 1940 | декември | 9 – Британските трупи почнуваат да ги истиснуваат Италијанците од Египет | Бугарскиот парламент изгласува профашистички закони: Закон за организација на бугарската младина и антисемитски Закон за заштита на нацијата<br>19 – Од Турција со товарниот брод „Куртулуш“ (Curtuluş - Независност) е испратена помош за Грција |
| 1941 | јануари | 9 – Британија врши инвазија врз Еритреја | 20 – Бугарскиот кабинет гласа за потпишување на Тројниот пакт<br>21-23 – Бунт на (фашистичката) Железна гарда во Романија, задушен од генералот Антонеску |
| | февруари | | 8 – Германија и Бугарија потпишуваат воен пакт<br>17 – Бугарско-турска декларација за неутралност |
| | март | 11 – САД почнуваат да ги снабдуваат со воени материјали Британија и другите сојузници<br><br>24 – Ромел ја почнува првата офанзива во Либија | 1 – Бугарија им се приклучува на силите на Оската; германските војски влегуваат на бугарската територија<br>24 – Турско-руска декларација: во случај Турција да биде нападната од која било страна, советска Русија ќе остане неутрална<br>25 – Југославија пристапува кон сојузот на Оската<br>27 – По масовните протести, владата на Југославија е соборена со воен државен удар |
| | април | 11 – Почнува германската опсада на Тобрук<br><br>13 – Советскиот Сојуз и Јапонија потпишуваат петгодишен пакт за ненапаѓање | Неуспешен обид за пробритански пуч од страна на „Левите селани“ во Бугарија<br>6 – Германија врши инвазија врз Југославија и Грција<br><br>10 – Создавање на Независната Држава Хрватска (НДХ), марионетска држава под германско/италијанска доминација<br><br>11-15 – Унгарската војска ја окупира Бачка во северна Србија (Војводина) |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1941 | април | | 17 – Југословенската војска се предава<br>19 – Бугарската војска влегува во Македонија, југоисточна Србија и во егејска Тракија<br>23 – Грција потпишува примирје со Германија<br>30 – Анте Павелиќ издава неколку расни декрети во Независната Држава Хрватска |
| | мај | 27 – Потона „Бизмарк“; Рузвелт прогласува вонредна состојба поради настаните во Европа и во Африка | 17 – Неуспешен обид на младиот револуционер Васил Лачи (Vasil Laçi 1922-1941) да го убие кралот Виктор Емануел III во Тирана<br><br>18 – Павелиќ и Мусолини го потпишуваат Римскиот договор; НДХ и го отстапува на Италија најголемиот дел од хрватското крајбрежје<br><br>21-31 – Битката на Крит. Грчкиот кабинет и кралот ја напуштаат земјата и се сместуваат во Каиро; Грција е поделена на три окупациски зони под контрола на германските, италијанските и бугарските војски<br><br>31 – Отстранување на свастиката од Акрополис: прв симболичен чин на отпор |
| | јуни | 22 – Германија, Италија и Романија го напаѓаат Советскиот Сојуз; Турција прогласува неутралност<br><br>26 – Финска му објавува војна на Советскиот Сојуз | 18 – Потпишана е Турско-германската спогодба за пријателство и ненапаѓање<br><br>22 – Во околината на Сисак (Хрватска) основан е првиот југословенски партизански одред, почнува востанието во Хрватска<br><br>24 – Бугарските комунисти почнуваат да даваат вооружен отпор |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1941 | јуни | | 25 – Ратификувана е Турско-германската спогодба со едногласно усвојување во турското народно собрание<br>29 – Мусолини ја прогласува „Голема Албанија“ |
| | јули | 12 – Британија и Советскиот Сојуз потпишуваат спогодба со која се ветува британска помош за советите<br>24 – Јапонија ја окупира Француска Индокина<br>26 – САД ја прекинува трговијата со Јапонија | 7 – Почнува партизанското востание во Србија<br>13 – Почнува партизанското востание во Црна Гора<br>22 – Почнува партизанското востание во Словенија<br>27 – Почнува партизанското востание во Босна и Херцеговина |
| | септември | 8 – Германците ја почнаа опсадата на Ленинград<br><br>19 – Германците го заземаат Киев | Формирање на трите главни организации на отпорот во Грција: Народнодемократска грчка унија (ЕДЕС), Национално и социјално ослободување (ЕККА) и Националноослободителен фронт (ЕАМ);<br>Усташите го отвораат концентрациониот логор Јасеновац, на околу 100 км јужно од Загреб;<br>Во Романија почнува депортацијата на над 100.000 Евреи во Транснистрија, при што поради лошите животни услови умираат голем дел од депортираните |
| | октомври | 17 – Хидеки Тојо станува премиер на Јапонија | Масовни репресалии на германската окупациска власт врз цивилното население во Србија;<br>11 – Почнува партизанското востание во Македонија |
| | ноември | 18 – Британците почнуваат офанзива во Либија | Почеток на граѓанската војна меѓу партизаните и четниците во Србија.<br>8 – Основана е Комунистичката партија на Албанија<br>13 – Германија ги одбива условите на четниците за соработка против југословенските партизани, но четниците и покрај тоа продолжуваат да се борат против партизаните и одбегнуваат да се борат против Германците |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1941 | декември | 5 – Запрен е германскиот поход на Москва<br>7 – Јапонија го бомбардира Перл Харбур<br>8 – Јапонија им објавува војна на САД и на Британија<br>11 – Германија и Италија им објавуваат војна на САД | 12 – Независната Држава Хрватска им објавува војна на САД и на Британија<br><br>13 – Бугарија им објавува војна на Обединетото кралство (Велика Британија) и на САД |
| 1942 | јануари | 21 – Ромеловиот Африкански корпус почнува контраофанзива во Либија | |
| | февруари | 15 – Јапонците го заземаат Сингапур | ЕАМ донесува одлука за формирање на вооружена герила (Национална народна ослободителна војска – ЕЛАС) |
| | јуни | 44-6 – Битката за Мидвеј<br><br>21 – Ромел го зазема Тобрук | |
| | јули | | Формирана е вооружената секција на ЕДЕС. |
| | август | 12 – Черчил и Сталин се состануваат со претставниците на САД и на Движењето на отпорот на Франција за разговори за Втор фронт<br>13 – Генералот Монтгомери го презема заповедништвото врз британските сили во Египет<br>19 – Сојузничкиот напад на Диеп завршува катастрофално | Германските окупациски сили „го решаваат Еврејското прашање“ во Србија, убивајќи до крајот на летото 1942, речиси, 90% од еврејското население.<br><br>25 – Излегува Првиот број на *Zëri i Popullit* (Глас на народот), списание што ја претставува идеологијата на албанското комунистичко движење |
| | септември | 22 – Германците стасуваат до центарот на Сталинград | Британска борбена единица тајно се истоварува во Грција<br>16 – Конференција во Пеза: создавање на Албанскиот антифашистички национален ослободителен фронт |
| | октомври | 23 – Силите на Монтгомери го напаѓаат Ел Аламејн, Египет | Создавање на политичката организација „Balli Kombëtar“ во Албанија, со антикомунистичка програма |
| | ноември | 8 – Прва голема сојузничка инвазија во Мароко и Алжир | 12 – Воведување на турскиот данок на приход од капитал |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1942 | ноември | 13 – Британците повторно го заземаат Тобрук<br><br>19 – Советите почнуваат контраофанзива на Сталинград | 25 – Здружените британски и герилските сили на ЕАМ и ЕДЕС го дигнаа во воздух со динамит железничкиот мост Горгопотамос (Грција)<br>26 – Во Бихаќ (Босна и Херцеговина) партизаните го основаат своето највисоко политичко тело – АВНОЈ (Антифашистичко веќе на народното ослободување на Југославија) |
| 1943 | јануари | 31 – Генералот Паулус ја предава германската Шеста армија кај Сталинград | |
| | март | 5 – Почнува сојузничкото бомбардирање на Рур | 5 – Генералниот штрајк во Атина го спречува мобилизирањето на грчките работници<br>март-мај – бугарското општество успешно му се спротивставува на „Конечното решение“ и на депортацијата на бугарските Евреи<br>март-јуни – депортација на околу 50 000 Евреи од Солун во Аушвиц |
| | јуни | 13 – Силите на Оската се поразени во Тунис; завршен е Африканскиот поход | 14 – Во Оточац, партизаните го воспоставуваат највисокото политичко тело за Хрватска – ЗАВНОХ (Антифашистичко веќе на народното ослободување на Хрватска) |
| | јули | 5-17 – Голема тенковска битка кај Курск на Источниот фронт; советска победа<br>9 – Сојузниците се истоваруваат во Сицилија<br>25 – Мусолини е соборен и уапсен, го наследува Пјетро Бадољо | 10 – Формирана е Народната ослободителна армија на Албанија |
| | август | | 2 – Потпишана е спогодбата во Мукје меѓу Народната ослободителна армија на Албанија и „Balli Kombëtar“. Спогодбата е отфрлена само неколку дена подоцна од страна на Централниот комитет на Комунистичката партија на Албанија (КПА) и Народноослободителниот совет<br>28 – Во Софија умира бугарскиот цар Борис III; прогласување на царот Симеон II |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1943 | септември | 3 – Сојузниците се истоваруваат на италијанското копно преку Месинскиот теснец<br><br>8 – Италија им се предава на сојузниците<br><br>12 – С.С. го ослободува Мусолини и го носи во Германија | 8 – Партизанските единици привремено го заземаат Сплит (Хрватска) и тамошното огромно италијанско складиште<br>9 – Избори за регент во Бугарија: принцот Кирил, професорот Филов и генералот Михов<br>9 септември до 10 октомври – југословенските партизани разоружуваат 10 италијански дивизии, 2 дивизии им се приклучуваат на партизаните<br>17 – Британско-американската воена мисија кај југословенските партизани пристигнува на ослободената територија во западна Босна и Херцеговина<br>20 – ЗАВНОХ го прогласува повторното обединување со Хрватска и Југославија на територијата окупирана од Италија |
| | октомври | 13 - Италија ѝ објавува војна на Германија | |
| | ноември | 7 – Ослободен е Киев; почнува да се урива германската одбрана на Дњепар<br>28 ноември до 1 декември – Черчил, Рузвелт и Сталин се состануваат во Техеран да ја испланираат Сојузничката инвазија врз Франција; југословенските партизани се признаени како Сојузници | 20 – Следбениците на кралот Зогу предводени од Абаз Купи ја основаат партијата „Легалитети“ (“Legaliteti”) чија цел е по војната во Албанија да се врати монархијата на Зогу<br>29 – Во Јајце (Босна и Херцеговина) АВНОЈ воспоставува партизанска влада (НКОЈ – Национален комитет на ослободувањето на Југославија) |
| | декември | 24 – Ајзенхауер е назначен да раководи со Сојузничката инвазија во Европа | 7 – Рузвелт, Черчил и Инени (Inönü) се состануваат во Каиро |
| 1944 | јануари | 27 – Советите ги поразуваат Германците кај Ленинград | Основање на Жандармеријата во Бугарија за борба против вооружениот отпор<br><br>8 – Во своето писмо до претседателот на НКОЈ (југословенската партизанска влада) Черчил известува дека Британија ќе ја прекине помошта за четниците. Од тој момент натаму целата помош им се дава исклучиво на партизаните |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1944 | март | 15 – Јапонија врши инвазија врз Индија | 10 – ЕАМ го основа Политичкиот комитет за национално ослободување (ПЕЕА), втора грчка администрација паралелна на официјалната влада во Каиро |
| | мај | 9 – Советите повторно го заземаат Севастопол<br><br>18 – Германците се повлекуваат од Монте Касино | Договорот во Либан води до спогодба за формирање на грчка национална коалициска влада со Г. Папандреу како премиер на Грција;<br>Депортирање на над 100 000 Евреи од Северна Трансилванија (под унгарско владеење) во германските логори на смртта<br>24 – На Конгресот во Пермет албанските комунисти избираат Национален ослободителен антифашистички совет како највисоко законодавно тело и основаат Комитет со атрибути на привремена влада |
| | јуни | 6 – Денот Д, истоварување на сојузниците во Нормандија | 1 – Новаројалистичка влада во Бугарија, на чие чело застанува Иван Багрјанов |
| | јули | 20 – Пропаѓа атентатот врз Хитлер<br>25 – Сојузниците почнуваат да се пробиваат од Нормандија | |
| | август | 15 – Сојузниците се истоваруваат во јужна Франција<br><br>25 – Ослободен е Париз | 2 – Турција решава да ги прекине односите со Германија<br>2 – Во Прохор Пчињски одржано е Првото заседание на Антифашистичкото собрание на Народното ослободување на Македонија (АСНОМ); поставени се темелите на Република Македонија<br>12 – Черчил и Тито се среќаваат во Неапол<br>23 – Државен удар во Романија: кралот Михаил поддржуван од коалицијата на водечките партии и комунистите ги апси Антонеску и неговата влада;<br>Романија им се предава на Советите<br>26 – Бугарскиот премиер Багрјанов прогласува неутралност, во Анкара ги прави првите обиди за преговори со САД и со Велика Британија и испраќа делегација во Каиро |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1944 | август | | 29 – Југословенскиот крал Петар II го разрешува од должност Дража Михајловиќ и го признава Тито за водач на отпорот во Југославија<br><br>30 – Павелиќ спречува државен удар во Независната Држава Хрватска и останува верен на силите на Оската |
| | септември | 3 – Ослободен е Брисел<br><br>19 – Потпишано е примирје меѓу Финска и сојузниците<br><br>25 – Сојузниците се пробиваат низ Готската линија во Италија | Партизаните и единиците на Црвената армија ги почнуваат борбите за ослободување на Србија<br>2 – Бугарските регенти именуваат влада од проруски политички партии, предводена од Константин Муравиев (прва влада формирана од политички партии од мај 1934)<br>3 – Формирање на нова грчка национална коалициска влада под Јоргос Папандреу<br>5 – Советскиот Сојузи ѝ објавува војна на Бугарија<br>8 – Црвената армија влегува во Бугарија; примирје меѓу Советскиот Сојуз и Бугарија; Бугарија ѝ објавува војна на Германија<br>9 – Комунистите ја преземаат власта во Бугарија – влада на Татковинскиот фронт (Отечествен фронт) предводена од Кимон Георгиев (водач на партијата Звено) во која доминираат комунистите<br>12 – Романија потпишува примирје со сојузниците: ја признава советската власт во Бесарабија и северна Буковина и врховната власт на сојузничкиот Контролен комитет во кој доминираат Советите. |
| | октомври | 2 – Германците го задушуваат бунтот во Варшава додека на само неколку километри пред градот советската војска прави пауза и закрепнува; сојузниците се пробиваат низ Западниот ѕид во Германија | 5 – Британците се истоваруваат во Грција<br>8 – Бугарија почнува воени операции против Германија<br>12 – Германската војска заминува од Атина<br>14 – Британците влегуваат во Атина |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1944 | октомври | 9 – „Спогодба за процентите“ меѓу Черчил и Сталин во Москва<br><br>23 – Сојузниците го признаваат Де Гол за привремен претседател на привремената француска влада | 18 – Грчката влада влегува во Атина<br>20 – Советската Црвена армија и југословенските партизани го ослободуваат Белград<br>23 – Антифашистичкиот комитет на националното солободување станува привремена демократска влада на Албанија, со Енвер Хоџа како премиер<br>25 – Романската војска и Црвената армија ја ослободуваат територијата на Трансилванија од унгарската војска<br>28 – Примирје меѓу антифашистичката коалиција и Бугарија |
| | ноември | 7 – Рузвелт по четврти пат станува претседател на САД | 13 – Партизаните го ослободуваат Скопје<br>25-26-Партизаните го конституираат ЗАВНО БиХ како водечка политичка институција за Босна и Херцеговина<br>29 – Албанија се ослободува од Германците |
| | декември | 15 – САД се истоварува на Миндоро, Филипини | 3 – ЕАМ организира демонстрации во Атина коишто завршуваат со крвопролевање; почнуваат борбите меѓу ЕАМ-ЕЛАС и силите на владата помогнати од Британците |
| 1945 | јануари | 17 – Варшава е окупирана од Советите<br>19 – Германија целосно се повлекува од Источниот фронт<br>20 – Унгарија потпишува примирје со сојузниците | Околу 70 000 етнички Германци од Романија се депортирани во СССР |
| | февруари | 4-11 – Черчил, Рузвелт и Сталин се состануваат на Јалта<br>8 – Сојузниците почнуваат голема офанзива за да стигнат до Рајна<br>13-14 Сојузничкото бомбардирање со запаливи бомби го уништува Дрезден<br>19 – Силите на САД се истоваруваат на Иво Џима | Потпишување на Спогодбата во Варкиза за организирање општи избори и плебисцит за монархијата во Грција, распуштање на герилските организации и предавање на оружјето на ЕЛАС<br><br>23 – Турција им објавува војна на Германија и на Јапонија |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| 1945 | март | 3 – Финска ѝ објавува војна на Германија<br>9 – САД фрла запаливи бомби на Токио<br>22 – Патон ја преминува Рајна кај Опенхајм<br>23 – Монтгомери ја преминува Рајна северно од Рур | 6 – Советите наметнуваат назначување на коалициска влада во Романија, на чело со Петру Гроза, но контролирана од комунистите<br>7 – Формирана е привремената влада на Демократска Федеративна Југославија со Тито како претседател на Владата и со доминација на партизаните во однос на членовите на Владата во егзил (23:5)<br>16 – Одржано е Третото заседание на АСНОМ и формирана е првата Влада на Федерална Република Македонија |
| | април | 12 – Умира Рузвелт, а претседател на САД станува Хари С. Труман<br>23 – Советите влегуваат во Берлин<br>25 – САД и советските сили се среќаваат на реката Елба; почнува Конференцијата на Обединетите нации во Сан Франциско<br>28 – Италијанските партизани го погубуваат Мусолини<br>30 – Во Берлин, Хитлер изврšува самоубиство | 6 – Ослободено е Сараево<br><br>14 – Формирана е Федеративната Држава Хрватска, во која доминираат комунистите<br><br>28 – САД ја признава Привремената југословенска влада на Тито |
| | мај | 1 – Берлин им се предава на советските сили<br>7 – Германија официјално капитулира<br>15-Во Блајбург југословенските партизани убиваат голем број заробеници на војната (усташи, дел четници и словенечки домобрани) и цивили, а останатите ги водат на "Голгота" којашто повеќето не ја преживуваат | 2 – Југословенската партизанска војска влегува во Трст, создавајќи напната поделба (подоцна на Зони А и Б) меѓу Италија и Југославија<br><br>6 – Павелиќ и неговата влада и голем број војници и цивили бегаат од Загреб кон Австрија<br><br>8 – Партизаните го ослободуваат Загреб |

| Година | Месец | Свет | Југоисточна Европа |
|---|---|---|---|
| | јуни | 5 – Сојузниците ја делат Германија на четири окупациски зони<br>26 – 50 земји ја потпишуваат Повелбата на Обединетите нации, основани се Обединетите нации | 10 – АВНОЈ станува привремено народно собрание на Југославија |
| 1945 | јули | 17 јули до 2 август – Черчил, Сталин и Труман се состануваат во Потсдам каде што прават планови за мир во Европа и завршен напад врз Јапонија | |
| | август | 6 – Фрлена е атомската бомба врз Хирошима<br>9 – Фрлена е атомската бомба врз Нагасаки<br>14 – Јапонија се предава | |

**Карта 1:** **Втора светска војна, 1939-1942**



# ПРВО ПОГЛАВЈЕ:
# Политички контекст

Намената на првото поглавје е да обезбеди еден вид рамка, бидејќи најголемиот дел документи спаѓаат во политичката историја, за разлика од другите поглавја. Во почетокот се поместени описите дадени од неколкумина истакнати политички водачи од тоа време, коишто ни нудат корисни согледувања како за предметот на описот, така и за нивните автори. Оттаму, сметаме дека понудениот материјал е релевантен и дека има аналитичка вредност. По овие куси описи следуваат неколку карактеристични идеолошки искази со коишто владејачките структури се обидувале да ги оправдаат своите постапки, па и/или и самото свое постоење, како и неколку идеолошки обоени искази од движењата на отпорот.

Потпоглавјето *Војски и војници* е, поради разбирливи причини, доста големо. Тоа се должи на фактот што во некои земји на релативно мали подрачја се среќавале повеќе разни војски (окупаторски сили, колаборационистички војски, движења на отпорот). Се обидовме барем донекаде да ги објасниме нивните активности, нивните идеолошки заднини, нивните цели и нивните (често многу сложени) заемни односи. Понатаму, вклучени се документи коишто се однесуваат на врските меѓу различните страни во Војната и соседните земји.

Завршниот пододдел во Првото поглавје, *Верски организации*, нуди документи коишто се однесуваат на активностите на верските организации во текот на војната: колку отворено и јасно верските организации го покажувале својот став кон самата војна, кон страните вклучени во неа, кон припадниците на другите нации/вери, кон страдањето во војната, воените злосторства итн.

## Iа. Водачи и идеологии

**I-1.Фицрој Меклин, пратеник на Черчил кај партизаните, за Тито во 1943 година**

„Тито е средно висок и грижливо избричен. Лицето му е исончано, а косата челично сива. Устата му е многу цврста, а очите ведри и сини. (...) Се прашував каков впечаток ќе ми остави овој човек кога ќе го споредам со комунистите што ги сретнав во Русија. (...) Едно нешто веднаш ми падна в очи: неговата подготвеност проблемот да го разгледа од сите страни и, доколку е потребно, веднаш да донесе одлука. Ми се виде многу сигурен во себе. Тој човек е претпоставен, не подреден. За мене тоа беше нешто сосема ново – да откријам таква сигурност и самостојност кај еден комунист.“

**Разговор на Фицрој Меклин со Тито во партизански Белград во 1944 година[1]**

„Во таа пригода го информирав Тито колкава лутина предизвика кај сојузниците кога тајно го напушти Вис. (...) Му реков на Тито дека Черчил (Churchill) беше многу навреден од начинот на кој си беше заминал. Исто така, го информирав за неразумното однесување на некои од неговите потчинети, како и за расправиите и големиот број помали тешкотии што ги имавме во текот на неговото отсуство.

Тоа очигледно искрено го натажи. Ми рече дека му е жал што слуша дека неговите потчинети неразумно се однесувале кон нас, но додаде дека веднаш ќе се поправи сè (...)

[1] Нивната прва средба по тајното заминување на Тито од островот Вис (каде што го штителе британските сили), за да го посети Сталин.

Одговорив дека ми е драго. „Меѓутоа“, додадов, „се чини дека не разбирате оти главната причина за сето тоа беше вашето исчезнување и фактот што не ни рековте каде одите.“ Но Тито или не можеше или не сакаше да го разбере ова, па недолжно рече: „Пред извесно време Черчил замина за Квебек (Quebec) да се сретне со претседателот Рузвелт (Roosevelt), а јас за тоа бев информиран дури по неговото враќање оттаму. Меѓутоа, јас не се налутив поради тоа.“

MacLean, стр. 14-15, 240-241.

Јосип Броз Тито е роден во Кумровец близу Загреб во 1892. Изучил занает и работел како бравар и фабрички работник. Во почетокот на Првата светска војна бил мобилизиран во Австро-унгарската војска и испратен на Источниот фронт. Бил заробен од Русите и неколку години минал во Русија каде што се запознал со болшевичките идеи. Потоа, во 1920 година, се вратил во својата татковина, новооснованата држава Југославија. Пристапил кон Комунистичката партија; и по неколку апсења минал неколку години во затвор. Во 1937 година застанал на чело на Комунистичката партија на Југославија. Од 1941 година станал главниот координатор на движењето на отпорот, а подоцна и „Врховен командант“ на партизанските сили. По војната станал претседател на Југославија и владеел тоталитарно сè до смртта во 1980 год.

Што му се допаднало на Меклин кај Тито? Што не му се допаднало кај него? Зошто Тито оставил добар прв впечаток врз Меклин? (Каква била неговата комунистичка репутација?) Што ги влошило нивните односи? Според ваше мислење, дали Тито некоректно се понел кон своите британски сојузници? На симпатизерите на Тито им се допаѓа „мангупското“ однесување на Тито при неговата последна средба со Меклин, сфаќајќи го како потврда на истрајниот дух на независност на Југославија. Што мислите вие за тоа? Дали Британците барале односи засновани врз рамноправност или сакале да доминираат во сојузништвото со партизаните?

**сл. 1 Водачот на партизанското Народноослободително движење, Јосип Броз Тито и командантот на Југословенската војска во татковината (четници), генералот Дража Михајловиќ**







Београд, Народна библиотека Србије, Збирка плаката

Превод:
„ Награда од 100 000 рајхсмарки во злато!
100 000 рајхсмарки во злато ќе добие оној што ќе го донесе жив или мртов комунистичкиот водач Тито.“
„ Награда од 100 000 рајхсмарки во злато!
100 000 рајхсмарки во злато ќе добие оној што ќе го донесе жив или мртов водачот на бандите Дража Михајловиќ.“

**I-2. Фотографот на Павелиќ во 1961 година сведочи за неговата личност**

„Беше вистинска мака да се направи фотографски портрет на Павелиќ, зашто тој на сите слики излегуваше онаков каков што беше навистина: намуртен и со тој познат разбојнички израз. Се разбира, тие фотографии, не ѝ се допаѓаа на неговата сопруга, 'фараонката Мара', така што по нејзина изрична наредба снимањата се повторуваа во недоглед. (...) На крајот таа најде решение како нејзиниот сопруг да изгледа поблаго пред фотографите: бараше да му раскажуваат вицови додека позира.“

Vojinović, стр. 16.

Анте Павелиќ е роден во Брадина (Босна и Херцеговина) во 1889 година. По професија бил правник и од млади години член на Странката на правото. По заведувањето на диктатурата во Југославија во 1929 година, Павелиќ емигрирал и заедно со своето усташко движење силно се залагал за соборување на диктаторскиот режим и за растурање на државата Југославија. Ги освоил симпатиите на фашистичките водачи, најмногу на Мусолини, кој верувал дека помагајќи му на Павелиќ може да ги приспои крајбрежните делови на Хрватска кон Италија. По пропаста на Југославија, Мусолини и Хитлер му овозможиле на Павелиќ да создаде марионетска држава, НДХ (Независна Држава Хрватска; во натамошниот текст: НДХ). На самиот крај на Втората светска војна, Павелиќ побегнал во странство (Аргентина, Шпанија). Умрел во 1959 година.

Внимателно разгледајте ја фотографијата. Дали фотографот ја кажува вистината? Дали може од фотографии да се дознае нешто за карактерот на некој човек? Што ни кажува за Павелиќ како личност фактот дека не умеел да се насмевне? (Не можел да престане да мисли за себе како за смртно сериозен водач?) Фотографот го дал ова сведоштво многу по падот на Павелиќ; дали неговото сведоштво ќе било поинакво да го дал во времето кога Павелиќ бил на власт? Што сака да ни каже фотографот за Павелиќ кога зборува за неговите односи со сопругата? Дали озборувањата може да бидат историски извор?

▶ **сл. 2 Анте Павелиќ**



www.pavelicpapers.com

Размислете за прашањата што се однесуваат на сведочењето на фотографот на Павелиќ (текст 1-2.).

**I-3.Описи на Мехмет Шеху и Енвер Хоџа**

„По неколку дена, Меклин се врати и во посета, прва од многуте, ни дојде Штабот – Гене-

ралштабот на ЛНЧ[2], чии двајца водечки членови беа Мехмет Шеху[3] и Енвер Хоџа.[4] Мехмет Шеху беше кус, жилав, темнокос човек со болно жолтеникав тен, на околу 30 години, кој ретко се смееше, освен на туѓа несреќа. Добро зборуваше англиски, беше многу способен и поседуваше неспоредливо поголемо војничко знаење од повеќето други Албанци.

Енвер Хоџа беше сосема поинаков лик – голем маж со премногу месо на себе и со млитав стисок на раката. Тој не беше војник иако имаше војнички претензии, но беше подружељубив од Шеху и со нас зборуваше на течен француски јазик. Можеби не му се допаѓавме, но тој барем ги прикриваше своите чувства, додека со Шеху можевте да го почувствувате непријателството. Хоџа беше на возраст од околу триесет и пет години. Образованието го стекнал во гимназијата на Ѓирокастро, Корчанскиот лицеј и на Универзитетот во Монпеље во Франција, којшто морал да го напушти поради неположени испити. Оттаму заминал во Брисел и во Париз за да студира право, но никогаш не дипломирал, а по враќањето во Албанија станал наставник по француски јазик во Државната гимназија во Тирана; подоцна бил префрлен на лицејот во Корча, сè уште, како наставник по француски. Ние отсекогаш го знаевме како 'професорот' Енвер Хоџа – титула што веројатно ја извел од своите наставнички должности. Наставничката работа ја напуштил во 1940 год., кога почнал да раководи со една продавница за тутун во Тирана, којашто станала комунистичка ќелија и место за средби на антидржавните елементи; по основањето на Комунистичката партија на Албанија во 1941, станал генерален секретар на Централниот комитет на Партијата, и при нашата прва средба, веројатно, сè уште, беше на таа функција.“

Smiley,[5] стр. 56.

? Какви разлики уочувате меѓу двајцата претходно опишани водачи? Дали мислите дека разликите во нивните карактери биле значајни за нивниот успех? На кој начин авторот му ги навестува на читателот своите чувства кон Шеху и кон Хоџа?

[2] LNÇ – Levizja Nacional Clirimtare (Движење на национално ослободување) била организација во текот на Втората светска војна во Албанија, предводена од комунистите. Таа го организирала најголемиот вооружен отпор во земјата. Откако во текот и по војната ги елиминирала сите други политички групации, ги присвоила сите заслуги за ослободувањето на Албанија и, благодарение на тоа, по војната станува водечката сила во земјата.

[3] Мехмет Шеху (Mehmet Shehu) е роден на 10 јануари 1914 година во Чоруш (Çorush), јужна Албанија. Од 1937 година до 1939 се борел во Шпанската граѓанска војна, во интернационалната бригада Гарибалди. Од 1944 до 1945 година бил член на Антифашистичкиот совет на национално ослободување (привремена влада). По ослободувањето Шеху бил сметан за десна рака на Енвер Хоџа и почитуван како „втора личност“ на Албанија. Се тврди дека во 1981 година Шеху му се спротивставил на изолационизмот на Енвер Хоџа, по што бил обвинет дека е југословенски шпион. На 17 декември 1981 година бил пронајден мртов во својата спална соба, со куршум во главата. По неговата смрт се тврдеше дека Шеху бил агент не само на југословенските тајни служби, туку и на ЦИА и на КГБ.

[4] Енвер Хоџа (Enver Hoxha) е роден на 16 октомври 1908 во Ѓирокастро. Од 1930 до 1936 година студирал во Монпеље и работел во Париз, а потоа и во Брисел. Во 1936 се вратил во Албанија и по неколку месеци почнал да предава во едно средно училиште во Тирана, а во април 1937 предавал и во лицејот *(lycee)* на Корча. Во 1939 бил отпуштен со образложение дека е „противник на режимот“. На 8 ноември 1941 била основана Комунистичката партија на Албанија и Енвер Хоџа бил избран за прв секретар на Централниот комитет и политички комесар на Армијата за национално ослободување (LNÇ). Во ноември 1944 година бил избран за премиер, а на 11 јануари 1946 и за претседател на Министерскиот совет. Енвер Хоџа владеел со Албанија како диктатор од 1944 до 11 април 1985 кога и умрел.

[5] Дејвид Смајли (David Smiley) бил капетан на британската војска кој како доброволец ѝ се придружил на Егзекутивата за специјални операции (Special Operations Executive) во балканските држави, а особено во Албанија. Тој дава сликовит опис на Втората светска војна и на своите официјални контакти со комунистите, а потоа и соројалистите, во организирањето на албанскиот антифашистички отпор.

### I-4. Англиски шпион за водачот на политичката опозиција во Романија – Јулиу Маниу (Iuliu Maniu)

„Маниу (...) беше еден од најмалку блескавите херои што некоја земја некогаш ги дала – чесен, мудар, премногу често во право и без ронка од помодната воена помпезност. Со кревка става, благи, интелигентни очи, облечен доста формално, повеќе наликуваше на провинциски нотар отколку на популарната претстава за водач на движење на отпорот во време на војна. Во 1938 мора да беше на 68 години, но изгледаше помлад (...)
Уште од самиот почеток постави високи стандарди на однесување и за себеси и за својата партија. Беа преземани мерки да се спречат секакви антисемитски демонстрации. Поттикнуваше странски вложувања и, иако нема сомнение дека некои од неговите колеги си ги наполнија џебовите, не можеше ни да се замисли Маниу да прими мито од каков било вид. Тој и неговите блиски соработници – луѓето какви што се Јон Михалаче (Ion Mihalache) и економистот Мадгару (Madgaru) – спаѓаа меѓу најистакнатите Романци на векот.“

Porter, стр. 18, 20.

### I-5. Порака од Метаксас до уредниците и издавачите на сите грчки весници (30 октомври 1940)

„Турција не е, како што беше во 1916 година, сојузник на Германците, туку е сојузник на Англичаните. Бугарија, се разбира, и сега како и тогаш ја чека својата шанса, но во секој случај, во овој момент, и барем засега, не се осмелува на никаков потег. Меѓутоа, времето не работи за силите на Оската. Времето работи за противниците на земјите на Оската. Конечно, победата на Германија секако ќе биде можна само ако таа загосподари со светот. Но, во Данкерк завладејувањето со светот стана нешто дефинитивно неможно за Германија [...]
Веќе сега, по неправедниот напад на Италија, политиката што јас ја следам е политиката на вечно сеќавање на Венизелос. Зашто, тоа е политика на поистоветување на политиката на Грција со судбината на онаа сила за којашто, како и за Грција, океанот никогаш не бил препрека што раздвојува, туку морски пат што спојува [...]
За Грција, Англија е природниот сојузник кој многупати се покажал како бранител, напати и како единствениот бранител. Победата ќе биде и не може да не биде нејзина. Тоа ќе биде победа на англосаксонскиот свет, во чии раце Германија, бидејќи до денес не беше кадарна да постигне конечен резултат, е осудена да биде здробена. Затоа, од овој момент не смее да се смета дека на хоризонтот на силите на Оската нема ниту едно облаче, дури ни во правецот на Исток, а Истокот е секогаш мистериозно место. Така било секогаш, но Истокот денес повеќе од кога било порано е полн со неочекувани случувања и мистерии. Така, на крајот, ние ќе триумфираме. [...]
Има моменти кога народот, ако сака да остане голем народ, си должи себеси да биде кадарен да се бори дури и ако нема никаква надеж за победа. Само затоа што тоа е она што треба да го направи.“

Metaxas, стр. 525-526.

На 28 октомври 1940 година, Италија ѝ поставила ултиматум на Грција. Јоанис Метаксас (Ioannis Metaxas), претседателот на владата на Грција и диктатор од 4 август 1936 год., веднаш рече „ΟΧΙ“ (ОХИ - „НЕ“) и денот „ОХИ“ остана втор национален празник на Грција, иако неговата диктатура до ден-денес е непопуларна. На 30 октомври, додека италијанските трупи и натаму напредувале, а италијанските авиони бомбардирале, Метаксас им се обратил на уредниците и на издавачите на сите грчки весници коишто биле под цензура. Метаксас умрел на 29 јануари 1941 год., додека грчките трупи биле длабоко во Албанија, и не доживеал да ја види германската инвазија од 6 април.

Коментирајте го последниот пасус. Каков ефект сакал да постигне Метаксас?

**сл. 3 Лотариски лоз за собирање пари за семејствата на војниците што се бореле на албанскиот фронт против Италијанците во 1940-41 год.**




IEE, *To epos tou ’40.Laiki Eikonografia, 166.*

Превод: „Грци,

Нашите војници херои коишто чекорат по стапките на Леонидас, ви ја доверија вам одбраната на внатрешниот фронт.

Едно од оружјата на таа одбрана е ГОЛЕМАТА ВОЕНА ЛОТАРИЈА

Половина од приходите од оваа нова Лотарија ќе оди на обезбедување на средства за зима, облека, јавни кујни, медицинска нега итн., за децата и старите родители на нашите борци. Втората половина нуди големи награди за купувачите, коишто може секој месец да освојат по 10 000 000 драхми.

Прва награда 2 500 000 драхми

Имаме и подарок-лозови од 200, 100 и 50 драхми.“

**I-6. Наредба на Хитлер бр. 26 (3 април 1941)**

Соработка со сојузниците на Балканот

1. Задачите на државите на Југоисточна Европа во военот поход против Југославија се одредени според следниве политички цели:

Унгарија, којашто ќе го добие Банат, ќе треба и да го окупира овој регион, но се има обврзано да обезбедува дополнителна помош за уништување на непријателот.

На Бугарија ќе ѝ биде вратена Македонија, па затоа најверојатно, и без посебен притисок од германска страна, ќе се насочи кон напад на овој регион. Покрај тоа, Бугарите ќе бидат задолжени да обезбедат поддршка, помогнати од германската тенковска дивизија, против Турција. За оваа операција Бугарија ќе ги повлече и трите дивизии поставени на грчката граница.

Романија ќе ја ограничи својата задача, во сопствен како и во германски интерес, на чување на југословенската и на руската граница. Шефот на германската воена мисија мора да организира зголемување на подготвеноста за обезбедување на одбрана против Русија и пренесување на романските сили распоредени околу Темишвар поисточно, за да не се наруши врската меѓу унгарската Втора армија и германските сили.

На крајот, заедничкото придвижување на унгарските и на германските единици мора да може да осигури премин преку границата меѓу Романија и Унгарија без проблеми.

2. За воената соработка и за организацијата на Командата за претстојната операција во сила ќе бидат следниве насоки:

Обединетото раководење со военот поход, во поглед на оперативното поставување на целите за италијанските и за унгарските сили, ќе остане во моја надлежност. Тоа мора да се изведува на начин што ги зема предвид чувствата на сојузниците и овозможува шефовите на италијанската и на унгарската држава да се појават пред своите народи и пред своите воени сили како независни воени водачи. […]

*Hitlers Weisungen für die Kriegsführung,* стр. 108-109.

### I-7. Јон Антонеску[6] за „Еврејското прашање“

*17 септември 1940*

Пропагандата, печатот и радиото мора да дејствуваат во совршена хармонија, и на внатрешно и на надворешно ниво. Акцијата мора да биде здружена и мора да се избегнуваат проблеми.

На надворешно ниво

Треба да се разгласи дека нашата единствена точка на поддршка од перспектива на надворешната политика е: Оската. Генералот Антонеску нема да ја води политиката што ја водеа неговите претходници; генералот Антонеску одбра еден единствен пат по кој ќе чекори. Романската политика е сто проценти со Оската. Ние ќе одржуваме лојална, целосна коректност во однос на силите на Оската...

Еврејското прашање е витален проблем. Ќе се обидам – со цивилизирани средства – постепено да ги отстранам Евреите од романските економски структури. Сите Евреи коишто дошле тајно и во кој било облик и под кој било изговор се сместиле тука по Унијата, ќе бидат повикани да ги ликвидираат своите фирми и да заминат.

Игнорирањето на еврејското прашање или неговото прикривање со божемни решенија би значело предавство на суштината на нашето романство. Иако жестокоста на постапката или на зборот не може да го реши овој проблем, туку го деградира оној којшто ја презема постапката или го изговара зборот, генералот Антонеску ја презеде одговорноста за методично и постапно решавање на ова прашање, за тоа да не ја наруши рамнотежата на економскиот живот. Отстранувањето на туѓиот елемент е условено со негово заменување со домашни сили.

*Evreii din România între anii 1940-1944*, том II. док. 11.

Ова се директивите за печатот, радиото и телеграфската агенција. Дадените спецификаци се однесуваат на „Еврејското прашање“. На овој начин продолжила политичката цензура на печатот, воведена од претходниот режим.

Кој, од гледна точка на Антонеску, бил главниот сојузник на Романија во 1940 година? Кои биле средствата за решавање на „Еврејското прашање“ во Романија, според мислењето на Антонеску? Споредете ја ситуацијата во Романија со ситуацијата во другите земји во текот на истиот период. Дали мислите дека „Еврејското прашање“ навистина било „витален проблем“ за Романија во 1940 година (време во кое загубила 1/3 од својата територија и била на пат да биде вовлечена во Војната)?

### I-8. Проглас на кралот Михаил[7] до неговата земја (23 август 1944)

Романци,

Во најтешкиот момент на нашата историја заклучив, заедно со мојот народ, дека има само еден начин земјата да се спаси од целосна катастрофа: а тоа е да излеземе од сојузот со силите на Оската и веднаш да ја прекинеме војната против Обединетите нации.

Романци,

Новата влада на национално единство доби задача да ја изврши решителната волја на земјата, да склопи мир со Обединетите нации. Романија го прифати примирјето што ѝ го понудија Советскиот Сојуз, Велика Британија и Соединетите Американски Држави. Од овој момент натаму, мора да престанат сите борби или непријателства против Советската армија, како и воените дејствија против Велика Британија и Соединети-

---

[6] Јон Антонеску (Ion Antonescu, 1882-1946), воено лице и политичар. Бил на важни функции во романската армија. Бил премиер (од 4 септември 1940 до 23 август 1944) и шеф на државата (1940-1944), кој стапил во сојуз со Хитлеровата Германија. Осуден е и погубен како воен злосторник (1946).

[7] Михаил I (Mihai I, 1921 - ), крал на Романија (1927-1930; 1940-1947). На 23 август 1944, со поддршка на политичката опозиција, го апси Јон Антонеску и ја прогласува за завршена војната против Обединетите нации. Во 1947, кралот со закани бил присилен да абдицира и Романија била прогласена за народна република.

те Американски Држави. Ве молам прифатете ги војниците на овие војски со доверба. Тие народи ѝ гарантираат на нашата земја независност и немешање во нашите внатрешни работи. Тие ја согледаа неправедноста на Виенскиот диктат, со кој ни беше одземена Трансилванија ...
Романци,
Диктатурата заврши, а со неа завршува и секакво угнетување. Оваа нова влада го означува почетокот на една нова ера, во која се гарантирани и ќе бидат почитувани правата и слободите на сите граѓани.“

*Istoria României între 1918-1944* (culegere), стр. 261.

Кои се главните точки во програмата на новата романска влада? Како се гледа на претходната влада? Во почетокот кралот Михаил го поддржувал профашистичкиот водач Антонеску; зошто го сменил мислењето? Дали бил искрен или само опортунист? Споредете го овој пример со други примери на водач што ја променил својата политичка ориентација.

### I-9. Комунистичката идеологија на Движењето за национално ослободување (ЛНЧ), во толкување на Сејфула Малешова[8]

„Албанскиот народ, борејќи се против окупаторите и реакционерните кланови, од неодамна станува политички образован, гради свест за своите интереси и разбирање дека нема друг вистински пат, освен патот што води во народна демократија. Природата на идниот режим во Албанија и народното демократско движење се во директна врска со активноста и придонесот на нашиот народ во денешнава војна. Денес, во битките на Народноослободителната војна, се решава судбината на утрешна Албанија. Фактот што мнозинството Албанци се собрани околу Националниот антифашистички ослободителен фронт; фактот што успеавме да организираме слободни избори во најразвиените региони и што одржавме Конгрес на којшто присуствуваа претставници од сите краишта на Албанија; фактот што денес имаме Антифашистички совет којшто ја претставува политичката сила на народот на албанската држава; фактот што денес имаме армија што ја сочинуваат бригади и дивизии, народна армија која што е способна да им даде отпор на германските дивизии и на реакционерните банди и да ги уништи – овие факти се првата гаранција за победата на демократскиот народен режим во Албанија (...) Нашиот народ, всушност заедно со целиот напреден свет, нема да дозволи другите, коишто досега го угнетуваа и го искористуваа, да ја соберат жетвата на неговата крв. Она што досега се случуваше нема да се повтори; народот го убиваат а оние другите коишто работат против неговите интереси, ги заземаат водечките позиции.“

*Bashkimi* (Единство), јуни 1944.

Сејфула Малешова бил еден од најистакнатите комунистички водачи на албанскиот антифашистички отпор. Комунистичката идеологија на Движењето за народно ослободување (ЛНЧ), изложена во овој извор, го промовира нивниот манифест за водењето на земјата по Војната, вклопувајќи го својот став во објаснување коешто сите други политички групи ги претставува како колаборационистички и предавнички. Кога ќе се прочита овој напис може да се стекне реална претстава за комунистичката пропаганда во текот на војната.

Анализирајте го јазикот што се користи во овој извадок. Кои елементи на написот може да се сметаат за пропаганда?

[8] Сејфула Малешова (Sejfulla Malëshova) е роден 1900 година во Малешове (Malëshovë) близу Пермет (Përmet). На 24 години почнал да пишува поезија, а ги напишал и првите статии. Подоцна заминал за Москва како член на Коминтерната. Многу активно учествувал во Втората светска војна. По Војната бил назначен за претседател на Сојузот на писатели, а подоцна и за министер за образование во Албанија. Превел дела на Гете, Некрасов и други. Поради своите либерални сфаќања бил уапсен од страна на комунистичкиот режим и осуден на 20 години затвор. Сејфула Малешова умрел во Фиер (Fier) каде што бил протеран.

**I-10. Леток на Обласниот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија, упатен до македонскиот народ**

1941, ноември

... Бугарското правителство направи касапница во Куманово, каде има 7-8 мртви, меѓу нив и жени, (...) Се сардисуваат и претресуваат нашите градишта и по цели дни се држи народо затворен дома: во Прилеп (и други места) има стотици арестувано, претепувано, плувано на улица со кундаците мавано ит.н. низ улиците не ретко може да се види како бугарската фашистичка полиција води у затвор поштени Македонци – најдобрите синови на македонскио народ.
Кој го прави сето ова. Дали Бугарите. Не. Бугарскио народ нема ништо заедничко со ова, то го пра издајниците на бугарскио народ, неговите јуди, кој се продава за една рака сребреници на гаднио Хитлеров фашизам. Тије издајници по налог на дзверо Хитлер права се за да не скараја и запизмат нас Македонците со бугарскио народ, рускио, српскио и другите славјански народи. Крвавио Хитлер сака да ги истреби Славјаните и да ги направи феудални робови – чивчи што ќе орат и копат за германските грофови и барони. Избезумно, Хитлер вика оти било потребни да се истребат 4-5 милиони Славјани за да се направело место за германското рало. Затова тој верoломно удира на Совјетската Русија, земјата на социјализмо, напредоко и културата, заштитницата на сите бесправни, а нарочно на малите и славјанските народи. Денеска, геројската борба што ја водат советските народи е борба за сите Славјани против заједничкио душман. Нивната победа е и наша победа со која ќе се тури крај на ропството, гладо, тероро, што ни ги носи фашизмо.

*Извори за Ослободителната војна и Револуција во Македонија, 1941-1945,* стр. 28-29.

Какви цели имал овој леток? Каков е ставот на ОК на КПЈ за Македонија кон бугарскиот народ? Објаснете ја улогата на СССР во борбата на македонскиот народ. Споредете го јазикот што се користи во летокот со јазикот на претходниот извор.

**Општи прашања за потпоглавјето Ia.**

Дали изворите реално ги прикажуваат политичките водачи? Какви сличности можете да откриете во описите на водачите? Какви разлики може да се уочат меѓу описите на водачите?
Најдете описи на водачи во вашата земја од истото време. Можете ли да утврдите сличности меѓу нив? Најдете некои поинакви описи на истиот водач. Што мислите, зошто едно исто лице се опишува на различни начини?
Што можете да заклучите за пропагандните слики – што покажуваат тие? Што сакале да им порачаат на луѓето? Обидете се да пронајдете за секој одделен извор: Која идеологија ја поддржувал? Зошто пропагандата била толку важна во текот на војната? Можете ли да ги посочите главните политички и идеолошки судири во секоја одделна земја? Можете ли да уочите заеднички трендови во сиве овие земји?

## Іб. Војски и војници

### I-11. Американски извештај за активностите на албанското движење на отпорот

„Балистите[9] избегнуваат да се борат и против Италијанците и против Германците. Во почетокот, нивната главна политика беше: „Да ги оставиме сојузниците да се борат наместо нас." Сега кога ЛНЧ[10] толку ја зацврсти својата позиција што се чини сосема можно на крајот на војната да доминира во земјата, балистите стануваат нервозни и ги викаат Германците да се борат наместо нив, во обид да го збришат ЛНЧ без самите да влезат во битка. Што и да се случи, се чини дека господата балисти, како што ги нарекува ЛНЧ, се решени да не се впуштат во вистинско војување. Тие веројатно ќе извршат по некое суптилно пукање од заседа и по некое елегантно убиство и некои тоа ќе го наречат граѓанска војна, но нема да станат и да се борат. Барем така посочуваат сите знаци."

Costa, стр. 166.

Овој извадок е дел од еден официјален извештај, со датум 23 декември 1943, што американскиот претставник на Канцеларијата за стратешки услуги (Office of Strategic Services) и на Специјалната егзекутива (Special Executive) го испратил до својот команден штаб, во врска со активностите на албанското движење на отпорот. Извадокот овозможува да се стекне претстава за воената стратегија на секоја од двете групи и дава споредбена перспектива.

### I-12. Претставниците на сојузниците во балканските држави, за герилските стратегии во Албанија

БК (Balli Kombetar), всушност, вели: „Ајде веднаш да се организираме, а подоцна да се бориме."
Или, како што се наведува во еден друг извештај,
„Ние ќе тргнеме во акција кога Британците ќе се истоварат во Драч".
ЛНЧ, всушност, рече: „Ајде веднаш да се организираме и веднаш да се бориме. И да се бориме сѐ додека има и еден единствен војник на Оската на албанската почва."

Costa, стр. 167.

Ова е извадок од извештаите за герилското војување и за воените стратегии на Бали Комбетар (Balli Kombetar)[11] и ЛНЧ (LNÇ) во текот на 1943 година, напишани од претставниците на сојузниците на Балканот.

Дали ја одобрувате тактиката опишана во понапред цитираните извори? Дали „малите народи" навистина треба да останат скриени додека се борат Големите сили? Објаснете го својот став.

### I-13. Хрватскиот воен претеник во Софија за ситуацијата во Македонија

„ […] Односите меѓу Бугарите и Германците се добри. Пред извесно време се случи еден инцидент од политички карактер во една ноќна кафеана во Скопје, при што некои германски офицери и подофицери интервенирале. Во истиот локал музиката ја отсвирила македонската химна, на што еден бугарски подофицер

[9] Ballista: членови на Balli Kombetar.
[10] LNÇ – Levizja Nacional Clirimtare (Движење на национално ослободување), предводена од комунистите.
[11] Balli Kombetar (Националниот фронт) бил политичка и воена организација во Албанија во текот на Втората светска војна. Припадниците на ова движење сакале по ослободувањето да воспостават република. Се бореле против окупаторите, но во одредени моменти во војната соработувале со Германците со цел да ги уништат комунистите. Ова го искористила комунистичката пропаганда за да ги дискредитира меѓу Албанците.

ѝ ракоплескал. Во исто време, на тој подофицер му пристапува еден бугарски офицер и го прашува зошто ракоплеска, на што овој му одговорил: „Тоа што е македонско е и бугарско.“ На овие зборови, бугарскиот офицер му удрил на подофицерот една шлаканица. Тоа го забележале некои германски подофицери кои, исто така, биле тука, и го прашале бугарскиот офицер зошто го удрил подофицерот, но тој, не одговорајќи ништо, веднаш го напуштил локалот, но го стигнале овие германски подофицери и убаво го изнатепале. Овој инцидент предизвикал извесно незадоволство кај сите оние што биле присутни, а се воодушевуваат од Македонија.“[…]

*Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава,* стр. 308-306.

Овој текст е дел од еден поширок Извештај за ситуацијата во окупирана Македонија, што хрватскиот воен пратеник во Софија го поднесол до Министерство за одбрана на НДХ. Оваа малку бизарна приказна покажува некои аспекти на односите на бугарскиот и на германскиот воен персонал во Вардарска Македонија, која во тоа време официјално била бугарска територија.

Опишете ги односите меѓу германскиот и бугарскиот воен персонал во Македонија.

**сл. 4 Заменување на германската војска со бугарската војска по фашистичката окупација на југословенска Македонија (1 април 1941)**



**I-14 и I-15.**
**Проглас на Националниот ослободителен фронт (ЕАМ) (Komitet Sterea Ellada)**

ПРОГЛАС
До народот на Румелија
Браќа,
Маската падна и се покажа вистинското лице на организацијата ЕДЕС. Единиците на оваа организација извршија кукавички напад од зад грб против нашите сили во Епир и ги заробија високите членови на Националниот ослободителен фронт, без никаков повод за тоа. Нивната цел е јасна: во координација со нивните германски ортаци […] да го растурат Националниот ослободителен фронт, пионерската организација на грчкиот народ којашто се бори да ја ослободи Грција.
Браќа,
Ја знаевме организацијата ЕДЕС, знаевме дека соработуваат со предавничките гадови […] Ја знаевме нивната цел: да ја масакрираат Грција, да го разнебитат националното ослободително движење, да го покорат грчкиот народ и да наметнат диктаторски режим. Сето тоа го знаевме. Па сепак, сторивме сè што беше во наша моќ за колку што е можно повеќе да го задржиме единството, затоа што тоа беше во интерес на грчкиот народ – затоа што тоа го бараше борбата за слобода.
Но сега кога организацијата ЕДЕС отворено соработува со Германците […]; сега кога организираат заеднички операции против грчкиот народ со цел да го сотрат и да го поделат во неговата борба за слобода, од името на интересите на грчкиот народ објавуваме дека ќе ги СКРШИМЕ и ќе ги онеспособиме да му штетат на џиновскиот потфат што грчкиот народ го презема за својата слобода и којшто го хранеа и, сè уште, го хранат со својата крв.
Браќа,
Имајте целосна верба во ЕАМ-ЕЛАС!
Стапете во неговите редови!
Само ЕАМ изникна од народот и се бори за народот.
Ги повикуваме сите оние што непатриотската организација ЕДЕС може да ги завела од па-

тот да ги оворат очите и да ни се придружат во светата борба за СЛОБОДА. Да живее ЕАМ! Да живее ЕЛАС!
Смрт на окупаторите, на предавниците и на убијците на сопствениот народ.

КОМИТЕТОТ НА ЕАМ за СТЕРЕА ХЕЛАС

Fleischer, *Stemma kai svastika,* 2, стр. 229.

**Проглас на Националната демократска грчка унија (ЕДЕС) 1943**

НАЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТСКА ГРЧКА УНИЈА (ЕДЕС)

ПРОГЛАС
Комунистичката партија, откако ја жртвуваше оваа земја, откако вешто и лукаво ги пригради нејзините свети традиции, откако непотребно создаде безбројни жртви, откако насекаде организираше убиства и терористички напади, откако ги исцеди добрите граѓани, откако искористи сѐ и секого, сега ги пречекорува сите граници на дрскост и бесрамност, осмелувајќи се да ја обвини ЕДЕС, кажувајќи дека неа ја сочинуваат германофили, агенти на Гестапо и убијци!!!! […]
ЕДЕС стои премногу високо за оваа бедна клевета да може да ја достигне и да ја извалка. ЕДЕС ја вклучува во своите редови сета војничка слава на модерна Грција, сите морални политички личности и сите напредни елементи во оваа земја.
Знамето на ЕДЕС е народната социјалистичка демократија, и тоа знаме таа го држи високо и цврсто и ќе продолжи да го вее сѐ додека не се востанови народна социјалистичка демократија и сѐ додека таа не стане извор на среќа за сите Грци.
ЕДЕС е вистинскиот носител на факелот на вистинскиот патриотски дух. По своето потекло и по својата долга традиција, по личната историја на нејзините припадници, таа е заколнат непријател на сите непријатели на Грција и на крвожедните волци од Софија. […]

Грчки демократи и патриоти!

Држете се настрана од предавниците и клеветниците! Настрана од оние што сакаат да ја отрујат радоста на нашето ослободување! Настрана од оние што го оцрнуваат окрвавениот Северен Епир и продолжуваат да кокетираат со бугарските мечки! Настрана од непријателите на вашиот мир и среќа! Со еден збор, настрана од Комунистичката партија! Придружете му се на ЕДЕС, Ноевата арка на чистота и надмоќност. Придружете му се на ЕДЕС, на силниот бран на напливот на вистинска народна сила!

EDES

Fleischer, *Stemma kai svastika*, 2, стр 230.

Уште во почетокот на 1941 година цела Грција била под тројна германска, италијанска и бугарска окупација. Германците наметнале суров окупаторски режим, пљачкосувајќи ги земјоделските ресурси на земјата, нејзината индустрија и барајќи од Грција да ги плаќа трошоците на окупацијата. Во текот на зимата 1941-42 настапил катастрофален глад кој однесол повеќе десетици илјади жртви. Во септември 1941 Комунистичката партија презела врз себе да го основа Националниот ослободителен фронт (ЕАМ). Ова движење имало две декларирани цели: организација на отпорот и слободен избор на обликот на владеење по ослободувањето на Грција. Во воспоставувањето на ЕАМ учествувале и другите мали земјоделски и социјалистички групации. Наскоро потоа била формирана и воената гранка ЕЛАС. Традиционалниот „политички свет“ останал неспособен да го преземе предводништвото и во периодот на окупацијата. Политичката празнина што се создала во текот на диктатурата на Метаксас сега уште повеќе се продлабочила затоа што еден голем дел од либералните водачи на земјата биле во прогонство. Комунистите, маргинална сила во текот на меѓувоениот период, побрзале да го пополнат овој вакуум. Тие нуделе визија за подобра и поправедна иднина. Покрај тоа, бидејќи ги преживеале прогонувањата од претходниот период, особено под диктатурата на Метаксас, тие имале стекнато искуство и способност за илегално дејствување. Иако партиското водство имало железна контрола

врз предводничките структури и на ЕАМ и на ЕЛАС, големото мнозинство на војниците не биле комунисти. Биле формирани и поголем број некомунистички групи на отпор, меѓу кои најважна била Националната демократска грчка унија (ЕДЕС), што ја формирале некогашните либерални офицери. Во 1943 година, големи подрачја во грчките планини биле под контрола на движењата на отпорот.

Споредете ги претходните два извора. Какви идеологии претставуваат овие два прогласа? Какви аргументи користат? Дали сметате дека одбирањето страна било само прашање на идеологија? Дали им било лесно на мнозинството население (ако се има на ум просечното ниво на образование на народот во тоа време) да одберат страна?

**сл. 5 Фотографија на партизани (мажи и жени) на левото крило на отпорот во Грција**



Атина, Воен музеј; Британска колекција (*Istoria*, том 16, стр. 16).

Силите на ЕЛАС маршираат. Движењето ЕАМ/ЕЛАС било засилено со голем број Грци коишто сакале да им дадат отпор на освојувачите и тие биле најважниот противник на окупаторските сили во Грција во текот на целата окупација на земјата од страна на силите на Оската.

**I-16. Основните точки на програмата на Ослободителниот фронт на словенечкиот народ (Osvobodilna fronta – OF)**

*1 ноември 1941*

1. Мора да се води безмилосна вооружена борба против непријателот.
2. Таквата активност е темелот на ослободувањето и обединувањето на сите Словенци.
3. Сметајќи ја заедницата на југословенските народи за природна и историска, Ослободителниот фронт (ОФ) не го признава распадот на Југославија. Тој ќе ги вложи сите свои усилби во борбата за меѓусебно разбирање и единство на сите југословенски народи. Истовремено, таа се стреми кон обединување на сите словенски народи под водство на великиот руски народ, врз основа на правото на самоопределба на секој народ (...)
5. Сите групи коишто учествуваат во Ослободителната фронта се согласија да бидат лојални едни на други (...)
7. По ослободувањето, Ослободителниот фронт ќе воведе народна демократија. Сите прашања што излегуваат од рамките на националното ослободување ќе бидат решени на демократски начин. (...)

Repe, *Sodobna zgodovina,* стр. 187.

Наскоро откако Германија, Италија и Унгарија ја окупирале Словенија, во април 1941 година, Комунистичката партија на Словенија (КПС) организирала Антиимперијалистички фронт, чија цел била да се ослободи Словенија, со помош на Советскиот Сојуз. Ваквиот вид организација не се проширил и во другите краишта на Југославија. Другите групи-основачи на Антиимперијалистичкиот фронт, покрај КПС, биле Христијанските социјалисти, либералната група под името „Сокол“, и разни други леви и либерално ориентирани групи на хуманистичката интелигенција. По нападот на Германија врз Советскиот Сојуз (22 јуни 1941), организацијата била преименувана во Ослободителен фронт на словенскиот народ (Osvobodilna fronta

slovenskega naroda – OF). Летото 1941, ОФ повикала на вооружен отпор против окупаторите. На партизаните им се приклучиле многу луѓе со различни политички убедувања. Есента 1941 година, ОФ издава изјава за свите идеали, наречена „основните цели на ОФ“. Иако ОФ опфаќала групи со различни идеологии, контролата ја презема КПС. Покрај ослободувањето, цел на КПС била и Револуцијата, а тоа било нешто што одбило мнозина и предизвикало граѓанска војна во некои делови на територијата на Словенија. Но, општо земено, мнозинството Словенци го поддржувале ОФ, којшто му се приклучил на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија (АВНОЈ) и заедно со нив ги втемелил основните принципи на новата федеративна Југославија. Во октомври 1944, на конгресот на ОФ на кој присуствувале делегати од сите краишта на Словенија, бил избран Национален ослободителен комитет. Една година подоцна, тој бил преименуван во парламент, и бил дел од привремената влада. На првите повоени избори во 1945 година ОФ, како дел од Народниот фронт на Југославија, ја презел власта.

? Погледнете ја внимателно 7-та точка. Дали била реализирана?

**I-17, I-18 и I-19.**
**Од дневникот на еден партизански командант**

*1 ноември (1941)*
„Пред неколку ноќи дојде до борба со околу 500 четници од одредот на Дража Михајловиќ. Беа разбиени и околу 140 беа заробени. Нашите ги ликвидираа четниците во Пожега. Во таа борба нашите партизани претрпеа страшни жртви. Загина командантот на баталјонот другарот Капелан, двајца командири на чети и многу партизани (...)
Се случи наместо борба против фашистичките разбојници да водиме борба со браќата; наместо да пролеваме непријателска крв, ние меѓусебно си пролеваме крв. Наместо луѓето на Дража Михајловиќ да ги пресретнуваат и да ги ограбуваат непријателските камиони, тие ги пресретнуваат нашите камиони и го грабаат сето она што српскиот народ го откинувал од устата и го давал за народната борба; наместо да ги пресретнуваат Германците и да убиваат Германци, тие ги пресретнуваат нашите и ги убиваат од заседа.“

Дудић, стр. 230, 231.

**Од записникот од состанокот меѓу Д. Михајловиќ и претставниците на германската команда во Србија во селото Дивци**

*11 ноември 1941.*
Дража Михајловиќ : „Како војник не се срамам што сум националист. Во тоа својство сакам единствено да му служам на народот. Притоа не сум се ставил на страната на оние што сакат да ги протераат Германците. Но, нема да дозволам, земајќи ги предвид слабите германски сили што се во земјава, Србија да стане комунистичка. Се водеше борба со одделни офицери и подофицери, но тоа сепак беше еден помал број. Наша должност како војници е да не се предадеме сè додека можеме да издржиме. Затоа не може да ни се префрли за тоа што не се предаваме.
... Борбата против окупаторот беше нужно зло за народните маси да не преминат на страната на комунистите. Мене, како на војник, ситуацијата ми е повеќе од јасна. Никогаш не ќе се впуштев во напади да не беа комунистичките напади и Германците да не ги предаваа градовите и селата.“

Бранко Петрановић, Момчило Зечевић, стр. 529.

**Од инструкциите на Дража Михајловиќ за мајорот Ѓорѓе Лашиќ и капетанот Павле Ѓуришиќ**

*20 декември, 1941.*
...Целите на нашите одреди се:
1) Борба за слобода на целокупниот наш народ

под скиптарот на Неговото Величество Кралот Петар II.
2) Да се создаде голема Југославија и во неа голема Србија, етнички чиста во границите на Србија – Црна Гора – Босна и Херцеговина – Срем – Банат и Бачка.
3) Борба за вклучување во нашиот државен живот на сите, сè уште, неослободени словенечки територии под Италијанците и Германците (Трст – Горица – Истра и Корушка), како и Бугарија, северна Албанија со Скадар.
4) Чистење на државната територија од сите народни малцинства и ненационални елементи...
Со комунистите – партизаните не може да има никаква соработка затоа што тие се борат против династијата и за остварување на социјална револуција...
Постапка: со Арнаутите, муслиманите и усташите според нивните заслуги за нивните гнасни недела кон нашето население т.е. истите треба да му се препуштат на „Народниот суд“ – со Хрватите коишто се под окупација на Италијанците да се постапи според нивното однесување во дадениот момент.“

*Зборник докумената и података о НОР народа Југославије, XIV,* книга 1, док. бр. 34.

Овие три извори се обид да се осветли улогата и ставот на четниците и нивниот однос кон партизаните и кон Германците. Четниците биле предводени од Драгољуб Михајловиќ, полковник на поразената Југословенска армија. Во летото 1941 година четниците и партизаните соработувале и заеднички успеале да ослободат некои градови во западна и во централна Србија. Од самиот почеток на востанието партизаните и одредите на Михајловиќ се бореле за контрола врз градовите што ги ослободиле. До почетокот на ноември 1941, судирот меѓу двете движења прераснал во отворена граѓанска војна. И двете војски тврделе дека тие се единствените вистински борци против окупаторските сили, а дека нивните соперници соработуваат со окупаторите. Сè до Техеранската конференција, сојузниците ги сметале четниците за свои сојузници и дури по оваа конференција партизаните почнале да добиваат некаква помош од сојузниците.

Како му ги објаснил Михајловиќ на германскиот командир нападите што ги вршеле четниците против Германците во првите месеци на окупацијата? Според ваше мислење, дали тој навистина сметал дека партизаните претставуваат поголема опасност отколку Германците?
Обрнете внимание на ставовите и предрасудите во однос на другите народи, во извород I-19. Кои делови од инструкциите се, всушност, повик на воени злосторства?

**сл. 6 Српски плакат**




Николиħ, стр.37.

Превод: И Србија е во антикомунистичкиот фронт

### I-20. Соработката меѓу усташите и четниците

*Сведоштво на Саво Преѓа*

„Усташките власти, под притисок на Германците, почнаа да ја ревидираат својата политика кон српското население во Босна и Херцеговина. На германскиот окупатор му беше важно да има мир за да може да ги експлоатира природните богатства и да ги користи за фронтот (...) Владата на Павелиќ донесе низа мерки. Во Хрватското државно собрание воведе српски претставници, меѓу кои некои поистакнати Срби (...) основаше Хрватска православна црква и мобилизираше во домобрани некои генерации српски момчиња и тн. (...) Усташкото раководство ја прифати политиката на договарање со четниците. Првите преговори и договори власта на НДХ ги постигна со четничките команди на Озрен и Требава. Со тие договори, четниците ја признаа НДХ и изразија приврзаност кон Поглавникот. Беа прекинати сите непријателства кон воената и граѓанската власт на НДХ, коишто ќе бидат воспоставени на целата територија каде што се наоѓаа четничките одреди. Со цел водење на заедничка борба против партизаните, четниците ќе ги задржат своите воени формации, вооружување и команди, а во акциите против партизаните ќе ги снабдуваат воените единици на НДХ. Ранетите четници ќе се лекуваат во болниците на вооружените сили на НДХ.“

Albahari et al., стр. 398-399.

Иако силите на Независната Држава Хрватска биле во војна со претставниците на српските ултранационалисти (четниците), што довело до многу жртви меѓу недолжните цивили, со текот на времето (во 1942), под германски притисок, хрватските и српските националисти се здружиле за да водат заедничка борба против комунистите.

Што ги навело непријателите (четниците и усташите) да соработуваат? Според вас, дали до таа соработка дошло само поради притисокот од Германците?

### I-21. Почетокот на востанието во Босна

*Сведоштво на Жарко Згоњанин*[12]

„Додека бевме во занес околу создавањето на првата партизанска група и задоволни што работата оди добро, ситуацијата на цела Козара[13] наеднаш се промени и меѓу 28 и 30 јули[14] се појавија некои божем упатени курири и ширеа вести дека востанието почнало и дека сите мора да се кренат на нозе. Востаниците од Дубичкиот срез,[15] веројатно самоиницијативно, ја нападнаа жандармериската станица на Кнежица и ја уништија. Тоа е приближниот географски центар на Козара, па по Козара се пронесе глас дека востанието почнало (...) Се договоривме да му препорачаме на народот да се врати дома додека не го прашаме раководството[16] што треба да се прави. Некои се согласија, некои не. Веднаш се упатив кон Лешљани знаејќи дека таму е Шоша[17] (...) Му кажав на Шоша каква е состојбата и го прашав дали има нови директиви. Шоша ми одговори дека ни тој не знае што се случува. Народот масовно се крева и пука на сите страни.“

Albahari et al, стр.101.

[12] Жарко Згоњанин, босански Србин, роден во близината на Приједор (северозападна Босна) во 1916. Бил еден од организаторите на востанието од 1941 година, на планината Козара и во Босанска Краина. По Втората светска војна бил еден од челниците на државната полиција во Босна и Херцеговина. Умрел во Загреб во 1970.

[13] Планина во северозападна Босна.

[14] 1941.

[15] Дубица, град во северозападна Босна.

[16] Комунистичкото раководство.

[17] Славен партизански херој од Козара.

По Втората светска војна комунистичката власт тврдела дека востанието почнало како движење поттикнато исклучиво од Комунистичката партија на Југославија. Меѓутоа, овој извор покажува дека востанието било поттикнато и од нагонот за опстанок.

Зошто партизанските водачи на регионот на Козара му советувале на народот да се врати дома и да остане таму додека да се посоветуваат со раководството за тоа што треба да се стори? Зошто било важно тие (комунистите) да го организираат востанието? Како и зошто толкувањето на одредени историски настани понекогаш се разликува од самите настани?

### I-22. Формирање на СС – дивизијата „Ханџар“ [18]

*Сведоштво на Џемал Биједиќ*[19]

„Тоа е период кога непријателот води пропагандно-мобилизаторска акција во Сараево, со цел формирање на XII СС, наречена „Ханџар“ дивизија. Затоа во Сараево дојде германскиот и којзнае уште чиј агент, палестинскиот велик муфтија Ел Хусеини, кој воспостави контакт со реакционерната група муслимани. Имавме информации за што се зборувало на тие состаноци, затоа што на нив присуствуваше и човекот што одржуваше врска со нас. Ел Хусеини инсистирал муслиманите да дадат свој придонес за победата на Германија и настојувал да се формира посебна СС-единица, веќе спомнатата дивизија „Ханџар“, а потоа уште една. Најреакционерниот дел на муслиманите, којшто се беше определил за НДХ, односно за Германија, сметаше дека таа единица може да послужи како сила со која муслиманите ќе може да калкулираат во овој или оној момент. Злоупотребувајќи ја исклучително тешката положба на мухаџирите, непријателот успеа во оваа СС-дивизија да вовлече и голем дел од нив. Откако ја формираа дивизијата „Ханџар“ според бројноста и организацијата на германските единици, нацистите ја пратија на претходна обука во Франција и во Германија, за на почетокот на 1944 година да дојде најнапред во Срем, а потоа во источна Босна, каде што изврши многу злосторства. Беше составена од извесен број окрвавени усташи и џган, поддржувани од најреакционерните муслимански фашистички ориентирани кругови. За тоа од какви средини биле врбувани припадниците на оваа дивизија најдобро зборуваат зачуваните податоци на воените и на политичките органи на Третиот рајх во т.н. НДХ. Имено, при врбувањето ‘доброволците’ во муслиманската СС дивизија, на секое семејство од кое имало барем еден ‘доброволец’ му било ‘загарантирано’ снабдување со прехранбени производи и пари колку што добивале и војниците на Третиот рајх. Меѓутоа, тоа никогаш не заживеало во практика, затоа што роднините – сопругите, родителите или децата, за да го остварат тоа, морале да пополнат одредени формулари, а тие тоа не можеле да го направат, затоа што биле ‘неписмени’,“

Albahari et al, стр. 398-399.

[18] Ханџар е долга сабја што се користела во османлискиот период.

[19] Џемал Биједиќ е роден во Мостар во 1917. Бил член на Комунистичката партија на Југославија од 1939 година и член на комунистичкото партизанско движење од 1941. Во текот на Втората светска војна бил една од клучните личности во југословенската политичка хиерархија. Иако бил босански муслиман никогаш не се колебал да пишува за примерите на колаборација на муслиманите со нацистите (на пример, приказната за муслиманската СС-дивизија „Ханџар“). Загинал во авионска несреќа близу Крешево (Босна и Херцеговина) во 1977. Во времето на смртта, сѐ уште, бил еден од водечките југословенски политичари.

Што мислите, кои биле мотивите за пристапување кон СС? Дали верувате дека семејствата на доброволците никогаш не ги добиле ветените храна и пари поради причината што е наведена во текстот?

**I-23. Дарко Ступариќ пишува за формирањето на Првата партизанска единица во близина на Сисак (Хрватска) во јуни 1941 година**

„Во дворот на куќата на семејството Ласиќ во Жабно, таа вечер се беа собрале десетина комунисти и скоевци. Оттаму заминале на стотина метри од селото и под еден даб го одржале состанокот. Се договарале до полноќ. Членовите на партиските организации од околните села потоа се разотишле поради задачите што требало да ги извршат истата ноќ. Цапо и Марјан останале сами под дабот, ги распрострели шаторските платна и си легнале. Тоа беше нивната прва партизанска ноќ. Тоа беа првите југословенски партизани."
Во првите денови на партизанското војување „... сите ги интересираше колку ќе трае војната. Односно, до кога ќе војуваме, дали имаме шанси да кренеме востание итн. (...) Некои прашуваа: „Ако се скријам во амбарот и ако останам таму пет-шест недели, дали дотогаш сево ова ќе заврши? "На таквите им одговаравме оти тешко дека ќе заврши толку бргу, дека за нас е најважно да дадеме отпор со оружје, дека тоа е засега наша одлука, но дека таква одлука ќе донесе целата партија."

Дедијер, стр. 397.

Како изгледала партизанската реалност во првите денови на движењето на отпорот? Што мислите за желбата за криење во амбарот?

**I-24. Сведоштва за тоа како Охрид го доживеал пристигнувањето на Германците, Италијанците, Бугарите и партизаните во текот на Втората светска војна**

**Пристигнувањето на Германците во Охрид 10 април 1941**

„Во четвртокот вечерта околу пет часот, почнаа да бијат сите камбани, зашто тогаш почнаа да пристигнуваат германските единици (...)
Некои ги чекаа во центарот, а Панто Рилкоски ги нудеше со леб, сол и вода. Тие се плашеа да не е сето тоа отруено, па Панто мораше да проба прв, па потоа и тие јадеа. Подоцна еден српски поморски офицер ги одведе до морнарицата и им ја предаде. Тој знаеше германски и веројатно беше Хрват. Откако се прошетаа низ градот, седнаа да ручаат, а јадеа храна од конзерви... Дуќаните беа затворени. Работеа само две кафеани, ама таму не служеа ни пијалак, ни кафе или чај, зашто немаше шеќер..."

**Пристигнувањето на Бугарите, 12 мај 1941 година**

„На 12 мај во пет часот попладнето, најпрвин пристигна бугарската полиција. Ги прими претседателот на општината, Илија Коцарески. По петнаесет дена пристигнаа и преостанатите бугарски трупи. Германскиот генерал Линдеман одржа говор, што беше преведуван, и во кој рече дека градот им го предава на Бугарите затоа што е нивен и тие треба да го управуваат. Потоа говор одржа бугарскиот генерал и рече дека сме биле робови на српскиот народ и ѝ заблагодари на германската ослободителна војска.
Ете така во Охрид се сменија стопаните трипати во еден месец..."

**Пристигнувањето на партизаните, 15 октомври 1944**

„На 15 октомври (1944), во неделата наутро, дојдоа партизаните. Народот знаеше дека идат. Дојдоа качени на коњи. Народот им приреди величествен дочек. Имаше многу луѓе, млади и стари (...) Следниот ден дојдоа уште партизани. Меѓу нив имаше и жени вооружени со бомби, машинки, реденици и облечени во панталони, што беше прилично ново..."

Митрески, стр. 230-232, 280.

По што си наликуваат, а по што се разликуваат овие описи? Дали може да се насетат ставовите на авторите спрема различните војски што влегле во Охрид?

**сл. 7 Бошњаците во усташките сили**




Krišto, стр. 257.

Усташите им посветувале посебно внимание на босанските муслимани. Павелиќ често објаснувал дека бројките од околу 7,5 милиони Срби и само 2,5 милиони Хрвати се погрешни: велел дека има 5,5 милиони „католички и муслимански Хрвати“. За да ги привлечат муслиманите на своја страна, усташите ги нарекувале „цвеќе на хрватскиот народ“. Босанските муслимани формирале посебни единици во усташките сили. Од другите единици се разликувале по својот „фес“, традиционалната муслиманска капа.

**I-25. Исказ на едно дете за соперништвото меѓу политичките групи во Албанија**

„Следниот трик со којшто се обидоа беше партизаните да се облечат во униформи на германски војници, да нè посетуваат и пред нас да зборуваат лошо за комунистите, за да видат дали ќе се согласиме со нив. Симпатизерите на Германците го испробаа истиот трик со сите во Арза. И трите фракции го користеа истиот трик со секој во Арза. Луѓето што одеа по куќите секогаш беа од некој друг крај во земјата, па во Арза никој не ги познаваше. На тој начин дознаваа што мисли народот за секоја одделна фракција.“

Hysolli, стр. 58.

Што правеле фракциите за да дознаат кој навистина ги поддржува, а кој не? Што ви кажува овој извадок за секојдневниот живот на цивилите? Според ваше мислење, кој можел да биде најдобриот одговор на прашањата за различните војски и фракции?

**I-26. Циркуларно писмо на Централниот совет на ЛНЧ до сите регионални комитети во Албанија (од 9 септември 1943)**

„Во случај на истоварување на сојузниците, вистинската сила мора да бидат советите на Националното ослободување. Тие мора да го мобилизираат целиот народ околу себе и да не дозволат Бали Комбетар да врши какво било влијание врз народот (...) Отсега силите на Националното ослободување мора насекаде да се докажат, и кога ќе се случи

истоварувањето мора да им се претставaт на сојузниците, преку советите на Национал-ното ослободување, како единствената сила на албанскиот народ (...) Управната власт во Албанија мора да е целосно во рацете на ос-лободителните совети.“

Smiley, стр. 89.

Што им советува ова писмо на луѓето за тоа како да се однесуваат во случај на истоварување на сојузниците во Алба-нија? Како требало да се обидат да го спре-чат настапот на другите политички сили? Каков бил ставот на ЛНЧ кон соперничките политички групи во Албанија? Дали крајна-та или дури главната цел на движењата на отпорот била да ја преземат власта?

**Општи прашања за потпоглавјето Iб**

Направете една табела со три колони. Во првата колона напишете ги окупаторските војски, во втората комунистичките војски и во последната антикомунистичките војски од секој од наведените извори. Опишете ги односите меѓу комунистичките и антикомунистичките војски што дејствувале во една иста земја. Направете список на војските што постоеле во вашата земја. Соберете повеќе податоци за нивните предводници и цели. Како биле организирани партизанските војски? Со какви проблеми се судирале? Војските на отпорот не се бореле само за слобода, туку и за некои други цели. Кои биле тие цели?

## Iв. Односите со двете коалиции и со соседните земји

**I-27 и I-28.**

**Новински Извештај за воениот пуч и соборувањето на владата на Кралството Југославија. Пучот бил изведен на 27 март 1941, по влегувањето на Југославија во Тројниот пакт.**

„Пристигнувајќи од перифериските улици, по-ворките се слеваа една во друга прераснувајќи во силна река. Во поворката беа измешани ра-ботници, службеници, младина, граѓани, села-ни и жени. На чело на поворката беа носени државните знамиња... Народот цело време го демонстрираше своето расположение. Се ви-каше: ‘Да живее народната влада!’, ‘Да живее народната војска!’, ‘Војската со народот!’, ‘Ба-раме демократски народни права!’, ‘Амнестија за политичките осуденици!’ (...) На Славија одржаа говори претставниците на младината и работниците и г. д-р Драгољуб Јовановиќ.[20] Сите ја изразија радоста што претходната вла-да е сменета и желбата на Белград да не се застане на половина пат, да се зачуваат мирот и независноста на народот.

(...) Пред споменикот на Вук Караџиќ беа одр-жани неколку говори. Покрај другите говор-ници, збореше и д-р Сима Милошевиќ. На-родите на Југославија, според зборовите на Милошевиќ, сакаат да ги зачуваат народната независност, слободата и да извојуваат демо-кратски права.“

*Политика*, 28 март 1941.

[20] д-р Драгољуб Јовановиќ (1895-1977), универзитетски професор, бил водач на левото крило на Селанската странка. По Втората светска војна, Титовиот режим го осудил на долгогодишна робија поради неговите опозиционерски активности.

**Извештај на врховниот рабин на Југославија, д-р Исак Алкалај, до Југословенската влада во прогонство за настаните во Југославија од крајот на март до крајот на јуни 1941 година**

„Тој ден (26 март) се случија нереди во сите средни училишта, истовремено... Во сите одделенија се ореше ‘подобро војна отколку пакт, подобро гроб отколку роб’... сите училишта беа распуштени, а вечерта имаше демонстрации на Калемегдан и на Славија. Грчкиот конзулат беше преполн со млади луѓе на возраст меѓу 17 и 20 години коишто сакаа да се префрлат во Грција и таму да се борат како доброволци. (...)

Штом се слушна за пресвртот, сите улици беа украсени со знамиња, а многу од нив и со цвеќе. Веќе во шест часот наутро (на 27 март), улиците беа преполни со народ, селани во свечена облека коишто непрекинато пристигнуваа од околните села, работници, интелектуалци, ученици и граѓани, старо и младо, сите беа излезени да ја искажат својата радост, сите се прегрнуваа, плачеа, пееја и извикуваа. Тој ден сите се поздравуваа со ‘Да живее Кралот, да живее Југославија’ (...) Англиската, американската, руската и грчката амбасада беа просто опседнати. Одделни групи одеа од една до друга амбасада, се пробиваа во дворовите и играа ора пречекувани од шефовите трогнати до солзи и персоналот на делегациите (...) Се формираа поворки на чие чело се вееја југословенски и сојузнички знамиња и коишто се движеа кон центарот, извикувајќи за Кралот, татковината и војската, викајќи против Хитлер и неговите платеници. (...) Околу пладне имаше големи демонстрации пред Германското сообраќајно биро. Еден човек застана на прозорец, држејќи в раце голема слика на Хитлер и потоа запали еден крај од сликата. Сликата полека гореше, а френетичното ракоплескање од насобраните долу одекнуваше и стасуваше дури до спротивните краеви на градот. Потоа двајца го извлекоа германското знаме со кукастиот крст и го растргнаа со забите.

*Токови историје*, 1-2/1997, стр. 181-182.

Каква била реакцијата на населението на потпишувањето на Тројниот пакт од страна на југословенската влада и на воениот пуч што уследил по потпишувањето? Кој детаљ покажува дека демонстрантите биле свесни оти тие случувања може да предизвикаат напад на Германија врз Југославија?

**сл. 8: 27 март 1941**
**Масовни демонстрации против силите на Оската во Белград**



Бранко Петрановић, Никола Жутић, *27 март 1941.*

Хитлеровиот гневен одговор на воениот пуч организиран од групата југословенски офицери како реакција на пристапувањето на југословенската влада кон Тројниот пакт на 25 март, бил нападот врз југословенската престолнина на 6 април 1941 и уништувањето на првата југословенска држава.

**I-29. Од мемоарите на Константин Кацаров,[21] прочуен бугарски адвокат, за првата година на Втората светска војна**

„Во таа фаза на „drôle de guerre“ во Бугарија војната, барем на површината, одвај се чувствуваше, во политичка како и во воена смисла. Внатрешната ситуација почиваше врз авторитетот на Царот, а тој пак почиваше врз војска исчистена од офицери што се занимаваат со политика и врз министри коишто не се членови на ниедна партија. Надворешната политика на земјата беше политика на чекање, политика на курсот „да минеме незабележано“ (...) Бугарија беше неутрална.

Овој збор имаше особено привлечна сила за Бугарите. Војувавме во три војни и претрпевме две национални катастрофи, коишто ги имаа закопано националните идеали што ја вдахновуваа нашата генерација. Бугарите не веруваа дека со војна или со учество во голема меѓународна алијанса, ќе ги подобрат своите животни услови.
Типичен пример за загубената верба на Бугарите во нивната среќа во меѓународната политика во тоа време е следниов виц, што беше многу популарен:

„Пижо го сретнал селскиот учител и го прашал:
Учителе, овојпат ќе останеме неутрални, нели?“
„Не, не“, одговара учителот, којшто е специјалист за меѓународната политика, „овој пат Бугарија нема да ѝ биде сојузник на Германија. Сега одиме со Англија.“
‘Е баш добро! Ајде еднаш и Англија нека биде победена!’

Кацаров, стр. 547 – 548.

Зошто мнозинството Бугари сакале да избегнат нова војна? Дали очекувале некаква корист за себе од последовниот светски судир?

**I-30. Познатиот бугарски новинар Данаил Крапчев за обвинението дека Бугарија не ѝ дава отпор на германската војска**

*Зошто не ја запреа германската војска?*

Некои земји ја критикуваат Бугарија затоа што ѝ дозволила на Германија, нејзиниот сојузник во Светската војна, да минува низ нејзините територии. Мораме да посочиме дека тие земји се Големите сили. Ние, Бугарите, имаме право да ги прашаме: -Зошто тие што ја критикуваат Бугарија затоа што ѝ дозволува  на германската војска да минува низ нејзините територии не ја запреа истата таа војска во нејзиниот марш минатата година или предминатата година ? (...) Зошто не дојдоа на долниот тек на Дунав да ги запрат Германците, туку сакаат седуммилионскиот бугарски народ, кој ѝ беше сојузник на Германија во текот на Светската војна и ја сподели нејзината судбина, да ги спречи да ја преминат големата река? ...

На крајот на краиштата, не смее да се заборави дека Бугарија е жртва на Версајскиот систем кој за Бугарија почна во Букурешт, а заврши во Неи. Зошто еден седуммилионски народ е обврзан да ги запре осумте милиони Германци во нивниот јуриш да изградат нова Европа? И Бугарија и Германија се жртви на победниците во Војната од пред две децении и ние чекаме да победи правдата (...)

Весник „Зора“, Софија, 6 март 1941.

[21] Константин Кацаров – роден во Софија во 1898, професор на Правниот факултет на Софискиот универзитет (1931-1953) неправедно осуден  во 1953. Бил ослободен од затвор, затоа што подоцна се открило дека пресудата била грешка на правосудството. По поништувањето на пресудата, емигрирал во Швајцарија.

Кои се аргументите на авторот? Дали се уверливи? Каков став зазема Крапчев во однос на Германија и германскиот народ?

**I-31. Истиот бугарски новинар, Данаил Крапчев, ја коментира брзата победа на Германија над Југославија во април 1941**

Урнисана е земјата којашто во 1885 го нападна Кнежевството Бугарија затоа што јужна Бугарија се спои со северна. Урнисана е земјата којашто во 1913 перфидно ја отфрли сојузничката спогодба меѓу Бугарија и Србија и предизвика војна меѓу сојузниците (Втората балканска војна). Урнисана е земјата којашто на мировните преговори во Букурешт сакаше да го добие Царево Село, како и „да си ги скршиме забите во Софија“, како што објави српскиот претставник Спалајковиќ. Урнисана е земјата којашто им ја даде на Грците татковината на светите Кирил и Методиј. Урнисана е земјата којашто го поттикна атентатот врз австрискиот принц престолонаследник и со тоа ја предизвика Светската војна. Урнисана е земјата којашто помогна Бугарија да биде исфрлена од егејскиот регион. Велиме земјата, а не српскиот народ, зашто народот не е виновен; виновна е нивната владејачка интелигенција којашто отсекогаш ја мразела Бугарија...
Оваа земја не само што обесправи над еден милион Бугари, одвојувајќи ги од нас и обидувајќи се да ги земе нивните срца, души и мајчиниот јазик, туку таа и однатре ја поткопуваше Бугарија...
Исус Христос се крена од мртвите! Отсега натаму граѓаните на Бугарија ќе дишат послободно! Радувајте се!

Крапчев, стр. 145 – 146.

Кои се причините на Крапчев за радост по повод овој настан? Дали неговата радост се однесува на цела Југославија или на само еден нејзин дел? Зошто? Што ни кажува овој напис за неговиот автор?

**сл. 9 Романски весник: Кралот Михаил, генералот Антонеску, Мусолини, Хитлер (1941)**




„Universul“, бр. 130. 15 мај 1942.

**сл. 10 Романски весник: Кралот Михаил и генералисимусот Сталин (1945)**


UNIVERSUL

A FOST DESROBITĂ INTREAGA TRANSILVANIE

ARDEALUL DESROBIT

ARMATA ROSIE

TRUPELE ROMÂNE ŞI SOVIETICE

„Universul“, 26 Oktomvri, 1944.

Споредете ја оваа слика со претходната. Што мислите за романската војска и за политичарите што ги менуваат страните? Дали мислите дека новото „другарство“ е искрено? Објаснете го вашиот одговор.

**I-32 и I-33.**
**Извадок од *Меморандумот* (18/10/1941) на тогашниот премиер Емануил Цудерос (Emmanouil Tsouderos) – некогашен банкар познат по своите либерални погледи и противењето на режимот на Метаксас – во официјалната грчка влада во Каиро, упатен до Британците**

„...Враќањето на Кралот и на неговото семејство во нашата земја е прашање на чест, зашто тој следеше правилна и смела политика, но и затоа што е тоа и во наши најдобри интереси и во најдобрите интереси на нашите сојузници. Секакво доведување во прашање на режимот до коешто може да дојде по Војната, би ја фрлило Грција во бесконечни спорови и анархија. Ако нашите пријатели ѝ се радуваат на една повоена Грција способна да ја продолжи својата надворешна политика и да одржи корисно политичко влијание во Средоземјето и на Балканот, тие мора уште сега да го подготват теренот што ќе оневозможи такви аномалии да се случат во Грција.“

Fleischer, том 1, стр. 181.

На кој начин се обидува Цудерос да ги убеди сојузниците дека враќањето на кралот е во нивни најдобри интереси? Што мислите за неговите аргументи?

**Порака од Британското министерство за надворешни работи до британскиот министер во Каиро, 14 август 1944 година**

„Она што најдобро би им послужило на нашите интереси би било да се среди предавањето на Германците да се случи во моментот кога британските сили ќе бидат подготвени да влезат во Грција, под услов да ги предадат и целото германско оружје и залихите, за тие да не паднат во рацете на ЕАМ и да не се јави никаков јаз што би можел да го искористи ЕАМ. Ова, несомнено, подобро ќе се постигне ако може материјалот да се предаде во пристаништата, до кои можеме лесно да стасаме. Се разбира, фелдмаршалот за Блискиот Исток разгледува разни начини и можности и ќе ги земе предвид понапред наведените размислувања.“

Iatridis, стр. 227.

Инвазијата на германската војска врз Грција започна во април 1941, при што грчките и британските сили беа брзо совладани. Три дена пред падот на Атина, на 23 април, генералот Цолакоглу (Tsolakoglou) без овластување од владата, договорил примирје со Германците. Кралот и неговата влада се повлекле на Блискиот Исток. Во Грција била воспоставена колаборационистичка влада. Во март 1944 година, ЕАМ го основал Политичкиот комитет на национално ослободување, кој требало да ја раководи слободна Грција, и кој претставувал директен предизвик за владата во прогонство. Под закрила на Британците, новиот премиер на владата во прогонство, Јоргос Папандреу, почнал да ја формира Владата на национално единство. На крајот му препуштил на ЕАМ пет споредни министерства во новата Влада. Владата на Папандреу се вратила во ослободената Атина во октомври 1944, придружувани од мала британска војска. Папандреу не им дал приоритет на барањата за казнување на колаборационистите. Но главниот проблем бил демобилизацијата на герилските војски и нивната замена со националната армија. Кандидатите на ЕАМ се повлекле од Кабинетот и неколку денови подоцна, на 3 декември 1944, ЕАМ организирал масовни демонстрации. Полицијата пукала врз демонстрантите и убила петнаесетмина. Единиците на ЕЛАС ги нападнале полициските станици, а водени се и жестоки улични борби меѓу единиците на ЕЛАС и британските и владините сили во Атина. На крајот, британските трупи надвладеале во битката.

Од каков јаз се плашело Британското министерство за надворешни работи? Зошто?

**I-34. Бригадниот генерал Мајерс (Myers), командант на британската воена мисија во Грција, го оценува влијанието на отпорот против нацистите во целокупниот тек на Војната**

„Наскоро откако беше окупирана, Грција стекна значителна стратешка важност за непријателот. Земјата не само што беше исцедена до последната капка како снабдувач со локалните земјоделски производи, туку и нејзините пристаништа, а особено Пиреја, се користеа и за снабдување на непријателските воздушни бази на островите во Источниот Медитеран, и за префрлување на продукти преку морето до Северна Африка.

Есента 1942 година, токму кога ја пробивме линијата Ел Аламејн, уривањето на вијадуктот Горгопотамос предизвика прекин на единствената железничка врска до Атина[22] што траеше шест критични недели во текот на кои непријателот не можеше да ја користи Пиреја за засилување на своите трупи во Северна Африка со ништо повеќе од оние мали резерви што веќе беа во јужна Грција. Распространетите саботажи врз комуникациите во јуни и во јули 1943 година привремено одвратија две германски дивизии од главниот фронт во Сицилија. Тоа значително придонесе за целокупниот план за покривање, за успешноста на истоварувањата и за заземањето на островот. Се проценува дека меѓу 1941 и 1944 година *андартите** му нанесле на непријателот загуби од над дваесет и пет илјади убиени и ранети. Познато е дека биле оштетени или уништени над сто и педесет локомотиви. Во воздух беа кренати над сто мостови. Над двесте и педесет бродови од вкупно околу шеесет и осум илјади тони биле потонати или оштетени со саботажи. Дејствувањето на *андартите* во текот на 1943 година задржуваше тринаесет италијански дивизии во Грција. По капитулацијата на Италија, Германците беа принудени таму да задржат шест дивизии. Да ја ослабеше својата окупациска армија пред избивањето на граѓанската војна во планините, непријателот ќе се изложеше на сериозен ризик од сенародно грчко востание против нив.

Myers, стр. 280-281.

Зошто Грција имала стратешко значење за Германија? Зошто било значајно уривањето на вијадуктот Горгопотамос?

**сл. 11 Фотографија во романски весник: другарство меѓу романската војска и Црвената армија: офицери на фронт**




„Universul“, Букурешт, 6 октомври 1944.

Во која година може да е снимена оваа фотографија? Објаснете го својот одговор.

**I-35. Третманот на англиските затвореници, Романија (1944)**

„Антонеску го информираше Час (Chas) дека, иако сум дошол тука како непријател, тој ќе нè заштити од Германците. Не им се потребни изговори пред Германците за тоа што нè земаа под заштита и затоа, професорот Михаил Антонеску (Mihai Antonescu)... ќе ни помогне да

[22] Уривањето во ноември 1942 на железничкиот вијадукт Горгопатамос, по кој минувала железничката пруга Солун-Атина, претставувало еден од најспектакуларните подвизи на движењето на отпорот во окупирана Европа. Мостот заеднички го урнале герилците од ЕЛАС и ЕДЕС и саботерите спуштени со падобрани во Грција од страна на Британската егзекутива за специјални операции.

* Партизани.

ги составиме нашите изјави. Во никој случај не смееме да признаеме дека сме биле испратени да ја саботираме нафтата, зашто таков чин против стратешка суровина би им дал на Германците валиден аргумент да нè преземат... Вака еден од најблиските соработници на Хитлер – квислинг – ќе уапси 3 британски падобранци, потоа ќе им ја понуди својата заштита, ќе го испрати својот Министер за надворешни работи да ги подучи како да се однесуваат кога Германците ќе ги испитуваат. Колкумина од оние дома – навикнати да судат за војната во најопшта и по малку двосмислена смисла – би можеле да замислат дека е можно вакво нешто?“

Porter, стр. 161.

Овој извештај го напишал Ајвор Портер (Ivor Porter), англиски шпион испратен во Романија со задача да стапи во врска со Јулиу Маниу[23], водачот на демократската опозиција. Третманот на којшто биле изложени затворениците го покажува ставот на Владата на Антонеску која, и покрај официјалните изјави за верност кон Германија, се обидувала да ги стекне симпатиите на силите во Обединетите народи.

Што е, според вас, објаснувањето за невообичаениот третман на воените затвореници?

**I-36. Од записникот од разговорот меѓу Ј. Б. Тито и В. Черчил во Неапол, 12 август 1944**

(...) МАРШАЛОТ ТИТО рече дека (...) што се однесува до Србите, тој не е во кавга со нив, туку само со оние од групата на Михајловиќ, коишто ги свртеле своите пушки против партизаните во најкритичниот момент.

(...) ПРЕМИЕРОТ рече дека вистинското решение за Југославија е демократски систем што би се потпирал врз селанството, додека условите на селските имоти постепено би станувале сè подобри.

МАРШАЛОТ ТИТО рече дека, како што неколкупати јавно изјавил, не сака да воведе комунистички режим во Југославија, ако не поради нешто друго тогаш затоа што се очекува дека мнозинството европски земји по Војната ќе живеат во демократски систем и дека Југославија не би смеела да се разликува.

*Tito – Churchill: Strogo tajno*, стр. 277.

**Дали Тито бил искрен со Черчил?**

**I-37. Наредба на италијанскиот крал Виктор Емануел III, од 3 мај 1941, за приспојувањето на Љубљанската провинција кон Италија**

КРАЛСКА НАРЕДБА ОД 3 МАЈ 1941 - XIX, БР. 291
ОСНОВАЊЕ НА ЉУБЉАНСКАТА ПРОВИНЦИЈА

ВИКТОР ЕМАНУЕЛ III

(...) Член 2. Со наредба на Кралот издадена по предлог на фашистичкиот Дуче и на Министерот за внатрешни работи, Љубљанската провинција – поради компактното словенечко население – ќе ужива автономен статус, при што ќе се земат предвид етничките карактертистики на населението, географската положба на земјата и нејзините посебни локални потреби.
Член 3. Управната власт ќе биде во рацете на Високиот комесар именуван со наредба од Кралот, по предлог на фашистичкиот Дуче, на премиерот, како и на Министерот за внатрешни работи.
Член 4. На Високиот комесар ќе му помага Со-

[23] Iuliu Maniu (1873-1953). Романски политичар. Истакнат водач на романското национално движење во Трансилванија во времето на Австро-унгрската монархија. Во периодот меѓу двете војни Маниу бил една од главните политички личности и постојано промовирал демократски идеи. Водач на демократската политичка опозиција во периодот на владеењето на Антонеску. Осуден и пратен во затвор од страна на комунистите (1947), Маниу умрел во затворот во Сигет.

вет составен од 14 членови, одбрани од продуктивните групи на словенечкото население.
Член 5. За жителите на Љубљанската провинција нема да има задолжително служење воен рок.
Член 6. Наставата во основните училишта ќе се изведува на словенечки јазик. Во средното и во високото образование ќе има изборна настава по италијански јазик. Сите официјални укази ќе се издаваат на двата јазика. (...)

Ferenc, стр. 33.

Италијанските трупи ги окупирале западните и јужните делови на Словенија. По краткотрајна воена управа, италијанските окупатори ги трансформирале окупираните територии во таканаречена Љубљанска провинција (Provinzia di Ljubliana). Со неа управувал Висок комесар. Неколку дена по окупацијата дејствувало едно словенечко тело, наречено Национален совет, но тоа траело само неколку месеци и немало никаква вистинска моќ. Правно гледано, Љубљанската провинција била една од италијанските провинции. Таа добила независен статус што се пројавувал во поинаквата титула на надлежното лице („висок комесар“ наместо „префект“, што била титулата во другите делови на Италија), во двојазичноста, во формалната коадминистрација на советодавниот комитет за Љубљанската провинција чии членови биле Словенци, и на крај во фактот дека словенечките граѓани не морале да служат војска. По капитулацијата на Италија, некогашната италијанска окупирана територија ја презеле Германците.

Коментирајте го Членот 4.

**I-38. Анегдота раскажана од Иван Венедиков, познат бугарски археолог, за неговите односи со Германците во Македонија**

„Во тој момент Стамен Михаилов донесе еден германски војник, археолог. Тој беше типичен Германец, русокос, висок, во униформа; во Скопје беше со својата единица. Имаше околу 35 години и специјалност му беше предисторискиот период...
Последниот пат кога го видов, Ланге ми раскажа еден виц за нас, Бугарите:
‘Велат дека ве има дванаесет милиони,’ ми рече.
‘Не, само шест.’
‘Не, дванаесет. Шест милиони се со нас, а другите шест – со Советскиот Сојуз,’ ми рече.
Ова ме натажи, но не реков ништо. Можно ли е да е во право?

Венедиков, стр. 238-239.

Што е прикриеното префрлување на Германецот? Врз основа на што го искажал?

**Општи прашања за потпоглавјето Iв.**

Кои фактори влијаеле врз одлуките за создавање на одредени коалиции? Зошто политичките актери ги менувале коалициите? Дали активностите на одредени актери соодветствуваат на нивните изјави од почетокот на војната?

## Iг. Верски организации

### I-39. Послание на архиепископот на Јанина (Грција) до сите христијани под негова надлежност (10. 9. 1943)[24]

До христијаните на нашиот округ
Од 9-ти овој месец воената управа врз Епир ја презеде германската окупациска власт. Функционерите на таа власт објавија дека германската војска презема обврска да го штити миролУбивото население коешто го почитува Законот, но припадниците на герилата ги смета за непријатели не само на германската војска, туку и на миролУбивите граѓани коишто ќе бидат најтешко погодени од строгото казнување, затоа што ќе биде неопходно да се преземат строги мерки, како кон виновните, така и кон недолжните.
Ја користиме оваа пригода уште еднаш да му се обратиме на нашиот христијански народ и да го потсетиме колку е критично ова време, и да упатиме татковско предупредување и да го посоветуваме да се воздржи од секакви незаконски дела и да ги убедиме понаивните меѓу нив да се воздржат и од соработка со герилата и од помагање на герилата за да се избегне убивање на невини луѓе.
Наполно го разбираме неспокојот во душите на сите, но во име на нашата свештеничка должност, во име на нежната љубов за нашето стадо, во име на целиот живот минат во штитење и служење на стадото што ни е доверено, ги повикуваме сите да ги оставаат настрана сите лични интереси во полза на заедничкото добро, во полза на големиот број недолжни што се изложени на безбројни опасности, и повикуваме на разумност, на целосно согледување на сериозноста на околностите и на трпение.
Очекуваме и се надеваме дека овој наш последен повик ќе се прими со должно внимание и дека ќе биде правилно сфатен.
Со горливи молитви до Бога,

Јанина, 10 септември 1943

Спиридон, Архиепископ на Јанина

Fleischer, том 2, стр. 222.

[24] Да се погледаат и изворите III-6 и III-7.

Што им сугерира Архиепископот на Јанина на христијаните под негова надлежност? Кои се мотивите зад неговите совети? Дали од ова писмо може да се види дали Архиепископот ги одобрувал дејствата на германската власт или не?

### I-40. Писмо од архиепископот Дамаскин и други угледни Грци до Гинтер фон Алтенбург (Gunther von Altenburg), германски амбасадор во Грција

Архиепископ Дамаскин
и други угледни Грци
до Гинтер фон Алтенбург, Амбасадор,
Ополномоштеник на Рајхот за Грција

Атина, 24 март 1943

Ваша Екселенцијо,
Ние, долупотпишаните, не целиме со ова писмо на никаков начин да се мешаме во прашањата на генералната тактика на германската власт во оваа земја или на кое било друго место, туку едноставно сакаме да Ви изложиме некои размисли по повод едно прашање што последниве денови го држи целото општество во Грција во состојба на нагаѓања и емоции, во увереност дека вие ќе ги разгледате во духот на длабока добра волја и на уште подлабоко разбирање.
Прашањето за коешто станува збор е протерувањето од Солун на заедницата Евреи со грчка националност кои, веќе многу долг период, како наполно законски интегрирани во институциите на оваа земја, не само што никогаш не дале повод за поплака од страна на Грците, туку, напротив, секогаш служеле за пример на сериозна и соработничка солидарност со нив и, во моменти на криза, покажувале дека се способни за самоодречувања и самопожртвуваност за доброто на својата земја. (...)
Треба да се спомне и дека менталитетот на Евреите во Грција се разликува од менталитетот на Евреите во Германија и дека тие дури не го зна-

ат ни јазикот на нивните истоверници во Полска, каде што сега се испраќаат да живеат.

Земајќи го сево ова предвид, и, исто така, имајќи на ум дека во текот на целата грчка историја нашите односи со еврејската заедница секогаш биле хармонични и без никакви проблеми – од длабочините на антиката преку времето на Александар Велики и неговите наследници, во текот на сите епохи на толерантно грчко православие, па сè до нашиот денешен живот како нација – веруваме дека во високото својство на Вашата Екселенција како регулатор на работите во нашата земја во текот на сегашната војна, нема да се колебате да се заложите за нашата молба и да донесете одлука протерувањето на еврејската заедница од Грција да се отповика, барем привремено, додека да се проучи прашањето на Евреите во Грција во светлината на едно посебно и темелно истражување.

(...)

Ваша Екселенцијо,

Во името на оние возвишени идеи што грчкиот дух и високата култура на Вашата татковина ги имаат издигнато до лозинки со универзален престиж и неоспорлив авторитет, Ве преколнуваме отповикувањето на протерувањето на нашите сограѓани Евреи за коешто Ве молиме да биде спроведено што е можно поскоро, и Ве уверуваме дека целиот грчки народ ќе умее на соодветен начин да го цени таквиот Ваш величествен историски гест.

*Documents on the History of the Greek Jews*, стр. 264-265.

Православната црква, којашто продолжила да дејствува во Атина во текот на целата окупација, играла важна улога во верските и политичките настани во текот на овој период и се обидувала да им помогне на Евреите да побегнат или да се скријат и на тој начин да преживеат. Кога почнале првите депортации на Евреите, архиепископот Дамаскин организирал средба на водечките академски граѓани, судии и адвокати, како и претседатели и секретари на синдикатите и професионалните здруженија. Биле напишани петиции до квислиншката влада и до ополномоштеникот на Рајхот, и ги потпишале Дамаскин и уште 21 јавна личност, изразувајќи го згрозувањето на грчкиот народ од депортациите и барајќи тие веднаш да престанат.

? Како пишуваат авторите на ова писмо за еврејската заедница во Грција? Што го молат да направи Амбасадорот? Дали со потпишувањето на ова писмо угледните јавни личности се изложиле себеси на опасност (имајте ја на ум германската антисемитска политика, како и бруталноста на режимот)? Според ваше мислење, зошто авторите на писмото истакнуваат дека „... менталитетот на Евреите во Грција се разликува од менталитетот на Евреите во Германија“?

### I-41. Католичката црква во Албанија за инвазијата на Италија врз Албанија

Од историскиот ден 7 април 1939, Албанија има среќна судбина со волјата на Великиот Фашистички Дуче, Неговата Екселенција Бенито Мусолини, Спасителот на Албанија, и во согласност со волјата што ја изрази албанскиот народ преку Уставното собрание од 12 април 1939; Албанците и нивниот братски италијански народ обединети во својата судбина, природно предодредена уште од древните времиња, под блескавата круна на Савоја и под Неговото Височество Виктор Емануел III, големиот крал и трикратен победник, станаа едно, како дел на Римската Империја. Од тој среќен момент, Албанците се слободни без страв да ги изразат своите чувства и стремежи за сите оние работи за кои не се осмелувале да прозборат уште од времето на нивниот легендарен водач Ѓерѓ Кастриоти Скендербег.

„Hylli I Dritës“ (Ѕвезда на светлината) декември 1940, 601.

Ова е извадок од еден напис објавен во списанието „Hylli I Dritës“ (Ѕвезда на светлината), официјален орган на католичката вера и едно од најугледните списанија во Албанија.

### I-42 и I-43. Сараевските Бошњаци за ситуацијата во Босна и Херцеговина (во тоа време дел од Независната Држава Хрватска)

Во тој круг на 12 октомври 1941 година се појави Резолуцијата што ја потпишаа околу 100 сараевски муслимани, изготвена по предлог на главниот одбор на ‘Ел Хидаја’[25], друштвото на муслиманското свештенство. Резолуцијата ја констатира тешката состојба на муслиманите во Босна и Херцеговина, го осудува насилството врз Србите и Евреите, ја отфрлува одговорноста на муслиманите за сторените злосторства и истовремено ги осудува оние муслимани – ‘неодговорни елементи’ коишто учествувале во насилствата. Потписниците на Резолуцијата на крајот ги формулираат барањата, меѓу кои најважните се: „сигурност на животот, честа, имотот и верата за сите граѓани во државата без никакви разлики“, како и во иднина да се спречат „секакви акции коишто по својот карактер можат да предизвикуваат бунтови и крвопролевања кај народот.“

Redžić, стр. 16.

Некои претставници на Бошњаците – муслимани биле згрозени од злосторствата извршени од страна на власта на НДХ врз српското и еврејското население во Босна и Херцеговина во текот на 1941. Во октомври 1941 тие издале резолуција во која ги изнесле своите гледишта.

### Исламското свештенство и формирањето на бошњачката СС-дивизија во 1943 година

Главната улога во регрутирањето за СС-дивизијата ја одиграа исламските муфтии и имами. Во тој поглед особено беа активни имамите Мустафа Малкоч и Халим Малкоч, коишто пред џамиите држеа пропагандни говори и ги повикуваа воените обврзници муслимани да се јават во 13. СС-дивизија. Врбуваните најнапред беа префрлени во Германија, а потоа упатени во јужна Франција, каде што беа подложени на посебна дисциплина, воена обука и политичко воспитување. Главна цел на воспитната настава била, кај припадниците на оваа дивизија да се развие фаталистичка предаденост кон исламот и воените цели на Третиот рајх. Носители на воспитувањето на воениот состав на 13 СС-дивизија беа млади муфтии кои претходно стекнуваа панисламско образование во специјалното училиште што го основаше великиот ерусалимски муфтија Ел Хусеини во Берлин.“

Redžić, стр. 120.

? Споредете ги двата извора. По што се разликуваат дејствата преземени од различните членови на бошњачкото свештенство? Дали можете да најдете слични примери во вашата земја?

### I-44 и I-45. Говор на романскиот патријарх Никодим, на Правниот факултет во Букурешт во 1942 година

„Преостанува уште само едно нешто коешто треба да го имаме на ум. Нашите непријатели се непријатели и на Крстот, непријателски расположени кон цивилизацијата создадена со мака и жртвување што не можат да се опишат, втемелена врз Светото евангелие и врз науката во негова служба. Болшевиците богохулат и се борат да го сотрат Крстот и сè што е под неговата моќ, тие ја рoват земјата на нашите пратaтковци и ги растураат гробовите.“[26]

Длабоко вкоренети во минатото исполнето со крв, го браниме ова наследство коешто му припаѓа и на целиот цивилизиран свет. Се бориме за Светиот крст и за Светото евангелие и му се молиме на Бога и на нашиот господ Исус Христос.“

„Universul“, 79/2.03.1942, стр. 4.

[25] „Ел Хидаја“ била главната исламска организација во Босна и Херцеговина.
[26] Ова тврдење се однесува на окупацијата на Бесарабија и Буковина од Советскиот Сојуз во летото 1940.

**Напис од весник: *Сестрински цркви. Големите перспективи на православието*, од Михаил Бурлаку**

„Штом запре војната на Истокот, падна црната завеса што ги одвојуваше двете сестрински цркви – онаа завеса меѓу нашата постара сестра, Патријаршијата на Руската православна црква и нејзината помлада сестра, Патријаршијата на нашата Романска православна црква. (...)

И во зборовите што на округот им ги упати Неговата светост Никодим, патријархот на Романската православна црква, ... тој ѝ оддаде почит на Руската православна патријаршија, нашата постара сестра: 'Неодамна, Неговата Светост, Архиепископот Ленинградски и Новгородски Алексеј ... им се обрати на православните верници во нашата сакана земја со братски зборови на поттик и бодрење за надежите на нашиот сакан народ и за благосостојбата на нашата света црква. Овие мисли на нашата постара сестра во Исус Христос ни донесоа голема радост. Жива желба ни е да ја видиме, обновена и зајакната, заедно со нашата постара сестра во Бога, светата Православна црква на Сојузот на Советските Социјалистички Републики; во духот на христијанската и братската љубов, најблиската врска." (...)

Но се отвораат големи и нови перспективи за иднината на православието. Теолозите и свештенството на сите православни цркви на Балканот очекуваа и величествено се подготвуваа за нов Вселенски собор. Но не може да има Вселенски собор без учеството на нашата постара сестра, Руската православна патријаршија. Покрај тоа, нашите теолози се зафатија со сериозни проучувања и истражувања на Англиканската црква, споредувајќи ја со другите православни сестрински цркви. Но не можеа да донесат конечен заклучок без екуменското разбирање на сите православни цркви. Затоа и од наша верска гледна точка е разбирливо зошто Англиканската црква го поздрави со топла молитва и набожна почит моментот на повторното братско обединување на двата христијански православни народа."

„Universul", 291/28.10.1944.

По што се разликуваат овие два текста? Што можете да заклучите од овие два исказа на патријархот Никодим во однос на надворешните притисоци? Според ваше мислење, дали се променил ставот кон болшевиците? Ако се променил, што би можеле да бидат причините за таквата промена?[27] Образложете го својот одговор.

### I-46. Апсењето на патријархот Гаврило од страна на Гестапо во манастирот Острог, 23 април 1941

„По капитулацијата на југословенската војска на 16 април, јас уште некое време останав во Острог. Имав намера што побргу да се вратам во Патријаршијата во Белград. Но тоа не беше лесно изводливо. Патиштата беа разорени, а бензин немаше, ниту, пак, имаше некаква можност од некаде да се набави. Окупаторот ги упропасти со своите блиндирани возила и тенкови, речиси, сите и така слаби патишта. Чекав некој колку-толку погоден момент за да се вратам.

Малку пред 6 часот утрото на 23 април, на мојата врата затропа Милутин[28]. Тоа многу ме изненади. Веднаш помислив дека се случило нешто. Така и беше. Штом влезе во мојата соба, Милутин ми соопшти: 'Ваша Светост, дојдоа Германците и ве бараат вас.' Беше вознемирен и многу возбуден. Гледајќи го тоа негово нерасположение, му реков: „Бидете, ве молам, присебен и не паѓајте со духот. Вам ништо не

[27] Една од причините би можела да биде промената на ставот кон Руската црква од страна на болшевичкиот режим во меѓувремето меѓу двата исказа. По прогоните во 1930-те и во почетокот на 1940-те, во 1943 година Руската црква повторно стана легална. Оваа примена во Сталиновата политика може да £ дала надеж на Романската црква дека би било можно да се живее со болшевиците. За повеќе да се види: Pospiclovsky, *The Russian Church Under the Soviet Regime*, том. I.

[28] Постојаниот придружник на Патријархот.

ќе ви се случи, зашто вие немате никаква вина. Германците ме бараат мене.“ Само што ја заврших реченицата, упаднаа без тропање четворица Германци во војнички униформи, со црни кошули, со испишани иницијали СД на ракавите и на реверите од блузата, што значи Политичка полиција ГЕСТАПО... (...) Полковникот го изјави следново: „Вие сте обвинет, како главен воен злосторник, за влегувањето на Југославија во војна против силите на Оската. Врз основа на тоа имам наредба од Врховниот командант на воената и цивилната сила на фирерот Адлоф Хитлер, да ве сослушам за вашите злосторнички постапки и тоа да го пренесам до Воениот суд заради изрекување на праведната казна, што ја предвидува Воениот закон. Вашата вина се состои во следново: вие сте биле шеф на Грчко-српската црква во Југославија. Вашето звање е Патријарх српски. Наместо да ја гледате вашата Црква и вашето потчинето свештенство и своите верници како глава на Црквата, вие сте отстапиле од сѐ и сте влегле во чиста политика, од тој терен да дејствувате меѓу вашиот народ и да го дразните со вашиот став да биде единствен во својот револт против силите на Оската. Особено, откако на 25 март беше потпишан Пактот, со кој Југославија по своја слободна волја и без притисок од страна на силите на Оската, му пристапи на Тројниот пакт. (...) Сѐ што сте правеле нашло плодна почва кај вашите верници, да му се предадат на револтот и да подготват воен пуч. (...) Вие лично сте ја турнале Југославија во војна и сте ги собориле Кралското намесништво и неговата Влада. (...) Штом избила војната во 1939 година, вие сте ги зачестиле своите посети на српскиот народ и во своите говори сте поткревале во масите воинствено расположение коешто се состоело во ова: дека треба да им се даде секаков отпор на силите на Оската, како на непријатели на југословенската држава.“

*Мемоари патријарха српског Гаврила*, стр. 291, 299, 300.

Патријархот на Српската православна црква Гаврило (Дожиќ, патријарх од 1938 до 1950) бил интерниран во почетокот на Војната во манастирот Острог во Црна Гора, како противник на политиката на силите на Оската и пристапувањето на Југославија кон силите на Оската. По долготрајни маченја, подоцна бил префрлен во Сараево, а потоа во затворот на Гестапо во Белград. Германската окупациска власт потоа го интернирале во манастирот Раковица близу Белград, а подоцна во манастирот Војловица. Таму, под надзор и во целосна изолација, останал до септември 1944, кога заедно со владиката Николај Велимировиќ бил префрлен во концентрациониот логор Дахау, во кој минал неколку месеци. Иако бил противник на новиот комунистички режим, во 1946 година се вратил во земјата и се обидел да помогне во обновата на земјата која била уништена со војната, како и во превоспоставувањето на речиси целосно уништенатата црковна организација во некои подрачја (особено на териториите коишто биле во составот на Независната Држава Хрватска).

Како реагирал Патријархот кога му било речено дека го бараат Германците? За што бил обвинет? Споредете ја верата на патријархот Гаврило со верата на надбискупот Степинац (во наредните два извора.)

### I-47. Повик на Степинац до католичкото свештенство да ја поддржи НДХ, од 28 април 1941

Ова се часови во кои јазикот веќе не зборува, туку крвта преку нејзината таинствена поврзаност со земјата во која сме ја виделе светлоста Божја и со народот од кој сме изникнале. Дали е потребно да се истакнува дека и во нашите гради срцето зачука поживо?

(...) И кој може да ни забележи, ако и ние како духовни пастири даваме свој придонес кон народната веселба и занес, кога исполнети со длабока трогливост и топла благодарност му се обраќаме на Божјото величество?... Зборувајќи ви, значи, како претставник на Црквата и пастир на душите, ве молам и ве повикувам со сите сили да се оби-

дете и да работите околу тоа, нашата Хрватска да биде Божја земја бидејќи само така ќе можеме да извршиме две битни задачи кои државата има да ги изврши во полза на нејзините членови... Поради тоа одговорете подготвено на мојов повик за возвишено дејствување околу чувањето и унапредувањето на НДХ."

Живојиновиќ, Лучиќ, стр. 554-556.

### I-48. Писмо на Степинац до Павелиќ, од 14 мај 1941

„Поглавнику!
Штотуку ми стигна вест дека во Глина усташите стрелале 260 Срби, без никаква истрага или суд. Знам дека Србите во овие дваесет години на своето владеење извршиле сериозни злосторства. Но сепак сметам дека моја должност како бискуп е да го кренам гласот и да кажам дека католичкиот морал тоа не го дозволува; затоа ве молам да преземете најитни мерки на целата територија на НДХ за ниеден Србин да не биде погубен додека не биде докажана неговата вина, во смисла дека тој заслужува смрт. Инаку не можеме да сметаме на благословот на небото, без кој сите ние сме проколнати. Се надевам дека нема да ми забележите поради моите отворени зборови.“

Krišto, стр. 134 – 135.

Еден дел од високото католичко свештенство во Хрватска, во кое истакнато место заземал загрепскиот надбискуп Алојзие Степинац, во почетокот го поддржувал воспоставувањето на НДХ. Меѓутоа, наскоро по воспоставувањето на НДХ, надбискупот Степинац во неколку наврати им пишувал писма на усташките функционери, во коишто официјално протестирал против злосторствата извршени од страна на усташкиот режим, а подоцна отворено ги критикувал во своите проповеди. Слични промени во расположението, па дури и во ставот кон усташкиот режим, биле карактеристични не само за Степинац и за мнозинството на католичкото свештенство, туку и за најголемиот дел од населението во Хрватска во тоа време. Меѓутоа, и покрај осудата на некои аспекти на усташкиот режим, Степинац, како радикален антикомунист, не се дистанцирал од НДХ, бидејќи сметал дека главниот непријател се партизаните (или поточно: комунистите). По војната бил осуден како колаборационист на 16 години затвор и принудна работа. Во текот на служењето на затворската казна, Светата Столица го почествувала со титулата кардинал, на што Југославија реагирала со прекин на дипломатските односи. Во 1960 година, Степинац умрел во прогонство. Папата Јован Павле II го беатификува во 1998[29]

### I-49. Отец Златко Свириќ[30] за преминувањето на православните Срби во католичка вера

„Еден убав јунски ден претпладне се најдоа пред парохискиот уред триесетина постари луѓе, и сите православци, од понапред спомнатите села на мојата околија.
Беа смрачени, деприимирани, исполнети со страв, грижа и неизвесност, што ми остави многу непријатен впечаток.
‘Што е браќа мои, луѓе мои, кое добро ве доведе во волкав број овде?’ - запрашав гласно, да им излезам во пресрет во тоа лошо и мрачно

[29] Во комунистичка Југославија, историографското претставување на Степинац засновано врз судската пресуда за соработка со непријателот било исклучиво негативно, и не била дозволена никаква јавна расправа за ова прашање. Со падот на комунизмот, доминантното историографско претставување на Степинац наполно се променило, така што денес тој генерално се претставува во позитивна светлина, како праведник и маченик и како жртва на историските околности (ваквото претставување преовладува во учебниците по историја). Помеѓу овие две крајности има голем број историчари коишто ги земаат предвид неговите заслуги (спасувањето на Евреите, протестите испраќани до властите), но и неговите грешки (фактот дека никогаш целосно не се дистанцирал од НДХ). Во својата книга *Хрватска историја*, угледниот хрватски историчар Иво Голдштајн вели, меѓу другото, дека грешката на Степинац „...во тие сложени воени случувања може да биде само морална и политичка и тој никогаш не требало да биде суден за злосторство.“ (Ivo Goldstein, *Hrvatska povijest*, Zagreb 2003, стр. 309).

[30] Римокатолички свештеник.

расположение, а од друга страна да си олеснам и на самиот себеси.
'Никакво добро, оче, фра Злате,' свикаа сите во еден глас. 'Ете, сакаат на сила да мениме вера на стари години. Кој видел и чул такво нешто во дваесеттиов век!?'... Го кажуваа ова низ длабоки воздишки и солзи што им се тркалаа по образите. Видов дека ги притиснала голема неволја и страшна несреќа. Припомнувајќи си дека никој од нив од утрината ништо ни јадел ни пиел, ги поканив да седнеме во дебелата ладовина и му реков на момокот да донесе нешто за мезе, ракија и вино. За тоа време интензивно размислував и донесов одлука – на овие луѓе мора да им се помогне. Ќе ги фалсификувам 'крсните листови'. Во тој момент некако ми олесна. Повторно ми се вратија мојот мир и самоуверноста. (...)
Кога малку се закрепивме со јадење и пиење, и кога прилично попушти нивната напрегнатост, му се обратив директно на Лазар, да ме слушнат и сите други:
'Одговори ми, Лазаре, дали си роден како Србин со православна вера?
'Да, оче, фра Златко.'
'А дали живееш како таков?'
'Да, богами, фра Златко.'
'Е тогаш и ќе умреш како таков, Лазаре. Нема да ја менуваш верата додека сум јас тука жив, а ни вие другите!'
Луѓето ги кренаа главите. Сите погледи се вперија во мене. Но веднаш се јави сомнеж, па и страв. Ме затрупаа со прашања. Што да прават сега? Разбирливо, се плашеа.
Им ја објаснив мојата одлука. Во парохискиот уред, за жал, имав само неколку формулари за 'крсни листови'. Им реков дека утредента ќе ги набавам за сите. Си влегов дома и веднаш почнав да ги пополнувам за некои. Прво, за Лазар."

Cvitković, стр. 113-114.

Еден од начините на кои усташката власт сакала да го „реши" српското прашање било тие да преминат во католичка вера.[31] Иако НДХ на Павелиќ формално не го поддржувала покрстувањето, фактички, секако, ја давала својата поддршка, затоа што покрстувањето било вообичаена практика во црковните општини. Надбискупот Степинац, во своите изјави, се дистанцирал од присилните покрстувања, па дури и протестирал против оваа практика, но голем број историчари, сè уште, сметаат дека е дискутабилно дали навистина направил сè што можел за тоа да го спречи.
Главното објаснување за покрстувањето било дека тоа е начин да се спасат православните Срби од усташкиот терор. Меѓутоа, иако припадниците на верските малцинства можеле со покрстувањето да си ги спасат животите, мнозинството не ја прифаќало подготвено оваа „великодушност". Како што е покажано во овој извадок, некои свештеници во црковните општини се противеле на политиката на преминување во католичка вера.

Што мислите за акцијата што ја презел отец Златко? Зошто решил да им помогне на луѓето?

### Општи прашања за потпоглавјето I г.

Опишете ги ставовите на верските водачи кон окупаторските сили, кон партизанската војска и кон антикомунистичката војска. Какви сличности и разлики можеш да најдеш во исказите на водачите на различните верски организации? Дали свештениците смеат или се дури и обврзани да одберат страна во војната?

[31] Другите начини биле депортација и ликвидација.

# ВТОРО ПОГЛАВЈЕ:
# Животот во време на војна

Во ова поглавје мошне јасно се илустрира универзалноста на човечкото страдање во Втората светска војна. Гладот, бедата и несигурноста се дел од секојдневниот живот за најголемиот дел од цивилното население на ова подрачје. Разликите многу често се само семантика. Тешко е, исто така, да се каже и дали животот бил потежок во град или на село.

Со намера да го покажеме секојдневниот живот на припадниците на движењето на отпорот, ние се обидовме, меѓу другото, да го истакнеме променливиот статус на жените во тоа време. Нивната еднаквост со мажите во рамките на движењето на отпорот е прифатена со одобрување, макар што времето ќе покаже дека вистинската промена не била ни оддалеку прифатена онолку колку што тоа се истакнувало за пропагандни цели: по војната работите се враќаат на познатата патријархална рутина, така што нашата расправа за еднаквоста на половите е главно декларативна.

Кон крајот на ова поглавје се дадени извори кои ги покажуваат очигледните промени во културата и образованието и со кои на интересен начин се комплетира сликата за елитата на власт во тоа време.

## IIa. Бедата, несигурноста

**II-1 и II-2.**
**Рестрикција на лебот во Романија за време на војната (1942)**

Со оглед на рестрикцијата на потрошувачката на жито, државниот потсекретаријат за снабдување на војската и цивилното население ја информира јавноста дека почнувајќи од датум кој дополнително ќе биде соопштен, во главниот град лебот ќе се дели само врз основа на картони за снабдување и тоа само за пет дена неделно. Во преостанатите два дена јавноста ќе мора да јаде пченкарна каша, за што ќе мора навреме да се снабди со потребното пченкарно брашно кое може да се најде во секоја пекарница или продавница во која се дели лебот.

„Universul“, 5 јануари 1942, стр. 1.

**Рестрикција на лебот во Романија за време на војната (1944)**

Со одредба на префектурата за округот Брашов, бр. 26/1944, потрошувачката на леб за целиот округ и градот Брашов се утврдува на следниов начин:
денови кога ќе се троши црн леб: вторник, четврток и сабота;
денови кога ќе се троши бел леб: недела;
денови кога ќе се троши пченкарно брашно: среда;
денови кога ќе се троши компир: понеделник и петок.
Населението мора да се придржува кон гореnаведеното. Секој прекршок ќе се казнува според законските прописи.

Национален архив - Отсек за округот Брашов,
фонд на Советот на општината Бод, документ 74/1944, стр. 83.

? Кои се разликите меѓу двата периода опфатени со двата текста? Кои се можните објаснувања за промените, доколку ги има? Примерив се од Романија: дали знаете за некој сличен пример од вашата земја?

**сл. 12 Рестрикција на лебот во Истанбул**



Cumhuriyet Ansiklopedisi том 2 (1941-1960).

Рестрикцијата на потрошувачката на лебот во Истанбул започнува на 14 јануари 1942 година. Во месец мај, дневното количество предвидено за лицата над седум години изнесува 150 гр.

? Како го објаснувате фактот дека лебот бил рационализиран и во Турција, иако тие не учествувале во Втората светска војна?

**II-3. Еден грчки селанец ја опишува италијанската окупација**

„(Италијанците и нивните влашки колаборационисти) везден одеа горе-долу, проклетите, горе-долу, ни ги јадеа кокошките, ни го пиеја виното, ги собираа јајцата и уживаа! И нè тераа да ги носиме наоколу на нашите маски. Сето тоа нè збеснуваше. Па си велевме: 'Нема ли некој да се најде да почнеме нов одред на Колокотронис (борец од грчката револуција) – да почнеме нова револуција?'"

Van Bouschoten, стр. 80

**II-4. Бугарскиот дипломат Иван Д. Станчов, за животот на неговото семејство за време на војната**

Моето семејство помина три интересни и активни месеци борејќи се со лошите бубачки и обидувајќи се да живее од печурки, боровинки и супа од млади коприви и штавеј. Купонскиот системот беше безмилосен. Не само што беше невозможно да се најде месо, туку и никој немаше право да убие животно. Можете да си ја замислите радоста што настана кога телето на попот си ја скрши ногата и мораше да биде убиено. Моите успеаја да купат дел од него и го јадеа по малку секој ден за да им трае подолго време. Иако, од необјаснети причини, солта сосема ја снема од пазарот, во Софија како и по селата, успеваа да го одржуваат месото да трае нерасипано по цела недела: го ставаа на цементен под и го покриваа со мокра крпа чии краеви беа потопени во корито со студена вода. На тој начин постигнуваа постојано испарување во жешките јулски денови.

Станчов, стр. 145.

? Во какви услови живеело семејството на овој висок службеник на бугарската држава? Со оглед дека тоа биле условите на елитата, можете ли да ги замислите условите во кои живееле „обичните луѓе"?

**II-5. Од доверливиот извештај бр. 162 на американскиот генерален конзул во Истанбул, Самјуел Хонакер, до државниот секретар на САД, Кордел Хал, за расположението на јавноста во Бугарија во септември 1942**

*Истанбул, 4 ноември 1942.*

Сите почнаа да го чувствуваат недостигот од храна, облека и дрво и јаглен за горење. Купонскиот систем на порции, речиси, за секого обезбедуваше по малку храна која фактички не беше доволна за никого. Народот стоеше пред продавниците за храна во долги редици.

Бугарите, сè уште, беа обединети во нивната желба да ги зачуваат „новите територии“ по секоја цена. Но се слушаа и некои критички гласови за тоа дека вистинската Бугарија, т.е. онаа без окупираните територии, ќе мора сега да ги обезбедува и средствата за живот за населението на овие нови територии, особено во Тракија и во некои делови на Македонија. Бугарската влада веќе ги снабдуваше со брашно бугарските села во Грција, северозападно од Солун. Се зборуваше дека повеќе од 300 000 луѓе во тоа подрачје се изјасниле како Бугари само за да добијат брашно. Тоа, се разбира, беше чиста пропаганда. Никој не треба да очекува дека Бугарија ќе се откаже од кој и да е дел на окупираните територии без да биде принудена на тоа.

България - своенравният съюзник на Третия райх, Софија, 1992, стр. 90-91.

? Зошто селаните се изјаснувале како Бугари? Што мислите, дали им било лесно да направат такво нешто, имајќи ја предвид неодамнешната историја на тоа подрачје?

**сл. 13 Редици зад една продавница во Љубљана за време на војната**



**сл. 14 Редици за месо во Загреб**




? Што може да се заклучи за животот за време на војната во Загреб и Љубљана? Има ли некоја слична фотографија од вашата земја? Недостигот на сè и сешто, особено на храна, и распределбата на основните продукти преку купони и обврзници биле секојдневна појава за време на војната.

**II-6. Бараме срамни ленти за црноберзијанците (извадок од еден српски весник)[32]**

„Ги даваме овде, отворено и без задршка, сите случаи на недозволено шпекулантство и црноберзијански грабеж и молиме секој што може да ни помогне нам и на владата во оваа акција за спас на општеството. Секој свесен граѓанин нека ни соопшти за секој таков случај за да го објавиме, да го обележиме со срамен печат секој таков криминалец, без оглед на неговата позиција. Ги повикуваме, исто така, сите од ред да ни испратат предлози за мерки кои би можеле ефикасно да се употребат во борбата со оваа рак-рана на нашето општество.

Денес го објавуваме предлогот на еден наш читател во врска со објавувањето на листите на казнетите шпекуланти, што ги донесува дневниот печат. Читателот мисли дека тоа не

[32] *Српски народ*, белградски дневен весник, официјален весник на колаборационистичката „влада на народниот спас“ на генералот Милан Недиќ.

е доволно и дека за сторените кривични дела треба да остане некоја видлива трага. А штом не може со вжештено железо да им се втисне срамниот жиг, тој предлага да се воведе правило, сите казнети шпекуланти да мора да носат срамна лента на која ќе пишува: „народен ненаситник“ или „црноберзијанец“ или пак „шпекулант со народната беда“.
*Српски народ*, од своја страна, смета дека овој предлог е сосема на место и ѝ се обраќа на владата на народниот спас да го прифати и да го спроведе, бидејќи даде збор и си зеде обврска дека ќе го штити народот од сите неволи и несреќи, од комунистичките бандити по шумите, но и од разбојниците од Теразие.“

„Српски народ“, 3 јуни 1942.

? Прокоментирајте го барањето за срамни ленти за црноберзијанците. Го одобрувате ли тој предлог? Можете ли да најдете исто (или барем слично) однесување во вашата земја?

**сл. 15 Турска карикатура**




Karikatur, 24 септември 1942 .

Превод: Една дебела тетка го пресретнува профитерот. Мажот ѝ ѝ вели: Не грижи се мила! Неговите цицки не се дадени од Бога како твоите!

### II-7. Тешкотиите на преживувањето... За да дојде до храна, градското население морало да продаде практично сè за што можело да најде купувач

Жителите на градовите беа принудени да продадат буквално сè за што можеа да најдат купувач, за да дојдат до храна: „Од дома продаваа сè што ќе посакаа селаните да земат во замена за малку храна. Најпрвин ќе отидеа златото и накитот, а потоа и предметите од куќата: мебелот, постелнината, гардеробата. Народот по градовите остана гол и бос, без ништо. А селаните како селани. Им земаат разни војски, им зема окупаторот, па она што го спасиле од нив и што го одвоиле од уста, сакаат што подобро да го наплатат. Нашите селани беа безмилосни со гладните несреќници и поради вечниот антагонизам меѓу господата и селаните. Градот од нив секогаш само земал, а никогаш ништо не им давал. Помислија, дојдоа нивните пет минути, па сега за сè ќе наплатат.“

Николиќ, стр. 113.

? Како го оценувате однесувањето на селаните спрема градските жители? Познат ли ви е некој сличен материјал во литературата или филмот? Дали, според ваше мислење, авторот има какви и да е предрасуди спрема селаните?

### II-8. Несигурноста на цивилниот живот за време на војната во Албанија

„Човеков вели дека Германците дошле вчера. Зеле ќебиња, храна, пет кокошки и две кози. Прво ги избркале луѓето од нивните куќи, божем заради претрес, а потоа во куќите однатре подметнале оган. Многу селани избегале за да се скријат,“ вели, „зашто се плашеле дека не-

кого може да заробат.“ Гари ги распрашуваше селаните преку преведувачи. „Знаете ли дали Германците имаа некоја причина за одмазда? Имаше ли кај вас многу Германци или нивни дејства пред тоа?“ Еден вознемирен селанец зборуваше ли зборуваше без прекин, додека Стефа не го допре благо по раката и не ја запре реката зборови. „Вели дека не знае зошто го нападнале селово и зошто морале, кога веќе им зеле сè, уште да им ги запалат и куќите? Сега немаат каде да живеат, а зимата веќе пристигна.“

Mangerich, стр. 136.

Овој пасус го отсликува животот за време на војната во Албанија, откривајќи ги несигурностите и опасностите на преживувањето. Сведоштвото е напишано од група американски болничарки кои случајно се нашле во Албанија за време на војната, во ноември 1943 година и до сојузничките позиции стасале по двомесечно патување.

Што мислите, дали животот за време на војната бил потежок на село или во град? Објаснете го својот став. Што чувствувале, според ваше мислење, „обичните луѓе“ во такви ситуации - страв, гнев или нешто друго...?

**II-9. Белграѓани одгледуваат зеленчук (текст објавен во еден белградски весник во септември 1942)**

Пченка и зеленчук меѓу палати.

Белградските земјоделци се сосема задоволни од приносот на нивните градини.

„Градските земјоделци“, оние кои од неплодните дворови, пустите градилишта и разните детски игралишта си направиле градини, наголемо си ги собираат плодовите на својот труд. И додека другите денес чекаат по пазарите, новите градинари гордо се врткаат по свежото зеленило, по цел ден грицкаат домати и чепкаат по новите леи. Низ убавиот напор тие ни покажаа што може да се постигне со малку добра волја и трпение.

Деновиве белградската општина испрати на терен и посебни комисии кои навреме се интересираат за тоа што сè е засеано по градините. Стручните лица делат и практични совети кои, покрај богатото искуство здобиено од досегашната работа, може да бидат од корист за идната сезона. Објавен е и апел до секој обработувач, на свој терен да одгледува и да чува семе за зеленчук за новата сеидба. По симпатичните градини, во декорот на градските палати, на само неколку чекори од асфалтот, се гледа живот што сме навикнати да го гледаме само кога сме некаде на село, далеку од градската врева...“

„Ново време“, 25 септември 1942.

Во текот на воените години во Србија преовладувала тешка ситуација со обезбедувањето соодветна прехрана за населението, особено во големите градови. Поради борбите меѓу окупаторските сили и бунтовниците, новите граници, прекинатите комуникации и забраната за слободно движење на населението и стоките, градовите биле одделени од својата земјоделска внатрешност. Прехранбените производи наменети за пазарот (лебот, месото, маслото) биле строго рационализирани и продавани во мошне ограничени количества во замена за купони за снабдување и потрошувачки картони. Основните производи можеле да се купат и на „црниот пазар“, но по многу повисоки цени од обично. Затоа, за да му се помогне на градското население да преживее во тие услови на недостиг, се поттикнувало искористувањето на сите слободни простори за одгледување зеленчук.

Има ли сличен пример и во вашата земја?

**сл.16 Жртвите од глад во Грција за време на трагичната зима 1941/1942**



Атина, Националниот историски музеј (*Ιστορία*, том 16, стр.59).

Речиси целосниот недостиг од храна, особено во Атина и во другите поголеми градови, значи дека огромно мнозинство од населението било во драматични размери неисхрането и секојдневно од глад умирале голем број луѓе.

**II-10 и II-11. Фаик Окте за турскиот данок на приход**

„Според Изменовиот предлог, даночните обврзници беа класификувани во две посебни листи: листата М за муслиманите и листата Г за немуслиманските малцинства (*gayrimuslim*). Подоцна беа додадени уште две категории: категоријата Е за странците (*ecnebi*) и Д за *donme*, членовите на сабатајската секта на Евреите што преминале во ислам. (...)
Даноците требаше да се плаќаат во готово, и тоа во рок од две недели. Се дозволуваа уште петнаесет дена, но со казна од 1 и 2 проценти соодветно зголемување на почетниот износ. Во случај данокот да не беше платен ни по тие триесет дена, на даночниот обврзник и неговите најблиски им се одземаше целокупниот имот, а тој се испраќаше во логор за принудна работа. Не беше предвидена можност за жалба против висината на определениот данок. Имотот на оние што не можеа да платат се продаваше на јавно наддавање.“

Okte, стр. 19, 25.

**Оваа приказна се рашири меѓу народот за време на собирањето на данокот на имот. Таа е мошне интересна, бидејќи ја открива „малцинската опозиција“ како одлика на овој данок**

„По објавувањето на листите за данок на имот, Соломон оди во кафеаната и почнува да прашува:
-Мишоне[33] , колку даде?
-10 илјади петстотини и педесет лири и 20 куруси.
-Добри пари... добри пари...
-Киркоре[34] , колку плати ти?
-Дваесет илјади деветстотини и петнаесет лири и 30 куруси.
-Јани[35] , колку даде ти?
-29 илјади седумстотини и петнаесет лири и 40 куруси
-Добри пари... добри пари...
-Ахмет-бег[36] , колку даде ти?
-Педесет лири и 10 куруси.
Соломон ги шири рацете кон небото и вели:
-Ох, Велики Ататурк, убаво рече ти: „Баш е среќен човекот кој може да се нарече Турчин.“

Aktar, стр. 185.

Иако Турција била неутрална, таа сепак страдала од истите проблеми како и земјите што војувале. Турската влада се соочила со сериозни финансиски проблеми предизвикани од условите на економска криза, „здивена“ инфла-

[33] Типично еврејско име во Турција.
[34] Типично ерменско име во Турција.
[35] Типично грчко име во Турција.
[36] Типично турско име во Турција.

ција, недостиг од храна и други неопходни нешта. Затоа, почнувајќи од крајот на 1942 година, владата вовела низа драстични зголемувања на даноците. Најкатастрофалното од нив, varlik vergisi или данокот на имот, го оданочува капиталот на оние што поседуваат имот и за кои се мисли дека благодарение на воената ситуација прават голем профит. Овој данок бил регулиран на таков начин што најголем дел од средствата доаѓале од лесно достапното богатство на градските трговци, кои во најголем број не биле муслимани и кои, се чини, биле единствените во земјата кои имале готовински пари што можеле да послужат за итните национални потреби. Фаик Окте, човекот кој фактички бил одговорен за регулирањето на данокот, во 1949 година напишал книга за тоа под наслов Трагедијата на турскиот данок на имот.

**Прашања и задачи за делот IIa**

Какви биле животните услови во завојуваните земји? Како реагирал народот на тие услови? Дали сите еднакво страдале од последиците на војната? Ако не, тогаш кој настрадал најмногу?

## IIб. Цивилите

**II-12. Закана на германската власт на белграѓани**

*До населението на Белград*

Од страна на германските вооружени сили сè почести се поплаките дека во односите со германските офицери и војници цивилното население не ги покажува должното внимание и почит. Особено сè повеќе се забележува дека еден голем дел од населението во пешачкиот сообраќај воопшто не покажува намера да се тргне, туку често на дрзок начин се испречува на патот.

Крајскомандатурата го предупредува населението дека во иднина против таквото однесување ќе се постапува со крајна строгост.

Белград, мај 1941 год.
Крајскомандатурата

Божовић, стр. 129.

Што ја налутило германската власт во Белград? Прокоментирајте ја нејзината закана.

**сл. 17 Германски пропаганден плакат**



Николић, стр. 2.

Непријателите на Германија (комунистот, Британецот и Евреинот) го „заведуваат“ српскиот селанец со лажни ветувања и го наведуваат да го нападне германскиот војник од зад грб. Огромниот германски војник ги растерува натрапниците со својата појава и му простува на „заведениот“ српски селанец, земајќи го под своја заштита

**II-13. Со доаѓањето на војната, цивилната индустрија е милитаризирана и работата треба да продолжи во специфични, ограничени услови. Работата во време на војна во Романија:**

Законски декрет за работниот режим во време на војна (2 октомври 1941)

Член 2. Сите одмори предвидени со членовите 49 и 89 од законот за работни договори од 5 април 1929 година, со сите дополнителни измени, се укинуваат (...)

Член 4. Времетраењето на работата ќе биде, во индустриските претпријатија во кои се работи непрекинато (во три последовни смени) 8 часа дневно, или 56 часа неделно. Во сите други индустриски претпријатија, нормалното времетраење на работата ќе биде 10 часа на ден или 60 часа неделно.

Воените команданти во милитаризираните претпријатија, воените управници и директорите на воените претпријатија, во согласност со работните инспектори, и работните инспектори во претпријатијата што се сметаат за немилитаризирани, можат да дозволат да се авторизира надминување на погоре наведеното времетраење на работниот ден во рок од најмногу три месеци и тоа: максимум 12 часа на ден или 72 часа неделно. Исто така, тие може да дозволат да се работи и во недела и на празници, доколку тоа го налагаат потребите на производството. (...)

Член 31. Следново ќе се смета за кривичен прекршок на саботирање и ќе се казнува со 5 до 20 години затвор:

а) Секаков прекин - поединечен или колективен - на работата, без претходна согласност на воениот командант на милитаризираното претпријатие (...) или на директорот на воениот естаблишмент, и во она што се смета за поинакво претпријатие без претходна согласност на работниот инспектор, (...)

б) Уништување, ослабување, одземање, фалсификување, произведување на дефекти или намерни грешки, манипулирање или измамничко управување или управување без квалитет, на какви и да е машини, инсталации, работни инструменти, материјали, стоки и производи, целосно или делумно, било од страна на вработените или на директорите.

Murgescu (коорд.), стр. 343.

Како се одразувале овие мерки врз секојдневниот живот на работниците за време на војната? Дали овие прописи допуштаат какво и да е отстапување од декретот? На пример, дали е можно некое лице кое ќе направи грешка на работа, на крајот да биде осудено за саботажа?

**II-14. Тајната служба поднесува извештај до водачот на државата Романија за состојбата на духот во населението и за незадоволството со животните услови за време на војната. Состојбата на духот во месец мај 1943 година, според извештајот на Тајната служба.**

ОБЛАСНИОТ ПОЛИЦИСКИ ИНСПЕКТОРАТ ПЛОЕШТИ

(...) Функционерите и нивните семејства се сиромашно облечени, мораат да излегуваат и да одат на работа во стари алишта кои понекогаш не им се дури ни точни или, пак, несоодветни за нивната позиција на јавни функционери.

Исто така, многумина од нив живеат во куќи (или наместени соби) во нехигиенски услови кои им ја намалуваат работната способност и им го загрозуваат здравјето. И моралот им е, исто така, многу низок; покрај другото и поради тоа што работите стануваат сѐ поскапи и поскапи, а тие се загрижени за тоа како во иднина ќе си ги обезбедуваат неопходните нешта за себе и за своето семејство.

Истата состојба на духот владее и кај работ-

ниците во фабриките и кај функционерите и работниците на C.F.R.[37]

Ниту функционерите ниту работниците не го манифестираат јавно своето незадоволство: некои затоа што се плашат дека на тој начин ќе си навлечат проблеми, а други затоа што имаат разбирање за моменталните тешкотии на државата.

Тие коментираат меѓу себе за овие работи, за тешката ситуација во која живеат и се надеваат дека владата наскоро ќе преземе мерки за да ја подобри таа ситуација.

ИНСПЕКТОР И. Чиуреа

Marturii documentare, во „Revista Arhivelor“, 2/1969, стр. 20-21.

Каков е ставот на јавните работници во однос на нивниот секојдневен живот? Дали јавно го изразуваат своето незадоволство? Зошто? Зошто е заинтересирана власта за состојбата на духот на јавните функционери?

**сл.18 Цивилната одбрана вежба на плоштадот Бајазит во Истанбул**




Cumhuriyet Ansiklopedisi том 2 (1941-1960).

### II-15. Воениот пратеник на Независна Држава Хрватска во Софија известува[38] за состојбата во Вардарска Македонија под бугарска власт

Пред некој ден во Софија престојуваше мојот пријател од Скопје, овластен електромонтер-инсталатер и овластен раководител на електричната централа со висок напон Алберт Шритоф. Тогаш го прашав за положбата во Скопје и бугарска Македонија, и тој во неврзан разговор помеѓу другото ми го рече и ова:

„Внатрешната положба во делот од Македонија што ѝ припаѓа на Бугарија доста е нејасен. Изразените Македонци покажуваат извесно незадоволство спрема новиот режим во Бугарија. Исто така и од Бугарите-жители на Македонија повеќе од 30% не се воодушевуваат од бугарската управа, бидејќи ги немаат сите оние права што ги имаат Бугарите во Бугарија. Особено разочарување владее меѓу младата интелигенција којашто студираше во Белград и беше на државна работа во стара Југославија. Кон нив се нема доверба и тие луѓе се без работа. А има и такви кои во прво време беа примени во државната служба на Бугарија, но досега има поголем број отпуштени и така останаа без работа. Арнаутите[39] се, исто така, мошне незадоволни од новиот господар и тагуваат по Југославија. А пак Арнаутите што се наоѓаат под италијанска окупација се задоволни, бидејќи Италијанците им дадоа власт во рацете.

Турците (муслимани) се држат како во времето на Југославија, но доста се истакнуваат со своето англофилство.

Трговците Срби и Евреи мораат во рок од 3 месеци да ги распродадат и да ги ликвидираат своите дуќани, а потоа веројатно ќе се оди кон тоа Србите од бугарска Македонија да бидат иселени.

Кон нас, Хрватите, Македонците покажуваат извонредно срдечен однос.

(...)

[37] Скратеница за Романските железници.

[38] Ова е извештај до министерството на хрватското домобранство (одбрана) од 21 октомври 1941 година.

[39] Албанците (з.п.).

Судејќи по сè, изгледа дека во бугарска Македонија постои силна струја за ослободување и создавање самостојна Македонија...

Потполковник
Адам Петровиќ,
воен пратеник во Софија

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том втори, стр. 308-309.

Дали, според ваше мислење, овој извор е веродостоен? Објаснете го својот став.

**II-16. Ситуацијата во 1941 година според Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија**

„Голем дел на Македонија веќе има бугарска администрација, веќе се поставени полициски службеници, жандарми, кметови, секретари, благајници, писари, даночни чиновници и треба да се каже дека сите тие се од Бугарија. На Македонците не им се дава чиновничка служба. Тие дури немаат право да бидат селски кметови. Со право се праша секој чесен Македонец: 'Каква е оваа слобода кога Шумадијците (Србите) се заменети со Бугари, а Македонците се држат во карантин?' Во најдобар случај на македонската интелигенција ѝ се ветува служба по селата во Бугарија, но во никој случај служба во Македонија. Аргументите за тоа се исти какви што ги даваа и Србите - не го знаете официјалниот државен јазик!"

Терзиоски, стр. 309.

Како (ако воопшто) се променила ситуацијата во 1941 година, во однос на административните работни места во Македонија? Какво објаснување за тоа дала власта?

**II-17. Емил Сатоло за неговата љубов спрема една девојка од соседството**

„Пред куќата каде што живеевме (*во Нова Градишка каде што авторот учел школо*) поминуваше една девојка со светла коса. Одеше во осмо одделение. Секогаш се трудевме да ја видиме кога поминуваше, особено јас. Ја среќававме и во паркот. Бев задоволен само да ја погледнам. Една вечер во декември таа ми пријде и ми вели: - Колега, ако одиш дома би дошла со тебе. Се стаписав од радост. (...) Разговаравме за сè и сешто, но најмногу за ужасите на војната. Кога стасавме пред нејзината куќа (...) Невенка (*така се викала девојката*) вели набрзина: - Дојди утре околу шест кај мене, а сега морам да одам. И ми пружи рака. Јас со радост ја прифатив. Ја почувствував мекоста, нежноста и студенилото на нејзината рака, а низ телото ми помина пријатно чувство.

Одвај ја дочекав утрешната вечер. Дојдов. Чукнав на вратата, а таа веднаш ја отвори.

- Здраво колега, како си?
- Добра вечер, Невенка. Да не дојдов многу рано? (...)

Срамежливо и по малку несмасно влегов од претсобјето во собата. Масата се наоѓаше до прозорецот. Ми понуди стол. Седнав. Потоа ме понуди со ликер. Се чукнавме со чашите и наздравивме. На здравје, колега! (...) Се прашував зошто ли ме викна. Разговаравме малку за училиштето, за професорите и војната. (...)

- Знаеш колега, напредната идеја победува и уште малку ќе биде овде.
- Како мислиш?
- Па Русите се нашата напредна идеја.

Сега ми стана јасно дека таа сака мене да ме вклучи во напредните, а јас ја сакав неа. Не сакав никаква идеја. (...) Сакав да зборувам за чувствата, но неа ја интересираше само политиката.

Се договоривме повторно за состанок. Мислев дека таа, сепак, е заинтересирана за мене. Со оглед дека требаше да поминат

неколку дена до наредниот состанок, се подготвував за тоа како Невенка ќе ја оттргнам од политиката. Си мислев, ќе се обидам да ѝ ја објаснам политичката ситуација. Ќе ѝ зборам за тоа како планирам да имам семејство со многу деца. Мислев дека како жена ќе сака за тоа да слуша.“ (Не му успеало)

Sattolo, стр. 93-94.

Споредете го додворувањето за време на војна и денес. Зошто меѓу девојката и момчето имало недоразбирање? Дали се целите и идеите на момчето блиски до вашите? А целите и идеите на девојката? Која идеологија ја поддржувала таа и на чија страна била во војната? На што мислела кога го употребила изразот „прогресивна идеја“? Зошто Русите се сметале за претставници на „прогресивната идеја“?

За време на војната Емил Сатоло бил ученик во гимназија. Живеел во селото Пуска, а на училиште одел во Нова Градишка (Хрватска). Сатоло го одобрувал формирањето на НДХ и усташкото движење, иако ја критикувал неговата злосторничка страна. Во секој случај, бил противник на партизаните и комунистите. Во неговите мемоари, меѓу другото, тој пишува и за својата љубов спрема една девојка од соседството.

## IIв. Животот на војниците

**II-18. Одисеј Елитис, добитник на Нобеловата награда за литература (1979), говори за доживувањата на еден редовен грчки војник на албанскиот фронт**

Сега знаевме дека сме многу блиску до местото каде што нема работни денови и празници, здрави или болни луѓе, сиромашни или богати. Пред нас се слушаше татнеж, како да има бура зад планините и тој растеше, така што на крајот можевме јасно да ги препознаеме бавните и тешки топови и сувите и брзи митралези. А сѐ повеќе почнавме да срекаваме бавни колони на ранети кои се движеа во спротивната насока. И болнички лица со црвен крст на лентата околу раката, кои ќе ги спуштеа носилките и ќе си плукнеа во рацете, со очи ококорени за цигара. Штом ќе чуеја каде одиме, ќе затресеа со главите и ќе ги почнеа своите крвави и страшни приказни. Но единственото нешто што го слушавме беа оние други гласови што се креваа од мракот, носејќи ги трагите од огнот и сулфурот од длабочините. „У, у, мана му,“ „у, у, мана му.“ А понекогаш, поретко, звукот на притаен здив, како ’рчење, и тие што знаеја велеа дека е тоа звукот на смртта. Понекогаш со себе ги влечеа и заробениците што ги беа фатиле неколку часа пред тоа во неочекуваните рации на нашите патроли. Нивниот здив смрдеше на вино, а џебовите им беа полни со конзерви или чоколада. Но ние немавме ништо, зад нас мостовите беа урнати, а малкуте маски што ги имавме со нас беа беспомошни во снегот и лизгавата кал.

Elytis, стр. 21.

**сл. 19 Литографија на која е прикажан антички грчки борец од Маратонската битка, борец од Грчката војна за независност во 1821 година и „евзон“ (современ грчки војник)**



IEEE, *Το έπος του '40. Λαϊκή εικονογραφία*, 167.

**II-19. Иван Шибл, учесник во партизанското движење во Хрватска од самиот почеток, во своите воени мемоари говори за своите доживувања. Овој текст ги опишува првите денови на Шибл откако отишол „во шума“ (популарен израз за одење во партизани)**

„До половина сум веќе партизан. Додуша, немам пушка, но имам чешање и сиот сум намачкан со жолта, смрдлива маст. (...) Освен тоа, во долната облека ќе ми се најде и по некоја гнида или, како што се вели по војнички, вошка - најприврзаното домашно животно на сите војници во светот. (...) За бувите и стениците не вреди ни да се зборува. Тоа се, всушност, сосема пристојни бубачки кои по телото се шеткаат ноќе, а во долната облека, како и во облеката, воопшто не се пикаат.“

Šibl 2, стр. 13.

На кој начин Шибл ги опишува непријатностите на партизанскиот живот?

**II-20. Во своите воени мемоари, партизанските ветерани многу често обрнуваат посебно внимание на високото ниво на женското учество во партизанските редови. Во своите мемоари, во поглавјето со наслов „Жените-борци“, Шибл пишува:**

„Во четите на нашата бригада има многу партизанки. Тоа се, главно, селски девојки, Славонки, Козаранки, сите уште многу млади. Пешачат во нашата колона, се борат на позициите, јурат на утврдените упоришта на непријателот и заедно со преостанатите борци од првите борбени редови ги поднесуваат сите напори на партизанскиот живот. (...)
Сестрите Милија и Даница Злокапа се пушкомитралесци. Од неодамна се во нашата бригада, но веќе се стари борци. На храбриот човек доволно му е само едно огнено крштавање. Милија има шеснаесет години, а Даница осумнаесет. (...) Пушкомитралезот и ранецот со муниција ги носат на смена и не даваат никој да им помага. (...)
Во нападот на Сирач загина една од најхрабрите девојки во нашата бригада и во цела Славонија, Перса Босанац. (...) Беше тенка, висока осумнаесетгодишна девојка. За неа велеа: ‘Перса не знае да се плаши’... Во борбата на Јаворовица, за време на мартовската офанзива, по цел ден јуришање таа меѓу првите упадна во непријателските позиции и се биеше со Германците гради в гради, сè додека не беа уништени. (...) Падна под сирачкото училиште, во еден од многубројните јуриши на тој утврден објект. Перса мораше да загине. Многу се излагаше, не знаеше да се плаши! (...) На Јаворовица покрај неа јуришаше и Катица Хацман, Билогорка. Беа најдобри другарки и секогаш беа една до друга. Во последниот јуриш Катица ја погоди непријателскиот рафал и смртно ја рани. (...)
Во војна и во сурови услови на живот луѓето лесно можат да станат груби и бесчувствителни. Ќе се претворат ли овие девојки-борци во машкуданки? Можеби воените ужаси во кои се принудени да учествуваат, ќе ги лишат од прекрасните својства кои ја прават жената жена, својства какви што сакаме да почувствуваме кај жените што ги сакаме!“

Šibl 2, стр. 308-311.

Што мислите, зошто на партизаните им било важно да ја истакнат активната улога на жените? Зошто истото тоа не им било важно на усташите? Дали, според ваше мислење, партизанките навистина биле еднакви со партизаните? (Шибл дава само неколку познати примери.) Објаснете го значењето на последната изјава на Шибл за жените во војна. Како тој гледа на улогата на жената?

**II-21. Жените во селата на Гребен (Грција), по учеството во Движењето на отпорот, бараат поголема почит и поголемо учество во јавните работи**

- Школски учител: „Среќаваш жени без соп-

ствен идентитет, како марионети на мажите, и ќе ти речат ‘И јас сум *некој и нешто*, и јас можам *нешто* да направам.’ Почнаа да мислат дека ги бива и за нешто друго освен готвење, перење и слушање. Беше тоа првото големо будење на селските жени и тоа им остави голем впечаток.“

- Селанка: „Тоа ни се допаѓаше и нѐ привлекуваше, затоа одевме (на состаноците). Сакавме само да излеземе малку од оној бескраен круг на наредување. Зашто такви беа мажите тогаш - диктатура [*sic*], како што велат...“

- Селанка: „Ние само сакавме малку слобода како жени, право да си го кажеме своето мислење, не да им бидеме поданици на мажите ... да работиш и да те тепаат. Сакавме малку слобода и за нас. А овде излеговме во планините, носевме муниција на грб, правевме кутии за митралезите, работевме ден и ноќ - станавме дури и љубовници, иако бевме мажени. Сакавме само нешто добро да дојде и кај нас. Слобода, а не ропство, како што велите вие денес - да можеме да отвориме уста.“

Van Bouschoten, стр. 101-102.

Какви мотиви ги воделе жените при приклучувањето кон Движењето на отпорот? Што мислите за нивните мотиви?

**II-22. Оваа песна била компонирана за време на Втората светска војна, од непознат автор, и денес се смета за македонска народна песна**

МЛАДА ПАРТИЗАНКА

Ај што ми е мило ем драго,
Млада партизанка да бидам,
Млада партизанка да бидам,
на Пелистерска Планина.

Збогум и проштевај, роде мој,
Јас отидов во бој, бој, бој,
(...)
Таму си клетва зедовме,
со фашисти да се биеме,
Слобода да добиеме,
За наша Македонија.
Збогум и проштевај итн.

Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во НОВ и Револуцијата 1941-1945, стр. 56.

Објаснете ги причините за составувањето на вакви песни. Има ли во нив елементи на пропаганда?

**сл. 20 Херојките од 1940**




IEEE *Το έπος του '40. Λαϊκή εικονογραφία*, стр. 55.

Оваа литографија ги претставува жените од Епир како на грб носат кутии со муниција и се качуваат на планината Пинд, на грчко-албанската граница за време на Грчко-италијанската војна во 1940-1941.

**сл. 21 Партизански весник: *Џебен весник на четата за врска*, Задар (Хрватска), 1944**




Историски музеј на Хрватска

Што покажува оваа карикатура? Како гледале партизаните на својата позиција во однос на другите антифашистички сили (претставени со знамињата)? Што мислите, дали Велика Британија, САД и Советскиот сојуз гледале на партизаните како на рамноправни партнери?

**II-23. Партизанската неуморност за време на непрекинатите борби против Германците и нивните соработници во Југославија**

*Сведоштво на Живко Родиќ*

„Ги гледав непријателските тенкови кои не сакаат да пукаат на нашите борци, туку сакаат да ги газат. Таму е рамнина, па на тенковите им е полесно да маневрираат, а на нашите борци им е отежнато повлекувањето. Еден од нашите борци бегаше пред тенкот и се криеше околу стог сено, за на крајот тенкот да го згази преминувајќи преку сеното. (...) Целата бригада носеше ранети на носилки. (...) Обично ноќе го напаѓавме непријателот, а дење тој нè напаѓаше нас. Заморот беше толкав што веќе не се можеше, па ќе си помислиш дека би било најдобро да загинеш, зашто се немаше сила веќе. Не беше во прашање храна, зашто храна имаше, ниту беше во прашање храброст, зашто веќе немаше страв, но заморот е најтежок од сè. Така и командантот на четата, Петар Марин, едно прекрасно момче, храбар и смел, загина исклучиво поради замор. Едноставно заспа додека стоеше и така го погодија.

Козара у Народноослободилачком рату
(ур. Жарко Згоњанин и др.) том 1, стр. 687.

Обидете се да се ставите во положбата во која биле овие партизани. Можете ли да замислите да заспиете додека стоите?

**II-24. Денчо Знеполски, познат бугарски герилски командант, за односите меѓу мажите и жените во групата и за необичната пратка што ја добиле од Англичаните**

И ние во герилскиот одред Тран и Србите бевме многу строги во врска со моралот. Интимни односи не беа дозволени и кон младите жени од единицата имавме изградено култ и ги чувавме од какво и да е насилство. Но Србите беа уште поголеми неконформисти во револуционерната ситуација, во која беа. Едноставно, не можеше да биде поинаку... Многу подоцна, кога Англичаните во согласност со одлуките на Конференцијата на трите големи сили во Техеран почнаа да фрлаат оружје и муниција за герилците од Тран и други работи за нивните воени мисии, тие фрлија и карти за играње и кондоми. И Србите добија иста таква пратка. Отпрвин лутината им беше неопислива и ни дојдоа мене и на Владо Три-

чков (во тоа време јас веќе бев командант на Транскиот герилски одред), пцуејќи и заканувајќи се дека ќе ги тепаат Англичаните. Кога чу за што се работи, Владо Тричков, кој беше многу учен и информиран човек, се насмеа со разбирање и сè им објасни. Рече дека уште од Првата светска војна секој војник во англиската војска задолжително прима такви заштитни средства, како што прима облека, чевли итн. и дека ние сме добиле со првата пратка лични медицински пакети, кондоми и карти за играње. Додаде дека ние сме ги поделиле медицинските пакети, а она што сме мислеле дека не е неопходно сме го оставиле настрана и тоа е сè. Тој успеа да ги смири, но сепак, Барко отиде кај англиската мисија, им ги фрли пакетчињата и им рече саркастично: „Фала ви, ама нам не ни требаат! Ние сме војници!“

Знеполски, стр. 112-113.

Какви биле односите меѓу бугарските и српските герилци? Како реагирале сите тие на необичната англиска пратка? Прокоментирајте ја реакцијата на Барко.

**II-25. Офицерот Виктор Будеску, учесник во настаните, говори за битките крај свиокот на Дон - Сталинград.**

Утрото на 11 декември, Русите ја започнаа контраофанзивата на целиот фронт. Следуваа денови и ноќи кога војниците не можеа да добијат ни вода ни леб, поради ужасните непријателски топови и минофрлачи. По цели денови ги стегаа со рацете своите пушки, сееја смрт во рововите на непријателот кој го беше прекрил полето пред нивните позиции со купишта мртви тела. Минаа десет дена и исто толку ноќи на непрекината напнатост и беспоштедни борби и се чинеше дека ќе почнат да се покажуваат некои знаци на победа и ќе им ги тргнат грижите од главите на командантите и војниците кои гледаа од своите позиции како да го запрат надојдениот порој на рускиот налет. Но тоа не се случи. Со нови и свежи сили донесени од зад фронтот, Русите одново го започнаа нападот во уште поголем налет. Поради огромните загуби нашиот фронт веќе не даваше отпор. Ја напуштивме позицијата што ја бевме освоиле со толку многу жртви и од тој миг започна катастрофата на нашето повлекување низ донската спепа. Зборот степа не му кажува ништо на оној што никогаш не бил низ неа сред зима и сред војна.
Прво, таму е мразот, мразот со заби, заедно со ветриштата кои таму дуваат толку силно. Низ таа пустелија многу често има и густа и тешка магла која како да дошла засекогаш да ја проголта земјата во амбис. И згора на тоа, комплетната, апсолутна тишина зајакната со ледената неподвижност на сè наоколу, ја трансформира степата во средина спротивна на животот, непријателска и нечовечка“.

„Magazin istoric“, октомври 2002, стр. 93.

Битките на свиокот на Дон - Сталинград се меѓу најстрашните борби во Втората светска војна за романските војници, кои морале да се соочат и со непријателот и со екстремните климатски услови.

Каков е односот на војниците на фронтот спрема војната? Дали мислат на славата и херојството? Дали се среќни што се борат?

**II-26. Неагу Ѓувара, историчар и дипломат со престиж, се сеќава (во јуни 2002) на периодот кога учествувал во борбите на источниот фронт**

„Кога се вратив од фронтот, некаде по десетина дена минати во станицата за рехабилитација, се случи Одеса да падне, така што јас излегов оттаму во последен миг, зашто токму во тоа време се случи најголемиот колеж. Еден мој бивш колега од Воената школа, кој му беше аѓутант на полковникот, ми кажа дека неколку дена пред падот на Одеса ја видел

листата на полковникот и дека според неа во нашиот полк кој во почетокот го сочинуваа 1 800 луѓе и подоцна прими уште 1 200 регрути, валидни биле уште 92. Ете што значеше Антонескуовото заземање на Одеса. Ова јас го кажувам и на ТВ и секогаш кога имам можност да го кажам, бидејќи таа битка беше комплетен апсурд - Германците ни рекоа: „Опколете ја Одеса“, за да не може руската војска да излезе оттаму, но не инсистираа. Романскиот генералштаб и Антонеску сакаа да ја заземат Одеса (се чини идејата не била навистина на Антонеску, но како и да е, тој ја прифатил) за да им покажеме кои сме, колку сме големи, но факт е дека ние немавме средства да заземеме голем град. Човек може да се бори до горчливиот крај... Кога ја заздовме Одеса - тоа беше затоа што Русите се повлекоа.
Едно убаво утро, иако наоколу секој ден умираа илјадници луѓе, тие влегоа во градот без отпор затоа што во него немаше останато никој - сите оние што ја бранеа Одеса веќе беа отидени. Беше тоа една од првите грешки што ги направи Антонеску, но ние, главно, детишта ... Ќе ви кажам искрено - кога заминавме во војна, заминавме со полет, со намера да го избришеме срамот од претходната година, кога без ниеден куршум ги предадовме Бесарабија и Буковина, па Трансилванија и потоа Квадрилатерот “.

Neagu Djuvara, Despre cucerirea Odessei
(За освојувањето на Одеса).
http:/www.memoria.ro/index.php?option=articles&artid=381

Дали овој текст е одраз на херојство? Која била цената на романската амбиција да ја освои Одеса? Има ли некоја промена во перспективата на лицето кое раскажува (помеѓу периодот за време на војната и денес)? Споредете ја перспективата на младиот човек, чие срце било исполнето со херојство, наспроти перспективата на позрелата личност, анализирајќи ги релативните политички добивки, но и човечките загуби.

**сл. 22 Оние што и пеат на војната**



Epopeja e Luftes Antifashiste Nacionalclirimtare e Popullit Shqiptar, 1939-1944.

Оваа слика од Андон Лакуриќи прикажува групи од различна возраст кои учествувале во партизанските единици во војната.

Споредете ја оваа слика со тектстот III-2

### II-27. Тешкотиите со кои се соочувале борците при адаптирањето кон цивилниот живот

*Сведоштво на Драговир Радишиќ*
„Првиот баталјон на 11-та козарска бригада практично го завршува својот воен пат кај Зидани Мост[40]. Тука нè запреа и нè вратија во Брестаница. Беше 12 мај 1945 година. Останавме ден-два и потоа тргнавме за Св. Недела крај Загреб, каде што останавме на 15, 16 и 17 мај 1945 и го прославивме денот на конечното ослободување на нашата земја. Вој-

[40] Во Словенија.

ната заврши. Настана вистинско слободарско расположение, но би рекол за кратко време. Почна да се појавува тагата. Нема веќе движење, нема борби и борците, просто, почнаа да боледуваат бидејќи нема борби, бидејќи не се тепаат и нема движење, акции и битки. Зашто, ни се чинеше дека најголемата радост е да се биде меѓу борците, да се оди во бој, а ние сега се најдовме во ослободениот Шибеник[41], каде што си течеше сосем поинаков, мирновременски живот на кој ние не бевме навикнати, односно начин на живот што го бевме заборавиле.“

Козара у Народноослободилачком рату (ур. Жарко Згоњанин и др.) том 6, стр. 399.

> Зошто војникот вели дека „почна да се појавува тагата“? Дали мислите дека сите војници се чувствувале исто? Дали знаете што е ПТСС (посттрауматски стрес синдром)? Дали е точно дека овој извор покажува и елементи на фанатизам, кој е вообичаен резултат од војната? Изнесете го својот став.

**▶ сл. 23 Колаж од весници од 1944 година на југословенските македонски единици**




**II-28. Ужасната грешка на Здравко Лазаревиќ**

„Се преселив во Осиек и таму видов кога на почетокот на април 1945 година градот го заседоа партизаните. По некое време ме викнаа пред комисијата за регрутирање и ме примија во војска. Мојот пријател Иван Косовел толку многу се збунил од страв кога дошол пред комисијата што несвесно ја кренал раката и ги поздравил со ‘спремни’ (усташкиот поздрав). Поради тоа го прогласија за 'ментално неспособен' и неколку дена подоцна го затворија во Брод каде што одлежа 6-7 месеци. И покрај тоа, наредната година беше примен во офицерската школа во Осиек и унапреден во резервен поручник.“

Prcela-Živić, стр. 329.

> Партизанските единици биле формирани исклучиво од доброволци. Дури кон крајот на војната партизанската војска почнала да регрутира. Голем број млади луѓе биле присилени да им се придружат на партизаните. Еден од нив бил и Здравко Лазариќ.

> Зошто пријателот на Лазариќ направил таква ужасна грешка? Како тој (макар и несвесно) ја доживеал промената на власта? Како, во принцип, реагираат луѓето на (насилни) промени на власта?

## IIг. Културата и образованието

**II-29. Препораки на Битолската обласна училишна инспекција до учителите**

„1) Постојното народносно бугарско чувство кај ученикот и кај целото население да стане сознателно или поколенијата да се вклопат во народносната и државната целина преку потенцирањето на минатото и културата на бугарската народност;

2) Да им се објаснува на населението и осо-

[41] Град во Хрватска, на Јадранско Море.

бено на учениците, дека кај нив не е зацврстено бугарското национално чувство и сознание за бугарската народност и држава поради долгото ропство. Да им се укажува дека народноста и државата се неразделни и дека жртвите за државата треба да се даваат еднакво, како што се давани и порано за бугарската народност;

3) Да се објаснува дека сите културни средства за единството на бугарскиот народ биле во минатото уништени во Македонија. Бугарската книга, училиштето, црквата, друштвата, споменициите, народните празнувања, особено бугарската народна песна, обичаите, традициите, преданијата биле гонети од турската власт, поради што дошло до губење на бугарското сознание кај еден дел од населението во Македонија;

4) Да се потенцира дека како резултат од таквите услови дошло до губење на секакво познавање на минатото на бугарскиот народ во Македонија, а напротив дошло до големи постигнувања во слободниот дел на бугарскиот народ во пределите на бугарската држава;

5) Да се обрне внимание во наставата за противреакција на националното воспитување, во врска со некои „разбојнички појави од страна на непријателите на Бугарија“. Да се објаснуваат воените дејствија на фронтовите и да се всадува верба во успешниот крај на војната.“

Терзиоски, стр. 78-79.

Како што југословенска Македонија била поделена од бугарската власт на две административни единици наречени според двата главни града - Скопје и Битола, така и образовниот систем бил составен од Битолска и Скопска учебна област. Овој извор ни покажува кои специјални цели ги предвидела Битолската обласна училишна инспекција да бидат исполнети, соопштувајќи им ги на учителите во форма на препораки (што, се разбира, не се разликувало многу од другата учебна област).

Каков вид препораки им биле дадени на учителите во југословенска Македонија? Знаете ли што се случило со османлиска Македонија по Балканските војни и Првата светска војна?

**сл. 24 Партизанско училиште**



*Epopeja e Luftes Antifashiste Nacionalclirimtare e Popullit Shqiptar,* 1939-1944.

Оваа слика од С. Капо носи наслов *Партизанско училиште*. Таа е интересна бидејќи ја илустрира образовната улога на партизанската војна. Оние што знаеле да читаат и да пишуваат ги учеле другите кои не знаеле.

## II-30. Статутот на централниот културен клуб во Македонија - „Св. Климент Охридски“

„1) да ги обединуваат сите заинтересирани сили за зацврстување на бугарштината кај македонското население;

2) меѓу широките народни маси да создаваат длабока сознателност за бугарската држава, за царот и за татковината;

3) да работат на обединувањето на сите Бугари за да се создаде Велика Бугарија во нејзините етнички, историски и органски граници;

4) да работат врз формирањето на совршено сознание на Бугаринот во Македонија и да ја воспитуваат младината во едно здраво бугарско национално чувство;

5) да работат за брзото издигнување на народот на културно, просветно и стопанско поле;

6) да се грижат за брзото прираснување на Македонија кон Бугарија во секој однос, со љубов и без потреси;

7) да работат врз обединувањето на сите класи во една национална и стопанска целина;

8) да развиваат љубов кон сѐ што е бугарско: кон бугарската национална историја, кон бугарското национално творештво, кон запазувањето на народните обичаи и народниот бит и др.“

Терзиоски, стр.198-199.

По анектирањето на територијата на југословенска Македонија кон Бугарија, Дирекцијата за национална пропаганда организирала мрежа на таканаречени „Културни комитети“ во сите поголеми градови. Овие тела требало да претставуваат чекор кон формирањето на „народни универзитети“, односно вечерни курсеви за ширење на писменоста, читални и слично. Набргу овие комитети, под името „културни клубови“, станале постојани тела при административните единици на сите нивоа - областите, околиите и општините. Централниот културен клуб - „Св. Климент Охридски“ - бил основан во Скопје. Ова покажува како неговиот статут ја дефинира улогата на културните клубови во Македонија.

**II-31. Владата на Антонеску, откако ќе ја соопшти својата намера да создаде нов образовен систем за романскиот народ, презема водечка улога во промовирањето на патриотската училишна политика во која значајна улога игра култот на херојот**

*Култот на херојот во училиштата*

За да биде училиштето, според живите модели, дом на националното образование за децата и младината, тоа треба да биде обезбедено со фотографии на учители-херои, кои треба да носат и објаснувања за нивните воени дела и за тоа што направиле за училиштето. Понатаму, за да се слават и да се покажат вербата и жртвите што ги направиле паднатите селани за родната земја, во училиштата, исто така, ќе се соберат нивни слики и на секоја од тие фотографии ќе стои објаснување за тоа какви јуначки дела тие покажале на бојното поле.

На тој начин, со ставањето на хероите на нашиот народ во училиштата и со нивното чествување, ќе се воспостави првата книга на националната историја за учениците. Нивните дела постојано ќе бдеат над свеста на децата и ќе вршат силно влијание врз нивното морално и национално формирање...

Секоја градинка и основно училиште ќе одберат еден час во неделата кој ќе му биде посветен на овој култ...

Програмата за класовите наменети на култовите на хероите ќе биде составена од комеморација за борците во селото, и ќе се спроведува преку следниве средства:

-сликите на локалните херои ;

-раскажувања на хероите од селото кои се вратиле дома;

-мапи во врска со борбата против болшевизмот (направени од деца);

-алеја на хероите: на една страна на училишниот двор да се засадат дрвја што ќе ги носат имињата на хероите. Тие дрвја ќе формираат алеја на локалните херои и неа

ќе ја одржуваат групи деца;
-во секое училиште ќе има крст во спомен на хероите на селото;
-посети и грижа за гробиштата на хероите".

„Universul", 44/15 февруари 1942.

Кои се целите на образованието во училиштата според перспективата на Антонеску, како што е изнесена во овој извадок? Која е целта на култот на хероите? Дали за учениците постојат и некои други модели освен нивните учители? Која е вашата позиција во однос на „култот на хероите" во училиштата и „култот на хероите", воопшто? Дали нивната борба ги одразува вашите верувања денес? Дали во денешните училишта има некои слични проекти?

**II-32. Извадок од еден учебник за основно образование, објавен од Народноослободителниот фронт (предводен од комунистите) во ослободените делови на Грција**

*Кој е „твојот сосед"?*
Кики денес се разбуди со висока температура. Се задушуваше цела ноќ. Ја боли грлото.
Мајка ѝ го замоли соседот кој требаше да помине покрај улицата во која живееше докторот, да застане и да му рече да дојде.
(...)
Мајката не може да се смири. Со секој чекор што го слуша на плочникот трча кон прозорецот. Кога ли ќе дојде тој доктор?
Тој конечно доаѓа, го прегледува детето и вели:
- Госпоѓо, мора многу да се погрижите за детето. Имате ли други деца? Нив мора да ги држите одвоено, зашто ова е заразна болест. И да го најдете овој лек колку што можете побргу, за четврт час.
Штом си замина докторот, таа ги грабна шалот и чантата и истрча до аптеката.
(...)
- Тасија Јоаниду, извика аптекарот. Лекот е подготвен, 55 драхми, ве молам. Мајката ја отвара чантата. Има само 35 драхми. Што да прави? Се приближува до касата.
- Може ли сега да ви ги дадам сите пари што ги имам со себе и да го земам лекот? Попладнево ќе го пратам остатокот.
- Не доаѓа предвид госпоѓо, вреска аптекарот. Да не мислите дека сум луд? Донесете ги парите, па потоа ќе ви го дадам лекот!
Мајката е засрамена и почнува да плаче. Ќе биде доцна. Моето дете мора да се напие од лекот. Животот ѝ е во опасност.
Но аптекарот не сака ни да чуе, а луѓето околу неа ја гледаат сомничаво.
Тогаш од клупата станува еден работник. Тој е бедно облечен, со уморно лице.
- Што е госпоѓо? Немојте така. Сите ние сме луѓе. Еве пари, земете колку што ви треба!
Мајката се наведнува да му ја бакне раката на работникот. Но тој набрзина си седнува скромно назад на клупата.

*Τα αετόπουλα*, стр. 97-98.

Како е прикажан работникот во овој извор? Која е целта на таквото прикажување?

**сл. 25 Илија Бешков:** ***Без животен простор*****, 1942**




Илија Бешков (1901-1958) е еден од најпознатите бугарски уметници, карикатуристи и сликари.

Каква порака се обидува да пренесе преку оваа карикатура?

**II-33. Од доверливиот извештај бр. 162 на американскиот генерален конзул во Истанбул, Самјуел Хонакер, до државниот секретар на САД, Кордел Хал, за пропагандата во бугарските училишта**

*Истанбул, 4 ноември 1942*

Друг мошне силен фактор кој го формира јавното мислење, и оттаму расположението меѓу народот, е националсоцијалистичката пропаганда што се спроведува во училиштата.

Таа, главно, се ефектуира преку предавањето бугарска географија, историја и литература. Секој бугарски писател и учител е пропагатор на бугарската националистичка позиција. Сите бугарски младинци кои завршиле средно образование на 14 години или гимназија на 19-годишна возраст, ја знаат карта на Балканот напамет и се мошне добро информирани за сите бугарски тврдења во врска со правото на разни територии на Балканот. Свесни се, исто така, и за аргументите за овие тврдења. На ѕидовите на секое училиште има мапи на Бугарија од разни периоди на нејзината историја и тие се цврсто врежани во главата на секое дете. Па така, територијалните аспирации се претворени во дел на националните интереси.

Тие не ги изразуваат позицијата и мислењето само на династијата и владата, туку и на целото население. На тој начин, училишното образование по национализам, во неговите различни форми, прими огромно пропагандно значење.

България - своенравният съюзник на Третия райх, София, 1992, стр. 91.

Зошто било толку значајно да се спроведат пропагандните програми во училиштата? Дали, според ваше мислење, нешто слично сè уште постои во денешните учебници по историја, географија и литература? Образложете ја својата позиција.

**сл. 26 Фотографија во романски весник: статија за женската мода (1942)**


MODĂ

COCHETĂRIE ÎN THAILANDA

FĂRĂ UNT...

REȚETĂ DE BISCUIȚI

Bluză neagră de lînă cu cordon galben de piele

„Universul“, бр.30, 1 февруари 1942.

Дали мислите дека во тоа време имало многу читатели кои биле заинтересирани за оваа статија? Објаснете ја својата позиција.

**сл. 27 Сцена од филмот *Невиност без заштита на Драгољуб Алексиќ***



Југословенска кинотека, Белград.

Филмот бил направен илегално во Белград за време на окупацијата. Алексиќ, кој бил циркуски уметник, немал никакво искуство во правењето филмови, а истото важело и за повеќето од неговите соработници. Сепак, цензорите го одобриле филмот и како единствен српски филм на репертоарот на домашните кина, кои прикажувале само германски и филмови од другите земји на Оската, тој доживеал голем успех кај публиката.

**II-34. Романски законски декрет за регулирање на образованието на Евреите (11 октомври 1940)**

Чл. 1. Евреите може, во рамките на приватното образование, да организираат свои сопствени основни и средни училишта.

Чл. 2. Еврејските училишта предвидени со претходниот член може да функционираат само со еврејски кадар и да бидат посетувани само од еврејски ученици.

Чл. 3. Оние чии родители и обајцата се Евреи или чиј татко е Евреин, без разлика на нивната религија, не може да работат како учители или во административните тела и нема да бидат

примени како ученици или студенти во романските основни, средни или виши државни или приватни училишта, ниту во училиштата на другите христијански етнички единици. Исклучително и од случај до случај, Министерството за национално образование, култура и уметност може да одобри оние родени од татко покрстен Евреин и мајка христијанка или со друго етничко потекло, да функционираат или работат во приватни и професионални христијански училишта, ако се крстени во христијанската вера до возраст од 2 години.
Вонбрачните деца ќе ги имаат законските права според нивната мајка. (...)
Чл. 5. Министерството за национално образование, култура и уметност ќе ги отпушти и ќе ги отстрани оние што одговараат на одредбите во членот 3 од овој законски декрет.

*Evreii din România între antii 1940-1944, т. 1: Legislație antievreiască,* стр. 70-71.

На кои сè начини биле дискриминирани еврејските ученици? Дали е и денес присутен сличен однос спрема Евреите или спрема некоја друга етничка група?

**II-35. Промените во училишните програми во Албанија за време на италијанската окупација**

Министерството за образование почна да ја применува својата широка уредничка програма за објавување на високошколски текстови. Како што е познато, за вишите школи одвај и да постоеја некакви текстови и се користеше системот на правење белешки. Токму затоа Министерството се зафати со овој проблем и може да се рече дека со почеток од следната учебна година, определен број текстови ќе бидат достапни за употреба. Во моментов на тоа работат извесен број автори и преведувачи. Неодамна беше објавен и првиот текст: „Доктрината на фашизмот“ од Бенито Мусолини, со увод за училиштата од Салваторе Валитути, во превод на проф. Коле Широка.

*Изданија на министерството за образование*, „Tomori“, 6 август 1940, 2.

Прокоментирајте го насловот на првиот учебник преведен и отпечатен за вишите школи во Албанија. Која доктрина зазела централно место во албанскиот образовен систем?

**сл. 28 Објави за кинопретстави во белградските киносали во средината на септември 1942 година**




„Ново време“, Белград, 16 септември 1942.

Насловите укажуваат дека се ова германски, италијански и унгарски филмови. Од почетокот на окупацијата на Србија во април 1941 година, сите кина и филмски дистрибутерски претпријатија се ставени под строга „комесарска управа“ и е воведена цензура, додека кината во сопственост на Евреи се конфискувани. Германската пропаганда и домашните, колаборантски филмски новости биле задолжителен дел на програмата.

**сл. 29 Деца влегуваат во основното училиште „Хасан Приштина“**




Оваа слика е значајна поради промените направени во училиштата по италијанската окупација. Сликата ги покажува децата како влегуваат во основното училиште „Хасан Приштина“. Лесно може да се забележи дека униформите што ги носат децата се исти со униформите на фашистичката младина на Италија. Тоа бил еден од начините за ширење на фашистичкото влијание во албанските училишта за време на окупацијата.

**II-36. Животот во младинскиот логорски центар *Итало Балбо*[42] , еден од многуте центри организирани од фашистите во Албанија**

Посетителите доаѓаат да ја видат среќната младина која ја има таа привилегија овде за прв пат да го доживее фашистичкото гостопримство во прекрасните сончеви градини, каде што секој ден добиваат добро физичко и морално образование и учат да ги сакаат фашизмот и Дуче. Преку ден на ридот, на свеж воздух и на сонце, покрај тоа што се занимаваат со вежбање, капење, играње, танцување и други видови забава, тие учат и за Империјата чиј дел има среќа да биде и Албанија, за нејзиниот суверен, за животот на основачот на Империјата и за херојските дела на Итало Балбо, чие име го носи центарот.

„Tomori“, 11 август 1940, 2.

Што мислите, која била главната цел на таквите логорски центри? За што, всушност, била користена забавата?

**сл. 30 Националниот фудбалски тим на НДХ (Независната Држава Хрватска)**



Зошто им се кренати рацете на фудбалерите? Што симболизира таа гестикулација денес? Што мислите, дали спортистите треба да ја претставуваат својата земја доколку не се согласуваат со акциите на националната влада?

[42] Италијански доброволец кој се борел во Албанија во 1913 година, за време на Балканските војни.

**сл. 31 Еден романски весник известува за фудбалски натпревар меѓу Романија и Хрватска во 1942 година**



UNIVERSUL

# CRONICA SPORTURILOR

In prima lor intâlnire

## Croaţia şi România au terminat la egalitate 2-2 (2-1)

**Oaspeţii au fost mai buni in prima repriză, dar românii şi-au revenit după pauză şi i-au intrecut in insufleţire**

**Masa oferită in cinstea d-lui Zebici Misko, şeful sportului croat**

„Universul“, br. 281, 14 октомври 1942.

> Што мислите за спортските настани во време на војна? Споредете ја оваа слика со сликата 30.

**II-37. Министерството за национално образование на Романија забранува карти кои можат да ги потсетат луѓето на советската инвазија во 1940 година**

*Примена на конвенцијата за примирје во училиштата*

Министерството за национално образование ги информира сите видови училишта низ целата земја, како и сите културни институции кои зависат од ова одделение, дека според одредбите на членот 16 од Конвенцијата за примирје е забрането да се печатат, увезуваат, дистрибуираат или да се излагаат карти со границите на Романија од пред 28 јуни 1940 година, кои ги покажуваат Северна Буковина и Бесарабија како делови на земјава. Забрането е, исто така, во сите видови училишта да се употребуваат наставни материјали кои не се одобрени и кои не се во согласност со

инструкциите дадени од контролните комисии воспоставени од Министерството, кое го анализира образовниот материјал и ги одобрува само оние материјали кои во својата содржина немаат ништо што може да ги расипе пријателските односи меѓу Романија и Обединетите нации. Забрането е и растурањето книги од училиштата и универзитетските библиотеки, кои може да содржат делови што се спротивни на одредбите од Конвенцијата за примирје и кои може да ги загрозат односите на примирје воспоставени со Обединетите нации.

„Universul“, бр.318, 26 ноември 1944.

Дали новиот режим и донел демократија и слобода на Романија, како што ветила Кралската објава? Најдете аргументи за вашиот одговор. Што мислите, кој ги промовирал овие забрани? Зошто тие застапувале такви ставови?

**II-38. Илија Јаковљевиќ, затвореник во усташкиот логор во Стара Градишка (Хрватска), за јазичната чистота на Павелиќ**

„Во главното усташко гласило Хрватски народ, некој се заборавил и го употребил зборот ‘погреб’ (србизам). Се запрепасти Поглавникот (титулата на Павелиќ), се вчудоневиди неговиот ‘двор’, се преплаши неговиот личен кабинет. Сите се алармирани. Кој е виновникот? Хрватски народ двапати по ред објави на насловната страница строг коментар од личниот кабинет на Поглавникот, со предупредување на Поглавникот дека одговорниот виновник ќе биде казнет. (...) Очекував набргу во логорот да пречекаме и да поздравиме ново ‘лице’ (личноста која го употребила зборот ‘погреб’). Но излезе дека ‘лицето’ било личниот стенограф или ‘брзописец’ на Павелиќ и него го помилувале, а нам ни изостана една убава сензација.“

Jakovljević, стр. 205-206.

Користејќи репресивни мерки, усташката влада презела мерки да го „исчисти“ хрватскиот јазик од странско, а првенствено српско влијание. Со оглед на сличноста на двата јазика, усташите се обиделе (вештачки) да создадат хрватски јазик кој ќе биде мошне различен од јазикот од пред војната.

Опишете го и објаснете го ставот на Јаковљевиќ спрема Павелиќ. Каква слика за Павелиќ добивате од интерпретацијата на Јаковљевиќ - особено во врска со анегдотата за српскиот „погреб“? Дали државниот лидер треба да се занимава со прашањата на јазикот? Споредете ја сликата за Павелиќ што ја добивате од овој извор со текстот I-2.

### Прашања и задачи за делот IIд.

Во овој дел има многу примери на пропаганда во образованието за време на Втората светска војна. Направете список на различните цели на пропагандата во различните земји и обидете се да најдете сличности меѓу нив. Дали пропагандата исчезна од образовните системи по Втората светска војна? Ако е одговорот негативен, најдете некои примери. Има ли некој пример од вашата земја?

# ТРЕТО ПОГЛАВЈЕ:
# Ужасите на војната

Страшната бруталност на Втората светска војна е предизвикана од сложената комбинација на многу фактори, околности, ставови и мотивирачки идеи. Поради таквата сложеност и обем, овде ќе можеме да спомнеме и детално да испитаме само некои: состојбата со цивилните жртви во ситуација кога е избришана линијата што го дели фронтот од заднината, плановите на Германија да создаде повеќе животен простор, што е и причината за чистењето на окупираните територии, суровоста како суштински дел од реализирањето на германската идеологија заснована на расизмот и антисемитизмот, држење на окупираните територии под контрола преку безмилосното и брутално казнување на невиното цивилно население и, на крајот, улогата на нацистичката/фашистичката окупација во изнесувањето на прикриените етнички тензии на површината. Оваа последна точка е фактор во комплексот причини за избивање на граѓански војни во некои од земјите на Југоисточна Европа - сите страни биле подбуцнати од окупаторските сили и тоа довело до незамисливо сурови конфликти.

Втората светска војна го има „збогатено“ нашиот речник со два нови збора: геноцид и холокауст. Па иако, според нацистичките идеи за чистата раса, етикетата *Untermenschen* важела не само за Евреите, туку и за Ромите, Полјаците, Украинците, Русите... , *Конечното решение* сепак, е случај за себе според својата ужасна систематична доследност. Од тие причини, во ова поглавје тоа прашање се третира засебно, како ентитет по себе, по својата специфична природа, динамика и цели, сосема независно од целите и динамиката на војната, но во нејзиниот контекст. За жал, во Југоисточна Европа *Конечното решение* било спроведено со толку брутална ефикасност што бројот на Евреите паднал од околу 900 000 на помалку од 50 000.

Некои од споменатите страводии се изнесени во изворите што следуваат - протегајќи се од страводии на бојните полиња до оние извршени против цивилното население во германските и италијанските одмаздннички операции, концентрационите логори, занданите, во партизанските одмазднички операции по војната и др.

## IIIa. Линијата на фронтот

**III-1. Воениот закон спроведен од албанските партизани**

„Само еднаш беа заробени некои италијански војници. Штабот го објави овој необичен настан со голема гордост и јас бев поканет да појдам и лично да ги видам. Отидов во една куќа во Виткуќ каде што сретнав четворица италијански офицери и уште четворица други војници. Изгледаа исплашени за својата судбина, зашто немаше сомнение дека ќе бидат стрелани - офицерите бездруго. Нивното однесување беше забележително мирно и одбиваа да дадат каква и да е друга информација освен имињата и адресите на нивните семејства во Италија. Се почувствував меланхолично, зашто убивање-

то заробеници ми беше одбивно. Одбивањето да се земаат заробеници во акција беше друга работа - Италијанците еднаш се заканија дека ќе отепаат десет албански заложници за секој заробен Италијанец, што само по себе не беше охрабрување за милост. Во герилското војување заробеникот е хендикеп, зашто треба да се храни и да се чува да не избега. Затоа, очигледната политика беше воопшто да не се земаат заробеници. Герилците обично очекуваа да бидат стрелани на самото место или можеби прво измачувани, па потоа егзекутирани, така што системот на неземање заробеници стана вообичаена одлика на герилското војување.“

Smiley, стр. 66.

Прокоментирајте го однесувањето на италијанските офицери: може ли да се нарече херојско, иако тие биле агресорите во војната? Зошто албанските герилци не земале заробеници? На кој начин италијанската политика повлијаела врз таквото однесување?

### III-2. Третманот на заробениците од страна на албанските националисти

„Најзначајниот настан со кој беше означено влегувањето на војската во селото беше заробувањето на двајца партизани, кои воедно беа и првите заробеници во војната. И двајцата беа многу мали момчиња, едниот на дванаесет години и другиот на  десет, и беа заостанале зад својата единица за време на повлекувањето од Шупал, исцрпени од глад и неспиење. До времето кога ние ги видовме, тие веќе беа јаделе и се одмориле и, макар што уште изгледаа уплашени, беа подготвени да се спријателат. Во зборувањето употребуваа многу комунистички жаргон и ни кажаа дека минало, речиси, една година откако избегале од своите домови близу Валона, за да им се приклучат на партизаните. И обајцата тврдеа дека биле сведоци на дејства против балистите и против Германците.“

Amery, стр. 222-223.

Прокоментирајте ја возраста на заробените партизани. Што мислите за децата-војници? Што мислите за војската која ги регрутира и ги користи? Дали денес некаде постојат деца-војници? Споредете го овој текст со сликата 22. Споредете го односот спрема заробениците со односот во претходниот извор. Може ли да се формира општ заклучок само врз основа на овие два кратки извадока? Објаснете ја својата позиција.

**сл. 32 Партизанската 4-та дивизија во планините на Црна Гора**



Дедијер, *Дневник*.

**сл. 33 Романски војници на камили во Кавкаските битки**




„Universul“, br. 272, 5 октомври 1942.

Имајќи предвид дека големо мнозинство од романските војници биле селани, прокоментирајте накусо за можните реакции на војниците спрема камилите - сосема егзотичен начин на патување за романската војска. Дали војната може да се смета за начин на здобивање нови - не нужно секогаш и лоши искуства?

## IIIб. Бруталности

### III-3. Објави адресирани до Грците од германските воени команданти во Грција (1943)

„ОБЈАВА

Секое лице што ќе биде фатено како ги уништува или на кој и да е друг начин ги оштетува телефонските жици, ќе биде стрелано. Оваа казна ќе се спроведува и на жени и малолетници.
Ако сторителот не е фатен, пет лица од околните села ќе бидат уапсени и стрелани. Заедниците на кои им припаѓаат овие лица ќе бидат казнети со имотни казни.
Оваа наредба стапува во сила од денот на нејзиното објавување.
Крф, 23 октомври 1943
Командантот на островот Крф“

„ОБЈАВА ВО ВРСКА СО ЗАБРАНАТА НА ШТРАЈКОВИ

Секој штрајк ќе се смета за непријателска акција против окупаторската власт, дури и да не се директно загрозени некои воени интереси. Истото важи и за поттикнувањето на штрајк и обидите за штрајк.
Јас ќе ги употребам сите средства што ми се достапни, строго да ги казнам сите такви обиди.
Во иднина тешките прекршоци ќе се казнуваат со смрт. Смртната казна ќе се применува особено на потпалувачите и водачите. Другите учесници во штрајкови ќе бидат казнети со долги казни затвор и тешки работни логори.
Атина, 10.9.1943
Воениот командант на Грција“

Fleischer, том 2, стр. 169.

### III-4. Германски памфлет (октомври '43) по првиот бран на масовни одмазди во Грција

ОБЈАВА
ЕПИРСКИ НАРОДЕ!
Германската армија беше принудена да ги уништи вашите села бидејќи вие им дадовте помош на герилците кои ги убија нашите војници.
Од вас зависи дали ќе ги оневозможите герилците да ги напаѓаат германските војници.
Ваша должност е веднаш да известите за присуството на герилци до најблиската станица на германската армија.
На тој начин германската армија ќе може да ги заштити вашите животи, вашите семејства и вашите имоти.
Германската армија не е во Грција како непријател на грчкото население. Наш единствен непријател се герилците кои ги рушат мирот и редот во земјата. (...)
Отсега натаму морате да негувате добри односи со германската војска заради повторно воспоставување на законот и редот и особено за заштита на вашите лични интереси.
ГЕРМАНСКАТА КОМАНДА“

Fleischer, том 2, стр. 223.

Дали жителите на уништените села навистина биле способни да ги спречат герилците да не ги напаѓаат германските војници? Дали целта на германската војска во Грција навистина била заштитата на животите и имотите на месното население, како што тврдат тие во оваа објава? Што мислите за воведувањето на смртната казна за жени и деца за вакви видови дела?

**III-5. Хитлеровата наредба (од септември 1944) во врска со однесувањето на војската на окупираните територии во Југоисточна Европа**

„За да се пресече во корен заговарањето, при првиот случај и без двоумење мораат да се преземат најстроги мерки, така што ќе се наметне авторитетот на окупаторската сила и ќе се спречи секое идно ширење на таа идеја. Правејќи го тоа, морате постојано да го имате на ум фактот дека во тие земји човечкиот живот нема вредност и стравот може да се влее само со невообичаена строгост. Како одмазда за животот на еден германски војник мора пропорционално да има смртни казни за 50 до 100 комунисти. Начинот на егзекутирање мора да создаде застрашувачки ефект.

Krizman, стр. 520.

? Со оглед дека тоа било законска наредба, германската војска не ги сметала овие егзекуции за злосторство. Дали се согласувате со таквиот став? Дали правилата и законите можат секогаш точно да дефинираат што е злосторство, а што не е?

**III-6. Германските злосторства за време на окупацијата на Албанија (јули 1943)**

„На патот назад видов чад од други опожарени села и заклучив дека нив ги запалиле Италијанците како одмазда. Не бев во право, зашто ги сретнав Сафет Бутка и неговата чета Бали комбетар и тој ми рече дека селото што сум го видел како гори е Бармаш и дека го запалиле Германците. Рече дека живи ги запалиле жените и децата во нивните домови и дека пукале во нив кога се обиделе да избегаат. Додаде дека една германска дивизија од Воден тукушто пристигнала во Корча. Тоа беше нашата прва вест за Германците во Албанија.

Smiley, стр. 52.

**Односот на германските војници спрема италијанските војници по нивното капитулирање (октомври 1943)**

„Таму имав натамошен застој, бидејќи селата инсистираа да ми ги покажат гробовите на шеесет и пет италијански офицери што Германците ги беа натерале да ги закопаат. Виделе како Германците ги убиле, велат, откако првин им ги врзале рацете, ги наредиле, ги застрелале со митралези и ранетите ги убиле со бајонети. Очигледно беа исплашени од Германците по она што го виделе и се чини им олесна кога ме видоа како заминувам.“

Smiley, стр. 93.

? Која била целта на таквото брутално однесување на германската војска? Кога можел да се случи вториот настан? Дали во вашата земја постои сличен пример на злосторство спроведено од Германците?

**▶ сл. 34 Одмаздата на германската војска во Грција: фотографија на масовни егзекуции во Агринио 1943**



Fleischer, том 1, стр. 347.

### III-7. Дон Пјетро Бриньоли[43] : *Света миса за мојот убиен народ* (фрагмент од дневник)

25 август. Очајни жени. Една од нив бара правдина.
Во селото во кое штотуку влеговме ги заробивме сите мажи, како и секаде на друго место. Во почетокот на операциите, луѓето не се вознемирувaa кога ги затваровме возрасните мажи, бидејќи не знаеја што да очекуваат. Кога се раширија вестите за тоа што се случува,[44] се јави некаков бран на очајување. Истото се случи и во овие „ослободени" села.
Бидејќи ги зедоа мажите и ги чуваа на ливадата, жените се собраа недалеку од тоа место, молеа за мажите и плачеа со такви емоции што тоа ги погоди дури и помалку чувствителните војници. Одвреме-навреме некој ќе ја искараше оваа очајничка група и ќе се заканеше дека сите мажи ќе бидат стрелани ако жените не престанат да молат. За миг настана молк, потоа чувме придушено липање и на крајот тие плачеа уште поочајно од пред тоа..."

Repe, *Naša doba*, 1996, стр. 201.

> Авторот на овој дневник не само што бил сведок на настанот што го опишува, туку и учествувал во него. Има ли во неговите зборови некој знак на сочувство?

### сл. 35 Фотографии на изгорени или уништени села (одмазди)





Fleischer, том 2, стр. 497.

### III-8. Фрагмент од интервјуто со Цвето Кобал[45]

„По неколку дена нè собраа за транспорт. Околу 1 000 луѓе беа транспотрирани со еден единствен воз. Патот траеше два дена. Додека оде-

[43] Дон Пјетро Бриньоли бил капелан во окупаторската италијанска војска во Словенија и Хрватска. За време на војната тој водел дневник кој подоцна во шеесеттите години е објавен. Тој ѝ бил лојален на Италија, но исто така го опишал и го осудил суровиот третман на цивилното население во Словенија и Хрватска од страна на италијанските војници. За време на италијанската офанзива во летото и есента 1942 година: опожарување на села, убивање заложници, депортирање во концентрациони логори, грабежи ... За сите ужаси што ги видел, Бриньоли ја обвинува самата војна и како да бара одговор за својот немир во војната како универзален виновник.

[44] Стрелање на заложниците или депортација на луѓето во концентрациони логори.

[45] Цвето Кобал е роден на 15.12.1921 година. Тој станал член на Движењето на отпорот во Словенија во 1941 година. Во јануари 1941 бил уапсен и испратен во концентрациониот логор Аушвиц, а потоа во Маутхаузен. Пролетта 1944 година избегал од работниот логор во Линц (Австрија) и им се приклучил на партизаните во Словенија. Во јуни 1944, една илегална партизанска печатница го објавила неговиот памфлет за Маутхаузен, што претставува најраниот познат објавен текст за еден од најстрашните концентрациони логори (види ја илустрацијата).

вме натаму, некои луѓе веќе умреа во нашиот вагон. Беше ужасна жештина, неподносливи услови. Вагоните беа за транспорт на стока, без можност да се користи тоалет. Потоа ги носевме мртвите тела од железничката станица до врвот на ридот каде што се наоѓаше концентрациониот логор. Малку пред да стигнеме во Маутхаузен, еден затвореник беше застрелан само затоа што зеде зелено јаболко од земја...
Говорејќи од моето искуство, би сакал на помладите генерации да им кажам колку е неопходно да се бориме против какво и да е насилство. Никое насилство, дури и со најдобра намера, не може да се оправда...“

Repe, интервју со Цвето Кобал (видео).

Што мисли за насилството Цвето Кобал, кој го преживеал концентрациониот логор Маутхаузен? Дали го споделувате неговото мислење?

**сл. 36 Насловната страна на памфлетот за Маутхаузен**



Овој памфлет е напишан од Цвето Кобал во јуни 1944 година и тоа е најраниот познат објавен текст за еден од најстрашните концентрациони логори.

### III-9. Писмо до Хитлер[46]

Параќин, 25.3.1941 година
ДО АДОЛФ ХИТЛЕР
Берлин
Нишката на правдата е прекината. Завладеаја ароганцијата и силата. Големите ги толчат малите и во својата надменост не знаат за Бога. Немаат душа.
Крволочниот Хитлер ита да не остави ниедна нива на Земјината топка непосеана со јад и чемер. Ни нашава напатена татковина не е поштедена. Ти ја подаваме нашава чесна рака, но ти го сакаш и срцево. Во желбата да освојуваш и толчиш, ти ни го газиш она што низ сите ропства и низ вековите ни беше најсвето - ни ги газиш слободата и честа, ни ја газиш гордоста.
Тебе Хитлеру, сине Каинов, ние децата на великите отци и дедовци ти извикуваме доста. Ако не слушаш, ќе налеташ на бодрите мускули наши. Ќе ти пуштиме крв и со нога на ламја ќе ти згазиме на вратот за да не се кренеш. Запомни дека можеби Господ нè определи кај нас да те стигне одмаздата за сите недела! Запомни!
(потпис) Светолик М. Драгачевац
околиски началник во пензија

Главната управа за безбедноста на Рајхот
Берлин, 16 мај 1942

Полиција на безбедноста и Служба на безбедноста (SD)
Einsatzkommando во Белград
Предмет: Околиски началник во пензија Светолик Драгачевац, Параќин, (Југославија)
Канцеларијата на Фирерот, NSDAP го испраќа

[46] На документот има белешка на српски јазик: „Лицето умре во затворенички логор на 14 јануари 1942 година.“ На денот кога ова писмо е напишано, Југославија се приклучила кон Оската. Два дена подоцна, југословенската влада била соборена со пуч и на 6 април 1941 започнала германската инвазија. Затоа, можеме да претпоставиме дека лицето кое го напишало ова писмо не можело да биде сосема свесно за опасноста на која се изложило.

приложеното писмо од горенаведениот околиски началник во пензија со еден превод. Писмото содржи најбрутални навреди и обвинувања против Фирерот. Ве молам да ги преземете неопходните мерки против авторот на писмото и да известите во случај на неговото успешно апсење.
По налог на:
(потпис) Bastz

Допишано на документот на српски јазик: Лицето умре во логор на 14.1.1942 година.

Историски архив града Београда, БДС. д-77.

Обидете се да ги разберете мотивите за пишувањето на едно вакво писмо. Што мислите, дали Светолик Драгачевац бил свесен за можната опасност кога го пишувал писмото? Ако бил, зошто тогаш, и покрај сè, го напишал?

### III-10. Германските мерки за возврат на кревањето востание во Србија

„...Штом неуспехот предизвика значителна штета за угледот на вооружените сили ... тогаш мислам дека, ако ништо друго барем заради престижот, е неопходно да се дејствува крајно безмилосно најмалку на едно определено место, така што со тој пример ќе ги застрашиме и другите делови на Србија... Жените и децата служат како врска, а освен тоа се грижат и за снабдувањето. Затоа казната треба да ја почувствува целото население, не само мажите...“
Генералот Беме, веднаш по пристигнувањето во Србија, самиот издаде наредба дека „со безмилосни мерки треба да се даде застрашувачки пример за кој за кратко време ќе чуе цела Србија.“
Таквата политика произлезе од наредбите за задушување на Движењето на отпорот во окупираните земји, кои дојдоа од „највисокото место“, од главниот штаб на Хитлер. По наредба на Хитлер, нив ги издаде фелдмаршалот Кајтел на 16 септември 1941 година. На едно место се истакнува: „За да се задуши движењето во самото негово јадро, треба да се применат најдрастични мерки... Во врска со ова треба да се потсети дека во овие земји човечкиот живот често нема никаква вредност и застрашувачкиот ефект може да се постигне само со исклучителна строгост“.

Божовиќ, стр. 23.

Текстот го споменува вооруженото востание што изби во Србија летото 1941 година. Поддршката што населението им ја дава на бунтовничките сили, заедно со загубите што ги претрпеле окупаторските сили, предизвикуваат брутален систематски бран на одмазднички акции, кој есента истата година ја зафаќаат цела Србија. Во септември 1941, началникот на германската окупаторска управа, генерал Турнер, му предлага на генерал Беме (главниот командант во Србија) мерки со кои ќе се возврати на кревањето востание.

### III-11. Масакр на цивилите заложници во Крагуевац [47]

На 20 октомври, околу 7 часот наутро, германските единици под команда на мајорот Кених направија обрач околу градот:
„Потоа обрачот почна сè повеќе да се стега, а германските војници ги собираа мажите, сите по ред... Луѓето беа земани од улица, од дома, од дуќани, кафеани, цркви и сите други установи. Од судовите земаа судии, писари и странки, од училиштата професори, учители, ученици...,а не ги поштедија ни болните од некои куќи.
Вака собраниот огромен број на граѓани, што изнесуваше околу 8 000-9 000 луѓе, го притво-

[47] Октомвриските ликвидации извршени од Вермахтот во Крагуевац, Краљево и други градови низ Србија, во кои се убиени илјадници, претставува трагичен доказ за вистинската, гола суштина на окупаторскиот систем. Од почетокот на август 1941 до средината на февруари 1942 година, 7 776 луѓе се убиени и егзекутирани во борбите, додека 20 149 лица се егзекутирани од стрелачките водови, како одмазда.

рија во топовските шупи...“
На дваесет и први октомври наутро почна стрелањето:
„Убивањето го вршеа на следниов начин: ги земаа луѓето по групи... и така под силна стража ги водеа на губилиштето кое се наоѓаше крај Сушичкиот Поток, Шумарице и топовските шупи. Губилиштето се протегаше на десетици километри. Тука ги убиваа со митралези, пушкомитралези и плотунски пушки (...) За тоа време сите други кои чекаа на ред да одат на губилиште, го слушаа кркорењето на митралезите, пушкомитралезите и пукотниците на пушките, а оние што беа на пат кон губилиштето имаа можност, во очи на самата смрт, на неколку минути сето тоа да го видат со своите очи.“
„Тие (Германците) во летоци објавија дека убиле 2 300 Срби. И тоа не е вистина, зашто само во Крагуевац, без да се земе предвид бројот на убиените по околните села на Крагуевац, тие убија 7100-7 300 Срби.“[48]

Божовић, *Поруке стрељаног града*, стр. 50.

Масакрот на цивилите заложници во Крагуевац следел (според „рецептот за Србија“, кој гласел дека ќе се земаат 100 заложници за секој припадник на окупаторската власт убиен од почетокот на окупацијата и 50 заложници за секој ранет припадник), по нападот на партизанските единици во близината на Горни Милановац во средината на октомври, во кој 10 германски војници биле ранети и 26 биле убиени. Единиците на домашните колаборационисти („Српските доброволни единици“) помагале при апсењето и притворањето на заложниците.
Ова е извадок од сведоштвото на Данило Михаиловиќ, висок полициски службеник во домашната колаборантска управа, кој го посетил Крагуевац неколку дена по масакрот.

Дали германската војска го почитувала воениот закон? Знаете ли за некој сличен случај од вашата земја?

### III-12. Партизански извештај за италијанско-четничките акции во реонот на Лика, летото и есента 1942 година

„Четниците, каде што ќе можеа, ги ограбуваа и ги убиваа Хрватите, посебно симпатизерите на НОБ[49]. Така го убија Иван Шебељ од Глибодол, татко на девет деца, Мија Месиќ од Липац, Мија Фертиќ и неговата жена, инженерот Шариќ од Плашко, инженерот Денисов од Дрежник. Поголемиот број убиства и грабежи ги вршеа со маскирани партизански капи, за да ги прикажат своите злосторства како дело на партизаните. Во почетокот на септември 1942 година учествуваат заедно со Италијанците во акциите во селото Пониква и околината, каде што запалиле и ограбиле 96 српски куќи. (...) Своите злосторства четниците често пати ги оправдуваа со тоа дека, божем, на тоа ги присилиле Италијанците, изразувајќи жалење што запалиле српски куќи, но затоа запалиле повеќе хрватски.“

Jelić-Butić, стр. 161.

Крајната цел на четниците е формирање на Голема Србија која би ги опфаќала и териториите на Хрватска и Босна и Херцеговина. За да го остварат тоа, тие мислеле дека најпрвин треба да ги „исчистат“ посакуваните територии од несрпско население. Четничките акции често пати биле координирани со акциите на италијанската окупаторска војска која го контролирала западниот дел на НДХ[50] .

Како ги оправдувале четниците своите злосторства? Кои критериуми ги користеле четниците кога ги одбирале своите жртви? Зошто и во кои случаи ги напаѓале и куќите на своите земјаци?

[48] Оваа бројка долго време важеше како официјална. Српскиот историчар Венцеслав Глишиќ од почетокот на седумдесетите години и некои автори подоцна покажаа дека бројот на жртвите е преувеличен, но дека е поголем од 2.300.

[49] Народноослободителна борба - партизанското име за Антифашистичкото движење на отпорот.

[50] Независна Држава Хрватска.

**III-13. Ужасите во усташките затвори во Сараево. Во овој случај жртвата е млада хрватска комунистка.**

*Сведочењето на Штефица Белак-Павичиќ*
„Најтешко нешто ми беше да го издржам ќотекот под студен туш во месец декември, во подрумот на УНС, каде што агентите тепаа на смени. Се сеќавам, од голото тело се креваше пареа, а студената вода од тушевите го држаше телото да не падне. А потоа газеа со чизмите, удираа со пендреци и со бичеви, телото ми беше прошарано со крвави модринки. Лежевме на бетонот во ќелиите, врзани. По таков ќотек, бладавме од треска. Применуваа тепање со пендрек по табани, во вид на ʻраженʼ. Сите, главно, минавме низ такви тортури. Некои издржаа, некои не.“

Albahari et al, стр. 432.

Штефица Белак-Павичиќ преживеала ужасно мачење. Не треба да одговорите на прашање, само обидете се да ги замислите последиците што ги имало таквото мачење кај секој поединец што преживеал.

**сл. 37 Фотографија од главниот плоштад во Белград, 17 август 1941 година**



Историски архив на Белград, Збирка фотографии.

Секојдневни сцени за време на окупацијата со илузија на „нормалност“ (луѓето се шетаат во летни алишта, плакат кој ја повикува јавноста на коњски трки на градскиот хиподром и слоганот на германската организација за масовно летување „Kraft durch Freude“/„Сила низ радост“) рака под рака со бруталноста на војната, со обесени тела на заложници на главниот градски плоштад Теразие, 17 август 1941 година.

**III-14. Романската полициска власт известува за состојбата со Ромите депортирани во Транснистрија**

*Билтен на Жандармската инспекција на Одеса*
*за состојбата на духот во Жандармеријата - за месец септември 1943*

Циганите се лоцирани на територијата на округите Березовка и Оцеаков, вкупно 2 441 Цигани. Истата тенденција да се избегнуваат земјоделските работи се потврдува во врска со Циганите и овој месец.
Тие се длабоко незадоволни што се преместени во Транснистрија. Сите се обидуваат, користејќи се со сите можни средства, да се вратат во земјата. Мали групи Цигани беа фатени при обидот да се вратат во земјата со помош на лажни документи и овластување. Жандармите треба интензивно и постојано да ги надгледуваат, за да не избегаат од колониите на Буг.
Тие немаат алишта и ги измачува зимата што доаѓа, зашто се безмалку голи. Како последица од ваквата состојба на фактите, на зима ќе умрат од студ и глад, како што умреа минатата година - и на тој начин наредната пролет ќе исчезне проблемот на Циганите во Транснистрија, откако ќе исчезнат и тие.

*Minoritati etnoculturale. Marturii documentare.*
*Tigani din Romania* (1919-1944), doc.339.

Кои се главните причини за смртта меѓу депортираните Роми? Дали власта презела некои мерки за да ги заштитат депортираните луѓе? Како планирала власта да го реши „проблемот со Ромите“?

**сл. 38 Плакат со имињата на умрените заложници во германската окупирана зона во Словенија**




**III-15. Илија Јаковљевиќ го опишува животот во концентрациониот логор „Стара Градишка“ (дел од системот на концентрациониот логор Јасеновац).**

„Под ќелијата има подрум кој пролетта беше полн со вода, измешана со фекалии, што пробиваше од Сава низ некој канал, измешана со фекалии. Каналот е, имено, поврзан со Сава. Пред Сава да почне да расте, излезот на каналот треба да се затвори, така што водата нема да може да пробие. (...) Усташите, кога го презедоа бившиот затвор, не го знаеја тоа и пролетта го оставија излезот отворен, па Сава пробиваше низ каналот и го полнеше подрумот до висината на својот водостој. (...) За да си ја згаснат жедта, овие избезумени луѓе[51] ги спуштаа чевлите до подрумското прозорче, а низ тоа прозорче во подрумот. (...) Така се снабдуваа со вода. (...) Чевлите, исто така, беа протнувани низ цевката на оџакот, за да се дојде до валканата течност. Еден затвореник, кој имаше должност секој ден да го мие ходникот пред таа ќелија, ми раскажуваше:
- Од сите работи што ги вршев во логорот, овој, под тие околности, беше најстрашен. Ќе ја донесам кофата со вода и ќе го исплискам ходникот. Под вратата на проклетата ќелија ќе се покажат прсти. Тоа некој си ги кваси рацете. Ќе здогледам понекогаш и по некоја лажица. Кутриот фаќа валкана вода. Некои дури ги подметнуваа и чевлите, а некои легнуваа на подот и ја лижеа замачканата течност. Прагот е низок, па како што ќе заплискав, водата по малку ќе пробиеше и во ќелијата. И додека едни се фрлаат на секоја капка, други викаат: 'Не плискај, не плискај! Престани веќе еднаш, не можеме да слушаме како плиска вода.' “

Jakovljević, стр. 164-165.

Илија Јаковљевиќ, предвоен политичар и член на Хрватската сељачка странка бил затворен во логорот во Стара Градишка. Стара Градишка била составен дел од системот на концентрациониот логор Јасеновац. Бројката на жртвите во Јасеновац, од кои мнозинството биле Срби, но, исто така, и Евреи, Роми, Хрвати, Бошњаци и други противници на усташкиот режим е контроверзна. Според најновите приближни проценки бројката на жртвите изнесува помеѓу 70 000 и 100 000. (на пр. види: Igor Graovac, Dragan Cvetković, *Ljudski gubici Hrvatske 1941-1945 godine: pitanja, primjeri, rezultati*…, Zagreb, 2005).

**III-16. Писмо до семејството од концентрациониот логор „Стара Градишка“**

„Пред некој ден ронеше солзи во мојата (*на Дика*) соба. Знаете ли вие дека тој мене ми изјави еден вид љубов? Му реков сега тоа да го остави настрана. Не ми е мене овде до тоа. Тој најпрвин треба кај мене да се здобие со почит,

[51] Затворениците што ги мачеле со жед.

да поправи каде што згрешил, да им помага на луѓето. Ветува дека ќе биде ‘добар’. Ме уверува дека нема да ме остави ни во најкритичниот час. Додека е тој тука, мене нема никој да ме малтретира. Ако стигне налог да ме ликвидираат, тој лично ќе дојде по мене и ќе го стори тоа. Ќе ми даде топка во тилот. Ме уверува дека тоа, воопшто, не боли, но не би сакал на себе да го испроба. Ете, такви разговори водиме. Веќе успеав преку него да фатам некои други врски. Станав гатачка. Им фрлам (*на усташите во логорот*) карти, погодувам, чудо едно. (...) Нема друго, отидовте вие на слобода, а мене не ме пуштаат ни внатре во затворот. Трипати среќен пак. Запаметивте ли сè што треба да им порачате на моите? Не заборавете да го бакнете девојчето од мамичка!“

Jakovljević, стр. 304.

Ова писмо му било тајно врачено на Јаковљевиќ од неговата сомаченичка во логорот, една жена по име Дика, припадничка на партизанското движење на отпорот. Јаковљевиќ требало набргу да биде пуштен. Во додатокот на писмото Дика ја опишува својата необична врска со еден од затворениците во логорот, којшто бил познат под псевдонимот Возвишениот. Со оглед дека бил усташ, Возвишениот имал подобар третман во логорот од другите затвореници (комунисти, Евреи, Роми и Срби).

Во првиот фрагмент е даден опис на тоа како усташите ги мачеле затворениците со жед. Може ли да се најде некоја разбирлива причина за таквото мачење? Дали е тоа поврзано со страната на која се бореле во војната или со нивниот карактер, темперамент и сл.? Што мислите за однесувањето на Возвишениот? Каков е неговиот (на Возвишениот) однос спрема затворениците, спрема нивното убивање и, воопшто, спрема нивниот престој во логорот?

### III-17. Еден усташки војник ги опишува своите брутални дела

„Си ги арчеше (*Возвишениот*) деновите во дуќанот - беше, вели, раководител во голема фирма - а ноќе по барови и крчми, и одвај дочека да му се посвети на својот животен повик. (...) Возвишениот е повеќе од политичар, тој е роден организатор во сите области. Особено му е тешко што не може војнички да дејствува, иако неговиот стратешки талент е невообичаен. Тој веднаш би ја исчистил земјата од сите нејзини непријатели. Ете, како во Босна успешно ја изврши доверената задача! Кога Унгарците по крахот ги потераа доброволците (*на југословенската војска*), побрзаа во својот босански роден крај, во старата, но сепак родна земја. Требаше тие луѓе да се евидентираат.

- Како го сторивте тоа?
- Едноставно, наредив да ги викнат и тие се јавија. Им беше речено дека привремено ќе одат во едно село каде што сигурноста е апсолутна. Јас се погрижив по пописот да бидат добро хранети. Потоа наредив да ги испратат во затворени вагони.
- Каде?
- До една помала станица. Немате претстава дека за сето тоа се доволни само неколку момчиња. Беше преврат, бегалците изгубија глава. Ликвидацијата ја извршија Циганите. А потоа се ослободивме и од тие гниди. Жал ми е што морав, освен Циганите, да ликвидирам и неколкумина наши кои учествуваа во таа работа. Работеа на своја рака, а усташката власт не може да ја преземе одговорноста за нивното самоволие. Штета за нив, но татковината бара жртви од своите најдобри синови. Бевме покриени - виновниците ги казнивме. Резултатот беше еден спрема сто. (...) Сакаше наместо омразата и чувствителноста да истакнува други, повисоки мотиви за својата дејност. Ги бараше и, веројатно, ги најде во чистењето на хрватската земја од Срби и на хрватското стопанство од Евреи.“

Jakovljević, стр. 54, 57.

„Усташката власт во НДХ вршеше репресија врз некои етнички малцинства: Србите, Ромите и Евреите. Припадниците на овие етнички малцинства беа лишувани од своите имоти, испраќани во логори и убивани. Истиот третман се применуваше и на Хрватите и Бошњаците кои не се согласуваа со усташкиот режим. Политиката спрема Евреите не се разликуваше од онаа што се спроведуваше во нацистичка Германија. На Евреите им беа одземени сите граѓански права, а браковите меѓу Евреи и лица од ‘ариевско’ потекло беа забранети со ‘статутарната одредба во врска со заштитата на ариевската крв и честа на хрватскиот народ’.“ Ова е еден од големиот број разговори што гореспоменатиот Илија Јаковљевиќ ги водел со еден (исто така веќе претходно споменат) од затворениците во логорот Стара Градишка, усташот наречен *Возвишениот*.

Дали Возвишениот мисли дека извршил злосторство? Како тој ги оправдува своите дела и како се мотивира да убива луѓе? Како го оправдува убивањето на своите луѓе?

**III-18. Партизанските злосторства во Блајбург. Колин Ганер, поручник во Кралската ирска пешадија, сведочи за тоа како заробениците минуваат крај него додека тој ги гледа...**

„...усташите кои ги водеа во смрт припадниците на Титовата војска. Усташите, всушност, беа Југословени кои од почетокот се бореа на страната на Германците. Сега, откако победија Титовите комунисти, овие требаше да се заколат, буквално да се заколат. Редот се чинеше бескраен и го водеа преку мостот на Дрина кон југословенската страна. Мажи, жени, деца и бебиња во раце, сите прегладнети, одеа прогонети од Титовите луѓе кои јаваа на понија и ги носеа озлогласените козачки бичеви со челични краеви, ‘нагајки’, со кои можеш на човек да му го распараш лицето само со еден замав. Нив ги употребуваа слободно...“

Bleiburg, стр. 141-142.

Југословенските партизани се сметале себеси за војници кои ги почитувале законите на војната и имале аверзија спрема злосторството, па се прикажувале себеси во таква светлина. Тие тврделе дека по тоа тие се разликуваат од злосторничките фашистички војски. Сепак, тие не се колебале во однос на смртната казна за затворениците, како и за цивилите кои биле идентификувани како (или макар постоело сомневање дека се) колаборационисти со окупаторските сили или со усташката власт.
Во мај 1945 година, партизаните протерале разни фашистички војски од територијата на Југославија во правец на северозапад. Усташите, заедно со еден број цивили од Хрватска, се движеле кон денешната словенечко-австриска граница за да им се предадат на британските единици (наместо на партизаните). Но Британците не го прифатиле нивното предавање, така што тие морале да им се предадат на партизаните. Многу од воените заробеници биле убиени и мачени од војниците на победничката војска. Тоа започнало во малото место Блајбург (Австрија) и продолжило подоцна кога заробениците биле натерани на марш кон југ, подлабоко во територијата на Југославија (овој марш е познат како „крижни пут“/*патот на крстот*).

Што ги предизвикало масовните одмазди на крајот на војната? Споредете ги со сличните манифестации на „триумфалниот гнев“ на другите воени сцени (Хирошима, Дрезден, судетските Германци, француските колаборационисти и др.) Дали одмаздничкото однесување на крајот на војната може да се оправда со борбата за вистинската кауза за време на војната?

### III-19. Тито за партизанските злосторства во мај 1945[52]

„Што се однесува до овие предавници кои се најдоа во нашата земја, кај секој народ посебно - тоа е работа на историјата. Раката на правдата, одмаздничката рака на нашиот народ веќе стаса огромно мнозинство од нив, а само еден мал дел успеа да побегне под покровителска закрила надвор од нашата земја."

Bleiburg, стр. 41.

Дали „одмазничката рака" е нужна, како и „раката на правдата", дали е тоа исто, како што се сугерира во изворот? Објаснете го исказот: што е за некого злосторство, за друг е правда.

**сл. 39 *Жртви*, Владимир Филаковиќ, масло на платно, Загреб 1943**



Историски музеј на Хрватска

Опишете ја сликата. Каков товар има на вагонот? Што мислите за користењето на ужасите на војната како предмет на уметничко дело? Што мислите, каков е ставот на уметникот спрема ужасите што ги насликал?

## IIIв. Холокаустот

### III-20. Од бугарскиот закон за заштита на нацијата

*24 декември 1940*

Член 21. На индивидуите од еврејско потекло не им е дозволено:
а) да станат бугарски државјани. Жените од еврејско потекло го добиваат државјанството од своите сопрузи;
б) да гласаат или да бидат избирани, било на јавните избори или на изборите на кој и да е непрофитен сојуз, освен во случаите кога изборите се однесуваат на организации само на индивидуи од еврејско потекло;
в) да заземаат позиција во државната, општинската или која и да е друга јавна власт - освен во организации само на индивидуи од еврејско потекло;
г) да се венчаваат или да живеат во заедница со индивидуи од бугарско потекло; браковите меѓу индивидуи од еврејско потекло и Бугари, склопени по стапувањето на сила на овој закон, ќе се сметаат за неважечки.
Член 23. (...) Не им е дозволено на индивидуите од еврејско потекло, во иднина да се населуваат во Софија.
Член 24. Индивидуите од еврејско потекло не смеат да поседуваат или да изнајмуваат недвижен имот, ниту лично ниту преку застапници, а во селата, со исклучок на одмаралиштата, не им е дозволено да поседуваат никакви градби.
Член 26. Советот на министрите има право, следејќи го извештајот на министерот за трговија, индустрија и труд, на индивидуите од еврејско потекло да им го ограничи, целосно или делумно, личното учество или учеството преку капитал во некои гранки на трговијата, индустријата и занаетчиството.
Во рамките на еден месец од стапувањето во сила на овој закон, сите индивидуи од еврејско потекло се должни да го декларираат сиот свој имот.

*Оцеляването. Сборник документи 1940-1944*, стр. 157-161.

[52] Злосторствата извршени на крајот на војната долги години беа табу-тема во повоена Југославија.

Има ли сличен документ во вашата земја од тоа време? Дали антисемитската политика во земјите на Југоисточна Европа била наметната исклучиво поради влијанието на Германците? Дали германските сојузници имале избор? Треба да се проанализира и името на овој закон: дали бугарската (или која и да е друга) нација навистина имала потреба да се заштити себеси од Евреите?

### III-21. Бугарските пратеници протестираат против депортирањето на Евреите[53]

(...) Се шират гласови дека бугарската влада има намера да ги екстрадира овие луѓе од нашата земја. Тие гласови мора да се неосновани и злонамерни, зашто овие луѓе се бугарски државјани и екстрадикцијата ќе има негативни импликации не само со тоа што ќе претставува срам за националниот карактер на Бугарија, туку и со тоа што ќе има последици врз идните меѓународни односи.

Малите нации ја немаат таа слобода да ги игнорираат моралните прашања. Строгиот морален карактер е нашето најсилно оружје против сите идни неправди. Тоа има огромно значење за нас. Вие, драг Премиеру, бездруго се сеќавате дека не многу одамна и ние самите ги почувствувавме тешките морални и политички последици од некои морално застранети законски решенија формулирани од неодговорни поединци.

На која бугарска влада би посакале во иднина да ѝ го оставиме товарот на една таква одговорност?

Во Бугарија нема многу Евреи. Моќта на државата е голема и вооружена со многу законски средства за потчинување на секакви криминални елементи, без оглед на нивното потекло. Затоа не е неопходно да се пристапува кон нови и исклучително сурови мерки кои може на Бугарија во иднина да ѝ донесат обвинување за учество во масовно убиство. Одговорна за тие обвинувања ќе биде сегашнава влада на Бугарија, но таквите обвинувања ќе му останат во наследство на бугарскиот народ сега и во иднина. Резултатите од таквата политика лесно можат да се предвидат и затоа таа не смее да се допушти. Ние нема да можеме да споделуваме никаква одговорност за тоа. (...)

*Оцеляването. Сборник документи 1940-1944*, стр. 216-218.

Ова е протестна изјава (од 26 декември 1943 година) до премиерот од Д. Пешев, потпретседавачот на 25. сесија на Бугарското национално собрание, и 42 други пратеници, против депортирањето на Евреите надвор од границите на Бугарија. Тие инсистирале новите антиеврејски мерки да се базираат врз реалните политички интереси, а не врз етничките погледи на бугарскиот народ. Тие го поставиле прашањето дали владата ќе ја преземе огромната историска одговорност да депортира невини граѓани за да ѝ погоди на една странска сила.

Прокоментирајте ја следнава реченица: „Малите нации ја немаат таа слобода да ги игнорираат моралните прашања.“ Дали тоа значи дека „големите“ нации ја имаат таа слобода? Кои биле стравувањата на авторите на оваа протестна изјава за иднината?

### III-22. Наредба издадена од Воената команда, Белград

*25 април 1941*

ВОЕНАТА КОМАНДА НА БЕЛГРАД

НАРЕДБА

1) Сите Евреи населени во Белград можат да купуваат прехранбени и други производи на плоштадите и пазарите секој ден само по 10:30 часот. Трговците не смеат пред тоа да им продаваат.

[53] Според договорот меѓу Бугарија и Германија од 22 февруари 1943, 20 000 Евреи требало да бидат иселени од териториите што ги окупирала Бугарија (речиси целата територија на денешна Република Македонија, делови од јужна Србија и делови од североисточна Грција). Во март 1943 година, се депортирани приближно 15 000 Евреи од наведените територии во концентрациониот логор Треблинка. Бугарската влада не ги депортирала бугарските Евреи.

2) На јавните чешми и на другите места каде што граѓаните чекаат во ред, Евреите можат да застанат во редот дури откако другите ариевски граѓани ќе се снабдат со потребната стока.
3) На сите трговци им се забранува, по повисоки цени и воопшто под рака да им продаваат прехранбени производи и друга стока на Евреи.
4) Евреите кои ќе ја прекршат горнава наредба ќе бидат казнети до 30 дена затвор или со парична казна до 10 000 динари. По проценка можат да бидат испратени и во концентрационен логор.
Со истите казни ќе се казнуваат и трговците наведени во членот 3) од оваа наредба.
5) За изрекување на казните според оваа наредба надлежна е Полицијата во Белград, односно нејзините станици.
Оваа наредба стапува во сила веднаш.
Издадено на 25 април 1941 година во Белград.

Полковник и командант
Von KAISENBERG

Божовић, Београд под комесарском управом 1941, стр. 54.

Зошто на Евреите не им било дозволено да купуваат храна пред 10:30 часот наутро? Какви биле казните за непочитувањето на оваа наредба?

### III-23. Јон Антонеску го осудува погромот во Јаши[54]

4 јули 1941
*Наредба 255 на генерал Јон Антонеску, лидерот на државата, до воените и полициските единици во земјата, во врска со крвавата одмазда против Евреите во Јаши.*

Нередите што се случија пред неколку дена во Јаши, ги прикажаа војската и власта во крајно неповолна светлина.
При повлекувањето од Бесарабија, за војската ќе беше вистински срам да прифатеше да биде навредена и нападната од Евреи и комунисти без да реагира. Срамот е уште поголем кога војниците според сопствена иницијатива и долготрајно го ограбуваат, малтретираат или напаѓаат еврејското население и убиваат кого ќе стигнат, како што се случи тоа во Јаши.
Евреите со векови го ограбуваа романскиот народ, го осиромашуваа, шпекулираа и го запреа неговиот развој. Потребата да се ослободиме од оваа чума што го зафатила романскиот народ е неспорна, но само владата има право да ги преземе неопходните мерки. Тие мерки се во фаза на спроведување и со нив ќе се продолжи според нормите што јас ќе ги донесам.
Не може секој граѓанин и секој војник да се зафаќа со решавањето на еврејскиот проблем преку кражби и колежи.
Со таквите постапки само покажуваме дека сме недисциплиниран и нецивилизиран народ и фрламе неубава светлина врз авторитетот и престижот на државата.
Со ова целосно ја прекинувам секоја акција започната со индивидуална иницијатива и ја задолжувам воената и цивилната власт строго да ја спроведуваат оваа наредба. Оние што ќе ја прекршат или ја прекршиле гореспоменатата наредба, ќе бидат гонети и казнети според најстрогите казни предвидени со законот.

Генерал Јон Антонеску

*Evreii din România între antii 1940-1944*, т. 2: doc. 98.

Која е официјалната позиција на Јон Антонеску за погромот во Јаши? Дали осудата на нередите во Јаши открива про-

[54] На 30 јуни 1941 година, романската влада објавила дека 500 „Евреи-комунисти“ се егзекутирани во Јаши, бидејќи отвориле оган на романските и германските војници. Факт е дека на 28-29 јуни било пукано на војниците. Немало жртви, но се ширеле гласови дека Евреите-комунисти имале намера одзади да ги нападнат војските на фронтот. Биле уапсени илјадници Евреи и некои биле убиени. Командантот на 14-та романска дивизија се ослободил од уапсените Евреи со нивно депортирање. Според официјалните податоци, од вкупно 4 430 луѓе депортирани во два воза, преживеале околу половината од нив.

еврејски став? Кому му е доделена одговорноста да го реши еврејскиот проблем во Романија? Иако Антонеску го обвинува еврејското малцинство за преземените акции против романската војска, тој се декларира себеси како противник на спроведувањето на „конечното решение“ на еврејскиот проблем. Се согласувате ли дека тоа било само реакција против поединечни акции на ограбување и злосторство? Какви резултати може да има таквиот став кога доаѓа од лидерот на државата? Кое е вашето мислење за колективната вина?

▶ **сл. 40 Турска карикатура**




*Akbaba*, 24 август 1939.

Превод: Брод натоварен со Евреи пристигнува во пристаништето во Измир. Евреинот: Немаме пари! Гладни сме! Ве молиме, дозволете ни да излеземе само на пет минути, па да се вратиме на бродов како богати луѓе!

Која била целта на карикатурава? Каков стереотип се застапува во неа?

▶ **сл. 41 Турска карикатура**




Bali, *Cumhuriyet'in Yurttaşlar?*

Октоподот што го опфатил светот ги претставува Евреите (објавено од Антиционостичкото друштво на Турција): „Опасноста што го опколува светот - светското еврејство - ционизам. Нема спокојство на земјата додека ја има оваа чума.“

### III-24. Концентрациониот логор Сајмиште, Белград

*Од изјавата на Хедвига Шенфајн, затвореничка во логорот Сајмиште*

„Веднаш по нашето пристигнување во логорот, Германците соопштија дека логорот постепено ќе биде испразнет, бидејќи на Сајмиште ќе ги

донесат комунистите, но не сакаа да кажат каде ќе нѐ одведат...За првиот транспорт ги повикаа луѓето да се јават доброволно, и тоа прво ја повикаа групата со којашто дојдов и јас - Евреите од Космет. (...)
На оние што беа определени за транспорт им беше наредено - или, поточно, беа љубезно посоветувани - да ги понесат со себе највредните работи, а сето друго внимателно да го спакуваат и на пакетот да ја стават својата точна адреса. (...)
Така транспортите заминуваа, речиси, секој ден. Во неделите и на празниците обично немаше транспорти, но имаше денови кога автомобилот доаѓаше и по двапати. Шоферот на сивиот автомобил често влегуваше во самиот логор, ги собираше децата околу себе, ги галеше, ги држеше в раце и им делеше бонбони. Децата го сакаа и секогаш кога ќе дојдеше, му трчаа во пресрет по бонбони. Никој во логорот и не помислуваше дека луѓето ги водат во смрт. Цврсто се веруваше дека станува збор за селидба во некој работен логор.“

*Злочини фашистичких окупатора и њихових помагача против Јевреја у Југославији*, стр. 33 и 34.

На окупираната територија на Србија живееле околу 17 800 Евреи. Од нив околу 14 000 биле убиени. Во логорот на Сајмиште во Белград умреле 6 320 српски Евреи. За таа цел во логорот на Сајмиште од Германија бил донесен специјален камионет со гасна комора. Освен во логорот Сајмиште, најмногу од мажите српски Евреи, заедно со Србите и Ромите, го завршиле животот во масовните стрелања на заложници во 1941 и првата половина на 1942 година. Таа злосторничка акција ја организирала и систематски ја спровела германската војска (главно редовната војска на Вермахтот).

Прокоментирајте го однесувањето на возачот на сивиот автомобил. Дали тој знаел што се случува таму?

**сл. 42 Непознато девојче чека за депортација во близината на Целје во Словенија**



### III-25. Страдањата на една млада Еврејка од Сараево

*Сведоштвото на Хиба Зилџиќ-Чехајиќ*
„Стравичните настани што се случуваа откако започна војната, дефинитивно ја формираа физионимијата на илјадници млади сараевчани, меѓу нив и на огромен број женска младина. Имав шеснаесет години и одев во шести клас гимназија. Во градот прво ги распуштија училиштата, а во училишните згради се всели војската.
Во моето соседство живееја многу Евреи. Имав блиска другарка, Регина Финци. Мајка ѝ тогаш држеше мала трафика на аголот на Баш-чаршија. Ги посетував и гледав како со денови трепераат на секој шум, на секој чекор, чекајќи

кога ќе ги депортираат во концентрационен логор. Работите им беа спакувани. Еден ден ги однесоа во собирниот логор, од којшто Регина успеа да побегне и да се скрие во нашата куќа. За жал, иако ние ја наговаравме да ја скриеме, таа немаше сила да се оддели од семејството. Повторно отиде во логорот, за да ја подели судбината со своите најблиски. Тој прогон на еврејското население и атмосферата на ужас во нивните семејства, којашто и непосредно ја доживував, ми останаа како најсилни впечатоци што, сè уште, ги носам од тој период.
Во градот почнаа да се шират гласови за концентрационите логори Градишка и Јасеновац и за депортирањето и мачењето на комунистите и патриотите. Стигнуваа вести за монструозни колежи на српското население по селата, за фрлање во јами и понори, за опожарување на села, а малку подоцна и вестите за четничкиот колеж на муслимани во краевите кон Дрина, за крвавите реки, опожарените села и гратчиња, за населението во безглаво бегство без ништо никаде. Во градот почнаа да пристигнуваат мухаџирите - бегалци од краевите околу Фоча, Рогатица, Вишеград. Муслиманските семејства ги примаа избезумените деца кои останале сираци. Давам само делчиња од таа ужасна атмосфера како што јас ја доживеав. Тоа, значи, беше фашизмот на дело, во сета своја свиреност и изопаченост.“

Albahari et al, стр. 495-496.

Оценете го однесувањето на Регина. Што би сториле вие да сте на нејзино место? Дали одлуката што ја донесла била едноставна? Што ви кажува овој извор за истрајноста на човечкиот дух во услови на еден многу репресивен режим?

### III-26. Антиеврејските мерки во Грција

*Белешки за сегашната состојба на грчкото еврејство*
*од А. Л. Молхо*
*Каиро, 12 октомври 1943*
Антиеврејските мерки и квислиншките влади

(...) Останува фактот дека сè до месец февруари оваа година, Евреите од Грција, и de jure и de facto, го уживаа истиот статус како и секој друг грчки граѓанин. Мерките што на гореспоменатиот датум беа воведени против Евреите од Солун и цела Македонија, потекнуваат исклучиво од германската окупаторска власт. Тие дејствуваа, како што самите признаваат, во согласност со мошне прецизни наредби што ги добиле од највисоко ниво. Грчката власт упорно одбива да се идентификува со овие мерки. Православната црква го крена својот глас против нив. (Меморандум од архиепископот на Атина до германската власт.) Лидерите на политичкиот свет, како и професионалните и граѓанските организации, веднаш му се приклучија на овој протест. Притисокот на грчкото јавно мислење беше толку моќен што квислиншкиот премиер, г-н. Јоанис Ралис, мораше да изјави дека ќе интервенира од името на еврејскиот елемент. Не е познато дали тој го одржа тоа свое ветување. Како и да е, тоа официјално не се манифестираше.

Documents of the History of the Greek Jews, стр. 280.

Кога во Грција биле воведени мерките против Евреите, најразновидни организации и институции, меѓу кои и Црквата, Атинската полиција и комунистите, им дале отворена и ефикасна поддршка. ЕАМ, најмоќната организација на отпорот во Грција, била најефикасна во помошта, помагајќи им на Евреите да се кријат или да бегаат и така да преживеат. Таа им ги расипала плановите на нацистите со тоа што ги уништила записите на Еврејската заедница во Атина и со тоа што му помогнала на рабинот да пребегне на територијата што ја држела ЕАМ. Илегалниот печат на ЕАМ редовно објавувал апели до населението да им помогне на своите еврејски сонародници, додека организацијата им овозможувала на грчките Евреи бегство на Блискиот Исток или регрутирала доброволци во своите редови. Помогнала и Православната црква преку обидите да ги запре депортациите. Архиепископот Дамаскин се сретнал со ополномоштениот пратеник на

Рајхот во Грција и му врачил остар протест поради мерките што биле преземени против Евреите во Солун (види го документот I-40).

Како реагирала грчката власт на мерките кои биле усвоени против Евреите од Солун?

**III-27. Извадок од мемоарите на еден грчки Евреин од Солун (1941-43)**

„Во првите денови на јули 1942 година, солунските весници објавија официјална изјава на германскиот воен командант на Солун и Егејот, во која се повикуваа сите мажи Евреи на возраст меѓу 18 и 45 години да се појават на плоштадот Елефтеријас во сабота наутро, на 12 јули, или да се соочат со најстрога казна за непридржување кон наредбата. Тоа беше првата официјална манифестација на антисемитска политика во Солун од почетокот на окупацијата. (...) Собирот го одбележаа неколку случаи на малтретирање на Евреи од страна на германските офицери и војници. Некои од оние што задоцнија, беа брутално тепани со раце, нозе и бичови. Притоа, една група германски пешадијци покажаа прекумерна суровост. Членовите на германската воена полиција (F.G.) ги пуштија кучињата на некои Евреи кои се осмелија да запалат цигари или да си ги покријат главите од жешкото јулско сонце. Други, кои се уморија од долгочасовното чекање па седнаа на земја, до крв беа претепани од луѓето на Гестапо. Други Евреи, пак, беа принудувани да прават тешки физички вежби со часови и им се заканувaa со ќотек ако ги прекинат. И на крајот, други групи Германци ги тераа Евреите да изведуваат понижувачки активности (салто) пред очите на љубопитната христијанска публика. Целата претстава беше снимена на фотографии од страна на Германците и репортерите, а фотографиите беа објавени во грчкиот печат уште наредниот ден, проследени со типични антиеврејски описи. (...)
Подоцна имаше уште други случаи на своеволие против Евреите, како што беше присилното протерување на петнаесетмина дуќанџии (трговец, бакал, месар и др.) од централниот пазар на улицата Цар Ираклиу, и нивното заменување со христијански трговци кои беа донесени од други делови на градот. Овој метод им донесе корист на христијанските дуќанџии и им ги разбуди апетитите на другите конкуренти на Евреите. Оттогаш Германците редовно протеруваа еврејски дуќанџии од централните локации и донесуваа христијански трговци кои или им беа пријатели на Германците или имаа богато поткупено некои познати посредници.“

Giakoel, стр. 57-58, 98-99.

Ако ги анализираме факторите кои имале влијание врз бројот на преживеаните Евреи низ разните еврејски заедници во Грција, треба да го земеме предвид растојанието од најблиските области под контрола на движењето на отпорот и присуството на ефикасно антифашистичко движење, степенот на асимилираност и прифатеност од општеството и способноста и волјата на локалниата власт. Повеќето Евреи кои преживеале се гркофони кои живееле во исти населби со грчкото православно население. Степенот на нивната асимилираност им овозможил потешко да бидат лоцирани, а ова, пак, влијаело, исто така, и на желбата на останатиот дел на населението да им помогне. Тоа што најголемиот дел на грчките Евреи истребени од нацистите за време на Втората светска војна се од Солун се должи не само на фактот дека таму била најголемата еврејска заедница во Грција (околу 50 000 од вкупно 73 000 грчки Евреи живееле во Солун), туку може да му се припише и на фактот дека Евреите од Солун говореле шпански „сефардиски“ дијалект (ладино) и, главно, живееле во соседства одвоени од грчкото православно население. Еврејското население од градот било депортирано главно во Аушвиц. Само 17% од Евреите кои живееле во Грција пред Војната, ги преживеале ужасите на нацистите.

Кое е вашето мислење за христијанските трговци кои ги презеле поранешните еврејски дуќани?

**сл. 43 Белградскиот концентрационен логор на Бањица**



*Злочини фашистичких окупатора*, стр. 211.

**сл. 44 Концентрациониот логор Уштица, (дел од системот на концентрациониот логор Јасеновац), 1942.**



Mataušić, Јасеновац 1941-1945.

Група жени и деца пред *Куќата на лелекот* (Кућа лелека).

Опиштете ја оваа фотографија. Какви чувства се забележуваат на лицата на затворениците? Објаснете го името *Куќата на лелекот*.

**III-28. Писмото на Розалија Кремер до канцеларијата на Павелиќ, 20 октомври 1941**

„Јас сум мајка на 17-годишна ќерка Бела што ја викаат Белушка. Мојата ќерка е уапсена на 1 септември 1941 година без никаква врска со другите апсења што беа спроведени против Евреите и Еврејките од Кустошија каде што имаме мал дуќан со мешана стока.

Неколку дена ќерка ми се наоѓаше во полицијата на Петринска улица и јас таму ѝ носев храна.

Еден ден кога ѝ однесов јадење, ми рекоа дека не можат да ја примат храната затоа што таа веќе не се наоѓа таму. Оттогаш веќе не разбрав каде ми се наоѓа ќерката и секоја трага ѝ се загуби.

Колку што знам, не се наоѓа во ниеден од постојните логори, или барем јас не можев да разберам, така што веќе и се сомневам дека е уште жива.

Напоменувам дека ќерка ми никогаш не се занимавала со политика, од своето детство живее со мене во Кустошија и ми помага во дуќанот. Ќерка ми беше млада и многу добра девојка и сите жители на Кустошија многу ја сакаа, зашто беше љубезна со секого, секогаш насмеана и готова секому да му помогне.

Молам да ме известите што е со ќерка ми, дали е уште жива и ако е, во кој логор се наоѓа, за да можам да ѝ пратам барем малку топла облека, зашто не може во тенок фустан каков што имаше на себе кога замина да ја помине цела зима.

Напоменувам дека мојот сопруг е шлогиран и дека освен Белушка имам уште две сосема мали деца околу кои имам многу грижи и работа, така што не можам сама да ја завршам сета работа, а мојата постара ќерка ми беше единствената помош."

Goldstein, 365-366.

Кога писмово било пишувано, Бела веќе била убиена.

Како го објаснува г-ѓа Розалија своето барање? Зошто таа не вели директно дека била направена голема неправда, односно злосторство? Дали мислите дека во некои случаи самите жртви почнале да ја прифаќаат таквата злосторничка реалност како нешто нормално? Истото прашање важи и за оние што ги вршеле злосторствата, како и за мнозинството кое молчело.

Превод: Изложба за развитокот на еврејството и неговата деструктивна дејност во Хрватска пред 10 април 1941 година. Решение на еврејското прашање во НДХ.

**сл. 45 Насловната страница на еден каталог од антиеврејска изложба во Загреб, 1942**




Опишете ја илустрацијата и нејзиното значење. Дали ваква антиеврејска изложба се одржала и во вашата земја? Можете ли да замислите како изгледала изложбата?

# ЧЕТВРТО ПОГЛАВЈЕ:
## Човечката солидарност

Целта на ова поглавје е да внесе малку оптимизам во мрачните теми на војната и да покаже дека дури и во најтрагичните епизоди од историјата на човештвото имало човечност, дека и во најхаотичните воени околности имало луѓе подготвени да помогнат, понекогаш преземајќи ризици и ставајќи ги во опасност својата сопствена безбедност и живот.

Понатаму, ова поглавје содржи неколку извори кои говорат за необичното и неочекувано однесување во секојдневниот живот за време на војна. Тие извори илустрираат ситуации кои се двосмислени од морална гледна точка: тие не биле секогаш јасни и токму поради тоа денес ни даваат можност за анализи и дискусии (на пример: IV-1 и IV-2). Корисен пристап во тој поглед е да се поттикне методот на идентификување со луѓето за кои се зборува, на пример, ако учениците ги играат улогите на реалните луѓе од дадените ситуации и ако тие се обидат да го предвидат нивното однесување и да ги разберат нивните чувства во опишаната ситуација.

### IV-1. Разговор меѓу партизан и усташ

‘Што ми ја арчиш муницијата, мајчето твое усташко!’
Тој, имено, усташката муниција уште однапред си ја смета за негова, па му е жал за секој испукан куршум.
‘Дојди по неа, не плаши се, мамичето твое!’ одговара усташот.
Но тоа е само почетокот на еден содржински разговор кој има главно ‘политички’ карактер. (...) Усташот не верува во постоењето на партизаните и сите нас нè смета за четници. Четници и одметници, а сето тоа ти е едно па исто и сите се борат против Хрватите во корист на Србите и Евреите. Побара *(усташот)* од Сврабо да ги опцуе крал Петар и кралица Марија, како доказ дека не е четник. Сврабо со најголемо уживање му ја исполни желбата, ама веднаш побара од усташот да го опцуе Павелиќ. (...)
И токму кога усташот замолкна, зашто ниту можеше ниту сакаше да го опцуе Павелиќ, а Сврабо повторно му се обрати, некој провокатор распука на него рафал. Додуша, не го погоди, но го прекина насред збор, па Сврабо се скри.
‘Ранет си?’, го запраша неговиот усташ загрижено.
‘Не сум!’, одговори Сврабо.
‘Што пукаш на него, мајчето твое усташко, гледаш дека разговарам со човекот’, се налути усташот на оној што ги прекина. (...)
‘Да го фатам, ќе го пуштам, чесен збор!’ изјави Сврабо великодушно. Но во таа негова изјава нема ни трошка вистина. Попрво врбата ќе роди грозје одошто Сврабо да пушти усташ.“

Šibl, стр. 203-204.

Во голем број пасуси кај Иван Шибл се опишани кратки и непланирани изливи на почит меѓу припадниците на противничките војски кои се бореле во Хрватска. Силни борби имало во Славонија во почетокот на 1943 ите) им биле на растојание од околу 60 метри воздушна линија, така што војниците од двете војски можеле без проблем да комуницираат. Партизанскиот другар на Шибл, Милан Сврабиќ-Сврабо, често разговарал со еден од усташите. Овде е пренесен еден од нивните разговори, кој започнал откако се слушнал истрел од усташката страна.

Што мислите, дали такви разговори имало и на другите боишта, и во другите војни, или, пак, станува збор за изолиран настан во кој на војниците им било здодевно, па си нашле забава? Дали ја оправдувате таквата конверзација? Што мислите за симпатијата што се развила меѓу двата војника? Дали се тие искрени? До каде оди таквата симпатија? Дали мислите дека тие двајца би биле навистина готови да сторат нешто за да му го спасат животот на другиот? Има ли право Шибл кога во неговиот коментар на крајот вели дека такво нешто е невозможно?

**сл. 46 Плакат во еден романски весник:** ***Помогнете им на сирачињата***




„Universul", br. 249, 12 септември 1943.

Овој постер се обидува да ја поттикне помошта за сираците. Кои случувања биле главната причина за постоењето на сираци? Дали политичарите презеле некои мерки во правец на причините?

### IV-2. Имендenska прослава во концентрациониот логор

„Неколку дена пред тоа, газдата *(на логорот)* им нафрли на готвачите: 'Баш ќе видиме како ќе се покаже на имденденот.'' Од моето однесување зависеше дали ќе испаднам како 'човек' или како 'дрдорко'. (...)
Ја сметов ќелијата, ја наместив масата, средив околу прозорецот, нафрлав во печката нешто картони од кутии и малку струготини, позајмив чаши од кујната - уште да ставев слика од Павелиќ и самицата ќе можеше да послужи како соба за прием на важни личности. (...) Се договоривме со Гаон да дојде откако ќе си заминат специјалниве гости, за да можеме слободно да поразговараме додека пиеме. Проклетнициве никогаш нема да седнат на маса со него зашто е Евреин. (...)
Околу десет часот се отвори вратата и во собата влегоа четворицата на чело со заставникот.
- Спремни! *(Усташки поздрав)* Господине докторе, честито!
- Благодарам, мил мој Анте, срце мое од градиве! Баш ми е драго, како султанот да ми дојде! (...) Еј, баш убаво што дојдовте! Каков ми е тоа имденден без вакви одбрани гости? (...) Сипав вино во чашите, се чукнавме, наздравивме, сè строго по хрватски. Дај боже догодина да се најдеме во Загреб, па да се натрескаме ко ќускија и потоа да возиме од крчма до крчма.
- Докторе, вие сакате ли да лумпувате?
- А кој не сака? Нема полош човек од оној што им седи на парите. Додека имаш, троши, забавувај се, не мисли му! Еј, алал да ви е, никогаш нема да ви го заборавам ова што дојдовте. Догодина мораме некако да средиме пак да се најдеме, само по можност, не во оваа куќа. Ќе земеме некој Циган да ни свири и да ни пее - со свирка и песна подобро се пие.
- Какви Цигани, ѓавол да те земе? Нив ги нема веќе - се насмеа газдата.
- Што? Белки не ги истребивте и свирачите? Јас со тоа не се согласувам. Ненадоместливите луѓе треба да се поштедат - кој ќе го замени Циган свирач?"
Така разговорот на имденденската прослава се

заврте кон темата на геноцидот:
„Усташката власт, чистејќи ја земјата со нож, меч, оган и олово, го сметаше за своја должност и тоа да ги истреби Циганите. По весниците се појавуваа написи како темелно се решава циганското прашање. Циганите веќе нема наоколу да скитаат, да мамат по пазарите и да крадат деца. (...)
- Што ви пречеа Циганите? - *(ги прашува Јаковљевиќ своите гости)* - тие барем не се политичари.
- А што ќе ни се Цигани? - *(одговара еден од ‘гостите”)* - ниту работат, ниту служат војска. Ако е до тоа, јас побргу би го оставил Влавот (*Влав* = *Србин*, во овој случај). Тој барем ора и копа... ако ги проретчиме, нема да бидат опасни. (...)“
Потоа Јаковљевиќ, како човек од литературата, на гостите им рецитира песни. Истовремено, од подрумот се слуша врева; усташите мачат некого од затворениците.
„Морав да се воздржам да не повратам. Додека ја повторував воздишката на поетот за слобода, самиот лично бев без неа, а во истиот миг во името на таа слобода беше извршено уште едно злосторство. (...) Морав да глумам, да се правам глупав, како да не знам што се случува во просторијата под нас. (...)“

Jakovljević, стр. 173-179.

Споменатиот Илија Јаковљевиќ, логораш во Стара Градишка, имал специјален статус во логорот. Како предвоен хрватски патриот кој „малку свртел од линијата“, но за кого усташите верувале дека може во иднина да им се придружи, тој бил привилегиран кај стражарите во логорот. Но и покрај тоа, можел во секој миг да ја загуби милоста и да биде погубен на самото место - како и беа многу други претходно. Поради тоа, тој морал да одржува лажно пријателство со стражарите и со управата на логорот. Во епизодата опишана погоре, тој се нашол во ситуација да мора да ја покани сета логорска управа во својата ќелија - за да го прослави својот имено.

Дали однесувањето на „логорскиот персонал“ ви се чини необично и неочекувано? Дали, според вашето мислење, тие се однесувале исто и спрема другите заробеници во логорот? Зошто Јаковљевиќ имал привилегии во логорот? Што мислите за „неврзаниот разговор“ меѓу логорскиот заробеник и неговите гости? Погледите кои за усташите биле нормални, го ужаснувале Јаковљевиќ - но тој не смеел да го покаже тоа. Што мислите за неговото однесување? Што би направиле вие на негово место?

### IV-3. *Допис на интелектуалците* упатен до Ј. Антонеску (април 1944)

Во овој миг кога на нашиот народ му се заканува ужасна несреќа, ние членовите на Романската академија и професорите на универзитетите во Букурешт, Јаши и Клуж, сведоци на народниот егзодус и на опустошувањето на романските села и градови претворени во бојни полиња, по долго размислување решивме да ви се обратиме преку овој апел.
Во сегашниве околности нашиот молк би претставувал злосторство. Наша должност е на лидерот на државата да му ги пренесеме нашите искрени мисли: мораме веднаш да му ставиме крај на нашето војување со Русија, Велика Британија и Соединетите Американски Држави...

Г-не маршал,
Бомбардирањето на главниот град, уништувањето на другите градови, предупредувањата добиени од Лондон, Вашингтон и Москва, претворањето на Молдавија во воено боиште, сето тоа се знаци на непосредна катастрофа. Романскиот народ, изнемоштен од војна предолга за неговите можности, не може повеќе да се бори. Симнете се долу по улиците и прашајте ги минувачите, појдете во селата и градовите, слушнете го гласот на народот. Насекаде ќе видите очај во очите на луѓето и истиот одговор: НЕ. За што да се бориме? Виталните интереси

на државата и на нашиот народ бараат итно завршување на војната, без оглед колку тешко ќе биде тоа. Жртвите што Романија треба да ги направи ќе бидат многу помали и побезболни отколку војната да продолжи.

Scurtu et al., стр. 439-440.

Преовладувачката толерантна политика на политичката опозиција мотивирала голем број личности од политиката, културата и од други сфери, да изразат протести до лидерот на државата и на тој начин да го манифестираат своето незадоволство со политиката што ја водела владата. Општо земено, овие акции не биле проследени со репресалии.

Каков е социјалниот статус на авторите на дописот? Каква е позицијата на овие автори спрема главните политички проблеми во Романија во 1944 година? Дали е тоа позиција само на авторите? Дали авторите презеле некаков ризик кога го пишувале дописов?

**IV-4. Извадок од писмото на претседателот на грчката влада (7/10/43) до германската власт**

„ШЕФОТ НА КАБИНЕТОТ
Деловен бр. Е 312 1/10 ДОВЕРЛИВО

До Неговата екселенција, претставникот на Рајхот во Грција,
д-р, Г. А. Алтенбург
Атина, 7 октомври 1943.

Ваша екселенцијо,
Полицискиот командант на СС во Грција издаде наредба до сите грчки граѓани со израелско убедување да се јават на регистрација. Веста за оваа наредба ми остави впечаток дека мерките што ги презеде Воената команда во Солун против Евреите треба да се повтори и овде против грчките граѓани со еврејско потекло.
(...) Можноста овие грчки граѓани, кои од памтивека живеат на грчка почва, да бидат оттргнати од својата земја и преселени во непознати краишта ги исполнува со жалење и грчката влада и секое грчко срце.
Израелците од стара Грција (т.е. од Грција каква што беше пред Балканските војни) се целосно интегрирани, и јазично и историски, со локалното население и дадоа поети кои се истакнуваат со нивниот грчки дух.
Како законски граѓани тие секогаш и во сите случаи се бореа за Грција и многумина од нив се истакнаа на бојното поле.
Нивната работливост, способност и чувство за должност им овозможија да се докажат како јавни работници, особено како судии и воен кадар. Тие секогаш успешно ги извршуваа тешките државни работи и достојно се бореа да ги промовираат интересите на земјава.
Грчката црква секогаш ѝ даваше заштита на израелската заедница во Грција и преку духот на толеранција и благородност го воведуваше грчкиот народ во работите на верата. Израелската заедница на стара Грција претставува занемарливо малцинство без апсолутно никаква политичка или културна моќ.
(...) Стапувањето во сила на ваквите мерки против грчките Израелци во стара Грција ќе ги повреди чувствата на еден народ чијашто душа ги апсорбирала големите традиции на грчкиот дух...“

Enepekidis, стр. 50-51.

Како го објаснил Претседателот на грчката влада своето барање? Зошто не рекол директно дека Холокаустот претставува голема неправда и злосторство? Дали со пишувањето на ова писмо тој презел некаков ризик? Што би сториле вие да сте во негова позиција?

### IV-5. Г. Енеску[55] се обидува да ги заштити Ромите

*7 ноември 1942*

БЕЛЕШКА

Бев информиран дека од името на циганските музичари лично Георге Енеску интервенирал кај маршал Антонеску, велејќи дека и тој ќе оди ако ги пратат неговите музичари во Буг.

*Minoritati etnoculturale. Marturii documentare. Tigani din România (1919-1944)*, doc.281.

Што мислите, зошто Енеску интервенирал во корист на Ромите? Можете ли да ги претпоставите неговите причини за тоа?

### IV-6. Меморандум на група бугарски бербери и фризери до министрите, во врска со Декретот за заштита на нацијата

*11 ноември 1940*

Драги господа,

Денес кога живееме во овие загрижувачки времиња кои бараат единство на целиот бугарски народ, преземени се некои мерки против Евреите кои не само што се против волјата на бугарскиот народ, туку се и опасни за него. Се работи за усвојувањето на Декретот за заштитата на нацијата. Не знаеме дали ќе го слушнете нашиот правичен глас којшто потекнува од класата која има дадено најмногу средства и жртви за доброто на нашиот народ. Ние денес заедно работиме со нашите сограѓани Евреи и ако дојде времето за тоа - заедно и ќе умреме на фронтовите, исто како нашите и нивните татковци. Ние не наоѓаме ништо лошо кај нив, а вие сакате да ги оттргнете од нашето тело со тоа што ги лишувате од сите нивни права. А ако ви е целта да ги гоните еврејските профитери, тогаш гонете ги и нашиве.

*Борбата на българския народ в защита и за спасяване на българските евреи по време на Втората световна война*, стр. 49.

Постои ли сличен документ и од вашата земја? Да бевте вие некој од тогашните бугарски бербери, ќе го потпишевте ли нивниот меморандум?

### IV-7. Турска помош и поддршка за Грција

**Благодарност од Грција**

Ќе ги наведам подолу преводите на писмата на благодарност што ги добив за моите напори и заложби во Комисијата организирана под мое раководство во нашето Министерство, да им испратиме помош во храна на луѓето во Грција и егејските острови, кои беа доведени во состојба на глад за време на окупацијата во Втората светска војна:

**Писмо од Претседателот на општината на Атина:**

„Љубезно ве молам да го примите овој албум на градот Атина. Го приложувам како скромен подарок за вашите многубројни услуги дадени за време на ужасните времиња од историјата на Грција и на грчкиот народ“.

**Писмо од гувернерот на Хиос:**

„Со радост бев информиран од г-нот Курвоазие, претставник на Црвениот крст и добар пријател на нашата земја, за сите детали од вашата помош да испратите брашно на Црвениот крст на Хиос.

Како гувернер на овој регион, дозволете ми да го изразам моето возбудување и благодарност за вашата љубезна помош за напатениот народ на овој мал остров.

Исто така, љубезно ве молам да ја примите благодарноста на цела Грција и грчката влада за испраќањето поддршка од соседното крајбрежје до нашево крајбрежје.

Со возбуда го гледавме бродот *Арслан* (лав) со турското национално знаме, како впловува во нашето пристаниште.

Во текот на својата историја, нашите две нации со години живееле заедно. Ние го задржавме блиското пријателство и ќе ги чествуваме спо-

[55] Георге Енеску (George Enescu 1881-1955) е најголемиот романски музичар и еден од најсестрано талентираните музичари на дваесеттиот век: голем виолинист и композитор, истакнат диригент, докажан пијанист, способен челист и славен учител по виолина.

мените на вашата нација од оваа соработка. Поради тоа што турската нација секогаш, и во време на војна и во време на мир, при секоја наша средба нè гледа како свој брат, пријател и сакан роднина. Ни ја подадовте својата рака во оној суров период на ужасна скудност низ кој минавме и со тоа ни го потврдивте високото мислење што го имаме за благородната турска нација.
Љубезно ве молам да го примите овој скромен подарок од Хиос, што ви го испраќам преку г-нот Курвоазие".

Erkin, стр. 130-131.

Еркин бил член на турското Министерство за надворешни работи за време на Втората светска војна. Во ова искажување од прва рака, тој говори за турската помош и поддршка што била испратена до разни делови на Грција, вклучително и на нејзините егејски острови кои страдале од скудност во храна. Ова се некои од писмата на благодарност од грчката власт.

Што знаете за историјата на грчко-турските односи? Дали овие извори ги потврдуваат стереотипите на омраза меѓу двете нации?

### IV-8. Сведоштво на пензионираниот амбасадор Некдет Кент, во врска со неговото спасување на турските Евреи во Марсеј, Франција

Една вечер, еден турски Евреин од Измир по име Сиди Искан, кој работеше во Конзулатот како чиновник и преведувач, дојде во мојата куќа во состојба на голема возбуда. Ми рече дека Германците собрале околу осумдесетмина Евреи и ги одвеле до железничката станица со намера да ги натоварат на вагони за добиток и да ги испратат за Германија. (...) Јас најпрвин се обидов да го смирам, а потоа го зедов најбрзото слободно возило и појдов кон железничката станица Сен Шарл во Марсеј. Сцената таму беше неверојатна. Дојдов до вагони за транспорт на добиток, кои беа полни со луѓе што офкаа и лелекаа. Жалта и гневот потиснаа сè друго од мојот ум. (...)
Кога гестаповскиот офицер задолжен за железничката станица слушна дека сум таму, дојде кај мене и мошне луто ме праша што барам. Со сета учтивост што можев во тој миг да ја соберам, му реков дека луѓето се турски граѓани, дека нивното апсење е грешка и дека таа треба веднаш да се поправи со нивното пуштање. Гестаповскиот офицер рече дека тој си ја спроведува наредбата, а дека луѓето не се Турци, туку само Евреи. Сфатив дека ништо нема да постигнам со закани кои не можат да се спроведат ако не се исполнат, па се вратив кај Сиди Искан и му реков: „Дојди, ајде и ние да се качиме на возов". Туркајќи го настрана германскиот војник кој сакаше да ми го блокира патот, се качив на еден од вагоните со Сиди Искан покрај мене. Овојпат му беше ред на гестаповскиот офицер да вика, па дури и да моли. Не го слушав што ми велеше и сред неговите преколнувачки погледи возот тргна. Ова се случи многу одамна и не можам добро да се сетам, но знам дека возот запре кога бевме некаде или во Арл или во Ним. Се качија неколкумина германски офицери и веднаш дојдоа до мене. Ги пречекав многу студено, дури не ги ни поздравив. Ми рекоа дека се случила грешка, дека возот тргнал откако јас сум се качил, дека одговорните ќе бидат казнети, дека штом се симнам од возот ќе можам да се вратам во Марсеј со кола што ќе ми биде ставена на располагање. Им реков дека не е грешка, дека повеќе од осумдесетмина турски граѓани се натоварени во вагон за добиток затоа што се Евреи и дека како граѓанин на држава и претставник на Влада кои не веруваат дека религиозната определба треба да е причина за таквиот третман, не доаѓа предвид да ги оставам сами и дека затоа сум на тоа место. Офицерите рекоа дека ќе ја поправат секоја грешка што била направена и прашаа дали сите во вагонот се турски граѓани. Сите луѓе околу мене, жени, мажи и деца, стоеја стаписано додека ја гледаа играта што се играше за нивните животи. Најверојатно поради моето одбивање

каков и да е компромис, како и наредбата добиена од нацистичките офицери, сите заедно се симнавме од возот. (...) Она што се случи потоа, никогаш нема да го заборавам. Луѓето кои беа спасени ни се бесеа на врат, нѐ прегрнуваа и силно нѐ ракуваа, со израз на благодарност во очите. (...)

Shaw, стр. 342-344.

> ? Прокоментирајте го однесувањето на амбасадорот во дадената ситуација. Дали тој си го загрозил животот кога се обидел да ги спаси луѓето? Што би сториле вие кога би биле на негово место?

**IV-9. Од дневникот на еден бугарски војник во Западна Тракија, грчки регион под бугарска окупација**

23 мај 1941 година. Отидовме во Ксанти за да учествуваме на парадата.
Ситуацијата овде беше иста како во Ѓумурџина (Комотини). Каде што има војнички логор, секогаш има и деца, старци и старици кои доаѓаат со чиниите в раце. Храна ниту имаме многу ниту е разновидна, но секогаш можеме да им дадеме по малку од гравот или од војничката супа на гладните да каснат.
Напладне децата се собираа околу магацинот. Денес ручекот беше специјален, за гладните имаше и втора порција, па многу од војниците им ја дадоа својата храна на децата. Се качив на вториот кат од магацинот и го отворив прозорецот. Очите ми запреа на една млада жена, можеби беше и девојка, облечена целата во црно. Седеше на блискиот агол и ги гледаше децата што одеа внимателно за да не ја истурат супата што ја носеа во чиниите.
Можев да претпоставам зошто жената беше облечена целата во црно. Бездруго некој близок ѝ загинал во војната, татко, брат, маж или љубовник. Но што чекаше таму на аголот? Можеби и таа беше гладна и сакаше парче леб?
Одненадеж, како да реши да не обрнува внимание на никакви пречки, жената тргна кон оградата. Неколкумина момчиња од нашето друштво стоеја во дворот во близина на металната ограда. Таа дојде близу до нив и оттаму можев да ги чујам нејзините срамежливо изговорени зборови:
„Кирие (Господине), леб...“
Беше готова да заплаче и нашите го забележаа тоа. Еден од нив ја пикна раката во торбата и ѝ подаде цела векна војнички леб. Векната веројатно требаше да биде продадена на црниот пазар, каде што за леб можеше да добиеш што сакаш: од обезвреднетите грчки драхми до прстени и белезици.
Жената веќе беше на заминување кога наредувачкиот глас ја натера да запре:
'Ахтунг! Халт!'

Добри[56] и Елена Ѓуров, стр. 159-160.

> ? Можете ли да претпоставите како завршила оваа случка?

**IV-10. Стојан Петров-Чомаков, бугарскиот ополномоштен министер во Букурешт, раскажува една смешна и троглива приказна за односите меѓу романските војници, руските воени заробеници и бугарската заедница во Романија за време на Втората светска војна**

Неколку месеци откако Романија влезе во војната, бројот на луѓето што присуствуваа на божја служба в црква одненадеж порасна, откога една недела дојдоа и група руски воени заробеници водени од еден романски војник. Како што треба, тој носеше пушка со бајонетот закачен на неа. (...) Пушката ја потпре на дрво ѝ, како што е вообичаено за секој војник, почна да се труди да и го привлече вниманието на слугинката која недалеку оттаму, на еден балкон, го тресеше килимот очигледно многу подолго одошто требаше. Војникот, веројатно, го понесоа успехот на неговото додворување и проценката дека шансите за конечен успех се сосема добри,

[56] Добри Ѓуров (1916-2002) бил командант на бригада, генерал во војската и министер за одбрана.

бидејќи наместо да ги собере заробениците и да ги одведе назад во логорот, тој ги пушти да се измешаат со другите луѓе во црквата и да си разговараат со нив.
Наскоро стана јасно дека има добро заемно расположение и, како резултат од тоа, луѓето почнаа да собираат пари за воените заробеници, а им дадоа и големо количество цигари. Средбата очигледно беше успешна за сите учесници, вклучително и за војникот и слугинката, зашто следната недела на црква дојдоа двојно повеќе заробеници. Ги водеше истиот војник, но овојпат на себе имаше нова униформа и беше мазно избричен. Девојката, исто така, беше облекла нова блуза и внимателно четкаше алишта на истиот балкон. И повторно се собраа пари за кутрите воени заробеници, пред да ги одведе нивниот стражар кој за малку ќе си ја заборавеше пушката, бидејќи беше зафатен со испраќањето бакнежи за збогум на зарумenетата девојка. (...)
На крајот стана јасно дека нашите посетители наскоро ќе почнат да доаѓаат во одреди или, можеби, и во баталјони. Црковниот совет, за жал, мораше да ја замоли романската власт да го ограничи бројот на новите верници на најмногу дваесет, од кои најмногу половината би биле пушачи.

Петров-Чомаков, стр. 346-347.

Зошто војната не ги менува обичните човечки чувства? Дали националната припадност игра, воопшто, некаква улога во оваа случка?

**IV-11. Еден грчки Евреин опишува како за време на германската окупација нему и на неговото семејство им помогнало едно семејство православни Грци**

„И покрај заканата со затворање, многумина што не беа Евреи ги криеја своите пријатели Евреи во своите станови или им помагаа да побегнат. Атинскиот адвокат Алфред Коен ја забележил спонтаната поддршка од пријателите и соседите: „Никогаш нема да го заборавам стравот што го доживеавме една ноќ откако го бев скрил моето големо семејство во една од тие куќи, кога беше соопштено дека Германците издале наредба дека секој Евреин што ќе биде фатен како се крие ќе биде погубен, а оние што го криеле ќе бидат испратени во концентрациони логори.
Тогаш еден од нас рече дека не е во ред да останеме во таа куќа и да им ги загрозуваме животот и спокојството на тие постари луѓе, па дури и жени. Одговорот беше: Не, мора да останете! Зошто нашите животи би биле повредни од вашите, синко?'"

Mazower, стр. 287-288.

Има ли сличен пример од вашата земја? Што би сториле вие во таква ситуација?

**сл. 47 Турски Евреи стојат пред Турскиот генерален конзулат во Париз во 1943 година за да добијат пасоши и визи со кои ќе можат да се вратат во Турција**



*The Jews of the Ottoman Empire and the Turkish Republic.*

## IV-12. Хуманиот однос спрема Евреите на едно романско службено лице

„Јас сум првиот водник Присакару Георге, началник на околијата Бацани која го вклучува и подрачјето каде што сте вие во моментов, и од името на оваа околија ви велам – добре дојдовте! Ја знам маката што ви ги мачи душите и болката во вашите срца, кога ќе си помислите на тоа дека во овие времиња на војна сте разделени од оние што ги сакате, го знам сето ваше страдање. И ве советувам да не губите надеж, бидејќи всушност сите ние, без разлика како се молиме, имаме заеднички Господ и никој не нè прашал дали сме сакале да се родиме како Романци, Евреи, Турци или Бугари. Сите ние сме човечки суштества и сакам да ве уверам во фактот дека овие времиња ќе поминат, а ќе помине и сето лудило што завладеало со умовите на луѓето. Сите вие ќе се вратите во своите домови и кај своите семејства и на овие денови ќе мислите како на непријатни спомени. Јас ќе преземам мерки за вашето сместување кај луѓето од селово, бидејќи не може да спиете на земја и, исто така, ќе преземам мерки додека сте на територијата на мојата околија да бидете во можност да контактирате со вашите дома. (...)“

По овој неочекуван говор, тој внимателно го ислуша сето наше незадоволство и охрабрен од таквото однесување, јас му кажав непосредно за сето мое незадоволство, меѓу другото му кажав и за нехуманото однесување на полицијата во Хуши, која само благословениот Господ знае за кои активности оквалификува дванаесетмина од нас како „осомничени комунисти“, а со оглед на тогашните навики, се знаеше што ги чека таквите осомничени. Тој ми вети дека по две-три неделен престој во неговата околија, тоа етикетирање ќе го снема.

Треба да се знае дека ова прекрасно однесување веднаш го даде очекуваниот резултат, па и власта и жителите на Богдана се однесуваа спрема нас како вистински браќа. Бевме сместени по куќи, ни даваа храна, жените нè переа и нè крпеа и кога по неколку дена добивме наредба да заминеме од Богдана, завладеа општо жалење. Луѓето нè испратија до Бацани, нашата следна станица, носејќи ни го багажот со нивните коли, без да сакаат да ни земат пари за таа услуга.

*Istoria Romaniei in texte*, стр. 339-340.

Овој извадок покажува дека депортирањето на Евреите, во контекстот на антисемитската политика на владата на Антонеску[57], не довело нужно и до исчезнување на човечките чувства кај некои од службениците, кадарот на војската или на жандармеријата. Има безброј примери на службени лица кои покажале човечко однесување спрема луѓето против кои работела романската државна политика. Една група Евреи биле собрани во дворот на полициската станица и биле одведени од Хуши. По три дена пешачење, тие стасале во округот Тутова (20-21 јуни 1941 година) и таму ги примил началникот на жандармериската околија кој им се обратил со овој говор.

Дали Георге Присакару презел некаков ризик кога им помогнал на депортираните Евреи? Што ќе му се случело да разбереле неговите претпоставени што направил тој? Како би се однесувале вие на негово место? Мислите ли дека можел да направи нешто повеќе?

[57] Владата на Антонеску ги депортирала Евреите, главно, од Бесарабија и Буковина, преку Нистер (надвор од територијата на Романија меѓу двете светски војни), каде што беше организирала неколку логори за депортација. Во септември 1942 година Владата почнала да го враќа депортираното еврејско население назад и да го поттикнува нивното емигрирање во Палестина. Генерал Антонеску сметал дека еврејското население треба да се елиминира од територијата на Романија, но тоа не значело нужно и нивно физичко истребување. Затоа емигрирањето било сметано за вистинско решение.

**IV-13. Бугарскиот дипломат Иван Д. Станчов кажува како еден германски офицер го спасил од Гестапо во Бугарија**

В зори ме разбуди еден неочекуван посетител: крупен германски офицер на копнените сили. Ме поздрави по војнички и рече дека „хер мајор“ го испратил кај мене со следнава информација: „Морате веднаш да ја напуштите Софија. Кафените - така ги викаа луѓето на Гестапо, поради нивните кафени униформи - се тргнати натаму да ве уапсат.“ Го прашав зошто неговиот „мајор“, за кого знаев дека е припадник на воената разузнавачка служба во Бугарија, е толку загрижен за мене.
„Weil Sie doch ein Offizier und ein Herr sind!“ (Бидејќи сте вие офицер и господин!) - одговори човекот, брзо отпоздрави и исчезна.
Го фатив првиот воз за Варна и додека патував мислев на шансата што ја имаме поради тоа што меѓу Вермахтот и нацистите имаше таква нетрпеливост... Подоцна домарот ми кажа дека еден час откако сум заминал, „една група Германци“ дошле да ме бараат.

Станчов, стр. 172.

Дали е неопходно и коректно секогаш да се изедначуваат „Германците“ со „непријатели“? Зошто некои Германци работеле против други Германци? Каков аргумент имал германскиот офицер што му помогнал на Иван Д. Станчов?

Оваа илегална медицинска служба внатре во Ослободителниот фронт - веројатно најхуманитарната мисија за време на војната - била мошне добро организирана, и покрај крајно тешките услови. Во јануари 1945 година таа има 281 тајна болница и 6 легални (уште 62 други биле во изградба) болници, со вкупно 2 260 кревети. За време на војната, за 11 321 ранети и болни се грижеле триесет доктори, 652 медицински сестри и други членови на персоналот. 19 доктори го загубиле животот.

**сл. 48 Тајната партизанска болница „Фрања“, близу Церкно во Словенија**



**IV-14. Алфонз Барон, ополномоштеник на Фабриката за слатки и чоколади Унион, до полицискиот штаб на усташите, 9 јули 1941 година**

„Денес беше одведена Еврејката Драга Гербер од улица Ивканчева бр. 7/III. Споменатата Драга Гербер е благајничка во оваа фирма. Нејзе ѝ е врачен отказ и деновиве требаше да ја предаде благајната, веднаш штом ќе се врати од отсуство една службеничка, и тогаш требаше да го напушти претпријатието.
Со оглед дека Драга Гербер е одведена од нејзиниот стан по нашето работно време, таа не

успеа да ги предаде ниту клучевите од благајната, ниту самата благајна.
Постои опасност клучевите некаде да се изгубат и ќе има проблеми ако утре, кога ќе пристигнат странките, нема да бидеме во состојба да ја отвориме благајната.
Затоа ве молам да ѝ се овозможи на Драга Гербер што побргу да ги предаде во претпријатието клучевите во благајната.“

Goldstein, 370.

Што сакал Барон да постигне со пишувањето и испраќањето на ова писмо? Дали, според ваше мислење, тој навистина сака затвореничката да биде ослободена поради наведените причини? Не е ли, можеби, тоа трик (или само обид), со оглед на фактот дека власта на НДХ не би ни размислила ако се работи за некоја друга причина? Зошто Барон пишува со непријателски тон за затвореничката за која бара да биде ослободена (иако привремено)?

**сл. 49 Писмо од анонимен белграѓанец до германскиот воен командант во Србија**



Господине Данкелману,
Знамо да као „Силни" Заповедник Србије, ваша култура нама свима је позната јер невине људе насред Теразија сте под именом „Комунисти и разбојнике" вешали, а ако Бог да можемо и вас и поред све ваше гарде да у друштву са претседником владе Ђорђашем Љотићем да видимо како исто на Теразијама висите.
-ку.
17-VIII-1941 год.

Историски архив Београда, Управа града Београда, СП III-48, к. 157/15, 25 септември 1941.

Ова е писмото до германскиот воен командант во Србија, генерал Хајнрих Данкелман, по повод бесењето на заложници на Теразие, централниот белградски плоштад, на 17 август 1941 година, во кое тој е предупреден дека него и неговите помошници на крајот ги чека истата судбина.

Би рекле ли дека ова писмо претставува херојско дело? Образложете ја својата позиција.

**Прашања и задачи за Четвртото поглавје**

Дали, според ваше мислење, хуманизмот и солидарноста се некаков вид привилегија на великодушните и храбри поединци или, пак, е секој способен за тоа? Можно ли е една иста личност да се однесува како воен злосторник во една ситуација, а како великодушен хуманист во друга? Објаснете го својот став. Имајќи на ум дека луѓето многу често имаат потреба да се прикажуваат како подобри личности одошто навистина се, колку може да им се верува на некои од изворите (мемоарите)?

# ПЕТТО ПОГЛАВЈЕ:
## Последиците

Втората светска војна, како најголем конфликт во историјата на човештвото, остави зад себе многубројни длабоки и неизбришливи траги. Целта на ова поглавје е да приближи некои од последиците на Војната, преку следниве извори - почнувајќи од бројот на ранетите и убиените, преку присилните миграции на население за време и по војната, па до знаците за политички промени во поголемиот број земји во ова подрачје.

Поради ограничен простор, некои последици од Војната се споменати само маргинално, или воопшто не се ни споменати. Таков е случајот со: промените во етничката структура на населението, военото уништување и повоената изградба, казнувањето на колаборационистите по војната, политичките промени по војната и случајот на граѓанската војна во Грција.

### Va. Воените загуби, воените жртви

**V-1. Енвер Хоџа на Мировната конференција во Париз за жртвите и материјалната штета во Албанија**

„Жртвите на нашиот народ беа многу големи. Од еден милион жители, 28 000 беа убиени, 12 600 беа ранети, 10 000 беа политички затвореници во Италија и Германија и 35 000 беа одведени на принудна работа. Од 2 500 градови и села во Албанија, 850 се разурнати или срамнети со земјата, сите комуникации, сите пристаништа, рудници и инсталација за електрична струја се уништени, нашето земјоделство и сточарство се ограбени и целата национална економија ни е уништена. Од друга страна, непријателот ги претрпе овие загуби: 53 639 Италијанци и Германци беа убиени, ранети или заробени, околу 100 тенка и оклопни возила беа онеспособени, 1 334 парчиња артилериско оружје и топови, 1 934 камиони и 2 855 митралези беа заробени или уништени, и без ги споменувам уништените или заробени пушки, муниција и магацини.“

O'Donnel, стр. 13.

Дали е овој извор сосема веродостоен? Образложете ја својата позиција.

**сл. 50** ***17 ноември 1944***



*Epopeja e Luftes Antifashiste Nacionalclirimtare e Popullit Shqiptar*, 1939-1944.

Оваа слика на Букурош Сејдини обележува и прикажува некои аспекти од ослободувањето на главниот град на Албанија, Тирана, од страна на партизаните.

## Табели

### 1. Бројот на луѓето убиени во Југославија, наредени според националноста

| Националност | Кочовиќ (1985) | Жерјавиќ (1989) |
|---|---:|---:|
| Срби | 487 000 | 530.000 |
| Црногорци | 50 000 | 20.000 |
| Хрвати | 207 000 | 192.000 |
| Муслимани | 86 000 | 103.000 |
| Словенци | 32 000 | 42.000 |
| Македонци | 7 000 | 6.000 |
| Други | 145 000 | 134.000 |
| Вкупно | 1 014 000 | 1.027.000 |

Žerjavić, стр. 14, 57.

Првата проценка на бројот на жртвите во Втората светска војна во Југославија е онаа што се појавила во Извештајот на Советот за репарации на југословенската влада. На авторот на оваа проценка, еден студент (!) по математика по име Владета Вучковиќ, му бил даден рок од две недели да ја изврши оваа тешка задача и воедно му било напоменато дека „бројките мораат да бидат исклучителни и научно-статистички засновани“. Неговата проценка за *демографските загуби* (која ги зема предвид убиените во војната, падот на стапката на наталитетот предизвикан со војната и емигрирањето) била 1.7 милиони, но во последната ревизија на ракописот над таа бројка стои насловот *жртви*, што се интерпретира со значење на загинати во војната.

Табелата се базира врз поновите проценки на Богољуб Кочовиќ и Владимир Жерјавиќ (еден српски и еден хрватски автор). Точноста на овие бројки, сѐ уште, се испитува. На пример, во Словенечкиот институт за современа историја во тек е проект кој веќе покажува дека проценката во однос на бројот на словенечките жртви е премногу ниска. Авторите (Т. Томиншек, М. Шорн и Д. Дубаја) веќе идентификувале имиња на 87 000 жртви.

### 2. Грчките загуби за време на Втората светска војна

| | Загуби | Предвоени бројки | % на загуба |
|---|---:|---:|---:|
| **Човечки загуби** | | | |
| Загинати (1940-1944) | 475 000 | 7 335 000 | 6,5 |
| **Материјални загуби** | | | |
| Животни за работа | 855 000 | 2 005 000 | 42,6 |
| Овци, свињи, живина | 12 305 000 | 24 840 000 | 49,5 |
| Шуми | 5 000 km$^2$ | 19 189 km km$^2$ | 25,0 |
| Возила (патнички, камиони, автобуси) | 11 300 | 17 200 | 65,7 |
| Патни мостови (подолги од 6 м.) | | 6.502 | 90.0 |
| Железничка опрема (локомотиви, вагони и др.) | 6 080 | 96 | 100,0 |
| Железнички мостови (подолги од 10 м.) | 96 | 1 730 000 | 23,2 |
| Згради | 401 000 | 583 | 74,5 |
| Трговски дуќани (до април 1945) | 434 | 583 | 74,5 |

„Αι θυσίαι της Ελλάδου στο Δεύτερο Παγκόσμιο Πόλεμο“, Министерство за обнова, Атина, 1946 (*Ιστορία*, т. 16, стр. 63).

### 3. Загубите на Грчката трговска флота за време на Втората светска војна*

| | Грчката флота на 1/9/1939 | | Грчките бродови загубени до 2/9/1945 | | Процент на загуба | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бруто тонажа | | Бруто тонажа | | |
| Карго бродови | 500 | 1 766 352 | | | | |
| Патнички бродови | 55 | 49 995 | | | | |
| Океански крстосувачи | 1 | 16.690 | | | | |
| Разно | 21 | 3 997 | | | | |
| Вкупно | 577 | 1 837 034 | 432 | 1 346 520 | 74% | 73,3% |
| Бродови на едро и мазут | 713 | 55 057 | 551 | 52 634 | 77,3% | 95,4% |
| **Севкупно** | 1 290 | 1 892 091 | 983 | 1 399 154 | | |

Во почетокот на Војната, Грчката трговска флота била деветта најголема флота во светот и поради тоа уште од самиот почеток на Војната (дури и пред 28/10/1940), со нејзиното целосно ангажирање на страната на Сојузниците претставувала многу важен фактор. Грчката трговска морнарица имала најголем процент на загуба од својата вкупна бруто тонажа меѓу сите други поголеми флоти. По неа следувала Велика Британија со 54% од бруто тонажата што била уништена за време на судирот.

## Vб. Миграцијата за време на Војната и по неа

**V-2. Фрагмент од Извештајот на еден федерален службеник на Министерството за внатрешни работи на Германија до началникот на цивилната администрација на Долна Штаерска од 30 мај 1941 година, за масовното преселување на Словенците [58]**

Најтешкиот проблем што треба да се реши во Долна Штаерска е да се исчисти штаерското национално тело од туѓиот словенски елемент кој не може да се подведе под процесот на германизација. За да успее повторната германизација, воопшто, и оваа југоисточна граница на германскиот Рајх да стане сигурен штит од вечно разбрануваниот Балкан, локалното население мора да се ослободи од секаква супстанција која било расно или морално ја поткопува германизацијата. Задачата на Штаерското патриотско здружение ќе успее само ако базата е соодветно исчистена. Затоа се планира депортација (селење) на населението, која ќе се спроведе во четири фази и на начин кој веќе се покажа како успешен при сличните активности во другите повратени територии на Рајхот (пред сè на исток).
Историските претпоставки за таквите мерки се повеќе од очигледни. Чистото гледање на актуелната потреба за оваа акција мора да ги занемари сите оние, премногу човечки емоции што се карактеристични и за германскиот

* Податоците ги собрал Христос Е. Дуниас.

[58] Германија, меѓу двете светски војни, сметала дека словенечката територија е германска и по окупацијата сакала формално да ја приспои кон Германија, како јужна граница на Рајхот. Тоа требало да се направи за шест месеци (до крајот на 1941 година). Словенците требало да бидат депортирани или германизирани и земјата да биде населена со Германци.

менталитет, особено ако се имаат предвид безмилосно деструктивните конфронтации на кои беше изложена германската националност овде во Долна Штаерска од страна на оние што сега мора да си заминат. Депортирањето во Србија и делумно во Хрватска ќе се изврши во возови со по околу 1000 лица. Сè уште не е утврдено времето кога ќе започне тоа и колку ќе потрае (засега се планирани по еден до два воза на ден).

Ferenc, стр. 43.

Која е целта на планираната депортација (преселба) на населението? Кои биле последиците од овој план?

**V-3. Извештај на Високиот комесар за Љубљанскиот округ, од 24 август 1942 година, за програмата на активностите во регионот**

Во врска со доверливиот документ бр. 1362/2, со датум од 16 август, си дозволувам да дадам кус приказ на програмата на активностите што имам намера да ги спроведам во овој округ. (...)

1. Проблемот со словенечкото население би можел да се реши за три дена:

а. со негово уништување;

б. со депортации;

в. со отстранување на противставените елементи, што би можело да се постигне со водење цврста но фер политика на здружување, со цел да се постават основите за корисна и фер соработка. Тоа ќе ни даде шанса за асимилирање, што може да се постигне само со време. Затоа, ние треба да решиме по кој пат сакаме да одиме.

2. За масовна депортација на населението ќе треба да работиме според однапред подготвена програма, која ќе треба да се спроведе низ целиот округ. Би било подобро да се отворат работни логори наместо логори за интернација во кои луѓето не прават ништо и само безделничат.

3. За замената на словенечкото население со италијанско, треба да се утврди следново:

а. Каде да биде преместено словенечкото население.

б. Кога ќе се најде адекватно италијанско население, треба да се земе предвид дека на словенечките територии е најсоодветно да се населат луѓе од северните и од централните подрачја.

в. За да се италијанизира во целост подрачјето по должината на границата, треба да се утврди неговата широчина (20 до 30 км).

г. Доколку се сели целото словенечко население, тој процес треба да започне најпрвин во подрачјето по границата на кое Словенците живеат под италијанска власт.

Според мое мислење, целосна, па дури и делумна преселба на словенечкото население ќе биде тешко да се спроведе за време на војната.

Ferenc, стр. 73-74.

Додека италијанската „мека“ окупаторска политика била неуспешна, воената и цивилната власт, следејќи ги упатствата на Мусолини, ги преземале истите мерки како и Германците во нивните окупирани зони: т.е. стрелање на заложници и масовни егзекуции на фатените партизани, на илегалците на Ослободителниот фронт, жителите на места за кои се сметало дека го помагале ослободителното движење, но кои истовремено биле сосема невини луѓе. (Во текот на целиот период на италијанската окупација на Љубљанскиот округ, италијанските вооружени сили убиле најмалку 416 лица и 238 групи составени од 1153 лица, па според тоа вкупно 1569 лица, во кои не се вброени загинатите кои биле осудени од воениот суд во Љубљана и од масовните депортации). Крајната цел била да се „исчисти“ словенечката национална територија и да се подготви за населување со Италијанци по војната.

Кои се сличностите и разликите меѓу германскиот и италијанскиот план (споредете го овој извор со претходниот)?

**сл. 51 Бегалци од Босна во Србија, 1941**



Милошевић, *Избеглице и пресељеници*, стр. 246.

Повеќе од 400 000 српски бегалци од сите југословенски територии нашле засолниште на тероторијата на окупирана Србија.

**V-4. Прогонувањето на германското малцинство во Романија по Војната**

1. Сите мажи меѓу 17-45 години се подложни на интернација.
2. На интернација, исто така, се подложни и сите жени помеѓу 18-30 години.
3. Од горенаведените категории нема да се допуштат исклучоци, освен за жените со деца помали од една година и за оние луѓе кои страдаат од болест поради која не се во состојба да работат.
(...)
6. Сите лица што се подложни на интернација треба да му бидат испорачани на соодветниот жандармериски полк кој ќе ги одведе на собирните места, претходно утврдени од полицијата и од жандармериската власт. Треба да се напомене дека овие собирни места мораат нужно да бидат лоцирани веднаш до железничка станица.
7. Храната за лицата што се подложни на интернација, до собирните места, треба да си ја обезбедат самите интернирани. Од тоа место натаму, за 2-6 дена храната ќе им ја обезбеди романската власт (жандармите и полицијата). Во овој период интернираните ќе добиваат најмалку еден топол оброк дневно.

*Deportarea etnicilor germani din Romania in Uniunea Sovietica (1945)*, стр. 38-39.

Окупацијата на Романија од страна на Црвената армија довела до почеток на прогон на германското малцинство во Романија. Многу етнички Германци биле депортирани во СССР. Овој документ е Наредбата бр. 32 475-С од Генералниот директор на полицијата која содржи детални упатства за интернирањето на етничките Германци (3 јануари 1945).

Дали советската окупација донесла слобода и демократија во Романија? Дали мислите дека е нормално да се депортираат луѓе чисто врз основа на нивниот етнички профил? Дали сите депортирани биле виновни? Дали некој, воопшто, бил заинтересиран да утврди кои луѓе се виновни, а кои не се, и да се казнат само виновниците? Дали знаете некои други примери на „колективна вина" од историјата на 20 век?

**V-5. Лична белешка на британскиот премиер Винстон Черчил, упатена до британскиот Министер за надворешни работи, во врска со депортирањето на романски граѓани од германско етничко потекло во Русија (19 јануари 1945)**

Лична белешка на Премиерот
ул. Даунинг бр. 10
Вајтхол
19. 1. 1945
Серијски бр. М.91/5
ДО МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Ми се чини дека заседовме мошне активна позиција против депортирањето на Австријците, Саксонците и на другите германски или квазигермански елементи од Романија во Русија на принудна работа. Земајќи ги предвид сите нешта што ги претрпе Русија, како што се романските испланирани напади против неа, огромните војски што ги користи Русија на фронтот во овој миг и ужасните услови во кои се наоѓаат луѓето во многу делови на Европа, не разбирам зошто се вели дека Русите прават грешка кога бараат 100 или 150 илјади вакви луѓе за да им работат под земја. Мораме да запомниме, исто така, дека ветивме судбината на Романија да ја оставиме, главно, во рацете на Русите. Не мислам дека е погрешно тоа што Русите си земаат Романци од какво сакаат потекло да им работат во руските рудници, ако се има предвид тоа што се случи.

19.1.1945

*Deportarea etnicilor germani din Romania in Uniunea Sovietica (1945)*, стр. 31.

Окарактеризирајте го ставот на В. Черчил од морална гледна точка. Дали ваквиот став ги почитува човековите права промовирани од Обединетите Нации?

Словенечката Домовинска гарда е основана во септември 1943 година во Љубљана, за да се бори против Освободилна фронта (Ослободителниот фронт). Таа биле организирана од Германците, а нејзините членови, главно, биле католици и антикомунисти. Германците, кои немале доверба во Домовинската гарда, побарале од нив да ја потврдат својата лојалност со јавна заклетва што ќе ја дадат на Хитлеровиот роденден (20 април 1944). На крајот на војната, членовите на Домовинската гарда се повлекле заедно со германската војска во Австрија, каде што Британците ги разоружале како германски колаборационисти. Во јуни 1945 година Британците ги вратиле во Словенија каде што меѓу 7 000 и 11 000 биле убиени на неколку различни локации. Овие масовни убиства се држеле во тајност пред јавноста во Словенија до 1975 година. Во 80-тите интелектуалците почнаа отворено да дискутираат за масовните убиства, одговорноста за нив и за болните последици за словенечката нација. По првите демократски избори во 1990 година, е одржана церемонија на помирување во Кочевски Рог, на местото каде што се наоѓаат најголемите масовни гробници.

**сл. 52 Враќањето на словенечките домобранци во јуни 1945 година**



## Vв. Промени во политичките системи

### V-6. Черчиловата понуда за „процентуален“ договор[59]

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Романија* | Русија | 90% | |
| | Другите | 10% | |
| *Грција* | Велика Британија | 90% | |
| | Другите | 10% | |
| Југославија | | 50/50 | |
| *Унгарија* | | 50/50 | |
| *Бугарија* | Русија | 75% | 90% |
| | Другите | 25% | 10% |

*България - своенравният съюзник на Третия райх,*
Софија, 1992, стр.96.

**▶ сл. 53 Луѓето во Атина го поздравуваат доаѓањето на британската војска по ослободувањето**



Ιστορία, том 16, стр.101.

На сликата можат да се видат британските и американските знамиња веднаш до грчките, заедно со симболите на ЕАМ и на Комунистичката партија на Грција (КПГ).

### V-7. Јакнење на авторитетот на Националното ослободително движење во Босна и Херцеговина

Предлог - решение за основање на Антифашистичко собрание на народното ослободување на Босна и Херцеговина[60] како највисока законодавна и извршна власт на федералната единица БиХ

1 јули 1944 година

Член 1.
Повикувајќи се на слободно изразената волја на народот на Босна и Херцеговина и во согласност со одлуките донесени на Второто заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Југославија во Јајце на 29 и 30 ноември 1943 година, Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Босна и Херцеговина се прогласува себеси за највисок орган на државната власт во Босна и Херцеговина, како рамноправна федерална единица во Демократска Федеративна Југославија.

Згоњанин и др. (ур.), стр. 399.

За време на 1944 година, партизанско-комунистичката војска ја консолидирала својата власт врз цела Југославија, вкучително и во Босна и Херцеговина. Во решенијата донесени од државното Антифашистичко собрание на народното ослободување на Босна и Херцеговина можеме да видиме како тие систематски работеле на тоа да постигнат комунистички монопол на власта по војната.

Прокоментирајте го фактот дека изворот спомнува „слободно изразена волја на народите“, иако во Босна и Херцеговина немало избори. Има ли сличен пример и од вашата земја?

[59] Доставена на Сталин на 9 октомври 1944 година.
[60] Во тоа време во Босна и Херцеговина не биле спроведени демократски избори.

**V-8. Во мај 1945 година, Јосип Хорват, новинар и историчар, бил сведок на заминувањето на усташите и на пристигнувањето на партизаните во Загреб**

„8. - Прошетав низ Тушканац. По патот се смеев како дете - четири години и еден месец оттука не смееше да се помине. Со оваа ситница почувствував дека дошла слободата, дека влегуваме во нов живот. Толку ми е чудно во срцето, зашто мозоков не разбира дека го нема стравот . (...)
9. - Низ градот уште поминува вратената војска, сите распарталени, но одлично вооружени, вистински борци. (...) А *propos* искинатите и извалкани борци: колкава лага се сликарските композиции на воените сцени - борците на нив секогаш се чисти, дотерани, исчешлани и избричени - тоа не е веќе ни идеализирање, ни стилизирање - чиста глупост.

14. - Лошо спиев поради жештината. Бев кај мама и на прошетка. Ме викнаа во ХИБЗ (*Хрватски издавачки библиографски завод*) да им дадам лични податоци. Таму расположението е, главно, мрачно. Во ХИБЗ поставиле како комесар некој учител кој во суштина нема поим. Со Фрицко се вратив дома, каде што имало неколку часа паника, бидејќи некои униформирани луѓе го одвеле Циго. Но инцидентот завршил среќно, го пуштиле по половина час. Единствено настрадал некој негов сандак со добар алат.“

Josip Horvat, *Preživjeti u Zagrebu*, стр. 229-331.

Што мислите за акциите на новата влада на партизаните, како што е опишана погоре? Дали, според ваше мислење, во дневникот на Хорват има автоцензура?

**сл. 54 Партизаните влегуваат во Загреб на 8 мај 1945 година**



Музеј на градот Загреб.

Опишете ја фотографијава: дали е очигледно дека фотографијата прикажува историски настан? Зошто главниот плоштад во Загреб е празен?

**сл. 55 Собирот одржан на плоштадот Бан Јелачиќ во Загреб во мај 1945 година, откако партизаните ја зеле власта**



Галерија на Државниот архив, Загреб.

Зошто главниот плоштад во градот бил преполн со луѓе неколку дена по влегувањето на партизаните во Загреб? Кои се можните мотиви за нивното доаѓање на собирот што го организирала новата власт?

**V-9. Извадок од извештајот од еден собир на Бугарската работничка партија (комунисти), на кој се оспоруваат осудите на членовите на поранешниот режим**

*20 јануари 1945*

Дневен ред: Размена на идеи и мислења за осудите на двете судења. (...)

Министерот Минчо Нејчев: Другарите кои се народни обвинители, дејствуваат на сосема погрешен начин. Тие прво ги наоѓаат најтешките злосторства, а потоа другите злосторства ги градираат надолу. Тие сакаат смртна казна само за најголемите виновници, а за другите (кои во споредба со претходните не се многу виновни) сакаат полесни казни. Не бараат докази со кои ќе можат да докажат дека станува збор за сериозно тешко дело кое мора да се казни со смрт, туку ги бараат оние што извршиле потешки дела.

Ѓорѓи Чанков: Линијата на дејствување на нашите обвинители не е линијата на луѓе кои сакаат да ја исечат камарилата, туку на луѓе кои не учествувале во целата борба на Бугарите и сега само ја мерат вината. Нашите обвинители не изгледаат како луѓе што бараат макар и најмал доказ дека овие криминалци се виновни ...

Трајчо Костов: Никако не можеме да се согласиме со линијата на дејствување на нашите другари обвинители. Јас предлагам: за регентите - смртна казна за тројцата... За советниците - Шевов и другите четворица - најтешката казна ... За првиот кабинет на Филов - јасно е - смрт.

(...)

За вториот кабинет на Филов: истото. (...)

Да се изврши.

*Христоматия по История на България 1944-1948,* София 1992, стр. 484-485.

> Како се донесувале казните - врз основа на актуелната вина или според други критериуми? Дали политичките лидери треба да донесуваат вакви одлуки или нив ги носат соодветните правни институции?

**V-10 Дел од извештајот на министерот за правда, за бројот на луѓето казнети од Народниот суд во Бугарија**

Од еден извештај на д-р. Минчо Нејчев - министерот за правда, до Националниот комитет на Татковинскиот фронт:

„(...) Од 23 декември 1944 до 31 март 1945 година Народниот суд заседаваше за 145 случаи со 10 907 обвинети лица. Нив им беа изречени следниве казни: 2 680 - осудени на смрт; 1 921 - доживотна казна; 19 - 20 години затвор; 962 - 15 години; 727 - 10 години; преостанатите 3 241 - помалку од 10 години. Речиси на сите имотот им беше конфискуван.“

Манов, стр. 21.

**V-11 Британски меморандум во врска со процесите и казнувањето на таканаречените воени злосторници во ослободените земји и земјите - сателити**

*Британската амбасада во Вашингтон, 31 март 1945*

2. Иако поединците кои беа погубени како резултат на неодамнешните процеси во Бугарија се рангирани како „воени злосторници“, јасно е според пресудите и од сите околности на судењата дека овие процеси се, всушност, политички по својот карактер. За таа цел беше усвоен еден специјален закон ex post facto и тие ја користат можноста да се ослободат од многу политичари кои се непријателски расположени спрема оние што се моментално на власт.

3. Таква чистка, макар била спроведена и само делумно, може лесно да предизвика вакуум во политичкиот живот на земјата и на тој начин да дозволи власта да ја земе некаква еднопартиска влада и да воведе диктатура.

*България - своенравният съюзник на Третия райх*, стр. 222-223.

> Кога се знае дека бројот на луѓето осудени на смрт на Нирнбершкиот процес е дванаесет, а на оние во Јапонија уште помалку, како ќе се објасни големиот број погубени од Народниот суд во Бугарија?

Како ги коментирала британската амбасада во Вашингтон овие процеси?

**▶ сл. 56 Топол пречек за македонската војска, за политичките и за државните водачи во ослободено Скопје - главниот град на југословенската Република Македонија (13 ноември 1944)**



**V-12. Извадок во кој се опишува како Црвената армија влегува во Бугарија и како Татковинскиот фронт ја презема власта**

Во текот на четири и пол децении денот 9 септември 1944 се славеше и величаше како „Народно антифашистичко востание“ и како „Социјалистичка револуција“. Всушност, тоа беше државен удар извршен со помош на друга земја чијашто војска влезе во Бугарија откако прво ни објави војна. Ниеден куршум не беше истрелан против Сталиновата Црвена армија во Бугарија. Напротив, таа беше пречекана како наш ослободител... Герилците почнаа „триумфално“ да излегуваат од шумите, да одат по градовите и селата, виорејќи црвени знамиња и извикувајќи слогани. СМРТ НА ФАШИЗМОТ, СЛОБОДА НА НАРОДОТ! Најупотребуваниот и најслушаниот збор во тоа време беше СМРТ!

(...) Немаше востание, бидејќи владата на Татковинскиот фронт ја зеде власта без никакво крвопролевање. Но токму тие, новите луѓе на власт, почнаа први да пролеваат крв. На првиот ден од нивното владеење. Сето тоа се случи со тивкото одобрување на „братушки - браќата“ (Русите).

Манов, стр. 11-12.

Како гледа авторот на смената на режимот? Каква е улогата на Црвената армија во овој настан, од една страна, а каква е улогата на партизаните и Татковинскиот фронт, од друга? Како го прикажуваат тоа победниците?

**▶ сл. 57 Белграѓани ѝ пожелуваат добредојде на бугарската војска**



«„Да живее братската бугарска војска“ - така Белграѓани ги пречекале своите соседи. Бугарија учествувала во Втората светска војна на страната на антихитлеровската коалиција меѓу септември 1944 и мај 1945 година. Бугарската војска, заедно со југословенските партизани и делови од Третиот украински фронт, се борела на југословенска, унгарска и австриска територија.

**Прашања и задачи за делот Vв.**

Кои биле промените во политичкиот систем на вашата земја по Втората светска војна? Дали во наредните неколку децении се случиле некои други поголеми политички промени и од кои причини? Споредете ја вашата земја со другите соседни земји.

# ШЕСТО ПОГЛАВЈЕ:
## Сеќавањето на војната

Ова поглавје ни дава малку поинаков поглед на воените случувања и тоа од позиција на определена дистанца. Дистанцата настанува со изминувањето на времето и е неминовна кога се пишуваат мемоари, сеќавања и интервјуа многу време по одвивањето на самите настани. Откако ќе помине некое време, учесниците во воените настани може на своето доживување да гледаат во поинаква светлина или од друг агол. Интересно е да се следи насоката по којашто се менува перспективата на раскажувачот и да се види кои се можните причини за таа промена (намерно преобликувањето на историјата и нивната улога во неа, промени предизвикани со промената на политичкиот став или на животниот поглед на раскажувачот, избледеното сеќавање, влијанието на другите и др.).

Друг вид дистанца што го наоѓаме во изворите што следуваат е дистанцата на документарното прикажување на, на пример, реалните, актуелни настани. Тој вид најјасно се гледа во делата од литературата. Меѓу нив може да се најде широк спектар на разнообразие, од дела кои се забележливо идеолошки обоени и неуверливи, безживотни, црно-бели приказни, до оние во кои реалистичката презентација и високата уметничка вредност се надополнуваат една со друга и формираат убаво заокружен приказ. На наредниве страници можат да се најдат примери од целиов овој спектар.

**VI-1. Интервју со Јоже Пожар (роден во 1932 година во Словенија), сирак од Втората светска војна**

„Војната ја паметам како лош сон кој, за жал, беше јаве. Но сите мои спомени се во сенката на фактот дека еден ден италијанските војници го одведоа татко ми Јоже и го стрелаа како заложник во Потпеч, заедно со уште петмина други селани од Брест.

Моите сеќавања на младоста се болни. Во тоа време имав тежок живот. Јас, моите сестри Милка и Марија, брат ми Марин, татко ми Јоже и мајка ми Иванка, сите живеевме на еден мал имот. Живеевме од земјоделие. Иако татко ми беше колар, не можеше да најде вистинска работа. Живеевме слично како и другите семејства во селото Брест и околината.

Сè се промени, или подобро да речам се урна кога го одведоа и го стрелаа татко ми. Стана дури и уште полошо кога во 1944 година мајка ми ја пратија во германски концентрационен логор. Во тоа време јас имав дванаесет години и отпрвин јас се грижев за домот и семејството. Подоцна, тетка ми Алојзија Груден од Љубљана почна да се грижи за моите сестри Милка и Марија и за братот Мартин, а за мене се грижеа нашите соседи. Со нив останав до 1945-та кога мајка ми се врати од концентрациониот логор... Животот продолжи да тече. Сите се снаоѓавме некако, но сигурно ќе беше подобро да беше со нас татко ми кога најмногу ни требаше... Сè уште и денес се возбудувам кога ќе застанам пред гробот на татко ми во Томишељ и ќе помислам на неговата смрт во времето кога највеќе ни беше потребен.“

Брест, април 2003

„Ilegalčki borec“, Љубљана 2003.

Како би ги опишале сеќавањата на Јоже Пожар? Помислете на огромниот број жртви во Втората светска војна и обидете се да замислите колку многу приказни слични на неговата може да има...

**VI-2. Извадок од полубиографскиот роман на Фикрет Демираг**

„Беше 28 април 1941 година. Нè заробија по еден месец откако пристигнавме во Грција и по единаесет месеци откако му се приклучивме на движењето. Звучи неверојатно, но повеќе од половината немавме испукано куршум за време на целата наша воена кариера. Тоа најмногу се должеше на фактот што повеќето Кипрани служеа во резерва.
Кога стасавме близу патот, забележавме еден кус германски војник. Тоа беше првиот германски војник што го видов во мојот живот и тој изгледаше уморно и нервозно. Немаше ништо во изгледот на овој нацистички војник што го правеше специјален или супериорен! Единственото нешто што го истакнуваше беше машинската пушка што ја држеше вперена кон илјадниците воени заробеници кои се симнуваа од планините.“

„Report“ бр. 46, стр.14.

За време на војната Кипар бил британска кралска колонија. Многу грчки и турски Кипрани се приклучиле кон „Кипарската пешадија“ и се бореле против нацистичка Германија. Многумина од нив биле заробени и затворени во германските логори за воени заробеници.

Зошто Билал Денизал се чувствувал фрустрирано? Како тој го опишува германскиот војник? Тој се чуди што германскиот војник не изгледа „специјален или супериорен“. Зошто очекувал да изгледа така?

**VI-3. Бугарскиот партизански командант Денчо Знеполски, за тоа како во годините по Втората светска војна одново била напишана историјата на отпорот**

Длабоко сум убеден дека историјата не може да се напише по наредба неколку децении подоцна. Таа беше создадена во текот на партизанските битки, но на некои луѓе им одеше во прилог да ги извртуваат фактите на начин кој ќе им одговара на нивните амбиции...
Тоа добро, но кога нè ставија в затвор во периодот 1951-1954 година, многу луѓе ги зафати епидемијата на „слабо помнење“, па почнаа да ја изопачуваат историската вистина и да произведуваат измислени сведоштва преку кои нивното минато ќе одговара на нивната денешна позиција во партиската и државната хиерархија. Како да е задолжително да изјават дека биле големи команданти во текот на вооружената борба против фашизмот, за да им звучат биографиите престижно! Некои од нив, всушност, имаа доволно револуционерно искуство и не мораа да претеруваат со своите биографии пред 9 септември, но...и тоа е за луѓе!

Знеполски, стр. 316.

Кои се луѓето што одново ја пишуваат историјата? Со која цел го прават тоа?

**VI-4. Генерал Ктин Санатеску за разликите меѓу „јавните“ информации и реалноста на фронтот (извадок од неговиот дневник)**

„15 декември 1942 година. Денес се на ред за читање весниците од 23 и 24 ноември (1942). Во хрониката на *Универсул* се вели: 'Во областа на долни Дон, романските и германските трупи, кои неколку дена беа ангажирани во страшни одбранбени борби, ги одбија повторните непријателски напади и го уништија коњичкиот полк кој успеа да се пробие до нивните позиции, но и покрај тоа не можеа да го избегнат предавањето.' Не може да има ништо полаконско. Да беше коњичкиот полк

навистина уништен, тоа ќе значеше дека е уништена една дванаесеттина од вкупната руска коњица на овој фронт, бидејќи имаше три коњички дивизии.
Господин хроничаре, дозволете да ви кажам каква беше тогаш ситуацијата: 5-тата, 6-ата, 13-тата, 15-тата и дел од 14-та романска дивизија беа целосно опколени. 11-тиот германски корпус и 1-та романска коњичка дивизија – присилени да преминат на источната страна на Дон, и 48-иот германски оклопен корпус беа соочени со невозможноста да дејствуваат, поради што генерал Хајм - наречен 'мал Ромел' - ја презеде командата. Непријателот пристигна во Цир, во Источна Обливскаја и ја пресече пругата преку која се испраќаше војска во Сталинград. Како што можете убаво да видите, г. хроничаре, катастрофа... Сфатив, г. хроничаре, дека вие само ги препишувате лагите од германските коминикеа, на кои им додавате некои празни зборови за да ги наполните двете колумни во весникот, за што впрочем и сте платени. Сега го сфатив и тоа дека никогаш немало напишано толку многу невистини како во официјалните воени коминикеа..."

Sanatescu, стр. 87-88.

? Прокоментирајте ги разликите помеѓу перспективата на војниците и онаа што ја пренесува печатот. Зошто печатот ја извртува реалноста? Дали е оправдано тоа извртување?

**сл. 58 Фреско-композиција на Борко Лазески**



Оваа фреско-композиција е приказ на националното ослободување и антифашистичката борба на македонскиот народ во текот на Втората светска војна (1941-1945).

**сл. 59 Сцена од филмот *Ужичка република***



Југословенска кинотека, Белград.

Овој филм го сними белградскиот режисер Жика Митровиќ во 1974 година. Ужичка република е парадигматичен за последната фаза на дотераните и романтичарски интерпретации присутни во „партизанските филмови".

**VI-5. Анѓелка Мартиќ, во нејзиниот краток расказ *Средба*, опишува како едно момче го бара својот татко партизан**

„Му сврте грб на пепелиштето и со брзи чекори тргна кон шумата во која замираа далечните пукотници. Опожареното село остана во низијата. Момчето повеќе ниеднаш не се сврте да го погледне. Во него останаа неговите најмили кои никогаш повеќе нема да ги види, чии зборови никогаш повеќе нема да ги чуе...
Шумата го обви со шумот на своите лисје и плашливото црцорење на птиците, кое на чуден начин се претопуваше со сè послабите пукотници. Тие пукотници беа неговата цел. Таму се борат партизаните и меѓу нив татко му, кој сега му е единствен на овој свет. Ќе го најде ли? Мора, мора, мора да го најде! И тогаш ќе остане со него, татко му ќе му даде пушка и тој ќе го одмаздува селото во долот и изгорената куќарка во плодниот овоштарник. (...)
Борбата стивна. Се чу мрморење на гласови. Партизаните не беа далеку. Момчето осети како срцето му бие возбудено во топлото очекување на средбата со таткото...
Час подоцна стоеше со наведната глава над мртвиот партизан кого штотуку го донесоа од борбата. По лицето му течеа дробни солзи, а слабите рамена му ги тресеше силното липање. Околу него молчешкум стоеја другарите. Никој не го тешеше, никој не го смируваше со зборови. А и од каква корист би било тоа. Неговата болка ништо не може да ја смали! Наеднаш, решително одмавна со главата, со излигавени раце си ги избриша солзите и му се приближи на татка си. Од неговата крупна мртва рака, со своите слаби рачиња ја извлече пушката, ја фрли на рамо и со тежок чекор се зададе кон четата на чие чело до пред некој час стоеше неговиот татко.
Никој немаше сили да го запре.“

Martić, 118-120.

Партизанската литература за деца е посебен литературен жанр во повоена комунистичка Југославија. Меѓу најистакнатите претставници е Анѓелка Мартиќ.

? Дали мислите дека навистина имало настани како овој? (Детето ги губи родителите - им се приклучува на партизаните и станува борец.) Дали треба, во екстремни ситуации, да им се дозволи на децата да станат војници? (Не е битно дали е тоа пожелно, туку дали може да се допушти - дали се постапките на партизанскиот командант кој ги дозволувал тие работи разбирливи?) Дали е приказната на Анѓелка Мартиќ идеализирана? Објаснете го својот став. Споредете го овој извадок со текстот III-2 и сликата 22.

**сл. 60 Ѓорѓе Андрејевиќ-Кун (1904-1964), *Стрелање*, 1943**



*Југословенска графика 1900-1950*. Каталог изложбе, Белград, декември 1977 - фебруари 1978, Белград, 1977, каталог бр. 12.

**VI-6. *Бегалецот* - песна напишана од Јаков Камбанелис**

**БЕГАЛЕЦОТ**

од *Маутхаузен* на Јаков Камбанелис

Јанош Бер од север
Не може да поднесе огради
Го стега срцето, зема да бега
и бега во селото долу во рамнината.

Дај ми малку леб, госпоѓо
И алишта да се преоблечам
Ме чека долг пат

Да летам преку езерата.

Каде и да оди или запира
Донесува уши и страв
И глас, таинствен глас,
„Скриј се, скриј се од бегалецот!“.

Јас не сум убиец, христијани,
Ниту ѕвер што ќе ве изеде
Избегав од затвор
Да си одам дома.

О, каква смртоносна пустош
во старата земја на Бертолд Брехт
Јанош им е предаден на СС
И одведен на стрелање.

*Маутхаузен* се циклус песни компонирани од Микис Теодоракис, меѓународно познат музички гениј и најпознатиот жив грчки композитор, според стиховите на Јаков Камбанелис. Циклусот е создаден во 1965 и снимен во 1966 година. Јаков Камбанелис, роден во 1922 година, се смета за еден од татковците на повоената грчка драма. Тој и еден негов пријател биле фатени и одведени во Маутхаузен, каде што поминал две и пол години. Според Камбанелис, Јанош Бер бил Полјак кој по фаќањето бил јавно стрелан.

Како се чувствувал бегалецот? Зошто сите одбиле да му помогнат?

### VI-7. Евелин Во (Evelyn Waugh) опишува еден партизански напад (од последниот дел на неговата воена трилогија *Меч на честа*)

„Конвојот минуваше низ терен облеан во рустичен сјај, како низ акварел од минатиот век. Низи од блескави пиперки висеа од покривите на куќите. Жените по нивите понекогаш ќе мавнеа за поздрав, а понекогаш ќе ги скриеја лицата. Немаше вистинска разлика меѓу ‘ослободената’ територија и онаа што стенкаше под туѓинска нога. (...)
За помалку од еден час, ја здогледаа караулата. Беше одбрано едно место на околу петстотини јарди оттаму. Беше добро скриено зад лисјата, каде што набљудувачите ќе можат удобно и безбедно да ги чекаат настаните. (...)
Во девет и пол часот некаде подолу од кај нив пукна пушка. Партизанскиот командант изгледаше вознемирен. (...) Пратија партизански курир да види што се случува. Уште пред да се врати тој, пукањето запре. Кога се врати да извести, преведувачот му рече на генерал Спиц: ‘Не е ништо, било грешка.’
‘Ништо од изненадувањето.’
Де Соуза, кој го слушна и го разбра извештајот на куририот, му рече на Гај *(alter ego на авторот Во)*: ‘Тоа беше втората бригада, се појавиле одненадеж. Првата помислила дека се тие непријателот, па запукале. Никој не е повреден, но како што вели нашиов пријател, 'ништо од изненадувањето'.
Во долината веќе немаше мир. Во наредниот четврт час се слушаа повремени истрели, се чинеше дека беа спорадични, некои од зад оградата на караулата, а некои од зад околната заштита. Тогаш, точно во десет часот, токму кога големата стрелка на специјалниот рачен часовник на генерал Спиц го допре зенитот, од синото небо загрмеа двата авиона *(британската воена поддршка)*. Се спуштија ниско, наредени еден зад друг. Првиот испука истовремено две ракети кои за малку ја промашија целта и експлодираа зад него во шумата, каде што беа групирани дел од напаѓачите. Другиот пукаше попрецизно. И двете негови ракети погодија точно во ѕидот и кренаа во воздух облак од прав. Потоа машините се кренаа и завртеа. Гај, сеќавајќи се на понирачките бомбардери на Крит кои безмилосно ги бркаа и стрелаа врз трупите на земјата, почека да се вратат. Но тие веќе ниту се гледаа ниту се слушаа. Недалеку стоеше авијатичарот кој беше испратен да ги набљудува. ‘Одлична работа’, рече, ‘точно на време, точно на целта.’
‘Тоа е сè?’ запраша Гај.
‘Тоа е сè. Сега војниците *(партизаните)* може малку да поработат.’ “

Но партизаните не сторија ништо.
„ 'Се чини', му објаснуваше преведувачот на генерал Спиц, 'дека нападот ќе мора да се одложи. Една германска колона од оклопни возила била предупредена и сега доаѓа наваму.'
'Што ќе прават вашите?'
'Пред германска колона од оклопни возила тие исчезнуваат. Тоа е тајната на нашите големи и многубројни победи.' "

Waugh, стр. 288-291.

Авторот Евелин Во учествувал во војната на територијата на Хрватска (Топуско, Вис - како член на британската воена мисија кај партизаните). Мисијата имала задача да ја набљудува ситуацијата и да ги информира Сојузниците за тоа кој, фактички, се бори против Германците во Југославија (партизаните или четниците).

Во кој друг жанр, освен воен, може да се категоризира расказот на Во (хумор, фарса, акција, акциска комедија...)? Каков однос може да се забележи меѓу писателот и партизаните во текстот? Дали оваа епизода е целосно измислена или е базирана врз вистински настани? Споредете ја со текстот II-23.

## VI-8. Извадок од првиот роман на Добрица Ќосиќ, *Далеку е сонцето*

„За да биде состанокот необичен, се сплетоа сите околности. Времето запре на полноќ. Бурата завива божем самата смрт ја колат. Одредот опколен, луѓето г ладни, малаксани, студот и стравот стрижат по раскинатиот сон. Комесарот ги буди и ги вика во штапската колиба. Таа е полна со чад. Партијците се стуткале еден преку друг, се тресат од студ, а поспаните мрморат протести поради состанокот во ова време. Потпрени еден на друг, некои веднаш задремаа, не дочекаа да го чујат ни дневниот ред.
Павле рече:

**сл. 61 Два плаката од грчки филмови за Втората светска војна Προδοσία *(Предавство)*, 1964.**




Soldatos, том 1, стр. 147.

**сл. 62 *Τι έκανες στον πόλεμο Θανάση (Што правеше за време на војната Танасис?)*, 1971.**




Soldatos, том 2, стр. 4.

- На дневен ред, другари, има само една точка: што да се прави во оваа ситуација? Ние во штабот не можеме да се сложиме. Имаме различни мислења и се чини никој не е подготвен да се откаже од своето мислење. Еве за што се работи...
Павле зборува, а Вуксан си мисли: ‘Како може да не се согласат кога се раководители и стари комунисти... А кој е?... Па се разбира, Уча има право: ние сме господари на Јастребац[61]. Зошто да бегаш од својата база... Па овој Гвозден е луд. Што ти е малосопственичка душа. Штом има приватна сопственост, несигурен е во Револуцијата. Спиј, јади и чекај да си одат Германците. Што му е нему? Тој е верен човек...Чудо! (...) Кај ќе одиш во Морава[62] и на Копаоник[63], кога таму не можеш да мрднеш од четници.[64] Народот е заведен против нас. Барем да е лето, па можеш и по пченката. Избегнување борба...’
(...) Додека Павле зборуваше, Гвозден и уште неколкумина упаѓаа во збор, па Павле мораше неколкупати енегрично да ги опоменува.
... Ова веќе не личи на партиски состанок. Ова е кавга. Треба сите да се казнат и да се избере нов раководител. Го разбиваат единството на ќелијата. Ќе го разбијат и одредот. Што им е ним? Кренале паника. Не е ова пејачко друштво!'
(...) Павле е сосема во право! Оставете ги тие измислици за теренот. Нашиот терен е секаде каде што е окупаторот. (...)
- Ако ние го напуштиме Јастребац, политички сосема ќе го изгубиме овој терен. Народот ќе се разочара во нас. Дражинци[65] ќе направат организација и сите нас ќе нè испозаколат...
(...) - Кога појдов партизан - продолжи Ѓурѓе - ми вели мене оној штрбавион Вуксан: ‘Русите ќе пуштат падобранци, ги очекуваме една од овие ноќи. Војната за еден месец завршува.’ Неколку ноќи по ред се подготвувавме да палиме оган штом ќе се појават советските авиони. Помина летото, падна слана, со сланата иње, па наврна и снег до половината, а Хитлер душка околу Москва. 'Што е работава' - прашувам јас. - На пролет - вели тој - ќе заврши. - Добро - велам - да го чекам Ѓурѓовден, а тоа еве и вториот снег го газам како мечка по Јастребац.
(...) Вук се искашла, се намурти и проговори со растреперен глас:
- Воениот суд го осуди другарот Гвозден на смрт...
Некој во стројот офна, неколкумина длабоко воздивнаа. Вук застана како да очекува некој нешто да каже, па продолжи:
- ... зашто тој, во најтешките мигови на нашата борба, се обидуваше да предизвика побуна во одредот и со тоа, нели, изврши најтешко предавство! Стана предавник!... Тоа ние го одлучивме! ... едногласно! (...) - Доста!...Не срамоти ме веќе! Гвоздеровиот глас пресече како скршена сабја. Зачекори два чекора напред, се исправи, налутено и гордо ја исправи главата, пресече со погледот по стројот и со затегнат треперлив глас рече тивко:
- ... Вие немате сега време да расправате за правда. Ви се брза. Немојте поради мене да губите време. (...) Еве другари, кој нема добар капут нека го земе моево гунче - се раскопча со широк замав и го фрли гунчето пред стројот.

Ćosić, стр. 24, 25, 42, 144.

Првиот роман на писателот и политичар Добрица Ќосиќ (1921-), *Далеку е сонцето*, е објавен во 1954 година и во тоа време претставувал новина во литературата на „борбата за национално ослободување и револуцијата“. Во него хероите, членови на еден партизански одред кој се обидувал да го пробие непријателскиот обрач, не се „херои без вина и страв“, туку луѓе со свои сомнежи, стравови, па дури и со идеолошко колебање.

[61] Планина во централна Србија.
[62] Река во централна Србија.
[63] Планина во јужна Србија.
[64] Колоквијалното име за припадниците на колаборационистичкото ројалистичко и националистичко движење „Југословенска армија во татковината“, кое било главен политички и воен непријател на комунистичкото партизанско движење.
[65] Генерал Драгољуб-Дража Михајловиќ, водач на „четничкото“ движење.

Како ги опишува авторот односите меѓу партизаните од овој одред? Дали мислите дека е описот реалистичен? Изложете го своето мислење.

**сл. 63 Слика од Гури Мади на која е прикажан партизански напад на германска воена единица**



*Epopeja e Luftes Antifashiste Nacionalclirimtare e Popullit Shqiptar,* 1939-1944.

**сл. 64 Слика од Фатмир Хаџиу на која е прикажана епизода од борбите за време на Втората светска војна**



*Epopeja e Luftes Antifashiste Nacionalclirimtare e Popullit Shqiptar,* 1939-1944.

Дали овие две слики ви се чинат реалистични? Објаснете го своето мислење.

**VI-9. Следниов текст од книгата *Делрул* на Марин Преда (објавен во 1975 година) опишува еден настан од перспективата на војникот. Во него може да се забележи реализам на соопштувањето, во кој идеализмот се судира со трагичната реалност на војната.**

Во 4 часот нападот го започна групата придружена од својот командант. Стефан им се придружи. Збивташе. „О боже“, наеднаш си помисли, „сега може да умрам“ и неговата мисла беше толку нова и свежа што го зачуди и го исплаши. Како ли е тоа, да умреш, да не си повеќе? И несвесно, без разбирање, виде како пред него, ваму-таму, паѓаат војници, некои покосени, а некои се фрлаа на земја залудно барајќи засолниште на бришаниот простор на рамнината. Инстинктивно и тој се фрли на земја и дури тогаш сфати дека од напред доаѓаше разорувачки и непрекинат оган. И капетанот се беше испружил неколку чекори до него. Пукањето престана.
„Јуриш!“, го чу Стефан како вика, „Напред!“
И тој самиот скокна и јурна. Групата, распрскана во стрелци повторно тргна во напад, но одеднаш на сите страни силно зататнеа непријателските машинки и војниците се фрлија

повторно на земја.
„Напред!“ викна капетанот кога запре огнот. Но никој веќе не ја следеше командата. Побеснет од лутина, тој почна дивјачки да пцуе и да се заканува. Залудно... Капетанот повторно извика:
„Одред, напред!“
Тој самиот стана и почна да трча, за да го следат и другите војници. Тие тргнаа по него, но повторно налетаа на непријателските машинки и капетанот беше погоден во стомакот. На земјата војниците можеа да го слушнат неговиот смртен крик и неговите клетви по болничарите со носилките, кои не можеа да дојдат да го кренат. Полека, како црви, војниците почнаа да се повлекуваат, лазејќи и оставајќи половина од своите зад себе на рамнината, било мртви било ранети. Болничарите со носилките работеа, но не можеа да ги однесат ранетите зад линијата на фронтот, бидејќи ги имаше премногу.

Preda, стр. 394.

Дали овој приказ дава херојска слика на војната? Зошто војниците не ја следеле наредбата? Дали тоа ги прави предавници? Можно ли е секогаш да се контролира однесувањето на луѓето во такви ситуации? Продискутирајте го тоа дека перспективата на авторот се чини блиска до перспективата на војниците. Повикајте се на сведоштвата на Неагу Ѓувара и Виктор Будеску.

### VI-10. Извадоци од романот *Тутун* на Димитар Димов

Варвара не изгледаше толку лошо - барем не онолку колку што би можело да се очекува во лоши услови, во кои беше невозможно дури и одржувањето на основните потреби за добар изглед. Но таа лично мислеше дека изгледа лошо. „Мора да изгледам како вештерка“, си помисли горко, присетувајќи се дека при последната борба си го изгуби чешелот...
Да, губиш трпение, сосема си исцрпена од не

**сл. 65 Страна од стрипот *Балкан експрес,* на Бранислав Керац и Бранко Плавшиќ, по текст на Гордан Михиќ.**



*Стрипотека.*

Стрипот се појавува како адаптација на филмовите, кои беа мошне популарни во 80-тите години на XX век и користи црн хумор во прикажувањето на воените доживувања на една група ситни крадци. Борејќи се за опстанок, тие стануваат „посебни“ учесници во движењето на отпорот, против нивната волја. Овој сатирично-хумористичен пристап кон „партизанскиот вестерн“ жанр создаден од југословенската кинематографија како еден од нејзините централни мотиви во текот на четиридецениското творештво, претставува новина. Тој може да се смета за дел од општиот обид за „преиспитување“ на идеолошки и политички „дотераната“ официјална историја на Втората светска војна и нејзината уметничка интерпретација која со долгата употреба веќе стана изветвена.

прекинатото клатење меѓу животот и смртта. Овој тип на живот те исцрпи, те претвори во нерасположена, исушена жена токму сега кога победата се ближи, кога сакаш да бидеш свежа и привлечна, кога почна да копнееш по љубов. Жртвуваше сè за партијата, но ја пропушти радоста во животот. Партизанскиот живот ѝ наметнува огромни напрегања на личноста и бара од поединците натчовечки откажувања од самите себеси. Ти уште си добра, но сега само со умот. Ова е изворот на твојот конфликт, твојата нервоза, неспособноста да го прифатиш големиот дуализам во нештата и луѓето, кој го поттикнува нивниот развој...

(...) „Што ќе правиш кога ќе ја земеме власта?“

„Тоа што ќе ми нареди Партијата.“

Јас лично ќе се дотерам... Првата работа што ќе ја направам ќе биде да се измијам и да се дотерам... И тогаш нема да изгледам како вештерка!

(...) Комунистите мораат да го сакаат животот.

(...) Животот можеш да го сакаш кога си им пријатен на луѓето, уреден и чист...

(...) Сега таа (Ирина) сакаше да се повлече во спокојството на боровите на Чамкорија, под небото со студени ѕвезди и без здив да го чека сето она што допрва ќе се случи. Зашто, што и да се случи, таа е неповредлива. Физичката урнатина на стариот свет не ја интересираше, а новиот не ја плашеше. Таа имаше инвестиции во странство, и нив никој не можеше да ги допре, а вечерва беше убедена дека комунистите не им се одмаздуваа на жени. Сепак, беше свесна дека имаше уште нешто друго од кое не можеше да избега, нешто уште пострашно од одземањето на богатството или од одмаздата на гладните. А тоа беше нејзината внатрешна урнатина. Тоа беше пепелта од сè што дотогаш го беше доживеала, и од ужасот на таа ноќ, кој одненадеж се претвори во мрачна апатија...

(...) Тоа беше простата вистина! (...) Реалистичниот, спокоен и моќен ум на Ирина не се плашеше да го прифати, така што веднаш се помири без гнев или паника. Во меѓувреме, стотици разгалени жени липаа како деца и паѓаа во несвест затоа што нивните килими им ги газеа со калливи полициски чизми или затоа што пространите домови им ги полнеа со бездомници. Не можеа да сфатат дека тоа беше неумоливоста на животот, дека настаните што го сочинуваат се во реципрочно зависен однос и дека паразитската егзистенција на едни нужно предизвикува гневен бунт кај други.

Димов, стр. 564-569, 628, 667.

Димитар Димов (1909-1966) - познат бугарски писател и драмски творец, по образование бил ветеринар со околу 40 објавени научни статии. Неговиот најпознат роман е *Тутун*, напишан во 1951 година. По барање на раководството на Бугарската комунистичка партија, романот бил ревидиран и биле додадени повеќе ликови на луѓе од движењето на отпорот. И покрај вонлитературната интервенција, *Тутун* станал омилена книга на многу генерации Бугари. Горенаведените извадоци го покажуваат психолошкиот однос на две радикално различни жени - партизанката Варвара и жената од повисоката класа Ирина - на крајот на Втората светска војна.

Како си ги замислувале двете жени неминовните промени во нивните животи? Што очекувале да бидат нивните резултати? На кој начин се двете жени слични?

### VI-11. Турскиот Кипранец Кемал Реџеп Сусузлу за деновите што ги минал како воен заробеник заедно со водачот на грчките Кипрани Глафкос Клеридес [66]

Кога стасавме во февруари 1942 година, на грбот од кошулите и на колениците на панталоните ни удрија печати со црвен триаголник. Таа мерка имаше за цел во случај на бегство од логорот, да овозможи лесна идентификација на кој и да е затвореник. Црвениот крст

[66] Тие и двајцата биле испратени од солунскиот логор за воени заробеници во Сталагот (германски затворенички логор за подофицери и војници од понизок ранг). Сусузлу го пренесол своето искуство од Сталагот во весникот Јени демократ во 1993.

делеше картони со кои можевме да ги известиме другите дека сме, сè уште, живи. Кој можеше да поверува во такво нешто?
Логорот беше поделен на квадрати со бодлива жица. Во зградата спроти нас беше сместен персоналот на Воздухопловството. Со нив имавме добри односи, иако нè делеше бодлива жица. Меѓу нив беше и пилотот Глафкос Клеридес. Тој испраќаше пораки дека сака да помине на нашата страна и бараше од нашата облека за да не го препознаат. Јас пресече бодликавата жица и помина на нашата страна. Штом пристигна, веднаш почна да формира организација која конкретно ќе се занимава со проблемите на Кипраните. Се одржаа избори и тој беше избран за раководител. Глафкос Клеридес беше одговорен за сите Кипрани, а јас бев одговорен за сите болни.“

Ulus Irkad, стр. 15-16.

**сл. 66 Сцена од албанскиот филм *Кога осамна ден***



Hoxha, стр. 160-161.

Сликава е преземена од една сцена од филмот под наслов *Кога осамна ден,* со тематика од Втората светска војна (произведен во Тирана во 1971 година). Таа прикажува средба меѓу партизани и германски војници. Интересно е да се забележи дека во, речиси, сите филмови за Втората светска војна, германските војници се помногубројни од партизаните, но на крајот партизаните ги добиваат битките. Оваа слика одлично ја прикажува таа идеја.

Споредете ја оваа слика со текстот VI-7.

**Прашања и задачи за Шестото поглавје**

Направете интервју со вашата баба или дедо - напишете ги нејзините/неговите сеќавања за војната. Анализирајте ги сликите. Што прикажуваат тие? Интерпретирајте ги сликите и напишете краток есеј.
Дали некој од авторите опишал среќен миг од својот живот за време на војната?

**Национални празници поврзани со Втората светска војна**

| *Земја* | *Датум* | *Празник* | *Опис* |
|---|---|---|---|
| **Албанија** | 29 ноември | Ден на ослободувањето | Ослободување од Германците во 1944 |
| Босна и Херцеговина | 25 ноември | Национален ден | Првото заседание на ЗАВНОБИХ (партизанскиот парламент, 1943) |
| Бугарија | - | - | - |
| Хрватска | 22 јуни | Ден на борбата против фашизмот | Почетокот на востанието (1941) |
| Грчката кипарска заедница | 28 октомври | Денот Охи (Не) | Грчкото одбивање на италијанскиот ултиматум (1940) |
| Македонија | 11 октомври | Денот на востанието | Почетокот на востанието (1941) |
| Грција | 28 октомври | Денот „Охи“ (Не) | Грчкото одбивање на италијанскиот ултиматум (1940) |
| Романија | - | - | - |
| Словенија | 27 април | Денот на отпорот | Формирањето на Ослободителниот фронт (1941) |
| Србија и Црна Гора | - | - | - |
| Турција | - | - | - |

## КАРТА 2: Југоисточна Европа по Втората светска војна



# Библиографија


- *Ayhan Aktar, Varlik Vergisi ve Turklestirme Politikalari* (*Данокот на капитал и политиката на турцизација*), Истанбул, 2000.

- *Τα αετόπουλα. Αναγνωστικό τρίτης και τετάρτης ταξης* (*Малите орли.* Читанка за трето и четврто одделение), 1944, изд. 'Елефтерис Еладас', репринт.

- Nisim Albahari et al. (ур.), *Sarajevo u revoluciji* (*Сараево во револуцијата*), Сараево, 1979.

- Julian Amery, Sons of the Eagle: *A Study in Guerrilla War,* (*Синови на орелот: студија за герилската војна*), Лондон, 1984.

- *Bashkimi* (*Единство*), јуни 1944.

- *Bleiburg*, група автори, уредник Marko Grčić, Загреб, 1990.

- Бранислав Божовић, *Београд под комесарском управом 1941* (*Белград под комесарска управа 1941*), Белград, 1998.

- Бранислав Божовић, *Поруке стрељаног града* (*Пораките на стрелaниот град*), Белград, 1961.

- Don Pietro Brignoli, *Sveta maša za moje ustreljenje* (*Света миса за моите стрелани*), Горица, 1995.

- *България - своенравният съюзник на Третия райх,* (*Бугарија, своеволниот сојузник на Третиот рајх*), Софија, 1992.

- *Христоматия по история на България 1944-1948* (*Хрестоматија по историјата на Бугарија 1944-1948*), Софија, 1992.

- Nicholas J. Costa, *Shattered Illusions, Albania, Greece and Yugoslavia* (*Разурнатите илузии, Албанија, Грција и Југославија*), Њујорк, 1998.

- Ivan Cvitković, *Ko je bio Alojzije Stepinac* (*Кој беше Алојзие Степинац*), Сараево, 1986.

- Добрица Ћосић, *Далеко је сунце* (*Далеку е сонцето*), Белград, 1963.

- Vladimir Dedijer, *Novi prilozi za biografiju Josipa Broza Tita I-II* (*Нови прилози за биографијата на Јосип Броз Тито I-II*), Ријека-Загреб, 1981.

- *Deportarea etnicilor germani din Romania in Uniunea Sovietica (1945)* (*Депортирањето на романските етнички Германци во Советскиот сојуз (1945*), (ур.), Ханелопе Бајер, Брашов, 1994.

- Димитар Димов, *Тютюн* (*Тутун*), Софија, 2000.

- Добри и Елена Ѓуров, *Мургаш. Мемоари,* (*Мургаш. Мемоари*) Софија, 1983.

- *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава,* том втори, Скопје, 1981.

- Драгољуб Дудић, *Дневник 1941*, Белград, 1957.

- Polychronis K. Enepekidis, *Το ολοκαύτωμα των Εβραίων της Ελλάδος 1941-1944* (*Холокаустот на Евреите во Грција 1941-1944*), Атина, 1996.

- Feridun Cemal Erkin, *Dişişlerinde 34 yil Anilar-Yorumlar* (*34 години во надворешната политика: сеќавања-коментари*), Анкара, 1980

- *Evreii din România între antii 1940-1944*, vol 1: Legislație antievreiască (*Романските Евреи во периодот 1940-1944*, том I: Антисемитската легислатива) (ур.), Lya Benjamin, Букурешт, 1993.

- *Evreii din Romania intre antii 1940-1944,* (*Романските Евреи во периодот 1940-1944*, том II*)* (ур.), Lya Benjamin, Edit Hasefer, 1996. докум. 44; докум. 98.

- Tone Ferenc, *Okupacijski sistemi na Slovenskem* (*Окупаторските системи на словенечка територија*), Љубљана, 1997.

- Hagen Fleischer, *Στέμμα και σβάστικα. Η Ελλάδα της Κατοχής και της Αωτίστασης 1941-1944* (*Круната и свастиката. Грција од окупацијата и отпорот 1941-1944*), том II, Атина, 1995.

- Giomtov Giakoel, *Απομνημονεύματα 1941-1943* (*Мемоари 1941-1943*), Солун, 1993.

- Ivo Goldstein, *Holokaust u Zagrebu* (*Холокаустот во Загреб*), Загреб, 2001.

- Hitlers Weisungen für die Kriegsfürung 1939-1945 *(Хитлеровите упатства за водењето на војната 1939-1945)*, (ур.), W. Hubatsch.

- Josip Horvat, *Preživjeti u Zagrebu. Dnevnik 1943-1945* (*Да се преживее во Загреб. Дневник 1943-1945*), Загреб, 1989.

- Josip Horvat, *Hrvatski mikrokozam između dva rata* (*1919-1941*) (*Хрватскиот микрокосмос меѓу двете војни (1919-1941*)), во *Rad Jugoslovenske znanosti i umjetnosti* (Дело на Југословенската академија на науките и уметностите), Загреб, 1983.

- *Hylli i Dritës* (*Ѕвезда на светлината*), Ориенталната католичка мисија во Лушње, декември 1940, 601.

- Demir D. Hysolli, *Life or Death for Freedom* (*Живот или смрт за слободата*), САД, 1995.

- John Iatridis (ур.) *Η Ελλάδα στη δεκαστία 1940-1950. Ενα έθωος σε κρίση* (Грција во децениjата 1940-1950. Нација во криза), Атина, 1984.

- *Ilegalčki borec* (Илегалец), Љубљана, 2003.

- *Ιστορία του Ελληνικού Εθνους (Историја на грчката нација*), том 16, Атина, 2000.

- *Извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија, 1941-1945*, том I, книга 3, Скопје, 1970.

- Ulus Irkad, *Cypriots Together in the Second World War* (*Кипраните заедно во Втората светска војна*), превел Metin Kemal, "The Friends of Cyprus Report" (Пријателите на Кипар известуваат), број 46, есен 2003.

- Ilija Jakovljević, *Konclogor na Savi* (*Концлогор на Сава*), Загреб, 1999.

- Fikreta Jelić-Butić, *Četnici u Hrvatskoj 1941-1945* (*Четниците во Хрватска 1941-1945*), Загреб, 1986.

- Константин Кацаров, *60 години живяна история* (*60 години проживеана историја*), Софија, 1993.

- Данаил Крапчев, *Избрани статии*, Софија, 1992.

- Jure Krišto, *Sukob simbola, politika, vjere i ideologije u Nezavisnoj Državi Hrvatskoj* (*Судиром на симболи, политики, вери и идеологии во Независната Држава Хрватска*), Загреб, 2001.

- Bogdan Krizman, *Pavelić i ustaše* (*Павелиќ и усташите*), Загреб, 1978.

- Fitzroy MacLean, *Rat na Balkanu* (*Војна на Балканот*), Загреб, 1964.

- *Magazin istoric* (*Историски магазин*), Букурешт, октомври 2002.

- Agnes Jensen Mangerich, *Albanian Escape*: *The true story of U.S. army nurses behind enemy lines (Албанското бегство: вистинската приказна на американските воени медицински сестри зад непријателските редови)*, University Press of Kentucky, 1999.

- Ѓорѓи Манов, *Черната скала* (*Црната карпа*), Софија, 1997.

■ Anđelka Martić, *Vuk na voćinskoj cesti* (*Волкот на улица Воќинска*), Загреб, 1971.

■ Mark Mazower, *Στην Ελλάδα του Χίτλερ. Η εμπειρία της Κατοχής* (*Во Хитлерова Грција. Искуството од окупацијата*), Атина, 1995.

■ *Мемоари патријарха српског Гаврила* (*Мемоарите на српскиот патријарх Гаврил*), Белград, 1990.

■ *Minoritati etnoculturale. Marturii documentare. Tigani din Romania* (*1919-1944*)(*Етно-културните малцинства. Документарни сведоштва. Романските Роми (1919-1944*)), (ур.), L. Nastasa, A. Varga, C.A. Andreescu, Клуж Напока, 2001, док.339.

■ E. C. W. Myers, *Greek Entanglement*, Лондон, 1985 (првото издание: 1955).

■ Националниот архив - Отсек за округот Брашов, фонд на Советот на општината Бод, документ 76/1944, стр. 83.

■ Коста Николић, *Страх и нада у Србији 1941-1944: Свакодневни живот под окупацијом* (*Стравот и надежта во Србија 1941-1944: секојдневниот живот под окупацијата*), Белград, 2002.

■ Ново време, 25 септември 1942.

■ James O'Donnel, *A coming of age: Albania under Enver Hoxha*, Њујорк, 1999.

■ Faik Okte, *The tragedy of the Turkish Capital Tax* (*Трагедијата на турскиот данок на имот*), Croom Helm Limited, 1987.

■ Бранко Петрановић, Момчило Зечевић, *Југославија 1918-1988, тематска збирка докумената* (Југославија 1918-1988, тематска збирка на документи), Белград, 1988.

■ Стојан Петров-Чомаков, *Духът на дипломацията* (*Духот на дипломатијата*), Софија, 2002.

■ *Политика*, 28 март 1941.

■ Ivan Porter, *Operațiunea Autonomus* (*Автономна операција*), Букурешт, 1991.

■ John Ivan Prcela, Dražen Živić, *Hrvatski holokaust* (*Хрватскиот холокауст*), Загреб, 2001.

■ Marin preda, *Delirul* (*Дивина*), Крајова, 1975.

■ Enver Redžić, *Muslimansko autonomaštvo i 13. SS divizija* (*Муслиманското автономаштво и 13-та СС-дивизија*), Сараево, 1987.

■ Božo Repe, *Sodobna zgodovina. Zgodovina za 4. letnik gimnazij* (*Современа историја. Историја за IV клас гимназија)*, Љубљана, 2002.

■ Božo Repe, *Интервју со Цвето Кобал* (видео), Меморијален центар Маутхаузен.

■ Božo Repe, *Naša doba* (*Нашето време*), Љубљана, 1996.

■ Milan Ristović (ур.), *Извештај на главниот рабин на Југославија, д-р Исак Алкалај, за настаните во Југославија од крајот на март до крајот на јуни 1941 година: „Naši doživljaji i utisci o poslednjim događajima u Jugoslaviji"* (Нашите доживувања и впечатоци за последните настани во Југославија), "Tokovi istorije", 1-2/1997, стр. 181-182.

■ Constantin Sănătescu, *Jurnal* (*Дневник*), Букурешт, 1993.

■ Emil Sattolo, *Tragom istine* (*По трагата на вистината*), Нова Градишка, 2002.

■ Ioan Scurtu et al., *Istoria României între 1918-1044* (*culegare*) [*Историјата на Романија меѓу 1918-1944* (*зборник текстови*)], Букурешт, 1982.

■ Stanford J. Shaw, *Turkey and the Holocaust* (*Турција и холокаустот*), Лондон, 1993.

- David Smiley, *Albanian Assignment* (*На должност во Албанија)*, Лондон, 1984.

- Српски народ, 3 јуни 1942.

- Иван Станчов, *Дипломат и градинар*, Софија, 2000.

- Ivan Šibl, *Sjećanja 1-3* (*Сеќавања 1-3*), Загреб, 1986.

- Растислав Терзиоски, *Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија, Скопје*, 1974, според *Историски архив на КПЈ*, том VII, Белград 1951.

- *Борбата на българския народ в защита и за спасяване на българските евреи по време на Втората световна война* (*Борбата на бугарскиот народ за одбрана и спас на Евреите во Бугарија за време на Втората светска војна*), Софија, 1978.

- *Оцеляването. Сборник документи 1940-1944* (*Опстанок: Зборник документи 1940-1944*), Софија, 1995.

- *Tito-Churchil: Strogo tajno* (*Тито-Черчил: строго доверливо*), (ур.), B. Biber, Загреб, Љубљана, 1981.

- *Tomori*, 6 август 1940, 2; 11 август 1940, 2.

- Стајко Трифонов, *Българският национален въпрос 1919-1944 в: Нови студии по българска история 1918-1948* (*Бугарското национално прашање, во: Нови студии за бугарската историја 1919-1944*), Софија, 1992.

- „Universul“, 79/2 03. 1942, стр. 4; 5/01. 1942, стр. 1; 291/28. 10. 1944; 44/15. 02. 1942; 318/26. 11. 1944.

- Riki Van Boeschoten, *Ανάποδα χρόνια. Συλλογική μνήμη και ιστορία στο Ζιάκα Γρεβενών 1900-1950,* (*Тешките години. Колективното сеќавање и историјата на Закас, Гребен, 1900-1950)*, Атина, 1997.

- Иван Венедиков, *По делата им ще ги познаете* (*По делата ќе ги препознаете*), Софија, 1993.

- Aleksandar Vojinović, *Ante Pavelić*, Загреб, 1988.

- Evelyn Waugh, *The End of the Battle, the Sword of Honour trilogy* (*Крајот на битката, од трилогијата „Мечот на честа“*), Бостон, Њујорк, Лондон, 2000.

- Ahmed Emin Yalman, *Yakŷn Tarihte Gördüklerim ve Geçirdiklerim vol 3* (*1922-1944*) (*Нештата видени и проживеани во неодамнешнато минато,1922-1944*, том 3*)*, Истанбул, 1970.

- *Зборник докумената и података о НОР народа Југославије, том XIV, књига 1. Документи четничког покрета Драже Михајловића 1941-1942* (*Зборник документи и податоци за НОВ на Југославија, том XIV, книга 1. Документи за четничкото движење на Дража Михајловиќ*), Белград, 1981., док. бр. 34.

- Жарко Згоњанин и др. (ур.), *Козара у Народноослободилачком рату. Записи и сјећања. Књига шеста* (*Козара во Народноослободителната војна. Записи и сеќавања. Шеста книга*) Белград, 1978.

- *Злочини фашистичких окупатора и њихових помагача против Јевреја у Југославији* (*Злосторствата на фашистичките окупатори и нивните помошници против Евреите во Југославија*), Белград, 1952.

- Денчо Знеполски, *Посмъртна изповед* (*Посмртна исповед*), Софија, 1998.

- *Зборник на документи за учеството на жените од Македонија во народно-ослободителната војна и револуцијата 1941-1945*, Скопје, 1976.

- Vladimir Žerjavić, *Opsesije i megalomanije oko Jasenovca i Bleiburga* (*Опсесии и мегаломанија околу Јасеновац и Блајбург*), Загреб, 1992.
- Д. Живојиновић - Д. Лучић, *Варварство у име Христово. Прилози за Magnum crimen* (*Варварство во име на Христос. Прилози за Magnum crimen*), Нова књига, Белград, 1988, стр. 554-556.


## Библиографија на сликите


- Akbaba, 24 август 1939.
- Архив на град Белград.
- Народна библиотека на Србија, Белград, Збирка плакати.
- Rifat Bali, *Musa'nin Evlatlari, Cumhuriyet'in Yurttaşlari* (*Децата на Мојсеј, граѓани на Републиката*), Истанбул, 2003.
- Историски музеј на Хрватска.
- Cumhuriyet Ansiklopedisi (Енциклопедија на Републиката), том 2, (1941-1960), Истанбул, 2002.
- Владимир Дедијер, *Дневник* 1941-1942, второ издание, Белград, 1951.
- *Epopeja e Luftës Antifashiste Nacionalçlirimtare e Popullit Shqiptar*, 1939-1944 (*Епопејата на народната антифашистичка народноослободителна војна на Албанија, 1939-1944*), Тирана, 1980.
- Hagen Fleischer, *Στέμμα και σβάστικα. Η Ελλάδα της Κατοχής και της Αντίστασης 1941-1944* (*Круната и свастиката. Грција од окупацијата и отпорот 1941-1944*), том II, Атина, 1995.
- Галеријата на државниот архив, Загреб.
- Abaz Hoxha, *Film Artistik Shqiptar 1957-1984* (*Албанскиот уметнички филм, 1957-1984*), Тирана, 1987.
- Ιστορική και Εθνολογική Εταιρεία της Ελλάδος (IEEE), *Το έπος του '40. Λαϊκή εικονογραφία* (*Епопејата на четириесеттите. Популарната иконографија*), Атина, 1987.
- Историски архив Београда, Збирка фотографија (Историскиот архив на Белград, Збирка фотографии).
- Историски архив Београда, Управа града Београда (Историскиот архив на Белград, Градска управа на Белград), SP III-48, к. 157/15, 25 септември 1941.
- *Југословенска графика* 1900-1950. Каталог изложбе, Белград, декември 1977 - февруари 1978, Белград, 1977.
- Југословенска кинотека, Белград.
- *Karikatur*, 24 септември 1942.
- Jure Krišto, *Sukob simbola, politika, vjere i ideologije u Nezavisnoj Državi Hrvatskoj* (*Судирот на симболи, политики, вери и идеологии во Независната Држава Хрватска*), Загреб, 2001.
- Nataša Mataušić, *Jasenovac 1941-1945*, Загреб, 2003.
- Слободан Д. Милошевић, *Избеглице и пресељеници на територији окупиране Југославије 1941-1945* (*Бегалците и доселениците на територијата на окупирана Југославија 1941-1945*), Белград.

- Музеј на град Загреб.
- Национален историски музеј на Атина.
- Народна библиотека на Србија, Белград.
- Коста Николић, *Немачки ратни плакат у Србији 1941-1944* (*Германскиот воен постер во Србија 1941-1944*), Белград, 2001.
- *Ново време*, Белград, 16 септември 1942.
- www.pavelicpapers.com
- Бранко Петрановић, Никола Жутић (ур.), 27 март 1941. *Тематска збирка докумената 27 март 1941.* (*Тематска збирка на документи*), Белград, 1990.
- Јанис Солдатос, *Ιστορία του ελληνικού κινηματογράφου* (Историја на грчката кинематографија), том 1-2, Атина, 1999.
- *The Jews of the Ottoman Empire and the Turkish Republic* (*Евреите од Османлиската Империја и Турската Република*), Лондон, Њујорк, 1993.
- „Universul“, Букурешт, бр. 30, 1 февруари 1942; 15 мај 1942; бр. 272, 5 октомври 1942; бр. 281, 14 октомври 1942; бр. 249 12 септември 1943; 6 октомври 1944; 26 октомври 1944.79/2 03. 1942, стр. 4; 5/01. 1942, стр. 1; 291/28. 10. 1944; 44/15. 02. 1942; 318/26. 11. 1944.
- Aleksandar Vojinović, *Nije sramota biti Hrvat ali je peh* (*Не е срамота да си Хрват, но е несреќа*), Загреб, 1999.
- Воен музеј на Атина, Британска збирка.
- *Злочини фашистичких окупатора и њихових помагача против Јевреја у Југославији* (*Злосторствата на фашистичките окупатори и нивните помошници против Евреите во Југославија*), Белград, 1952.


## Библиографија на картите


- Карта 1: „Втората светска војна, 1939-1942“ - карта 50 (стр. 178) во : Paul Robert Magocsi, *Historical Atlas of Central Europe* (University of Washington Press, 1993, 2002).
- Карта 2: „Југоисточна Европа по Втората светска војна“ - карта 52 (стр. 186) во : Paul Robert Magocsi, *Historical Atlas of Central Europe* (University of Washington Press, 1993, 2002).

**Current Copy based on the Original English Edition:**

**Sponsors:** The United States Department of State, the United States Agency for International Development (USAID), the German Ministry of Foreign Affairs and the Stability Pact for South Eastern Europe

**Disclaimer**: The designations employed and presentation of the material in this book do not imply the expression of any opinion whatsoever on the part of the publisher (Center for Democracy and Reconciliation in Southeast Europe, Foundation Open Society Institute Macedonia), nor on the part of the sponsors (the US State Department, USAID, the German Ministry of Foreign Affairs, Stability Pact fo South Eastern Europe and the Foundation Open Society Institute Macedonia). This book contains the views expressed by the authors in their individual capacity and may not necessarily reflect the views of the CDRSEE and the sponsoring agencies.

Its content, including the references to the denomination of the partner country, does not represent the official position of the CDRSEE. The CDRSEE refers to the country exclusively under the provisional denomination 'The Former Yugoslav Republic of Macedonia', in line with the UNSC Resolutions 817/93 and 845/93.

**ОЦЕНЕТЕ ЈА КНИГАВА!**

Вашето мислење како читател ни е од огромна важност како заради оценување на трудот што сме го изработиле, така и заради планирање на нашите идни трудови. Центарот за демократија и помирување во Југоисточна Европа (CDRSEE), заедно со бројните колеги и помошници, вложи голем труд, време и средства во овој проект: „Учење за современата историја на Југоисточна Европа“ кој резултираше со книгата што ја држите в раце. За да се измери ефективноста на методот, корсита од ваквиот проект и вредноста на нашата инвестиција, би сакале да го оцените овој проект. Ве молиме да ни го дадете вашето искрено мислење, што ќе побара од вас малку време и внимание.
Откако ќе ја прочитате оваа книга или, можеби, ќе ја употребите и на час, ве молиме да појдете на нашата интернет страница, каде што ќе ја најдете секцијата за Историските читанки (History Workbooks), и да го пополните формуларот за оценка. Формуларот ќе го најдете на: http://www.cdsee.org/jhp/index.html

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски"
Скопје

94 (4-12) " 1939/45" (075.3)

ВТОРА светска војна : историска читанка 4 / приредил Крешимир Ердеља ; [Превод од англиски Љубица Арсовска и Анета Маркоска - Чубриновска]. - Скопје : Фондација институт отворено општество Македонија ; Солун : Центар за демократија и помирување во Југоисточна Европа, 2007. - 155 стр. : илустр. ; 30 см. - (Настава по модерната историја на Југоисточна Европа : алтернативни наставни материјали / уредничка на серијата Христина Кулури ; уредничка на македонското издание на серијата Ирена Стефоска)

Превод на делото: The Second World War : Workbook 4. - Фусноти кон текстот. - Библиографија : стр. 150-155

ISBN 978 - 9989 - 185 - 47 - 2 (ед.)
ISBN 978 - 9989 - 185 - 44 - 1 (кн.4)
1. Ердеља, Крешимир [собирач]

COBISS.MK - ID 70701066